Кривичните дела поврзани со илегалнотото производство, криумчарењето и недозволената трговија на синтетичките дроги и дрогите воопшто имаат голема сличност со незаконската трговија на било која друга стока што на илегален начин со прикривање се настојува да се префрли преку граница, односно гранична линија на одредена земја. Целта е, избегнување на надзорот на надлежните органи. Како и за другите видови на стока, карактеристична е големата заработка, но со таа разлика што до неа се доаѓа за многу пократок период. Во врска со ова, со префрлувањето на стоката по пат на криумчарење и со внесување на дрогата во подрачјето на одредена земја настапуваат други криминални активности поврзани со шверцот, дистрибуирањето и растурањето на дрогата во соодветни средини, со крајна цел задоволување на финасиските потреби на криминалните групи и поединци.

„Овој облик на илегално производство, קријумчарење и недозволената трговија има карактер на групно и организирано делување, бидејќи по правило, се врши групно и организирано, а исклучително ретко поединечно и изолирано“.[11]

„Трговијата и криумчарењето со дрога е континуирана криминална дејност која се протега од нејзиното производство, па се до пазарот за конзументи. Таа се потпира на

[10] Тасева,С.(1996),,*Темна бројка на криминалитетот*,,Европа92,Кочани,стр.156;
[11] Водинелиђ В., Алексиђ Ж., (1978), *Основни криминалистичке методике*, Београд, стр. 196;

маса луѓе, со постојан криминален програм и со силна и стабилна организациона и хиерархиска структура".[12]

Системот на илегалното производство, трговија и дистрибуирање на дрога е хиерархиски структуиран. Тоа значи дека секој во таа пирамида, по правило го познава само оној со кој се наоѓа и контактира како непосредна врска, односно го познава лицето од кое ја снабдува дрогата и лицето на кое ја продава дрогата. На дното на пирамидата, се наоѓаат ситните дилери на дрога кои по правило се лица кои се и неретко и корисници на дрога. Мотивот за ова нивно криминогено однесување е да се обезбедат финансиски средства.

На второто ниво на пирамидата се наоѓаат трговци со дрога. Тоа е „сива зона" на корисници на дрога. Секако дека во оваа зона припаѓаат и неадиктивните трговци, за кои илегалното производство, трговијата и криумчарењето на дрога претставува нивна единствена професија. Тие најчесто комуницираат со „дилерите", додека комуникацијата со врвот на пирамидата е ретка или се одвива преку однапред одредени доверливи лица и тоа во исклучителни и неопходсни случаеви. Исто така, криминалците нивното комуницирање го вршат преку соодветен жаргон или шифрирани зборови се со цел на тој начин да се заштитат од органите на прогонот.

На „врвот на пирамидата" се наоѓаат професионални криминални организации. Нивниот начин на комуницирање бара конспиративност од самиот почеток на производството на дрогата во илегални лаборатории (кои можат да се сместат во гаражи, штали, шупи и други импровизирани илегални објекти), па се до контролата над бизнисот на конкретна територија почнувајќи од кријумчарењето, НТ до дистрибуција на уличните дилери.

Карактеристична е силната организациона хиерархија и дисциплина, контролата на квалитетот и на цената на дрогата. Присутни се агресивни интеракции на сите криминалци инволвирани во овој вид на криминалитет, се до пресметки со смртни последици (во поново време вакви пресметки се присутни во одредени области во Мексико и Колумбија).

Нарко-дилерите и организираните криминални структури при реализирање на криминалните активности спроведуваат свои закони, а во меѓусебните контакти делуваат доста конспиративно, заради тоа нивното откривање се отежнува (во што придонесува и постоењето на Законот на „молчењето," (omerta), со кој секој член кој ќе ги прекрши

[12] Turone, X.: (1996), *Trgovija so droga i organiziraniot criminal*, Bezbednost br. 1-2, Skopje, str.85;

принципите на конспиративноста се казнува со смрт. Нивната организираност и тајност почнува од производството, преработката, пакувањето, складирањето, криумчарењето, препродавањето на дрога, се до финансиската добивка, потоа се врши „перење на паричните средства“ кои се со криминално потекло (сето ова се елементи кои укажуваат на постоење на организирана криминална структура).[13]

Илегалното производство, кријумчарењето и недозволената трговија со дрога се одвива според вообичаените правила, односно прво се испитува пазарот, односно се вршат проценки за состојбата на нарко-пазарот во одредени региони, се утврдуваат пазарните потреби, се вршат проценки на ризикот и се произведува соодветна дрога спрема барањата на пазарот, односно спрема бројката на конзументите во една земја или подрачје.

Земјите од Западен Балкан (и Република Македонија во тој контекст) кои во чекор со коренити политички, социјални и економски промени се соочуваат со проблеми поврзани со илегалното производство, недозволената трговија и криумчарење на дроги (посебно синтетичките дроги), како и со зголемена побарувачка на истите. Заради зголемување на бројот на конзументите (според податоците на УНДОЦ, во светот во моментот има околу 250 милиони конзументи, од кои околу 40 милиони кои користат синтетички дроги.[14] Исто така, според податоците на ООН употребата на дрогата во периодот 1998/2008 е зголемено на светско ниво за 34,5% (само кокаинот се зголемил за 27%, додека бројот на конзументите на марихуана се зголемил за 8,5%). Ваков пораст се забележува и кај синтетичките дроги, а бројот на илегалните лаборатории е зголемено за 20%.

Споменатите податоци укажуваат на тоа колку брзо расте и се зголемува бројот на корисниците на дрогите заради што целокупната меѓународна заедница меѓу кои и земјите од Западен Балкан се доста загрижени. Во врска со тоа, се преземаат разни активности и мерки во правец на изнаоѓање на соодветни мерки насочени кон поефикасно сузбивање на овој вид на криминалитет, а со тоа и намалување на процентот на корисниците на дрогата (битен елемент кој влијае пак во намалување на илегалното производство на синтетичките оносно и на другите видови дроги). Во контакст на ова, меѓународната заедница преку своите органи пружа разновидна помош на земјите во транзиција во правец на донесување

[13] Мемети Ш.,. (2011) Магистерски труд *„Криумчарење и НТ на синтетички droги во Р.Македонија“*стр.93;
[14] UNODC(United Nations Office on Drugs and Crime) – Извештај од 2008 год.;

и реализирање на националните програми насочени кон квалитетно сузбивање на оваа негативна општествена појава.

Илегалното производство, продажба, побарувачка, криумчарење и дистрибуција на droги и психотропни супстанции се сериозна закана за развојот  на демократските, како и граѓанските општества. Употребата односно злоупотребата на дрогите ги загрозува основните вредности на личноста, семејството, заедницата и во целина целокупното општество во земјите од Западен балкан. Во нив се присутни  бројни ризични фактори кои можат посебно да го загрозат помладото население, чинејќи го подложно на натамошното ширење на употребата односно злоупотребата на дрога.

Меѓу позначајните фактори што придонесоа да се зголеми побарувачката на дроги се: колапсот на многу структури од поранешниот политички систем, зголемената подвижност на населението, брзото опаѓање на животниот стандард со зголемена невработеност, меѓуетничките тезии (кои се уште не се стабилизирани), нестабилната политичка состојба во неко земји од Западен балкан (Косово, Србија и БиХ), порастот на социјално негативните појави, како и дејствувањето на организираниот криминал со меѓународи врски. Овие криминални групи се добро организирани, располагаат со огромни финансиски средства, користат современа опрема и најчесто се кријат под легенда на трговци, трговски патници, студенти, работници на привремена работа во странство и сл. Всушност, тоа се лица кои по надворешниот иглед со ништо не се разликуваат од другите патници, меѓутоа нивните намери се многу јасни т.е. реализирање на плановите поврзани со криумчарењето на дрогата во пазарите каде има потреба од снабдување.

Патиштата на криумчарење (криумчарските канали), преку кои се пренесува дрогата, од производителите до крајните потрошувачи, се долги, и добро камуфлирани. „За успех во откривањето на наркокриминалитетот и пресекување на каналите е неопходно претходно добро познавање на патиштата и начините на илегалниот транспорт на дрогата од местото на произведување до одреден пазар“.[15] Честопати, дрогата, како и хемикалиите кои се потребни за производство на синтетичките дроги, поминува низ повеќе земји, па и континенти, на кој пат се вклучуваат припадници на различни националности и на добро организирани криминални структури. Ова значи дека во реализирање на нивните цели т.е. доаѓање до потребниот профит не им пречи во тоа ни

[15]Ђорђевић З., (2007), *Некои аспекти при откривањето и разјаснувањето на криумчарењето и илегалната продажба на дрога*, Годишник на Полициската академија, Скопје;

нивната национална, расна, верска и друга припадност. Со еден збор, криминалот и профитот што се добива од тоа не познава никакви бариери.

Патиштата на дрогата претставува една линија или правец , било да е копнен, воздушен или морски, што може да има две или три правци или дестинации. Патиштата на дрогата по однос на две дестинации се подразбира дека постојат држави на чие подрачје дрогата се произведува (пр.во Србија или Холандија се произведува синтетички дроги, или Авганистан-хероин, односно Колумбија-кокаин), а додека за друга дестинација се работи за земја во која дрогата се конзумира, како и трета дестинација која претставува посредник во транспорт на дрогата. Со ова се подразбира дека од земјата каде се произведува се транспортира во големи количини и по пат на илегалните криумчарски канали се дистрибуира во трети земји.

Земјите од т.н. З.Балкан посебно Србија и Македонија заедно со Косово, представуваат мост или спој со оглед дека голем процент од хероинот према Европа оди преку познатата „Балканска маршрута на дрогата", а во обратен смер према азиските и арапските земји користејќи ја истата маршрута се криумчарува синтетичката дрога.

Инаку, Србија не претставува само транзитна земја преку која се криумчари дрогата, туку се појавува и како земја каде и се произведува дрогата посебно синтетичките дроги. Позната „Балканска маршрута на дрогата" воедно претставува и синоним на европските полициски структури.

Безбедносниот ризик што земјите од Западен Балкан го имаат од илегалното производство, криумчарењето и НТ со наркотици може да се изрази низ следните фактори и тоа:

-Константно зголемување на корисниците и дилерите на droги,

-Идвојување на големи финансиски средства за лекување на наркоманите,

-Извршување на ваквите кривични дела доведува и до извршување на други кривични дела, што потоа може да се подразбира како „Организиран криминал",

-Зголемување на криминалните групи кои се бават со криумчарење и НТ со дрога, (производство и продажба),

-Финансиските средства што се добиваат од продажба на дрогата преку нивното прење се легализираат, како и тоа дека таквите средства се користат и за финансирање на терористички организации и групации и купување на дрога.

Од тие причини криумчарењето и  недозволената трговија со дрога претставува еден од најкарактеристичните т.н. интернационални деликти, бидејќи објективните околности ја одредуваат неговата природа.

Од таму потекнува и идејата за темата на овој труд и проблемот кој се состои во прашањето: **Каква е моменталната состојба на илегалното производство, недозволена трговија и криумчарење со синтетичките дроги во земјите од Западен Балкан, вклучително и Р.Македонија, кои се причините кои придонесуваат за зголемување на илегалните лаборатории и кои механизми и постапки се најсоодветни за сузбивање и намалување на овој вид на криминалитет?**

# 2. ТЕОРЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Во литературата повеќе автори укажуваат на поврзаноста помеѓу опојните дроги и криминалитетот. Имено, според Бошковиќ М.[16], во криминолошка смисла постојат три видови „наркомански криминалитет“: првиот, поврзан со илегалното производство и трговијата со дроги, вториот се однесува за извршување на кривични дела под влијание на дрогата, кои се извршуваат од страна на конзументите и третиот - поврзан со криумчарењето, односно меѓународните илегални канали за криумчарење и НТ со дрога.

Според Periќ O.[17], треба да се направи разлика помеѓу два вида на криминалитет во врска со дрогите, а со тоа и деликвентите во две групи. Првиот вид е недозволеното производство и трговија со наркотици, а другиот вид на криминалитет го поврзува со наркоманите. Според истиот автор, првиот облик од општествена гледна точка е многу попасен, поосмислен и поорганизиран, додека во другиот случај се работи за лица кои се наркомани и деликвенти и на кои им треба соодветен здрав,ствен третман а не казнување. Во врска со ова Ђорђевиќ З.[18], под криминалитет поврзан со дрогите и нивната злоупотреба подразбира вкупност на извршени кривични дела кои се во врска со наркотиците, а таа врска се манифестира на два начини: првиот се однесува на криминалитетот на зависниците (наркоманите) и другиот криминалитет кој се поврзува со илегалното производство, криумчарење, дистрибуирање и продажба на дрогите и овозможување за нивна злоупотреба.

Појавата на илегалното производство и криумчарење на синтетичките дроги во земјите од Западен балкан (екстази, амфетамин, ЛСД и др.) релативно е од поново време. Во почетокот, синтетичките дроги се појавуваат по 90-те години од XX-от век, и тоа претежно се криумчареле од Бугарија, каде илегално и се произведувале, како и од одредени Западно Европски земји (Холандија, Белгија и Полска). Во споменатите земји првите лаборатории се откриени 80-те години од XX-от век. Меѓутоа по 2000 година, илегални лаборатории се појавуваат и во одредени Балкански земји, посебно во Р.Србија. Имено, српската полиција и другите безбедносни служби во 2003 година во градот Нова Пазова ја откриле првата илегална лабораторија наменета за производство на синтетички дроги. Се смата дека се работела за една од најголемите илегални лаборатории на

[16] Bošković M., (1999), *Kriminolški leksikon,* Novi Sad, str.200;

[17] Perić O., (1981), Međunarodni pravni aspekti suzbijanja zloupotrebe opojnih droga – U: *Društveni, pravni i medicinski problemi, zavisnosti od droga*, Zbornik radova, Beograd, str.87;

[18] Ђорђевић З., (2006), *Нарко-криминал-кривично правни и криминалистички аспекти*, Нови Пазар, стр.28;

Балканот односно Европа. Во спомenатата лабораторија се запленети околу два милиони таблети екстази и 20 тони амфетамин – сулфати (хемикалија  потребна за производство на екстази) во вкупна вредност од 10 милиони евра. Се претпоставува дека криминалната група од 2000-2003 година во спомenатата лабораторија произвела околу 31 милион таблети екстази, а заработката од продажбата би изнесувала над 50 милиони евра. Спомenатите произведени количини на екстази, по илегални канали се криумчареле претежно во земјите од бившите ЈУ простори, како и други земји од арапскиот свет и Турција.

Слични тајни лаборатории се откриени и во други земји во транзиција (во Бугарија, Албанија, Романија и др.) посебно во тие земји во кои контролата за набавка на суровина за производство на синтетички дроги е послаба споредено со западните земји. По однос на ова, заради строгите контроли на работата на фармацевтските куќи и прометот на супстанциите што можат да се користат за производство на синтетички дроги, тајните лаборатории се префрлуваат  од Запад во земјите на транзиција, односно оние земји кои припаѓаат на Западниот Балкан.[19]

Според податоците на српската полиција во 2003 год. при друга акција во градот Лозница се откриени 50 илјади таблети екстази. Дека илегалните лаборатории се присутни во земјите од Западен Балкан, посебно Србија, покажуваат и примерите од откриени  нови лаборатории во текот на 2007 година и тоа при полициска акција во местото Крњача во близина на градот Белград. Во спомената илегална лабораторија се запленети 6.000 таблети амфетамин, неколку тони супстанци и сировини наменети производство на синтетички дроги, како и цела апаратура потребна за производство на спомenатите видови синтетички дроги. Во Србија и Црна Гора во периодот 2008/2011 год. се откриени повеќе од 50 илегални лаборатории за производство на нова синтетичка дрога наречена „Сканк“ (опојна дрога која содржи концетрат на маррихуана, а која по 2008 година доста е ра спространета,посебно заради ниската цена и лесното производство).

По однос на делувањето на криминалните групи, посебно на српските која е една од најорганизираните, за разлика на другите криминални групи кои делуваат во другите земји од Западен Балкан,се истакнува дека истата во 21 век достигнала висок степен на организираност, дури и способност сама на илегален начин да произведува синтетички дроги (екстази, амфетамин и сканк). Ваква констатација е изнасена во 2007 година од страна на Роберто Воткинс- специјален претставникна ООН за дрога и во својот извештај

---

[19] Ђорђевић З., (2006), *Нарко-криминал-кривично правни и криминалистички аспекти*, Нови Пазар, стр.48;

напишал дека „Илегалните домашни производители на наркотици играт главна улога во развојот на нарко пазарот на вештачките droги, екстази„и „сканк“[20].

Што се однесува до другите земји од Западен Балкан заплените на синтетичките дроги се присутни, што укажува на фактот дека илегалното производство и криумчарењето се дел од криминални активности на криминални групи и во тие земји, меѓутоа за разлика од Србија во нив ова негативна појава е помалку присутна.

Во врска со ова, црногорската полиција претежно има запленето синтетички дроги од типот „сканк“, и „екстази односно во 2010 запленети се 60 кг., како и незначителна количина „екстази“. Во Р.Македонија во периодот 2000/2010 од страна на полициските и царинските служби се запленети значителни количини на синтетички дроги и тоа 2002 год. 18.341 таблета екстази, 2003 год. 9.649 таблети екстази. Слични заплени се реализирани и во Хрватска, а најголемата е извршена 2005 год.кога се запленети 33.600 таблети екстази, додека во 2004 – 27.000 таблети екстази, односно 2006 и 2007 - 16.300 и 12.600 таблети.

Имајќи ги во вид погоре изнесените податоци се гледа дека ваквиот тренд на илегалното производство и криумчарење на синтетички дроги е присутен и во земјите од З.Балкан. Посебно за разлика од другите природни дроги, синтетичките дроги се произведуваат, а за таа цел се присутни и илегални лаборатории. Исклучок во врска со ова е Р.Албанија, со оглед дека во истата се произведува матрихуаната и хашишот.Погоре изнесеното се должи на фактот дека синтетичките дроги лесно се криумчарат заради помалиот обем, се поефтини што им овозможува на криумчарите полесно нивно криумчарење и дистрибуирање, а што од друга страна укажува на потребата од поголема специјализација на службите кои првенствено се бавaат со негово сузбивање.

Илегалното производство на синтетичките дроги не е комлицирана работа и не бара соодветна техника, освен стручен хемичар. Криумчарењето и НТ со синтетички дроги е сличен како кај другите природни дроги, а посебна погодност им даваат облиците на амфетамин и екстазите кои се погодни за криење.

Предметот на истражување на кривичното дело илегално производство, криумчарење и недозволена трговија на дрогата претставува во основа незаконска дејност, која според својата специфика има меѓународен карактер, истовремено кршејќи ги законодавствата на повеќе држави, односно законите на земјите од Западен Балкан. Во

[20] Вечерни новости, објавено 30.12.2010 год. под наслов *„Брза дрога, брза смрт“*

многу земји проблемот со дрогите и нивното илегално производство и криумчарење завземаат високо место на приоритети поврзан со националните стратегии на безбедноста и здравјето на луѓето во светот, а насочени кон сузбивање на овој вид на криминалитет.

Криминалитетот поврзан со илегалното производство, криумчарењетои НТ со дроги на светско ниво претставува тешко решив проблем, кој и покрај напорите на сите земји од Западен Балкан па и целокупната меѓународна заедница, владините и невладините институции и организаци, сепак остава големи и нерешени последици, како на национален така и на меѓународни размери. Напорите на меѓународната заедница во врска со неговото сузбивање започнуваат со донесување на првата конвенција во 1912 год., потпшана во Хаг. Потоа се донесуваат уште три конвенции и тоа во 1961, 1971 и 1988 год.

Меѓутоа, и покрај раздвиженоста на целокупната меѓународна заедница со донесување на споменатите конвенции и други документи и договори, овој проблем се уште не е решен ниту сузбиен. На овој план со акт на Советот на Европа од 1996 год. е уредена соработката меѓу царинската служба и трговските компании во спречување на трговијата со дроги, што опфаќа и пристап на царината до информационите системи на компаниите, проценка на царината по однос на безбедносните процедури на компаниите и др. Во овој контекст, воспоставена е и Европска мрежа на лабораториите за анализа на синтетичките дроги.[21]

Податоците и покрај тоа укажуваат на нешто спротивно, односно дека истиот со несмален интензитет е се поприсутен, дека илегалното производство од година во година е се поголемо, а со тоа и криумчарењето е по застапено. Криминалните структури и понатаму се еден чекор пред меѓународната заедница, односно пред институциите кои се непосредно ангажирани во сузбивање на овој нерешив феномен.

Ова е така, заради тоа што бројот на корисниците секоја година се зголемува и дека според наше мислење, се додека постојат корисници на опојните дроги овој проблем не може да се реши, односно треба да се работи во правец на намалување на бројката на консументите за да се придонесе и во намалување на производството на сите видови на дроги, природни и вештачки.

---

[21] Камбовски В., (2005) *Организиран криминал,*Скопје, стр. 279;

Организираното производство, криумчарењето и НТ со опојни доги (во каков било облик и форма) се појавуваат и претставуваат криминална активност како глобален проблем со повеќе консеквенции, во повеќе сфери на една земја или на глобален светски план. (посебно од сферата на здраството, организиран криминал, економијата, социјалната политика, политичките состојби и безбедноста).

Светскиот „црн пазар“ во голем дел е покриен со трговијата со опојни дроги и „перење пари“. Криминалниот аспект на производството и промет со наркотични дроги се однесува на злоупотреба односно користењето на различни псиоактивни супстанци,надвор од нивната ограничена и дозволена употреба за научни и медицински цели.[22]

Кога станува збор за дејството на извршување, истото кај кривичното дело криумчарење се состои во пренесување стока преку царинска линија со избегнување на царинската контрола“.[23]Додека дејство на извршување кај кривичното дело недозволена трговија е неовластено купување, продажба или размена на предмети или стока чиј предмет е ограничен или забранет. За да постои НТ треба стоката (во овој случај синтетичка дрога) да се кријумчари преку царинска линија и се внесе илегално во подрачје на одредена земја, а тогаш таа стока се прифаќа од соодветни шверцери кои потоа ја нудат за продажба.[24]

Кај илегалнотото производство дејство на извршувањето е недозволеното производство и обработка на дрога, било од природно или вештачко потекло.[25] Илегалното производство, криумчарењето и НТ со дроги денеска според сите податоци и анализи претставува еден од најорганизираните видови на криминалитет, а нивните носители припаѓаат и се членови на највисоките кругови на меѓународните организирани криминални структури. Капиталот што е ангажиран во илегални трансакции со дрога претставуваат цифри што се мераат со милијарди долари. Само за илустрација, криминалните структури низ светот во текот на 2009 год. испрале над 1,600 милијарди долари, од која сума петината и припаѓа на дрогата.Истата година според податоците на UNODC само во трговијата и дистрибуирањето на дрогата кокаин се добиени 84 милијарди долари. Производителите на кока во Латинска Америка таа година се

[22] Камбовски В., (2005) *Организиран криминал,*Скопје, стр. 279;
[23] Дилберов Д., (2006), *Криумчарење*, Штип, стр. 22;
[24] www.blic.rs
[25] www.infoservis365.net

претпоставува дека заработиле околу 1 милијарда долари, а кога се обработува и се добива чист кокаин добивката и енормно голема. Во Северна Америка е стигнато до 35 милијарди долари, а во Европа 26 милијарди долари.[26]

Криминална активност поврзан со илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија на дрогата се извршува од огромна мрежа на извршители, најчесто пирамидално организирани, кои без разлика на националната, старосната, половата и друг вид на припадност учествуваат мотивирани единствено од лукративни побуди.

Илегалното производство слично како криумчарењето, НТ и дистрибуцијата на наркотици е казниво во сите земји во светот како криминален акт и често се предвидени строги казни, а во некои земји посебно од Блискиот исток се применува и смртна казна. Меѓутоа, и покрај тоа резултатите од сузбивањето или намалувањето на производството на светско ниво не се намалува. Како резултат на тоа бројот на конзументите на светско ниво од година во година е се поголем, а со тоа расте и потребата од зголемување на илегалното производство што криминалните структури вешто го користат во правец на реализирање на нивните цели т.е. финансискиот профит.

Објектот на заштита кај кривичното дело илегалното производство,криумчарење и недозволена трговија на дрогата е здравјето на луѓето опфатено во Кривичните Закони на сите земји од З.Балкан, па и во Р.Македонија. Со одредбите одржани во Законите опфатени се дејствија кои со оглед на обемот, начинот и масовноста, би можеле да предизвикаат тешки последици по здравјето на однапред неопределен број на луѓе.

Важноста на здравјето на луѓето, е основниот мотив што и на овој начин се остварува посебен интерес и обезбедува правен инструментариум за негова ефикасна заштита.

Повеќето од овие дела имаат бланкетна диспозиција, поточно здравјето во правниот поредок, е уреден со повеќе закони и други прописи чие превентивно дејство и функција се засилуваат и преку посебно пропишаната кривично-правна нормативa што се однесува на оваа област.

Во однос на субјетивните битија на овие кривични дела, треба да се одбележи дека основите дела можат да се извршат со умисла или небрежност. Содржината на свеста е што со кршење и непридружување на одредени прописи, или со постапување на друг соодветен начин определен со објективното битие, се создава општа и конкретна или апстракта опасност за здравјето на луѓето.

[26] www.blic.rs

## 2.1. Појмовно-категоријален апарат

Извршувањето на делото **илегално производство, криумчарење и недозволена трговија на синтетички droги** претходно повлекува и други криминални активности кои можат да се систематизираат како неовластено производство, преработка, дистрибуирање, продавање или нудење на продажба наркотични,односно синтетички дроги, потоа пренесување преку граница, посредување при купување и сл. Тоа се облиците од каде се доаѓа до дрогата, нејзиното создавање, преработка и ставање во промет, посебно од организирани мрежи на криумчари, продавачи, дилери и сл. **Производство и промет** како на дејствие е секое производство и промет на наркотична дрога и сл. што го вршат субјекти, физички или правни лица кои немаат одобрение од надлежен орган за производство и промет. Под поимот **промет** се подразбира увоз, извоз, транзит, продажба и секој друг начин на пуштање во промет на наркотични (опојни) дроги.

Кривично-правни елементи се тие да се вршат недозволено, што значи спротивно на закон. Купување заради продажба, држење заради продажба или пренесување и дистрибуција заради продажба. Ова е облик со кој се шири наркотичната дрога и се создаваат можности многу поширок круг луѓе да бидат корисници. Законска хипотеза е да никој не смее да поседува опојни дроги или хемиски супстанци без одобрение од надлежен орган.

Фактичко прашање што треба да се утврди е: Дали дрогата се држи заради продажба, како обележје на делото или за други цели. **Посебен облик на делото** е поседувањето во продажба или купување. За овој облик се казнува посредникот, а продавачот за продавањето на дрогата, додека тој што произведува за производството и пуштање во промет на дрога. Ако купувачот го купува заради продажба тој е одговорен за тоа дејствие, меѓутоа, ако го купува за сопствена употреба не го врши кривичното дело.
Постои и друг облик на делото кога друг начин се пушта во промет наркотични дроги. Под **„друг начин“** треба да се подразбере било кој начин, со позајмување, поклонување, подместување и сл. Потежот облик на делото е кога делото го извршиле повеќе лица или ако е организирана мрежа на препродавачи и посредици. Под **повеќе лица** се подразбира најмалку две лица кои со меѓусебен договор ги презеле дејствијата, што го сочинуваат законското битие на кривичното дело, а при тоа договорот не мора да биде формален, ниту пак поврзувањето да има карактер на постојаност. **Организирање на мрежа** на препродавачи и посредници, подразбира поврзување на повеќе лица на пошироко

подрачје и нивна организација за набавка заради натамошна продажба што повлекува поцврст систем  на меѓусебна поврзаност, пред се на организаторот на мрежата со препродавачите и посредиците кои ја сочинуваат мрежата.

Во однос на субјективната страна потребна е умисла што се состои во свест за законските обележја на делото. Како извршител може да се јави секое лице, но единствено е потребно да постои свест да се работи за droги и дека неовластено се постапува односно, делото може да се изврши само со умисла.

### *2.1.1. Дефинирање и терминолошко определување на поимите: илегално производство, криумчарење, недозволена трговија и синтетички droги*

Начинот на извршувањето како криминалистичка категорија претставува сплет на услови и околности кои детерминираат одреден криминален настан да се манифестира со одредена содржина и облик.  Истражувањето на начинот на извршување како симбиоза на објективното и субјективното е суштината на методика на откривање на извршителите на ови криминални дејствија.

Казнено правна  дефиниција на кривичното дело **илегалното производство** се состои во тоа што сторителот на ова дело невластено држи забранети супстанци наменети за производство или обработува супстанци преку кои се добива забранет производ (дрога) со намера да се стави во промет.

Консултирајќи ја литературата која се бави со проблемот на криминалитетот, присутни се одредени недостатоци по однос на јасното дефинирање на поимот криумчарење. Тоа се однесува и на теоретскиот, така и по однос на законските прописи кои ја обработуваат ова проблематика. Заради тоа постојат различни сваќања како и дилеми на тој план и според Звонимир Ѓорѓевиќ[27] до израз доаѓа прашањето да ли криумчарењето претставува секое илегално пренесување на стока преку граница или само она илегално пренесување која исполнува одредени услови. Спрема едно сваќање, криумчарењето е секое илегално пренесување на на стока преку граница. Звонимир Ѓорѓевиќ [28]смета дека се работи за доста широк и неадекватна дефиниција поврзана со современите услови, додека од аспект на криминалистиката има полна вредност бидејќи појмовно ги сплотува сите илегални пренесени стоки (и оние кои не претставуваат

[27] Ђорђевић З., (2006), *Нарко-криминал-кривично правни и криминалистички аспекти*, Нови Пазар, стр.35;
[28] Ибид, стр.35;

криумчарење) преку државна граница и на тој начин дава основ за пристапување кон сеопфатна криминалистичка обработка. Во склад со овие сваќања, криумчарењето може да се дефинира како илегално пренесување на стока од поголема вредност преку граница и тоа на организиран начин во вид на занимање.

Во врска со ова, во сите земји од З.Балкан, односно нивните закони постои соодветно законско дефинирање на криумчарењето, како и во Р.Македонија.

Според тоа, казнено правна дефиниција на кривичното дело криумчарење би гласела: **Криумчарењето** претставува од страна на сторителот кој може да биде физичко (па и службено лице) и правно лице, умислено занимавање со пренесување стока преку царинската линија со избегнување на царинската контрола или пренесување стока од поголема со избегнување на царинската контрола.[29] Со извршување на делото се врши нагризување на воспоставениот царински систем на една земја. Кривичното дело криумчарење повлекува и низа други инкриминации, како што се кривичните дела фалсификување исправа, даночно затајување, примање и давање поткуп и тн.

**Недозволена трговија** претставува активност кога сторителот неовластено купува, продава или разменува предмети или стоки од поголема вредност, чијшто промет е забранет или ограничен, ако не постојат обележја на некое друго дело. Неретко организирајќи и мрежа на препродавачи или посредници. „Основна цел на оваа активност е стекнување материјална корист која се остварува со избегнување на плаќање на царина и на разлика во цената при купопродажбата на вредностите“.[30]

**Дрога** се сите дроги природни или вештачки кои предизвикуваат опасност и кои имаат способност да влегуваат во интеракција со живите организми, предизвикувајќи при тоа состојба на психичка и физичка зависност или двете (dependenc produci drugs)[31]

**Наркотична (опојна) дрога** е секоја супстанца од растително или синтетичко потекло, со чија употреба можата да се создадат состојби на зависност, што можат да предизвикуваат оштетување на здравјето или друг начин да го загрозат човаковиот интегритет во физичка, психичка или социјална смисла. Според истиот закон, за опојни дроги се сметаат и сите психотропни супстанции.[32]

---

[29] Дилберов, Д.: „*Криумчарење,,* Штип, 2006, стр. 29-30.
[30] Vodilenic, V. I Aleksic, Z.: “Osnivi kriminalisticke metode”, Beograd, 1978, str.7.
[31] Дефиниција на Светската Здраствена Организација, Женева,1974;
[32] Закон за производство и промет на опојни дроги, Сл.лист на СФРЈ бр,13/91, преземен како републички закон;

**Синтетички droги** се  сите хемиски супстанци кои се произведуваат со цел да се добие супстанаца која би имала слични дејства како природните дроги. Синтетички дроги во светот ги има повеќе од илјада видови. Инаку, синтетичките дроги спаѓаат  во препарати кои се наоѓаат под контрола на Конвенцијата за психотропните  супстанци и врз основа на нивното дејство се делата на: Депресанти, Стимуланси и Халуциногени супстаетамфетамин, Амфетамин, Екстази, LSD-халуциногана дрога, Мескалин, Псилоцилин, Фенилетиламин идр. Споменатите дроги претежно се употребуваат и се користат меѓу помладата генерација во светот и во земјите од Западен Балкан.[33]

[33] www.elitesecurity.org/t729265-sinteticke-groge

# 3. ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ

Предмет на докторската десертација претставува истражување на криминолошките, кривично правните, феноменолошките и етиолошките аспекти на илегалното производство, криумчарењето и недозволена трговија со синтетички droги, со цел поефикасно и поуспешно откривање и сузбивање на овие кривични дела.

Посебно внимание ќе биде посветено на спречувањето откривањето и сузбивањето на организаторите и сторителите на делото и пронаоѓање и обезбедување на квалитетни докази кои ќе го гарантираат понатамошниот тек на кривичната постапка. Затоа, овој општествен феномен, налага научно-истражувачкиот потенцијал активно да биде насочен кон проучување на причините за појава на овој проблем, опфатен во поширок регион од т.н. З.Балкан, а со цел изградба на соодветен, квалитетен и ефикасен пристап во насока на поуспешно спречување откривање и сузбивање на ова кривично дело.

При истражувањето неопходно е дефинирање на криминалитетот, илегалното призводство, криумчарењето и недозволената трговија со droги. Исто така, утврдување на неговите видови и значење, како и кривично-правната нормираност. Посебно ќе се посвети внимание на истражувањето на начините, формите и методите на кријумчарњето и НТ, профилот и хиерархиската структуираност на извршителите, односно поврзаноста и распространетоста од територијален аспект на криминалните групи инволвирани во криминални активности со синтетички droги во земјите од Западниот балкан и пошироко во светот.

Во трудот, воедно **операционално** ќе биде определена:

а) **Кривично-правната димензија,** поточно ќе бидат анализирани делата поврзани со илегалното производството, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички droги во КЗ на земјите од Западен балкан во кои ќе бидат опфатени: Р.Македонија, Р.Србија, Р.Албанија, Р,Косово, Р.Црна гора, Р. БиХ и Р., ќе биде даден компартивен преглед на инкриминирањето на дрогата во тие земји, како и во одредени Западно-европски земји и ќе бидат дадени предлози за измени и дополнување на досегашната законска регулатива во областа на кривичните дела поврзани со дрогата.

б) М**атеријално-економската димензија** ќе биде истражувана преку следење на откриените дела, земајќи ја предвид и „темната бројка“ на овој вид криминалитет. Иако

непостои систем кој би овозможил да се изврши прецизна проценка на заработката од недозволената трговија со синтетички дроги на светско ниво, пред се поради огромниот број учесници во ланецот на дистрибуцијата, во економско-финансиска смисла, значи кружење на некотролирана маса пари кои претставуваат сериозен проблем за економската стабилност на земјите. Ваквото придвижување на енормни парични суми кое доведува до збогатување на сторителите налага потреба и од „перење на парите“, реинвестирање и нивно уфрлање во легални економски неопределени земји. Парите „заработени“ од криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, криминалните организации ги користат и за добивање поддршка од претставниците на власта и банкарските институции, се со цел да си ги олеснат финансиските операции или пак трговијата со дрога. Секако дека огромните финасиски средства со кои располагаат криминалните организации даваат можност за бавење и со сите други облици на незаконски активности (транспорт на добра, оружје, странци со нелегален престој, платени убијци, криумчарење на нуклеарен материјал и сл.), а со тоа и паралелен подем на „црните„ пазари.

в) **Социјалната димензија** за која ќе биде потребно да се истражуваат основните и пропратните консеквенци од извршување на делата поврзани со дрогата, нејзиното присуство на „пазарот“ и нејзиното конзумирање. Тука спаѓаат бројните негативни последици во социјалната интеграција и кохезија, почнувајќи од ниво на семејството па се до поширокта заедница како што се: насилството, деликвенцијата, проституцијата, неуспехот на училиште, пропаѓање на семејството, запоставување и опустошување на човечката околина.

Исто така, според статистичката обработка на добиените резултати во врска со криумчарењето и недозволената трговија со дрога ќе бидат предложени и систем на превентивни и репресивни мерки и активности за успешна борба за спречување на овој феномен во регионот од Западен балкан.

# 4. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Научно-истражувачката цел** на истражувањето ќе биде (преку научно-истражувачките методи) да се даде научна дескрипција на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички droги во земјите од Западен балкан во периодот од 2000 до 2010 година. Потоа, да се даде дискрипција за односот на извршители според нивното занимање, временскиот период на извршување на делото, современи начини на криумчарење и недозволената трговија со дрога, поднесени кривични пријави, изречени казни за делото и сл.

**Научно-практичната цел** ќе биде преку научната емпирија да се добие јасна слика за илегалното производство, криумчарење и недозволената трговија со дрога во истражуваната средина. Особено, да се придонесе во градењето и унапредувањето на методиката за откривање и докажување на кривичното дело илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги. Добиените резултати до кои ќе се дојде со истражувањето да се користат како појдовна рамка за промена или дополна на законските, подзаконските нормативи и на конструктивните решенија и заклучоци за практична примена на соодветните (репресивни, превентивни и други мерки) во секојдневната ангажираност и работата на надлежните органи и институции во земјите од Западен балкан.

**Структурата на истражување на трудот ќе се заснова на следните цели на истражување:**

- Поимовно определување на делото илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги.
- Етиологија на делото во земјите од Западен Балкан,
- Истражувањето на факторите и причините кои го предизвикуваат или допринесуваат за извршување на делото-илегално производство, криумчарењето и недозволената трговиа со синтетички дрог,
- Форми, методи и начини на извршување на делото илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетичќки дроги,
- Карактеристики на новите облици на делото криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во земјите во Регионот на земјите од западен Балканот.

- Степенот на општествената опасност од делото криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги, во земјите од Западен Балкан,
- Субјектите кој се сторители на делото криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во земјите од Западен Балкан
- Проучувањето на профилот на нарачателите, организаторите, транспортерите и локалните дилери на дрога-како учесници во ланецот на илегалното производство,криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги,
- Мотивите за извршување на делото илегално производство, криумчарење и недозвоена трговија со синтетички дроги,
- Распространетост на делото криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во земјите од западен Балкан.
- Укажување на сериозноста од опасноста на делото криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги за правниот и економскиот систем,
- Проучувањето и укажување на евентуалните слабости на законските, криминалистичките и превентивните мерки за заштита и
- Истражувањето на постоечките канали на криумчарењето и илегалната трговија со синтетички дроги низ легалните и илегалните гранични премини, како транспортните средства со кои се врши транспортот.

Сето ова со цел добиените истражувачки сознанија и податоци да послужат за изнаоѓање решенија за надминување на слабостите на институциите кои работат во борбата на спречување и откривање на криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги.

# 5. ВРЕМЕНСКА И ПРОСТОРНА ОПРЕДЕЛЕНОСТ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Временската рамка ќе го опфати периодот од 2000 до 2010 година, со интенција преку компаративна анализа на статистичките показатели со кои располагаат надлежните служби, да се дојде до сознанија од кои ќе може да се утврдат причините кои влијаеле на промена на интензитетот на илегалното производство, криумчарењето и илегалната трговија со синтетички дроги.

Истражувањето просторно ќе ја опфати територијата на земјите од т.н. Западен Балкан и Р.Македонија, со посебен акцент на легалните и (евентуално) нелегалните гранични премини преку кои се врши криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги.

# 6. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 6.1. Главна хипотеза

Современите и најразлични modus operandi на извршување на илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички droги како едно од најсериозните и најтешките кривични дела налагаат потреба од поефикасна национална стратегија вклучувајќи усовршување и потрага по нови современи и оперативно - тактички мерки и активности кои се применуваат во правец на ефикасно осознавање на факторите и причините кои допринесуваат за извршување на кривичните дела поврзани со синтетичките droги во државите на Западен Балкан.

## 6.2. Посеби хипотези:

- Социо-економските и политички состојби во сите земји од Западен балкан покажуваат интензивирање на криминалната активност насочена против сите општествени вредности (меѓу кои е и илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетичките droги).

- Феноменот поврзан со илегалното производство,криумчарењето и недозволената трговија со синтетички droги е се поприсутен од лукративни мотиви бидејќи претставува еден од најпрофитабилните бизниси за поединци и добро организирани криминални групи, донесувајќи им при тоа огромна заработувачка.

- Функционирањето на современа физичка и техничка контрола на граничните премини (со употреба на современ видео надзор, детектори за откривање на дрога, како и употреба на обучени кучиња за откривање  исклучиво синтетички droги) резултира со зголемен број на откриени канали на криумчарење и недозволената трговија со синтетички droги.

- Информираноста на припадниците на полициските и царинските служби за штетните последици кои произлегуваат од илегалното производство, криумчарењето и НТ со синтетички droги, како и способноста за осознавање на формите и причините кои придонесуваат за извршување на кривичното дело влијаат за полесно откривање на извршителите на овој вид на криминалитет.

- Познавање на каналите и начините на илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги допринесува за успешно пресекување на нарко-мрежите и запленување на се поголеми количества дрога (уште во почетокот кога се врши производството во илегалните лаборатории или при подготвување на дрогата за транспорт и криумчарење).

- Постоењето на соодветна национална стратегија која ќе придонесе за осознавање на причините за појава на овој вид на криминалитет, како и помошта во спречувањето на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, несомнено ќе доведе кон подобра координација на надлежните институции (посебните управи/сектори во Министерство за внатрешни работи, јавните обвинителства и судовите, како и царинските служби) што претставува важен сегмент за сузбивање на овој вид на криминал во земјите од Западен балкан.

- Регионалната соработка и соработката со меѓународните институции (Интерпол, Европол, ДЕА,СЕКИ центарот и други институции) во заедничката борба против сторителите и организаторите на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги е услов за обезбедување поефикасна активност на надлежните институции во земјите од Западен балкан во борбата против ова општествено зло.

- Имплементација на меѓународната стратегија во сите земји од Западен балкан, како генерална платформа ќе допринесе за надминување на слабостите на националните стратегии насочени во борбата против илегалното производство и недозволената трговија со синтетички дроги во регионот од Западен балкан.

- Превентивната заштита од илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, т.е. преземањето на адекватни и современи оперативни и технички мерки и активности ќе влијае за намалување на илигалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги.

- Ефикасната гранична контрола и примената на модерни методи и средства во откривањето на криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги условува успешно откривање и пресекување на меѓународните илегални канали и патишта со што ќе се придонесе во намалување на присутноста на синтетичките дроги на балканските и европските нарко- пазари.

- „Вградувањето“ на припадник на безбедносните структури во криминалната средина, овозможува осознавање на мотивите и причините за постоење на овој вид на

криминалитет, како и поуспешно откривање на извршителите и организаторите на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги. Релативно ниската предвидена казнена мерка за сторителите на кривичното дело (во сите земји од Западен балкан) поврзано со илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги, условува зголемување на бројот на лица кои ќе бидат инволвирани во овој вид на криминалитет.

- Навремените информации за припрема и подготовка за извршување на кривично дело поврзано со илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги овозможува благовремено осознавање на формите и причините за нивното постоење, како и преземање на соодветни чекори за пресекување на криминалната дејност на криминалните структури кои делуваат на организиран начин во земјите од Западен балкан.

- Декриминализацијата т.е. легализацијата на употребата на синтетичките дроги ќе придонесе за намалување на илегалното производство, нивна побарувачка и криумчарење, а со тоа ќе се овозможи соодветна евиденција на лицата корисници на дрогите, намалување на „темната бројка" на овој вид на криминалитет, како и соодветна казнена политика.

# 7. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ТРУДОТ

## 7.1. Примерок

Примерокот ќе опфаќа:

- Претставници на Криминалистичката полиција, УБК и АР, како и царинските служби – 60
- Научни работници, професори, експерти, стручњаци, претставници на НВО и др. – 20
- Уживатели на наркотични средства, дилери и др. – 20
- Граѓани во РМ – 200

Во зависност од објективните услови и можности, во примерокот на ова истражување ќе бидат опфатени и соодветен број на испитаници од сите горенаведени категории од земјите од Западен балкан (Србија, Албанија, БиХ, Црна Гора и Косово).

## 7.2. Методи на истражување

Во текот на истражувањето ќе се користат следниве научни методи :

- Дијалектичкиот метод (како универзален научен метод) за проучување на законитоста на појавата што е предмет на истражувањето, имајќи ги при тоа предвид причините за меѓусебната поврзаност, детерминираност и причинско-последичните односи при настанувањето на овие појави.
- Историскиот метод за согледување на појавата во во сите земји од Западен Балкан, па и Р.Македонија низ определен временски период гледано низ историски аспект. Целта на овој метод во ова истражување ќе биде во насока да се осознат искуствата од минатото во земјите од Западен Балкан за кое постои верификувана документација.
- Метод анализа на содржина преку кого ќе биде извршена анализа на документи, списанија, ревии и сл. Документите кои ќе бидат предмет на анализа треба да се однесуваат на понов временски период со оглед на тоа што појавата што се истражува

секојдневно се усовршува, менува и прилагодува во зависност од детермирачките фактори.

- Норативно-компаративниот метод како специфичен метод и начин при обработка на кривично-правната регулатива, како и последиците од неисполнување на законските норми ќе најде примена при откривањето и утврдувањето на закономерностите, поврзаноста и детерминираноста на формулираниот проблем, односно за согледување и утврдување на односите, врските и својствата на поединечните меѓусебно зависни компоненти и елементи на проблемот на проучување.

Емпирискиот дел на истражувањето ќе биде реализиран по пат на собирање и обработка на податоци, а преку користење на помошните технички методи (метод на анализа на содржината, метод на компарација, монографскиот метод и статистичкиот метод).

Исто така ќе биде применета и екстраполација која особено е применлива во криминалистичката практика, односно е корисна за давање на криминалистичка прогноза за структурата и структуралните промени за начините на извршување на кривичните дела, како и за давање прогноза за идниот развој на овие појави во земјите од Западен Балкан и во Р.Македонија.

Изворите на податоци за теоретска елаборација и емпириска ескпликација на предметот на истражување ќе се користат од:

- Евиденции и други показатели од надлежни државни институции ангажирани во борбата против овој феномен и судски органи во сите земји од западен Балкан;
- Библиографски податоци, научно-стручни публикации и материјали од институции кои го обработуваат овој проблем;
- Показатели на надлежните државни институции и
- Сопствени истражувачки зафати (преку користење на помошни технички методи: набљудување, интервју и анкета).

### 7.3. Инструменти

Во истражувањето како техники ќе се користат прашалници и интервјуа.

### 7.4. План за текот на истражувањето

Согласно теоретскиот дел и поставените проблеми и хипотези, ќе се изготват прашања, кои ќе бидат распоредени во прашалници или длабински интервјуа, согласно типот на популацијата која е дел од примерокот.

Потоа ќе се пристапи најпрво кон претставниците на Криминалистичката полиција, УБК и АР, како и царинските служби кои ќе бидат анкетирани со анкетни прашалници, додека со научните работници, професори, експерти, стручњаци, претставници на НВО и др. ќе се направат длабински интервјуа.

Потоа ќе се направат обиди за пристап до уживатели на наркотични средства, дилери и др. на кои ќе им се зададат прашалници или ќе се спроведат интервјуа. Граѓаните ќе бидат анкетирани со помош на писмен анкетен прашалник.

По прибирањето на податоците, ќе се пристапи кон средување, кодирање и статистичка обработка. Добиените податоци ќе се средат во табели, по категории на прашања, по што ќе се пристапи кон нивна анализа и дискусија.

# 8. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Илегалното производство,криумчарењетои НТ со дроги како криминална појава предизвикува штетни последици кои ја засегаат економската, безбедносната и социјалната сфера на сите земји од З.Балкан, па и Р.Македонија. Во тој контекст, логично и научната јавност акцентот на своето внимание да го насочува и задржува кон ова штетна и негативна криминална појава.

Имајќи го во предвид современиот мултидисциплиниран пристап на криминалистиката и комлексноста на ова криминална дејност, кривичните дела поврзани со дрогата се поделени на примарен, секундарен и терцијален криминалитет. Примарен, кој се однесува на кривичните дела поврзани со производството, преработката, купо-продажбата, извозот и дистрибуцијата на дрогата. Секундарен, кој се однесува на кривичните дела извршени под дејство на дрога или за време на апстиненцијални кризи со цел набавака на дрога или средства за купување на дрога. Терцијален, кој општесвено е најопасен, бидејќи е поврзан со меѓународните криминални организации чија дејност е производство, трговија и дистрибуција на дрога. Тука спаѓаат организаторите на илегалната трговија на дрога кои имајќи ја во предвид нивната позиција во општесвото спаѓаат во категоријата на криминалци на „белите јакни“.

Општествената оправданост на трудот ќе биде во тоа што ќе се дадат сеопфатни и соодветни анализи, проценки на податоци за присутноста и развојот на криминалитетот поврзан со илегалното производство, криумчарење и НТ со синтетички дроги.

Потоа преку трудот ќе се укаже на големата опасност и штетност на присуството на синтетичките дроги во земјите од З.Балкан,како и на светско ниво. Ова пред се кога се има во предвид фактот дека според податоците на UNODC и EMCDDA, одговорни за контрола и сузбивање на криминалитетот со наркотици, синтетичките дроги во поново време се поприсутни и позастапени во илегалниот пазар во светот, па и во земјите од З.Балкан. Експертите предвидуваат дека овие дроги во 21 век ќе бидат доминантни посебно заради нивната ниска цена, а посебно со нив претежно ќе бидат погодени земјите во развој како што се земјите од З.Балкан, каде се предвидува дека ќе се зголеми и бројот на конзументите. Заради погореизнесеното, преку трудот ќе се укаже на потребата од преземање на соодветни мерки во борбата насочено кон спречување и сузбивање на овој

криминалитет поврзан со илегалното производство, криумчартење и НТ со синтетички дроги.

Во ова смисла, трудот ќе укаже и на потребата од зголемување на квалитетот на сора ботката на сите чинители во земјите од З.Балкан, а насочено во правец на сузбивање на овој негативен феномен. Исто така, ќе се укаже на почитување и применување на програмата на Светската царинска организација (СЗО) во која членуваат 171 земја, меѓу кои и земјите од З.Балкан, а во врска со соодветното покривање и зајакнување на контролите на граничните премини на земјите од Балканскиот регион од каде се очекува и да се врши криумчарењето и НТ со синтетички дроги. Во ова насока, би укажувале на потребата соработката квалитетно да се развива меѓу криминалистичките полиции и разузнавачките служби кои непосредно се ангажирани во правец на сузбивање на овој вид на криминалитет. Посебно значење и придонес, во ова насока, би се постигнало доколку размената на податоците би се извршила од еден аналитички центар, како што е СЕКИ-Центарот со седиште во Букурешт, а во кои членуваат и службите на земјите од З.Балкан. Потоа трудот ќе укаже и на големата опасност од поврзаноста на криминалните групи, организации и структури по однос на нивното вклучување во илегалното производство и криумчарење на синтетичките дроги што е присутен во земјите од З.Балкан.

Имајќи ги во предвид погоре изнесеното сметаме дека на тој начин ќе се придонесе криминалните активности поврзани со илегалното производство, криумчарењето и НТ со синтетички дроги до одреден степен се сузбие, а со тоа се придонесе во намалување на присутноста на синтетичките дроги во земјите опфатени со истражувањето.

Сето ова можеме да го илустрираме и со пример изнесен на меѓународната конференција во борбата против криумчарењето и трговијата со дрога ( IDEK), одржана 2010 во Рио де Жанеиро, Бразил во која се вели: ,,Криумчарењето на наркотиците е глобален проблем и затоа во борбата против негово сузбивање треба дасе вклучат сите расположиви капацитети на општесвото. Во врска со ова, светските податоци и движење покажуваат зголемување на трендот на криумчарењето со синтетички дроги, дека во наредниот периопд (5 години) уште повеќе ќе се зголеми, со што се опфаќа и Регионот на Западен Балкан (и Р.Македонија). На конференцијата е потенцирано дека, посебно до израз доаѓа сегашниот актуелен период (економската криза од 2009 година која и натаму продолжува и посебно е присутна во земјите од З.Балкан, која криза ја помага

експанзијата на криминалот поврзан со криумчарењето и НТ со дрога и негова злоупотреба)“.

Од ова може да се заклучи колку се потребни и колку можат да придонесуваат сличните трудови по однос на сузбивањето на овој феномен и кои заради тоа имаат соодветна научна и општесвена оправданост.

# I ОПШТ ДЕЛ

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ И ТЕРМИНОЛОШКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ „ИЛЕГАЛНО ПРОИЗВОДСТВО'', „КРИУМЧАРЕЊЕ", „НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА" И „ДРОГА"

Приодот и анализата на поимите **„Илегално производство'', „Криумчарењето" и „Недозволената трговија",** како кривични дела и како посебен вид на криминалитет, во научниот труд ќе се направи обид да се изнесат преку одредување на операционална дефиниција, при тоа во самата суштина ќе се дефинират нивните основни поими кои претставуваат и предмет на изучување.

Во ова смисла приодот на дефинирањето на поимите **„илегално производство'', „криумчарење", „недозволена трговија" и „дрога"** (при тоа ставајќи акцент на поимот поврзан со синтетичките дроги), ќе се направи за сите поими со цел да се добие соодветна слика за нивното значење од кривично правен и криминолошки аспект.

Дефинирањето на овие поими како истакнав погоре, во суштина ќе бидат поврзани со дрогата (синтетичка), која воедно е основен елемент, на самото кривично дело..

### 1.1.Поим и дефинирање на кривичното дело „Илегално производство''

Илегалното производство кое завзема организирана форма, претставува комплексен и глобален светски проблем, со повеќе директни и индиректни консеквенции во повеќе сфери и тоа во здравството, организираниот криминал, економиите на земјите, светските финансиски и монетарни текови и друго.

Како комплексен и глобален проблем се појавува затоа што кај организираните криминални групи и мрежи, претставува прв и најбитен ланчан процес без кој истите (се мисли на криминалните групи и мрежи), не би можеле да ги развиваат и спроведат другите форми на криминални активности, посебно криумчарењето и недозволената трговија. Со еден збор, доколку нема илегално производство и обработка на дрогите воопшто, не би имало ниту криумчарење ниту НТ.

Поради тоа, илегалното производство во својот основен облик како кривично дело е доста комплексен и се однесува на три терминолошки аспекти, неовластено, илегално и производство.

Под производство, некои автори подразбират секаква активност која овозможува да се добијат опојни droги, односно: „Производството на опојните дроги опфаќа не само нивното природно садење и гаење во нивите, градините, туку и нивна преработка, фабрикување од природна форма во препарат или субстанца во форма на прашок, течност и таблета.[34]

Вакво одредување според авторот не го диференцира производството од преработката на дрога, веќе двете работи ги сместува под самиот поим производство.
Други теоретичари и автори под овој поим подразбират „правење и стварање на некоја стока од природно или синтетичка суровина, односно садење, гаење и собирање на билки или земање на екстракти, супстанци кои дават соодветен производ, да речеме опиум, се добива од макот, со сечење на чаурата или од одредени субстанци, хемикалии со преработка се добиваат синтетички дроги.[35]

По однос на изразот „Производство'' се бави и конвенцијата на ОН од 1961 година која под називите „Дефиниции'', одредува повеќе зборови, во кои се наоѓа и изразот производство што означува одредена активност поврзана со добивање на дроги, во ова ситуација синтетички дроги.

Казнено правна  дефиниција на кривичното дело **илегалното производство** се состои во тоа што сторителот на ова дело неовластено држи забранети супстанци наменети за производство или обработува супстанци преку кои се добива забранет производ (дрога) со намера да се стави во промет.

Па затоа неовластеното или илегалното производство како активност е опфатено и во членот 215,  како кривично дело кое гласи „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекузори''.[36]

### *1.1.1. Илегалното производство на синтетичките дроги*

Во овој дел ќе се фокусираме посебно на илегалното производство на екстазите (MDMA), амфетамин и метамфетамин, кои најповеќе се синтетизират во земјите од З.

[34] Звонимир Ѓ, *Нарко-криминал* (кривичноправни и криминалистички аспекти), Нови Пзар 2006, стр. 65
[35] Звонимир Ѓ, *Нарко-криминал* (кривичноправни и криминалистички аспекти), Нови Пзар 2006, стр. 65.
[36] Кривични Законик на Република Македонија, „Сл. Весник на Република Македонија'' бр.19/04

Европа и тоа Белгија и Холандија. Меѓутоа производството и НТ на наркотици во Европа е многу зголемено, околу 300 нови синтетички дроги се регистрирани во периодот од 2013-2015 година.

Според извештајот на извршното биро на Америка за контрола на наркотиците реализирано во 2004 година е констатирано дека во Белгија и Холандија се произведуваат 80% од количините на екстази кои се трошат во нарко пазарите во светот.[37]

За производство на синтетички дроги се потребни разновидни хемикалии, кои од страна на шверцерските и криминалните групи, се набавуваат претежно во Кина и други места низ светот и ги криумчарат низ илегални канали со дестинација до местата каде ги имаат изградено илегалните лаборатории. Можеме да констатираме дека доколку не се достапни овие хемикалии кои се потребни за нивно синтетизирање не може да се произведуваат синтетичките дроги.

*1.1.2. Хемиски супстанци кои се користат за илегално производство на синтетичките дроги-прекурсори.*

За производство на СД се потребни доста специфични хемиски компоненти, кои се набавуваат илегално од земјите каде истите се произведуваат.

Во врска со тоа, кои хемикалии се потребни за производство на СД, ќе се послужиме со две табели, кои се изнесени во книгата „Синтетичке дроге''од дваица автори: др. Павле Хаџиќ и Бисера Калаба. Се работи за табели на хемикалии дефинирани од **Комитетот за борба против наркотиците,** кој делува во рамките на ОН, а кои се користат за производство на наркотици односно т.н. Табела 1. и Табела 2.[38]

**Во табелата 1.** се наведени супстанците кои се потребни и претежно се користат за производство на синтетички дроги и не е познато дали се користат и за други намени.

Тоа се:

**-Н-ацетилантранилна киселина**

**-Ефедрин**

**-ергометрин**

**-Ерготамин**

[37] http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0042-8450/2005/0042-84500506467M.pdf
[38] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge"*, Sremski Karlovac, 2007, str. 17;

**-Изосафрол**

**-Лизергинска киселина**

**-3,4-метилендиоксефељин-2-пропанон**

**1-фенил-2-пропанон**

**-Пиперонал**

**-Псеудоефедрин и**

**-Сафрол**

Кога едно лице набавува или учествува во набавка на хемикалии од **Табела 1.** тогаш со сигурност може да се констатира, дека е во некоја врска со илегално производство на наркотици.

**Во табелата 2.** се наброени хемиските супстанци кои се користат, кои покрај за производство на синтетички дроги, се употребуваат и за други намени и затоа дел од нив на пазарот се наоѓат легално, за разлика од хемикалиите од Табела1. кои се обезбедуваат илегално.

Од Табела 2. ќе наброиме само неколку супстанци и тоа:

**-Ацетанхидрид**-се употребува за синтеза на лекови, за производство на пластични маси, во лаборатории во факултети, како и за синтеза на дрога. Поседувањето и набавката на ова хемикалија е казниво.

**-Ацетон**-се употребува како општ разредувач и се користи во сите хемиски фабрики;

**-Хлороводородна киселина**- се користи во рударство, метало преработувачка индустрија и друго;

**-Фенилоцетна киселина**- се користи за производство нна парфеми, фармацетска индустррија и нема широка употреба. Според нашите позитивни закони набавката и поседување на ова хемикалија е казниво,

**-Пиперидин-** покрај за фармецеутска индустрија, ова хемикалија се користи и за производство на наркотици, поради тоа неговата употреба и поседување е забрането.[39] Ваквите ригорозни мерки потекнуваат и од конвенциите на ОН, поврзани со принципите со кои се обврзуваат сите земји членки да вршат контрола на хемикалиите, кои можат да

[39] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge"*, Sremski Karlovac, 2007, str. 18;

се злоупотребуваат за илегално производство на синтетички дроги од страна на криумчарски и криминални групи.

### *1.1.3. Поим на прекурзори*

Со оглед дека прекурзорите играат битна улога во производството на дрогите воопшто, истите завземаат значајно место кај хемичарите и криумчарите во врска со нивното обезбедување и употреба во производствениот процес на синтетичките дроги.
Поради тоа е потребно да се одреди соодветниот поим на прекурзори, нивните видови, легалната примена во индустријата, како и илегалната примена, во т.н.,,криминалната индустрија'' за илегално производство на дроги.

Прекурзорите претставуваат претходна супстанца која се користи во фармацевтската и хемиската индустрија, а во врска со производство на синтетички материјали, бои, лакови парфеми експлозиви и други работи потребни во индустриите на земјите. Исто така прекурзорите претставуваат хемиски супстанци, кои се користат и во илегално производство на дроги и други психотропни супстанци и дека, како што изнесовме погоре, без нивно присуство не е можно да се реализира споменатото илегално производство.

Во сите земји постојат соодветни законски решенија за употреба на прекурзори и нивна контрола, а се со цел истите да не се користат за недозволено производство на дроги.

Во Македонија, во посебен Закон за прекурзори (службен весник на РМ бр. 37/2004 година), го регулира системот на контролата и следењето на производството и прометот со прекурзорите, со цел да се спречи злоупоптреба на прекурзорите за нелегално производство на опојни дроги и психотропни супстанци.

Слични закони постојат и во другите земји од З. Балкан, со кои на соодветен начин се регулира нивната упоптреба. Исто така направена е и соодветна категоризација на прекурзорите, во три категории, врз кои се пристапува кон нивна употреба. Сите дозволи за увоз, извоз и нивен транспорт, во сите земји од З. Балкан е регулиран преку министерствата за здравство во чија надлежност е ова проблематика.

Нивната класификација се врши врз основа на предлог даден од Комисијата за прекурзори во рамките на Конвенциите на ОН и други прописи на ЕУ, со кои се регулира и областа на опојните дроги и психотропните супстанци.[40]

### *1.1.4. Злоупотреба на прекурзорите во нелегално производство на синтетички и други дроги*

Прекурзорите претставуваат главен сегмент во илегалното производство и обработка на било каков вид на дрога, било од природно или вештачко потекло.

Поради ваквото значење на прекурзорите криминалните групи и мрежи кои се инволвирани во производство на дроги, а до прекурзорите доаѓат на секаков начин, за набавка не бираат средства и форми.

Во врска со ова во буриињата и други предмети во кои се сместени прекурзорите, криминалците стават разновидни етикети, вршат препакетирање, се со цел да ја реализират целта.

Криминалните групи,со цел да ја реализираат целта, во буриињата и другите амбалажи во кои се транспортираат прекузорите, лепат фалсификувани етикети,вршат препакување на истите и слично.

Од криминолошко-криминалистички аспект, посебно место, каде што се произведуваат овие хемиски супстанци, завземаат земјите: Холандија, Кина, Германија, а по политичките промени и Русија  завзема соодветна улога во производството на прекурзори.

Со легална продажба на прекурзорите во други земји посебно во Јужна Америка и Африка, се ставаат во промет големи количини на прекурзори, со тоа што  мал дел од нив завршуваат во нелегалните пазари, односно истите стигнуваат до крајните  корисници кои се бават и со нелегално производство на СД.

Во контекст на погоре изнесеното, неминовно е да се спомне и Конвенцијата на ОН што во 1988 година е усвоена во Виена, Австрија, а која се однесува на нелегалниот промет на дроги и психотропни супстанци.

[40] http://www.podaci.rs/propisi/145334046/695372937.html

На ова конвенција издвоени се над 22 најтргувани прекурзори кои криминалните структури ги користат со цел остварување на предуслови за криумчарење на хемикалии за производство на droги.

Во насока на спречување на нелегалното криумчарење и шверцот на хемикалиите и нивно ставање под контрола, а со цел да се спречи илегалното производство на дрогите, меѓународната заедница има постигнато добри резултати, кои се гледаат и од реализираните заплени, објавени во извештајот на ИНЦБ за 2007 и 2008 година.

Во таа насока познати се неколку проекти, кои на глобално ниво се спроведени во 2006, 2007 и 2008 година.

Во 2006 проектите со кодирано име „Единство'', и „Призма'', а спроведени во 2007 година, и операцијата „Кристални тек'', претставуваат значаен напредок на ОН врз делувањето на борбата против злоупотреба на дрогите на глобално ниво.

Во проектот „Призма' во 2007 година, учествувале над 126 земји, кои со свои активности придонеле во спречување на злоупотребата на хемикалиите, кои се користат за илегално производство на синтетички дроги , особено кокаинот ,амфетаминот и метамфетаминот.

Исто така и проектот „Кристални тек'', е спроведен со цел, да се обезбедат податоци од страна на земјите учеснички во производство на поедини фармацевтски препарати, посебно прекурзори, но и други хемиски супстанци, кои според нивните хемиски својства можат да се користат и во илегалното производство на дроги.

Според податоците кои произлегувале од овие проекти, констатиртано е дека 121 земја од Африка, Америка и Западана Азија, учествувале во извоз и транзит на големи количини на прекурсори.

Во 119 земји, од надлежни институции е извршено следење на пратките, при тоа, било констатирано дека 1399 пратки биле вклучени во меѓународна трговија, односно околу 153,43 тони ефедрин и 652 тони псеудоефедрин. Од овие количини може да се произведуваат 48 тони метамфетамин.

Од спроведените проекти кои имале за цел откривање на илегални лаборатории, се планирало да се покрене и меѓународна соработка, со ориентација спроведување на квалитетна контрола на хемиските супстанци, со цел да се запре нивната злоупотреба.

Како резултат на тоа, само во централна Азија во текот на 2006 откриени се 619 лаборатории, а во 2007 година откриени се 638 лаборатории за илегално производство на опијати.

Илегалните лаборатории кои се користат за производство на droги, можат да се класифицират според видовите на дроги што ги произведуваат и тоа:
-лаборатории за производство на природни дроги
-лаборатории за производство на синтетички дроги,
-дизајнерски дроги.

Исто така покрај таа поделба, можат да се класифицираат и според квалитетот на производството и тоа :
-кујнски лаборатории
-лаборатории кои се оспособени да произведуваат големи количини.

Кујнските лаборатории се познати по тоа што произведуваат помали количини на синтетички дроги, а таквите посебно се лоцирани во земјите на западна, средна и југоисточна Европа: Холандија, Бугарија, Полска, Белгија, Чешка и други. Во овие лаборатории претежно работат лица кои немаат соодветно познавање од областа на хемиските науки.

Овие лаборатории се сместени во несоодветни услови, претежно во гаражи, по куќи и друго. Интересно е дека често пати како дилери (дистрибутери), се појавуваат самите производители на синтетичките дроги.[41]

### *1.1.5. Како да се елиминира илегалното производство*

Илегалното производство и НТ со наркотици и прекурзори во почетоктот на 21 век, стана еден од нај вносните и профитабилни стопански гранки во светот.

Поради тоа проблемот со СД кои се произведуваат во илегалните лаборатории отвара неколку прашања и тоа: како да се откријат илегалните лаботории, како да се спречи нивното функционирање и/или со соодветни мерки да се отежнува нивната илегална работа.[42]

Од изнесеното, произлегува потребата од водење на сеопфатна борба на светско ниво, се со цел намалување на илегалното производство на СД , кое што треба да се фокусира и во насока на намалување на илегалната набавка на специфичните прекурзори –хемикалии, потребни за производство на синтетички дроги.

---

[41] http://www.nst.org.rs/sites/default/files/Zbornik%20Tara%202010.pdf
[42] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 17

Еден од начините да се постигне одреден квалитетен резултат, е да се следи патот од каде се набавува хемикалијата, која е потребна за производство на дрогата и со соодветна и силна контрола, да се придонесе спречување на можноста, илегалните производители да доаѓат до тие неопходни хемикалии, а во недостаток на истите би биле приморани да престанат да произведуваат.[43]

Во САД, во самите компании кои се ангажирани да произведуваат, диструбуираат и вршат извоз на хемиските компоненети, се врши строга контрола и надзор на сите барања поврзани со набавка на истите компоненти.

Ваквиот начин на контрола на хемикалиите е прифатено и од ОН, а сходно на тоа и многу други земји кои се соочуваат со проблемот со илегалните нарко-лаборатории.

Имајќи го во предвид фактот дека во илегалната трговија со наркотичните droги, се вртат големи финансиски средства, пласманот на дрогата преку криминалните и мафијашките структури изнаоѓа патишта да стигне до конзументите (потрошувачите), а во сето тоа посредуваат разни организирани криминални мрежи и групации, кои делуваат и се присутни во светски размери

На светско ниво најголем пазар за пласман на екстази се САД, а додека илегалните лаборатории претежно се сместени во Мексико.

Во Америка постои посебна разузнавачка служба наречена ДЕА, која исклучиво се бави со истражување, откривање и спречување на илегалното производство на сите видови на наркотици ( и синтетички droги) и тоа не само во Америка, туку делуваат и пошироко на светско ниво, поради што имаат воспоставено соработка со сите служби, меѓу кои и на Р. Македонија.

ДЕА покрај борбата за откривање и спречување на криумчарење на хемикалии и наркотици, учествува и во давање на насоки за изнаоѓање на квалитетни законски решенија кои би придонеле во спречување на оваа криминална активност, присутна во светски рамки.

Исто така, вакви квалитетни насоки им дава и на другите земји, посебно на оние во кои овој вид на криминалитет е најприсутен.

Меѓутоа, светот па и институциите предводени од ОН и покрај мерките што ги превземаат во насока на спречување или намалување на ИП, а со тоа и побарувачката ,се повеќе ја губат битката против криумчарските и шверцерските криминални мрежи, кои се инволвирани во илегалното производство на droги. Според податоците на ОН,

[43] Ибид, стр.17;

користењето на дрогите во периодот 1998-2008 година е зголемен за 34.5, од кои 27% се уживатели на кокаин, а на марихуаната зголемена е за 8.5%.

Извештајот на ОН покажува дека со борбата против дрогата и покрај превземените активности, наместо да се намали илегалниот пазар, тој се зголемува и успешно функционира, што му дава соодветно поле за појавување на ОК.

Ваквите поразителни податоци сугерираат дека светот предводен од ОН, со зедничка соработка на земјите кои највеќе се погодени со ИП, криумчарењето и НТ, треба да се фокусират во насока на превземање и спроведување на адекватни, квалитетни и организирани контроли за намалување на производството, а со тоа и потрошувачката.

*1.1.6.Заплени на синтетички дроги и откриени илегални лаборатории на светтско ниво*

Дека синтетичките дроги и нивното производство е во пораст покажуваат и податоците поврзани со нивните заплени на светско ниво, во Европа и Балканските земји. Исто така и запленитe на хемиските компоненти покажуваат дека илегалното производство на светско ниво не е намалено и дека процентуално, секоја година се зголемува.

На светско ниво податоците на УНОДЦ поврзани со запленување на дрогите за периодите 2002-2004 година, покажуваат пораст и тоа:

-Во 2002 година, количински, израчунато во тони од позначајните дроги кои се запленети се : кокаин-390 т; хероин 58 т; морфин 20 т; метамфетамин 10.5 т; екстази 6 т; Амфетамин 6 т; метаквелон 3 т и депресори 1,5 т.

-Во 2003 година запленети се: кокаин 450 т; хероин 60 т; морфин 40 т; метамфетамин 12 т; амфетамин 6 т; метаквелон 4 т; и депресори 1,7 т .

-Во 2004 година запленети се: кокаин 588,5 т; хероин 60.3 т; морфин 39.2 т; метамфетамин 10.9 т; амфетамин 6 т; метаквелон 4.1 т; и депресори 2.3 т.

Во врска со откриените лаборатории во периодот 2003 година, само во Америка се мобилизирани 10.000 илегални лаборатории во кои се произведени синтетички дроги.

Според овие податоци може да се констатира дека во периодот 2002-2004 година и покрај мерките што се превземени за спречување или намалување на производството и продажбата, сепак е присутно зголемување на производството.

Меѓутоа, доколку се има во предвид и темната бројка на незапленетата произведена дрога, која може да се множи со три и повеќе, тогаш можеме да процениме дека не можеме да бидеме задоволни од превземените мерки, и дека треба да се размислува за дополнителни активности кои би придонеле во намалување на производството на дрогите.

Исто така, интересен податок е и тоа дека во САД во 2003 година, се откриени околу 10.000 илегални лаборатории, што влева песимизам во натамошната борба против илегалното производство на дрогите.

Во Канада, во текот на 2015 година уапсен е т.н. канадски Волтер Вајт, односно бивш професор по хемија со асистенција на сопругата и двајцата синови, кои се оптужени дека вршеле илегално производство на синтетички дроги и тоа во мини лабораторија сместена во просториите на индивидуалната куќа лоцирана во близина на американската граница, а со цел, произведената дрога да се криумчари на американскиот нарко пазар. При извршениот претрес откриена е високо софистицирана лабораторија за производство на синтетички дроги, со капацитет од 1.5 милиони таблети неделно. Исто така, откриена е голема количина на екстази, документи и опрема за производство на разновидни забранети супстанци, хемиски супстанци кои се користат за производство на синтетички дроги и друго.[44]

Во текот на 2011 година во Мексоко, откриени се 226 тони хемиска супстанца, Метиламин, криумчарена од Кина, која според податоците на UNODC е главен производител на споменатите хемикалии. Спомената хемиска сустанца се користи за производство на метамфетамин.

Во 2012 година, американската војска има запленето 15 тони синтетичка дрога од типот на метамфетамин. Ова заплена се смета за една од најголемите дотогаш, а и сега. Овие податоци укажуваат на тоа колку се зголемува илегалното производство на метамфетамин и други видови на синтетички дроги во светот, а посебно во Мексико.Интересот е пред се  поради енормно високите финансиски добивки кои со илегалното производство и криумчарење ги има еден од најпознатите картели Синалоас, кој делува во Мексико и САД. Таму  претежно се произведува и се криумчари метамфетаминот, бидејќи развива голема зависност, за краток временски интервал.

[44] https://mail.google.com/mail/u/0/#drafts/p7?compose=1515560e7c4f1e1a

Во 2012 година во Мексико се запленети 195 тони од хемикалијата метиламин, која се користи за производство на метамфетамин, како и на кокаин, сместени во 12 бродски контејнери на Тихиот океан.

Овие податоци се објавени од страна на Bi-Bi-Ci, а хемикалијата била по потекло од Кина а наменета за криминалните групи од Гватемала и Никарагва. Мексичките власти, во врска со оваа заплена, изнеле тврдење дека мексичките нарко картели, своите криумчарски операции за криумчарење и продажба на метамфетамин ги прошируваат во Гватемала и Никарагва.

Во Мексико, со соодветен закон во 2006 година, на тамошните криминални картели, мексичката влада им има објавено отворена војна за нивна целосна елиминација, меѓутоа до ден денес таа војна продолжува, а продолжува и криминалната активност на картелите. Од тој период до денес во таа борба се убиени над 48 илјади луѓе, од редот на полицијата , членови на картелите и недолжни граѓани. На светско ниво синтетичките droги се произведуваат во илегални лаборатории во Холандија-Евроа, во Бурма, Југоисточна Азија и во Мексико, што ги покрива нарко пазарите во САД и Јужна Америка.

Според податоците на UNODC, до 2010 година на светско ниво се регистрирани околу 50 милиони корисници на синтетички дроги, без да се даваат податоци за темната бројка. Оваа бројка е резултат на евиденциите што ги вршат земјите во светот, меѓутоа има присуство на земји кои не доставуваат вакви податоци. Поради тоа, погоре изнесената бројка од 50 милиони, не е точна и се смета дека бројката е поголема.

Итересно е дека, зголемувањето на производството на синтетичките дроги кои се се по присутни на светскиот нарко пазар, е резултат на намалување на продажбата на кокаин и хероин, поради што корисниците се ориентираат на СД. Постои неограничен број што во илегалните лаборатории се произведуваат и тоа за малку пари, а добивката е многу висока.

Обемот и количините на СД тешко може да се процени, бидејќи нивните патишта на криумчарење и шверц се многу кратки поради што нивната заплена е доста тешка и специфична.

Според податоците на UNODC бројот на илегалните лаборатории секоја година се зголемува, во 2008 година нивната бројка е зголемена за 20%. Производителите на СД се доста флексибилни и брзо се прилагодуваат на потребите на нарко пазарот на СД, како и флексибилни по однос на производството на нови видови на СД.

Во 2002 година, регистрирани се 73 нови видови на СД во Европа, а во 2016 година дури над 300 нови СД, што значи дека секој ден се појавува нова дрога.

До голема експанзија на илегалното производство доаѓа последните години кога се појавува илегалното производство во САД, чија база е канабис, т,н. снак.
Податоците кои се однесуваат за 2014 година, на светско ниво во илегални лаборатории, произведени се 108 тони метамфетамин, 4.6 тони амфатамин, 9 тони екстази и 34 тони НПС.

Во овој период доста е зголемен и бројот на конзументите и тоа, на светско ниво, екстази користат 19.4 милини луѓе, а додека 35.7 милиони користа амфетамин.[45]

За разлика од 2014 година, во 2015 година според податоците изнесени од UNODC откриени и запленети се 191 тон амфатамин и метамфетамин, со што осетно е зголемена побарувачката на синтетичките дроги на светско ниво и во Европа.

Посебен пораст кај синтетичките дроги се гледа кај кои од 93 тони пред 2015, е зголемен на 191 тон во 2015 година, (од ова се гледа разлика од 98 тони и тоа во период за една година), зголемување кое со иста динамика се очекува да продолжи и по 2015 година.[46]

Производството, побарувачката и потрошувачката на синтетички дроги секоја година се повеќе се шири и изнаоѓа нови нарко пазари. Така, за илустрација би спомената дека во периодот по 2008 година, синтетичките дроги се произведуваат и се присутни посебно во југоисточна Азија. Во 2008 година запленети се 32 милони пилули, а во 2009 година запленети се 93 милиони, додека во 2010 година, 133 милони.

Слична е ситуацијата и во другите региони во светот, и тоа во Западна Африка и Јужна Америка, додека во 2010 година, во овие региони откриени се и првите лаборатории. Овие податоци укажуваат дека синтетичките дроги се присутни и се произведуваат во целиот свет. Ова е пред се, поради ниската цена и поради лесниот начин на производство, односно се произведува и во домашни услови.

По однос на југоисточна Азија и Австралија, интересни се повеќе податоци кои укажуваат дека во периодот 2008-2016 година, регистрирани се 168 нови видови на синтетички дроги. Нарко-криминалните групи, илегалното производство го имаат концетрирано во троаголникот Лаос, Тајланд и Мјанмар. Од новите дроги по позната е

[45] www.frontslobode.ba/vijesti/ekonomija/115347 UN-ilegalno-trziste-droga-dozivljava-procvat
[46] http://www.frontslobode.ba/vijesti/ekonomija/115347/un-ilegalno-trziste-droga-dozivljava-procvat

Фенталин. Се работи за опијат кој е 100 пати по силен од хероинот и во последно време е популарна во Америка и Европа.

Според податоците на UNODC, во Австралија во текот на 2014 година, запленети се големи количини на метамфетамин во вредноист од 1.26 милијарди австралиски долари или (900 милиони американски долари) и се смета за една од најголемите заплени во историјата на Австралија.

Истата година во Сиднеј, Австралија откриени се и запленети 720 литри хемикалија по потекло од Кина, наменета за илегално производство на метамфетамин. Од оваа количина на хемиската супстанца можат да се произведат 500 кг кристални метамфетамин со висок квалитет, познат како„ лед''.

Во една, австралиската полиција покрај заплена на метамфетамин, успеала во тој период да заплени околу, 1,2 тона екстази, во најголемата годинешна акција за заплена на дрога, при што се уапсени и обвинети двајца полски државјани. Уличната вредност на оваа заплена на дрога е проценета на 110 милиони американски долари.

Уапсените Пољаци, дрогата ја сокриле во товар со алуминиумски лимови, увезени од Чешка. Од ова се гледа потеклото, од каде е криумчарена дрогата, начинот на транспортот и на криумчарењето, односно дека дрогата е произведена во Чешка.

Во текот на 2015 година во Кина, според податоците на UNODC само во провинцијата Guangdong се откриени и запленети 3 тони метамфетамин, во форма на таблети. При тоа се притворени 200 лица инволвирани во илегалното производство и криумчарење на СД.

Австралиската полиција и Владините безбедносни институции, истата година заплениле голема пратка на метамфетамин во вредност од 900 милиони американски долари и се смета за една од најголемите заплени во ова држава.

Исто така, во Сиднеј се откриени и запленети 720 литри метамфетамин во течна форма криумчарена од Кина. Дрогата е сокриена во кутии со силиконски гради и дрвени оквири за ликовните уметници. Од споменатата течност можело да се произведуваат 500 кг кристален метамфетамин од висок квалитет.

Инаку според податоците на UNODC, Кина и Хонг Конг се лидери во светот за производство на синтетички дроги и хемиски супстанци за производство на синтетички дроги. Заради тоа, се поголем број на криминални организирани групи се присутни во Хонг Конг и одредени градови во Кина.

Исто така, според извештајот на UNODC глобалниот пазар на синтетички droги во голема мера се снабдува од Кина и Хонг Конг. Наркокартелите од Кина произведуваат нови дроги побрзо, отколку што тамошните власти можат да ги евидентират и контролират и дека нивното производство е усмерено према наркопазарите во Европа.[47]

Вкупната заплена која изнесува 25% од целокупното илегално производство во светот, се смета како добар успех и резултат. Кога добро ќе се изанализира овој просек, тогаш се поставува прашањето, колку е вистинското годишно илегално производство, а со тоа и дистрибуцијата и користењето.

Од ова следи прашањето поврзано со темната бројка на произведените и дистрибуираните количини на дрогите на светско ниво. Поради тоа тешко може да се зборува за било каков процент или резултат, врз основа на кој би можеле да ја утврдиме вистинската бројка и степенот на покриеност на споменатите криминални активности. Ова е пред се, бидејќи нема земја на планетата каде не се произведува, злоупотребува дрогата во било која форма.

Како значаен сегмент да истакнам дека во поново време е појавата и експанзијата на синтетичките дроги кои се појавуваат на илегалниот нарко пазар, како и кокаинот, а тоа доведува до појава на нови типови на криумчари како и на потрошувачи.

Посебно би истакнале дека криумчарите во поново време, за криумчарење на синтетичките дроги го користат интернетот, а преку оваа форма ги наоѓаат и потрошувачите. Криумчарите сметаат дека оваа форма на криумчарење им била по сигурна, како и по сигурно им било префрлањето на парите добиени од продажбата на дрогите.

Во текот на 2015/2016 година во Нов Зеланд, за првпат на светско ниво е водена дебата за легализација на СД во таа земја, а како причина се наведува податокот дека поедини СД не предизвикувале зависност. Меѓутоа, по увидената грешка и реакциите што се појавиле, Н.Зеландската влада повторно ги забранила СД.

Според податоците на (UNODC, 2009 година), бројот на илегалните лаборатории во светот има тренд на зголемување, така да во текот на 2006/2007 година откриени се вкупно 28.482 ИЛ.

На светско ниво, најмногу ИЛ откриени се за производство на метмфетамин, потоа следат ИЛ кои произведуваат кокаин и канабис. Ако се гледа според регионите или од

[47] *http://balkans.aljazeera.net/vijesti/kina-i-hong-kong-lideri-u -proizvodnji-droge*

земјите, најголем број се откриени во Северна Америка, потоа следи Ј. Америка и Европа. Вистинската бројка на ИЛ за производство на droги е многу поголем.

Од криминалистички и безбедносен аспект голем проблем претставува планирањето поврзано со откривањето на ИЛ, како и преткривичната постапка, ако постојат основи на сомнение дека е извршено кривиочно дело, илегално производство и ставање во промет на наркотични средства во илегална фабрика или лабораторија.

Ваквите проблеми се јавуваат бидејќи постојат многу фактори кои можат да придонесат во загрозување на здравјето и животот на припадниците на безбедносните служби кои се присутни во и околу објкетот кој е предмет на криминалистичка обработка, со оглед дека во објектот се складирани хемикалии (прекурзори), со кои се произведува дрогата.

*1.1.7. Синтетичките дроги во функција на терористичките организации*

СД во светот, покрај тоа што се употребуваат од страна на помладата популација, за лични цели, истите во поново време стануваат популарни и се употребуваат и од страна на терористички организации.

Првпат СД се користат  за времне на втората светска војна од страна на хитлеровата армија, а во јапонија од страна на пилотите на јапонската авијација т.н. ,,камикази'', потоа и од страна на одредени разузнавачки служби и друго.

В оедно, злоупотребата на СД или нивното користење се врши и од страна на т.н. терористички организации, односно дека во текот на 2016 година според податоците објавени од страна на агенцијата Анадолија, Р. Турција, од страна на турските власти се запленети 11 милиони пилули од СД  Каптагон, за која се верува дека се наменети и се користат за  борците на ИСИС и воопшто во граѓанската војна во Сирија и Ирак.

Според податоците на истиот извор, оваа дрога во тежина од два тона е откриена и запленета во регионот Хатај, кој се наоѓа на границата со Сирија.

Инаку Каптагон е синтетички стимулант на база на фенетилин и е исклучително популарна дрога во земјите од Блискиот исток, а се произведува и во Сирија.

Покрај оваа заплена, реализирани се и други заплени за кои е утврдено дека истите се произведени и криумчарени за потребите на борците на терористичките организации ИСИС, Ал Нусра и други.

Во Грција, во градот Атина, во зоната „Неа Перамо'', е откриена лабораторија во која илегално се произведувале СД и при тоа се запленети 650 илјади пилули, амфетамин - „Каптагон'', наменети за припадниците на ИСИС. Оваа дрога е откриена во соработка со разузнавачките служби на САД и на Грција. Дрогата требало да се криумчари од Грција, за Турција, а потоа во Сирија. Во оваа акција уапсена е поголема криминална група, сочинувана од грци, турци и албанци.[48]

**Ако се анализира ова акција, можеме да селектираме два интересни сегменти, а тоа се, соработката на две служби, која резултира успешно и која упатува на фактот дека со соодветна соработка и размена на податоци можат да се постигнат идеални успеси, и другиот, се однесува за соработка на криминалните групи од различити етнички припадници. Односно ова укажува дека финансискиот профит не познава никакви бариери, па ниту национални.**

Во оваа криминална активност грците и албанците се во улога на производители, додека турците во улога на транспортери и дистрибутери на дрогата, до припадниците на ИСИС лоцирани во турско-сириската граница.

Инаку „Каптагон'' е вид на СД, која им се дава на вооружените припадницит на ИСИС, за издржливост, го намалува степенот на плашливоста од смртта, делува против заморот, односно поголем временски период на издржливост, ја зголемува еуфоријата кај корисникот. Исто така се смета дека „Каптагонот'' е еден од главните причинители на насилството и нечовечкото однесување на припадниците на ИСИС, што ги применуваат према заробените „предавиците'', во борбените зони во Сирија и Ирак.

### *1.1.8.Заплени на синтетички droги и откриени илегални лаборатории во Европа*

Во контекст на ова ќе бидат изнесени и податоци за запленети синтетички дроги во Европа во периодот 2002- 2012 година.

Илегалното производство слично како на светско ниво е присутно и во земјите на ЕУ и дека според податоците што се објавени од страна на EMCDDA, СД претежно се произведуваат во Холандија, Белгија, Полска, Норвешка, Германија, Чешка, Бугарија и други земји со помал обем.

---

[48] http://telegrafi.com/greke-shqiptare-dhe-turq-bashkepunonin-per-drogen-qe-kishte-destinacion-militantet-e-isis/

Меѓутоа во оваа насока Холандија е лидер на светско ниво каде посебно се произведуваат екстазите и амфетамините.

Во 2002 гопдина се пријавени 29000 илјади заплени на амфетамин, во износ од 5.5 тони. Повеќе од половина од запленетата дрога се однесува за германскиот нарко пазар каде се откриени над 2.5 тони. Интересно е дека според податоците на EMCDDA, заплената на амфетамин во 2012 година е слична како заплената во 2003 година.

Во 2012 година по однос на метамфетамин на ниво на Европа се пријавени 7000 заплени во износ од 0.34 тони. Во тој период, пријавени се додатни 4000 заплени, што се реализирани во Турција и Норвешка. Од овие податоци се гледа дека на европско ниво метамфетаминот помалку е присутен, од другите синтетички дроги, посебно амфетаминот.

Исто така интересно е дека 4000 заплени или над 50% од вкупните заплени на метамфетамин, се запленети во две земји Турција и Норвешка. Инаку амфетамин и метамфетамин се тесно поврзани, како синтетички стимуланси и генерички се познати како амфетамини.

По однос на екстазите во 2012 година на европско ниво се запленети 4 милиони таблети, од кои само во Холандија 2.4 милиони; потоа следи В. Британија со 0.5 милиони; Германија со 0.3 милиони и Турција со 3.0 милиони таблети.

Доколку се прави компарација со периодот од 2003 година, тогаш во тој период се запленети поголеми количини и тоа 23 милиони таблети. Нивното намалување се чуствува во периодот 2002-2009 година, а додека следните години по 2009 година има благ пораст. Ваквите разлики во заплените не ја покажува вистинската слика на вкупното производство на екстази на европско ниво.Ова пред се, се гледа и се чуствува по бројот на откриените илегални лаборатории. Така во однос на 2003 година, кога се откриени 50 ИЛ, во 2010 година се откриени само 3 ИЛ.

Ваквата компарација ги потврдува нашите проценки дека запленетите дроги почнувајќи од 2003 година па до 2012 и потоа, не ја одсликува вистинската и фактичката состојба на илегалното производство на синтетичките дроги во Европа.[49]

ИП на екстази и амфетамин во Европа претежно е концентрирано во Белгија и Холандија, што се потврдува и од откриените лаборатории. Најголеми количини на

[49] EMCDDA.Europa.eusistem/files/publication/963/TDAT 1400/HPN.pdf.

екстазите што се достапни во Европа и пошироко доаѓат од Холандија и Полска, додека од Данска најповеќе екстазите се извезуваат по илегални канали во САД.[50]

Така во текот на 2016 година во Брисел, Белгија во близина на местото Opglabek, во свињарска фарма е откриена најголема илегална лабораторија за производство на екстази, за која се смета дека е дело на меѓународна криминална и криумчарска мрежа.

Лабораторијата е изградена на површина од 1000 м квадрат, а во неа при извршена контрола се откриени и запленети големи количини на хемикалии и готов производ на екстази во вреднос од три милиони евра. Според големината на лабораторијата е проценето дека неделно можело да се произведуваат големи количини на екстази, чија улична цена по кг изнесува од 2.250-6000 евра.

Според ова направена е пресметка дека оваа лабораторија со ИП на екстази остварила профит од неколку милиони евра. Од почетокот на 2013 година до сега во Белгија и Холандија се откриени голем број на ИЛ за ИП на СД, а во едно откриени се и големи количини на прекузори и други хемиски суровини чии количини биле двоструко поголеми отколку во изминатите години, што укажува на зголемување на производството на синтетичките droги во тој регион.[51]

Во врска со ИП на СД во Европа од користената литература, можеме да изнесеме дека синтетичките дроги во текот на 20 век, своја примена имале и за воени цели. Имено нацистичката армија предводена од Хитлер, при извршените напади во Полска 1939, Франција 1940 година, во воените дејствија, германските војници биле под влијание на синтетичка дрога наречена со името „Первитин''. Само во нападот во Франција на војската им биле поделен 35 милиони пилули. Во суштина името Первитин го добива во 1937 година кога е произведен, а фактички се работи за метамфетамин. Исто така во тој период бил познат со името„тенковска чоколада'' или „пилула Herman-Goring''. Според податоците слични стимуланси употребиле и сојузничките војници.

Спомената чудесна пилула што ја корител војската на Хитлер, најпрво во течна форма ја произведувал еден хемичар со јапонско потекло. Истото средство било усовршено од хемичари на берлинската фирма „Темлер- Веке'' и го патентираат во 1937 година, а една година подоцна се појавува на пазарот. Со овие таблети корисниците не

[50] http://www.moravek.org/ovisnosti/trziste-01.htm
[51] http://www.blic.rs/vesti/svet/otkriven-dosad-najveci-pogon-za-sinteticku-drogu-u-eu/4zzhrcn

чуствуват замор, жед, глад, ниту страв. Денес се продава со името „Кристал-Мет или Метамфетамин''.[52]

Според податоците на (EMCDDA), по 2012 година, Европа се соочува со голем прилив на синтетички дроги, поради тоа европските земји се приморани да ги засилат законските мерки а со тоа и зголемување на казните, а со цел да придонесат во спречување на илегалното производство, криумчарењето и НТ на такви дроги.

Во таа насока одредени земји од ЕУ, како Финска, Франција, Германија и Холандија кои и највеќе се загрозени со ИП и продажбата на СД, планираат во идниот период да ги изоштрат законските казни и да ги поедностават судските процедури. Посебно се заговара зголемување на казните поврзани за криумчарење и шверц на синтетички дроги, односно еден шверцер да биде казнет и со затворска казна до 10 години.

Кога зборуваме за ИП на дрогите било природни или синтетички, не би се реализирал тој процес доколку не се користат соодветни хемикалии кои се потребни за синтезирање на дрогите.

Како најголем производител на потребните хемикалии за производство на дроги на светско ниво се појавува Кина. Во извештајот на ОН-Уредот за борба против дрогата и криминалот со дроги, се наведува дека голем број на организирани криминални организации и групации, кои делуваат во Хонг Конг, вршат криумчарење на дроги и хемикалии од Кина во илегалните пазари низ целиот свет.

Припадниците на криминалните организации имаат предност пред криминалните групации кои доаѓат од надвор, поради фактот што делуваат на свој терен, знаат како да го изигруваат правниот и безбедносниот систем и као да ја криумчарат дрогата надвор од Кина. Во врска со оваа криминална појава и покрај обидите на кинеските власти да го намалат криумчарењето на дрогите и хемикалиите, кинеските хемичари произведуваат нови синтетички дроги, со што со два чекора се пред тамошните власти. Ваква состојба владее и во другите земји ширум светот, па и во земјите од З. Балкан, поради тоа ИП и криумчарењето на дрогите воопшто не се намалува. Додека фармацевтската индустрија брзо се шири, најновиот извештај на ОН за трговија со дроги иснесува податоци дека

[52] http://www.dw.com/bs/evropski-trendovi-droga/a-39117120

Кина стана најбрз извозник на нови синтетички дроги и хемикалии, насочени према нарко пазарите во земјите на ЕУ.[53]

По однос на цените на СД, посебно на метамфетамин, во нарко пазарите на земјите од Источна Европа се движат од 8.5 до 36,5 евра. Таблетите екстази се движат од место до место и според финансиската структура на корисниците, затоа една таблета се продава од 3 до 5 евра, а во некои земји достигнува цена и до 10 евра.

Метамфетаминот најмногу се произведува во Чешка и Словачка со што состојбата е алармантна.

Од земјите во Источна Европа, највеќе ИЛ е присутно во Чешка, каде претежно се произведува метамфетамин.[54]

Според податоците на Европскиот центар за следење на дрогата и наркотични зависности, Бугарија е рангирана меѓу лидерите во Европа во производството и трговијата со амфетамин.

Според истиот извор Холандија и Белгија се најважните области за производство на амфетамини во Европа, но тие се произведуваат исто така и во Бугарија, Полска, Германија и балтичките земји.

Во последните години во Бугарија се забележува и зголемување на бројот на лабораториите за производство на амфетамин.

Покрај негативните трендови, Бугарија има и успеси во борбата против производството на синтетички дроги. Само во 2013 година се откриени 35 лаборатории за нивно производство.

Граѓаните на ЕУ според извештајот на Европскиот центар за следење на дрогата и наркотични зависности,трошат 24 милијарди евра годишно за дрога.

Исто така се предупредува дека продажбата на дрога е поврзана со финансирањето на терористичките активности, а дел од СД се користат од нивна страна.

### *1.1.9. Корисници на синтетички дроги*

По однос на конзумирањето на синтетички дроги, амфетамин, според податоците на EMCDDA во 2013 година во Европа користеле 114 милиони луѓе или 3.4% од популацијата, на возраст од 15-64 години.

[53] http://balkans.aljazeera.net/vijesti/kina-i-hong-kong-lideri-u-proizvodnji-droge

[54] http://www.slobodnadalmacija.hr/novosti/hrvatska/clanak/id/75235/ceska-preplavljena-metamfetaminima-u-hrvatskoj-stanje-nije-alarmantno

Во 2012 година пак користеле 1.5 милиони или 0.4 % од популацијата на возраст од 15-64 години, која еднаш има конзумирано, или 1.2 милиони (0.9%), корителе малолетници и постари малолетници на возраст од 15-34 години.

Екстази во 2013 година користеле 10.6 милиони луѓе на возраст од 15-64 години.

Од овие податоци се гледа дека бројот на корисници е многу голем и дека поради тоа секоја година како што се зголемува нивна бројка, така расте и илегалното производатво со цел задоволување на потребите на побарувачката.

Користењето на СД на светско и на европско ниво расте и постигнува рекордно ниво, се очекува и во следните години тренд на зголемување на потрошувачката, а со тоа и на корисниците на возраст од 15-64 години.

Се проценува дека од 3%-4% од светската популација користи разновидни дроги. Највеќе се користи канабис (марихуана,хашиш), но во последно време доста брзо расте бројот на корисниците на синтетичките дроги и тоа посебно во урбаните средини.

Дрогата најприсутна е во големите градови во светот, како што се Њујорк, Мајами, Лондон, Париз, Осло, Стокхолм, Минхен, Берлин, Прага, Шангај, Њуделхи, Истанбул, Анкара, Москва и други. Ова пред се бидејќи во поголемите градови бројот на ноќните и диско клубовите е многуброен и се дел од ноќниот живот на помладата популација (студенти, ученици и друго), кои барат забава а избор е користење на екстази кои се и најефтини.

На крајот од овој дел ќе бидат објаснети и одредени термини поврзани со илегалното производство и хемикалиите кои се употребуваат за таа цел. Ова пред се, за да се добие појасна слика за истите.

1.1.9.1. „Психотропна супстанција" е секоја супстанција од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган.

1.1.9.2. „Прекурзор" е секоја природна или вештачка супстанција, која може да се употреби во производство на опојни дроги и која е распоредена во листата на прекурзори во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган во Република Македонија.

1.1.9.3. „Препарат“ е раствор или смеса, во цврста или течна состојба или во било кој друг физички облик, кој содржи опојна дрога, психотропна супстанција или растение од кое може да се добие опојна дрога.

1.1.9.4. „Производство“ е подготовка, преработка, мешање, прочистување, изработка и секоја друга активност, со која се добива или со која се допринесува за добивање на опојна дрога, психотропна супстанција или нивен препарат.

1.1.9.5. „Промет“ е секој начин на ставање во промет на опојна дрога, психотропна супстанција, растение, дел од растение како што се увоз, извоз, транзит, набавка, купување, продажба, замена, пренос, складирање, издавање на рецепт и сл.

1.1.9.6. „Супстанци“ се опојни дроги, психотропни супстанци и прекурзори распореден во листата на опојни дроги, психотропни супстанци и прекурзори а во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дрогии/или врз основа на одлука на надлежен орган во Република Македонија.

1.1.9.7. „Средство за производство на опојна дрога“ е апарат или друг предмет кој е наменет или употребен за добивање на опојна дрога или психотропна супстанца.

1.1.9.8. „Зависност“ е состојба на неодолива потреба, психичка или физичка, за употреба на опојната дрога.

1.1.9.9. „Зависник од опојни дроги“ е лице кое со употреба на опојна дрога се довел во состојба на зависност.

1.1.9.10.„Злоупотреба на опојни дроги или недозволена употреба на опојни дроги“ е одгледување на растенија од кои може да се добие опојна дрога, поседување на средства за производство на опојни дроги, производство, промет и поседување на опојни дроги, психотропни супстанци, растенија или делови на растенија од кои може да се добие опојна дрога спротивно на одредбите на овој закон, како и употреба на опојни дроги надвор од терапевтските индикации, во прекумерни дози или во тек на време кое не е опфатено со терапијата.

*1.1.10. Илегалното производство и илегалните лаборатории и нивното откривање во земјите од Западен Балкан.*

Употребата на традиционалните droги е стабилизирана и во Балканскиот регион, слично како во Европа и светот, меѓутоа синтетичките дроги како во другите региони (Свет и Европа), се зголемува и носи нови ризици во регионот на земјите од З. Балкан. Во земјите од З. Балкан (БиХ, Црна Гора, Косово, Албанија и Македонија),, синтетичките дроги се криумчарат и шверцуваат од земјите на ЕУ (Белгија, Холандија, Полска, Бугарија и Србија), додека во Србија, покрај нивното криумчарење од други земји, се врши и непосредно илегално производство, посебно на екстази и амфетамин.

Според податоците со кои се располага, синтетичките дроги во земјите од З. Балкан се појавуваат по 1990 година, односно за време на војните што во тој период се случија во просторите на бивша Југаславија. Таквиот глобален пораст на СД предизвикува загрозување на јавното здравје во сите земји од З. Балкан, а посебно по 2000 година кога истите со голема брзина се шират и се злоупотребуваат.

Нивната застапеност посебно се чувствува по 2000 година, кога во една од земјите од З.Балкан се откриени и првите ИЛ за производство на екстази.

За разлика од европските земји во регионот на З. Балкан, повеќе се застапени природните дроги (марихуана, хероин и кокаин), меѓутоа, како што истакнав погоре, по 2000 година синтетичките дроги се доста застапени, со тенденција истите да завземат високо место во нивна употреба, посебно од страна на помладата популација (средношколци, студенти и други), кои припаѓаат на средниот слој, на богати семејства и на работнички семејства.

Во земјите од Западен Балкан првите ИЛ се откриени во Србија и тоа во 2003 година, е откриена во Стара Пазова. Според податоците се работи за една од најголемите фабрики за ИП на СД, дотогаш откриени во Европа.

Во погоните се откриени 2 милиони таблети на синтетичка дрога и 20 тони ацетна киселина (анхидрид), наменет за производство на дрогата. Исто така во Србија во текот на 2007 и 2008 година се откриени две нови ИЛ за производство на синтетички дроги и тоа првата во Крњача, а другата во Винчи, Србија. При тоа се откриени значителни количини

на хемикалија наменета за производство на дрога, како 12.190.41 грам амфетамин и 9.623.07 грам прашок.[55]

Криминалните активности на криминалните структури и по 2008 година продолжуваат да креираат предуслови за повторно градење на ИЛ, за производство на СД. Така во 2011 година во Стара Пазова и на Авала кај Белград, откриени се нови три нарко-лаборатории, во кои се произведени таблети амфетамин. Како носител на овие криминални активности се појавува криминалната група предводена од познатиот хемичар Милан Зарубинци. Оваа синтетичка дрога била произведена со намера да се криумчари во Австралија.(види подоле слика од М. Зарубинци со елементи на лабораторијата).




Слика 1, (Д-р Милан Зарубинци)

Во споменатата лабораторија се откриени поголеми количини (над 40 кг) на амфетамин-сулфат . Во ова акција која е спроведена од страна на МВР на Србија покажува школски пример како соработуваат криминалните структури од повеќе етнички заедници, со тоа што во ова криминална мрежа биле инволвирани срби, албанци, македонци и државјани на Турција.

Во врска со овој случај кој од наша страна беше одвоен како пример и беше направен обид да се реализира интервју-анкета со притворениот државјанин на Македонија, (познат идентитетот), меѓутоа не добивме соодветна дозвола. Со ова сакавме на непосреден начин се поставиме одредени прашања, кои се дел од истражувањето, а поврзани со начинот на организирањето, делувањето на групата, на кои принципи е заснована истата , дали се ад хок поврзани или се цврсто поврзани и друго, како го имат

[55] EMCODA-pregled za Srbija-internet adresa izvestaj,UNDOC, „Osintetickim drogama’’;

планирано да го извршат криумчарењето и НТ со произведената дрога, наменета за австрискиот нарко пазар.[56]

Во текот на 2017 година во Србија повторно е откриена нова илегална лабораторија за производство на СД. Овој пример укажува на тоа дека криминалните групи од регионот на З. Балкан продолжуваат со криминални активности се со цел да ги реализираат лукративните цели, односно да остварат финансиски интереси.

Ново откриената илегална лабораторија е прва во која се произведуваат само екстази и е откриена во Белград. Во лабораторијата се откриени 96000 илјади таблети, со тежина од 52 кг екстази и 80 кг хемиска супстанца (микрокристална целулоза), наменета за производство на дрога.

Покрај другото во лабораториоја се пронајдени машина за таблетирање, апаратура за подготовка на смеса, мешалица и друга опрема. ( слика 2 ја покажува откриената лабораторија).



**Слика 2,** (лабораторија откриена во 2017 година)

Од ова произлегува дека Србија не е повеќе транзитно подрачје за криумчарење на дрога, туку е голем производител и потрошувач на хероин, кокаин, мерихуана и екстази.[57] Во Македонија во периодот 2000-2010 година не е откриена ниедна лабораторија, меѓутоа за првпат во 2012 година, е откриена прва импровизирана лабораторија за производство на синтетички дроги во викендичка во Горно Соње. Во акцијата наречена „Круна“ се запленети 2.674 таблети амфетамин.

Исто така се пронајдени 3-4 литри финален производ амфетамин, синтетичка дрога во течна и во прашкаста форма, еден импровизиран казан што служел во процесот за производство на синтетички дроги, повеќе видови хемиски супстанции (сподиум

[56] http://www.blic.rs/vesti/hronika/otkrivene-tri-laboratorije-milana-zarubice-za-proizvodnju-droge/np1xtp2

[57] http://www.novosti.rs/vesti/naslovna/hronika/aktuelno.291.html:667553-Otkrivena-laboratorija-za-proizvodnju-ekstazija-zaplenjeno-96000-tableta-80-kg-sirovina

хидроксид и метилалкохол), киселини (хлороводородна и др.), стаклени садови, епрувети. Овие предмети се користени во процесот на производство на синтетички дроги.[58]

Слична импровизирана лабораторија за производство на најразлична дрога е откриена во 2017 година во с.Ново Лисиче. Шокантен е фактот дека како додаток во истите, ставал Левамизол, медикамент кој се користи во ветерината за лекување на цревни паразити кај крупната стока, а во недозволеното производство на синтетички дроги служи за зголемување на масата на дрогата.[59]

Во врска со ова во другите земји од Западен Балкан, БиХ, Црна Гора, Косово и Албанија, за разлика од Македоија и Србија, не се откриени илегални лаборатории за производство на синтетички дроги, што не значи дека не постојат или дека во идниот период нема да се откријат.

БиХ, како земја од З. Балкан е претежно транзитно подрачје по однос на меѓународна трговија со СД. Преку истата се транспортират СД од земјите на ЕУ, наменето за корисниците во БиХ или се транспортират во други земји, Црна Гора, Албанија и други. Во БиХ според постојните податоци досега не е откриена ниедна ИЛ

Во Албанија се откриени и регистрирани исклучиво ИЛ за производство на мариухуана и кокаин . СД во Албанија, се шверцува од Грција и другите земји на ЕУ, но,бројот на корисниците на СД е доста мал, меѓутоа бројот на корисниците на тешките дроги е значително зголемен, најмногу на кокаин и марихуана.

#### *1.1.11. Како да се спречи ова појава во земјите од З. Балкан.*

Слично како во целиот свет и Европа, со овој нерешен глобален феномен се соочуваат и земјите од З. Балкан. Поради тоа се налага потреба од изнаоѓање на соодветни механизми за спречување или драстично намалување на побарувачката на СД.

Во оваа насока треба да се спроведе ефикасна регионална координација која би придонела во изнаоѓање на ефикасни мерки за спречување на нивна злоупотреба, што се смета за клучен сегмент во борбата против ова глобално зло и проблем.

Во оваа насока потребно е да се разменат искуствата со земјите од ЕУ кои се во понапредна фаза во однос на постигнување на подобри и поуспешни разултати. Посебно во земјите од З. Балкан, треба во фокусот на овој проблем, да се стават во изградба

[58] http://www.mkd.mk/29695/crna-hronika/kruna-mvr-sinteticka-droga-laboratorija-gorno-sonje/
[59] http://vesti.mk/news/6962858/otkriena-laboratorija-za-droga-vo-novo-lisiche

квалитетни институционални капацитети, кои ќе делуваат во спроведување на законите, јакнење на капацитетите на институциите кои имаат непосредна улога во спроведување на квалитени мерки насочени кон елиминирање на овој нерешен феномен.

Инаку во рамките на Европската Унија, постојат пет географски центри на криминалот, меѓутоа важна улога во илегалната трговија со дрога имаат криминалните групи од Западен Балкан.

Овој регион и сега и во иднина ќе претставува и игра важна улога во криумчарењето и илегалната трговија со droги, а посебно поради големото влијание што криминалните групи од З. Балкан го имаат пошироко во Европа и светот.

Ова пред се, бидејќи според извештајот на Европол, З. Балкан и другите земји од Југоисточна Европа, ја сочинуваат т.н. ,,Балканска оска'', преку која се одвива криумчарењето и илегалната трговија со дрога.

З. Балкан како една од главните подрачја за транспорт на дрога, од каде поминува т.н. ,,Балканска рута'' преку која покрај тоа што се шверцува дрога и тоа: хероин од Турција и Авганистан, кокаин од Јужна Америка према Европа, во обратна насока од ЕУ, се шверцуваат и СД, преку подрачјето на З. Балкан, кон Турција и арапскиот свет.

Од погоре изнесеното се гледа дека земјите од З. Балкан завземат видно место по однос на илегалното призводство и недозволената трговија со СД, како и другите дроги посебно хероин и марихуана. Ова укажува дека подрачјето на З. Балкан до 2000 година претставува транзитно подрачје, меѓутоа по тој период нивната позиција драстично се менува, а посебно подрачјето на Србија и Албанија. Во Србија функционираат илегални лаборатории за производство на СД, а додека во Албанија лаборатории и големи подрачја на ниви за производство на марихуана и кокаин.

По однос на потрошувачката на дрогите во Србија во текот на 2013 година во купување на дрога се потрошени околу 185 милиони евра и тоа на хероин и СД. Во Србија се регистрирани околу 150 илјади корисници на различити дроги, додека во Албанија се регистрирани над 60 илјади корисници на дроги посебно на кокаин, хероин и марихуана, и дека многу мањи количини се трошат СД.

## 1.2.Поим и дефинирање на кривичното дело „криумчарење“

Консултирајќи ја литературата која се бави со проблемот на криминалитетот, присутни се одредени недостатоци по однос на јасното дефинирање на поимот

криумчарење. Тоа се однесува и на теоретскиот, така и по однос на законските прописи кои ја обработуваат ова проблематика.

Заради тоа постојат различни сваќања како и дилеми на тој план и според Звонимир Ѓорѓевиќ[60] до израз доаѓа прашањето, да ли криумчарењето претставува секое илегално пренесување на стока преку граница или само она илегално пренесување која исполнува одредени услови.

Спрема едно сваќање, криумчарењето е секое илегално пренесување на стока преку граница.

Звонимир Ѓорѓевиќ[61] смета дека се работи за доста широка и неадекватна дефиниција поврзана со современите услови, додека од аспект на криминалистиката има полна вредност бидејќи појмовно ги сплотува сите илегални пренесени стоки (и оние кои не претставуваат криумчарење) преку државна граница и на тој начин дава основ за пристапување кон сеопфатна криминалистичка обработка. Во склад со овие сваќања, криумчарењето може да се дефинира како илегално пренесување на стока од поголема вредност преку граница и тоа на организиран начин во вид на занимање.

Во странска литература поимот „криумчарење" се појавува и под други термини, како на пр. „контрабанда" што потекнува од францускиот термин „contrabande" или италијанскиот „contrabando" - криумчарење, криумчарена роба, крумчар.

Поимот „контрабанда" има потесно и поконкретно значење. Со него се означува криумчарење на стоки, пренесување на стоки преку царинската линија со обид за избегнување на царинската контрола, на тој начин што стоката која е предмет на криумчарење се покрива или тоа се чини насилно, со употреба на оружје.

Поимот „криумчарење" (сосема истоветно) го дефинира Кривичниот Законик од 1996 и Законот за измени и дополнувања на Кривичниот Законик од 2004 година, при тоа определувајќи дека „криумчарење" врши тој што се занимава со пренесување стоки преку царинската линија избегнувајќи ја царинската контрола, или тој што избегнуваќи ја царинската контрола ќе пренесе стоки од поголема вредност.

Од друга страна пак, Царинскиот Закон на Република Македонија[62] во членот 3 ст. 1 т.20, се вели дека терминот „криумчарење" се објаснува и значи избегнување на царински контроли при внесување и при изнесување на стока во смисла на чл. 278 од К.З.

[60] Ђорђевић З., (2006), *Нарко-криминал-кривично правни и криминалистички аспекти*, Нови Пазар, стр.35;
[61] Ибид, стр.35;
[62] Царински Закон на Република Македонија, Сл. весник па Република Македонија бр. 21/98, со нови измени и дополнувања -26/98, 63/98, 86/99, 25/00, 109/01, 31/01, 4/02 и 55/02;

односно увезување и извезување стока надвор од одобрени царински точки и непридржување на прописите кои се однесуваат на поседување или на транспорт на стока низ територијата на РМ, повреда на одредбите на чл. 5, 23 и 56 од Царинскиот закон, користење при преминување на граничната линија на возила, воздухоплови или пловни објекти со скриени делови во кои може да се складира стока без оглед дали таква стока ќе се открие, како и користење на возила, воздухоплови или пловни објекти опремени да пренесуваат стока преку гранична линија без екипаж со далечинско управување. По однос на последниот пасус, би додале дека покрај далечинско управување на возила, пловни и воздухопловни средства се користат и животни (коњи, магариња и друго) кои без луѓе со натоварена илегална стока ја преминуваат државната граница.

Во својата книга[63], Драги Дилберов ја објаснува и криминолошката дефиниција на поимот и кривичното дело „криумчарење“ која гласи: „Кривичното дело криумчарење претставува негативна општествена појава предизвикана со желбата за остварување на противправна имотна корист од страна на сторителот кој може да биде физичко (па и службено лице) и правно лице, кое се состои во занимање со пренесување стока преку царинската линија со избегнување на царинската контрола или пренесување стока од поголема вредност со избегнување на царинската контрола“.

Објаснувајќи и дефинирајќи го поимот „криумчарење“, неминовно се налага потреба од објаснување на тоа, како стоката може да се пренесе со избегнување на царинската контрола. Имено, тоа може да се стори на два начина:

Првиот начин е со пренесување на стока преку царинската линија и тоа на места кои не се определени за такво нешто, односно се работи за неофицијални места кои се нарекуваат „илегални или диви премини“. Во ваквите премини робата се пренесува илегално и тоа на различни начини и средства во зависност од тоа дали се работи за сувоземни, водни или воздушни премини.

Другиот начин е кога стоката се пренесува легално преку царинската линија, меѓутоа за разлика од првиот овде стоката не се пријавува, односно истата се сокрива во зависност од средството со кое се пренесува. Стоката се смета за сокриена доколку во средството со кое се пренесува е направен т.н. „бункер“. „Сокриена стока е стока која не е пријавена на царинските органи, која се пренесува или се превезува така што го спречува

---

[63] Дилберов, Д.„*Криумчарење*“, Штип, 2006, стр. 29-30;

или го отежнува препознавањето или откривањето при вообичаен преглед на царинските органи“.[64]

- Криумчарењето просто може да се смета, како активност на криминални поединци или групи кои на илегален начин без да пријавуваат, пренесуваат стока или разновидна роба која во соодветна земја (држава) се дефицитарни и на кои има се намалува цената.
- Како роба која најмногу илегално се пренесува се, наркотиците, оружјето, ПМВ, културни предмети и други. Во контекст на ова можеме да го спомнеме и криумчарењето на мигрантите, белото робје и друго.

Криумчарењето потекнува од изразот со кој се означува појава на т.н. „сива економија’’.

Се работи за феноменолошка појава која е поврзана пред се со стопанскиот систем на земјата, а воедно претставува и глобален феномен со оглед дека има елементи поврзани со организираниот криминалитет.

Криумчарењето, а во оваа насока и недозволената трговија во услови кога комуникациите во современиот свет се доста брзи, на криминалните организации им овозможуваат да извршат финансиски трансакции на прикриен начин, со кои остваруваат големи суми на нечисти пари и други вредносни предмети стекнати на илегален начин, посебно дрога, оружје и друго.

Сметаме дека криумчарењето просто може да се одреди и како еден вид активност на илегално носење на стоки преко граница, кои во пазарот на одредена земја се дефицитарни или нивните пазарни цени се ниски и дека нивна продажба е ограничена или е забранета со закон, и што се врши во организирана и во сокриена форма како определена или неопределен професија и за која се одредува соодветна санкција во пари.
Инаку како елементи кои би значеле дека се работи за криумчарење е тоа дека треба да се врши екзклузивно со преминување на граница и префрлање на стоката преку граница. Како главни стоки кои се претежно криумчаруваат преку граница без да се тие пријавуваат, се наркотиците, оружјет, ПМВ, криумчарење со културни добра, криумчарење на луѓе, на мигранти, на злато, на животни и друго.

[64] Дилберов, Д.*„Криумчарење“*, Штип, 2006, стр. 39;

*1.2.1 Поим на Црн пазар*

Под поимот црн пазар  или црна економија, се подразбираат економски активности кои се преземаат во една држава надвор рамките на правниот систем со кој ги има уредено една држава.[65]

Од изнесениот поим под таквите активности може да се подразбере давање на услуги и продажба на разновидна роба на таков начин, со кои се избегнуваат законските процедури поврзани пред се со неплаќање на данок и други придонеси во државниот буџет.

Спротивно на тоа, на црниот пазар се вршат одредени продажби на стоки и услуги кои со закон не се дозволени, а се работи за дрога, аналгетици, трговија со луѓе и криумчарење со мигранти, хемиски супстанци кои се користат за илегално производство на наркотични средства, оружје, нуклерни материјали и друго.

Криумчарењето на дрогата, и т.н. нелегална индустрија, во која се опфаќа и криумчарењето со луѓе, мигранти, бело робје и друго, не познава граници, не познава национална припадност, ниту верска, туку познава само лукративност пропратена со финансиски добивки.

За да се води „војна'', треба да се издржи проблемот во економски терминологии. Денес во современиот свет, унапреден со современа технологоја ( интернет, современа и софистицирана технологија), има многу информации кои даваат податоци за криумчарење на дрога, особено на СД, кои во последно време и доста се присутни во нарко поазарите низ целиот свет.

Ова е само еден мал сегмент во еден глобален пазар, каде собраните податоци покажуваат дека криумчарењето е доста раширено  и присутно низ целиот свет и опфаќа над 250 милиони корисници, без да се израчуна темната бројка.

Доколку се гледа финансиската компонента, овој голем пазар, според ОН, опфаќа една сума која надминува над 400 милиони долари.  Се смета дека се работи за еден од најголемите профитабилни финансиски бизниси и дека е 16 пати поголем од пазарот на алкохолот, тутунот и други пазари.

Криминалните групи кои се влезени во т.н. индустрија на наркотици, на глобално светско ниво делуваат  како многунационални организации и на тој начин посвојуваат нови пазари. Во врска со ова криминалните организации посебно внимание им

---

[65] http://vesti.mk/news/6962858/otkriena-laboratorija-za-droga-vo-novo-lisiche

посветуваат  на пазарот и бројот на корисниците, бидејќи според нивната здрава логика што повеќе корисници толку повеќе се зголемува побарувачката, а со тоа и добивката, односно производството на наркотичните средства, посебно СД, чии број од година во година се зголемува.

За да  успешно се војува со криумчарењето на наркотиците, треба да се имаат во предвид и да се разберат економските форми врз кои тие се базираат. Светот на криминалните структури, криумчарите, шврцерите претставуваат еден логичен мозаик помеѓу земјите производители од една страна и корисниците од другата страна, кои имаат едно вкрстување помеѓу географските граници што ги поврзува луѓето кои плаќат под рака, ситни криумчари, пошатари и други.[66]

*1.2.2. Начин и форми на криумчарење на СД и дрогите воопшто.*

Криумчарењето на наркотичните средства се појавува со појавата на дрогите во светот и во времето кога почнуваат истите да се злоупотребуваат. Посебно кон крајот на 19  и почетокот на 20 век, кога повеќе држави во светот почнуваат да го забрануваат поседувањето и користењето  на одредени видови на дроги, почнувајќи од тутунот, марихуаната и друго.

Поради зависноста од употребата на дрогите што кај луѓето е се поприсутно, во повеќе држави се појавува потреба од преземање на мерки, со цел заштита на здравјето на луѓето и на тој начин дрогите се прогласени за нелегални и опасни по здравјето на луѓето.Поради ваквите мерки на државите,  почнува период кога дрогите  се појавуват на црн пазар, наметнати од криумчарски и криминални групи, што значи на илегален начин им се нуди на корисниците кои веќе станале зависни.

Државите со цел да ја спречат или намалат илегалната продажба на дрогите и нивното криумчарење, носат соодветни законски решенија. Меѓутоа, овие мерки не придонеле во реализирање на целта, бидејќи пазарните побарувања  овозможиле со продажба на дрогите да се добијат  големи финансиски добивки. Ваквите финансиски добивки придонеле да се формираат криминални групи кои пак нарко пазарот го обезбедуваат со потребните наркотични средства.

Според податоците на UNDOC од 2004 година вредноста на илегалниот пазар со наркотици во мала продажба изнесува на 321,6 милијарди долари. Ова висока добивка

[66] Pol-com/krimi_globalizuar/e

доаѓа од продажба на droги, односно дека 165 милиони од светската популација користат марихуана (канабис сатива и хашиш), додека 22 милиони луѓе марихуаната ја користат на дневна доза.

Поради големите финансиски добивки што се обезбедуваат од продажба на наркотични средства, криминално-криумчарските групи за да го снабдат пазарот не ги бираат формите и облиците на криумчарење. Нивната криминална логика и перфидност е толку способна, што ни професионалните припадници на безбедносните служби, кои се одговорни во спроведување на мерки во насока на спречување на криумчарењето, не можат да ги следат криумчарските чекори и способности на криминалните групи.

Имено, со цел да ги реализираат нивните криумчарски цели, криумчарите имаат способност за кратко време да изнајдат разновидни форми и начини за криумчарење на дрогата, со оглед дека за нив граничната линија и царинската контрола претставува коска во грлото. Криумчарите доста успешно ги спроведуваат своите цели, ги проучуваат методите на работа на царинските службеници, навиките, слабостите на цариниците и други работи што би им биле од корист.

Криумчарите се обични луѓе кои со себе имаат големо искуство и затоа тие никогаш дрогата не ја носат со себе, туку за илегално внесување им ја доверуваат на нивни веќе искусни поединци, во кои имаат огромна доверба, како што се возачи на камиони автобуси, кондуктери и друго.[67]

Според В. Вуденелиќ и Ж. Алексиќ, формите на илегалното префрлање на стоката се доста разновидни, сепак можат да се стават во две ситуации и тоа:

**а)** криумчарената стока (дрога) се следи од страна на организаторот на пратката и на транспортерот, меѓутоа на тој начин што со стоката патува и транспотерот, додека во оваа ситуација организаторот на пратката оди со посебно возило. На овој начин организаторот е во состојба да го следи и контролира транспортот на дрогата. На ваков начин главните организатори постапуваат само да бидат обезбедени од евентуално притварање и друго, и

**б)** стоката се праќа исклучиво преку транспортерот.

Обврска и задача на транспортерот е робата безбедно да ја префрли преку граничната линија и да му ја предаде на одредено лице ангажирано од организаторот или на некоја претходно договорена адреса.

[67] V. Vudeneliq; Z.Aleksiq; *Криминалистицка методика*,Београд 1978,стр.197

Криумчарските групи, за криумчарената стока (дрога) имаат изградено соодветна шема на работа и доста стриктно се придржуваат кон неа.

Така, криумчарската работа на криумчарите се состои од 3 елементи и тоа:

**а) Криумчарски центар-** овој центар се наоѓа во странство, од каде се набавува и се организира транспортот на дрогата, плаќањето и друго. На чело на центаророт се наоѓа организатор кој исклучиво е во илегала;;

**б) криумчарски пункт**- овој пункт се наоѓа во земјата во која треба да стигне криумчарената дрога, а можат да се основаат повеќе пунктови во различни подрачја. На чело на пунктот, за разлика од центарот, седи доверливо лице.

**в) мрежа на дилери**- мрежата се состои од дилери и посредници и се поврзани со пунктот во земјата и врши непосредна продажба на дрогата наменета за потрошувачите.

За успешно откривање и спречување на криумчарената дрога, потребно е да се знае начинот како се внесува дрогата во земјата, кои патишта и канали се користени за внесување во земјата.[68]

Во контекст на тоа како работат криумчарите, можеме да наведеме и други форми на нивно делување, односно дека криумчарите секогаш за транспортери избират луѓе од своја блиска средина со кои се поврзани по место на раѓање или во својство на роднинска поврзаност.

Често пати, место награда за реализираната задача, на транспортерот му даваат одредена количина на транспортираната дрога и на тој начин **„транспортерите''** се претвораат во улога на продавачи.[69]

Кримчарите, транспортот на СД претежно го вршат со ПМВ, автобуси и пешки, меѓутоа и со други форми што ќе бидат илустрирани во овој дел од текстот. Ова пред се бидејќи криумчарите се доста снаодливи и настојуваат робата да ја внесат низ разни канали, при тоа употребувајќи разни средства и форми.

**Така во светот се откриени разновидни форми преку кои е направен обид да се криумчари дрогата, како на пример, во патиките што ги носи криумчарот има направено дупли ѓонови, слични ѓонови има направено и кај чевлите, како и со голтање во нивните стомак, музички инструменти, ликовни фотографии, и друго.**

---

[68] V. Vudeneliq; Z.Aleksiq; *Криминалистицка методика*,Београд 1978,стр.197
[69] A. Petroviq, *Kriminalisticka metodika*, Belgrad, gdina?? Str. 458

Во поново време интернетот од страна на криумчарите на СД, интернетот го користат за продажба, посебно на СД. Од тие причини интернетот се појавува како средство за продажба, односно како пазар и затоа во иднина ќе игра се поголема и позначајна улога преку кој криумчарите и шврцерите успешно ќе го користат за реализирање на продажните цели.

Ваквиот начин на криумчарење на дрога што го спроведуваат криумчарите ги отежнуваат контролите на институциите, со оглед дека плаќањето и начинот на достава на дрогата се врши во сосема други земји, при тоа употребувајќи лажни адреси или преку т.н. **„темни мрежи''**

Според податоците на EMCDDA, во 2013 преку следење на интернет адреси се утврдени **151 интернет страници преку коои се прадавало дрога т.н. „legal highs''.**

Во врска со ова, се одвоени доста интересни случаеви, како криумчарите успеале и/или имале обид да ја префрлат дрогата преку државни граници, со намера истата да стигне во договореното одредиште или пунктот.

Во врска со ова се употребуваат разни начини и форми од кои може да се гледа, колку е развиена нивната имагинација на размислување.

Така за криумчарење на СД ( екстази) е користен гулаб**,** кои едно време се користеа за пренесување на писма и други пораки, а во поново време истите имаат друго улога, т.е. носење на дрога (слика доле).

Ваков обид за криумчарење на дрога е откриено во Кувајт, во грбот на гулабот во специјална кутија се сместени 180 таблети екстази наменети за нарко пазарот во Ирак.[70]





**-Слика 3 и 4,** Обид преку гулаб да се криумчари дрога екстази од Кувајт за Ирак.

[70] Hhttp://www.pinkm.me/zanimljivosti/uhvacen-golub-sa-ekstazijem-nekad-nosili-pisma- danas-drogu/



**Слика 5,** Обид преку овој бетонски експонат на животно  да се криумчари 900 кг марихуана во вреднос од 1.5 милиони евра.



**Слика 6,** Обид за криумчарење на екстази преку пластична детска играчка во Сиднеј, Австралија



**Слика 7,** -Пакување на чоколада наполнета со амфетамин, откриена во аеродром во Лос Ангелес, САД. Дрогата требало да се однесе за Јапонија.

Овие се само неколку примери кои укажуваат на смелоста, способноста и снаодливоста на криумчарите, како ги реализираат криумчарските цели поврзани со дрога.

Сложеноста, тешкотиите и контролите што се присутни при криучарење на наркотичните средства, секогаш придонесувале да тактиките и техниките на криумчарите бидат по креативни и по софистицирани.

Подоле ваквите нивни изуми ќе ги илустрираме со соодветни примери, кои се пософистицирани од оние што ги изнесовме погоре, а тие се:

1.2.2.1.Криумчарење на дрога со авион

Така во земјите од Јужна Америка, по честа форма на криумчарење и транспорт на СД и природните droги се користат авиони бидејќи постојат голем број на писти сокриени и во шумски предели. На сличен начин криумчарење на дрога со мали авиони се врши и во Албанија.



Слика 8, криумчарење на дрога со авион

1.2.2.2.Криумчарење со чамци

Криумчарењето на дрогата со чамци обично се користи во подрачја кога две земји се поврзани со море или езера, а нивната должина не е голема, како на пример во Европа, Грција и Турција, Албанија и Италија и други примери во светот.

За транспорт на помали количини на дроги се користат просториите на чамците каде во соодветни изградени бункери се сокрива дрогата.

Исто така за транспорт во пократки релации се користат и помали бротчиња, кои се наменети за риболов и во просториите каде се сместува рибата се крие и дрогата.



Слика 9, криумчарење со чамци

1.2.2.3.Криумчарење на дрога со помали подморници

Криумчарењето со помали подморници обично се врши транспорт на природни droги и тоа кокаин. Овој вид на транспорт е доста редок и за првпат е користен од криминалната група предводена од познатиот мафијаш, од кланот Медулин во Колумбија, Пабло Ескобаре. Со вакви пловни средства нарко картелите од Колумбија криумчареле дрога во САД, како и од Мексико за САД.

Во Европа, сличен обид е направен и во Албанија во 2001 година, меѓутоа без успешно бидејќи обидот е откриен и оневозможен од полициските структури.



Слика 10, криумчарење на дрога со мини подморници

1.2.2.4.Криучарење на дрого сокриено во телото

Криумчарењето на наркотичните средство во телото во поново време се зачастени и се смета за доста сигурен.

На ваков начин претежно се криумчарат синтетичките дроги, а не ретко се криумчари хроин и кокаин. Дрогата се врзува со селотеп во ногата, во делот од грбот и други места.



Слика 11, криумчарење на дрога врз човековото тело

**<u>1.2.2.5.криумчарење на дрога преку стомак</u>**

На ваков начин се врши криумчарење на тешките дроги кокаин и хероин, по ретко синтетички дроги. Се работи за еден од потешките форми на криоумчарење на дрога и истата бара спроведување на големи вежбања.



Слика 12, криумчарење на дрога преку голтање

1.2.2.6.Криумчарење на дрога сокриени во кондури

Оваа форма на криумчарење се користи за криумчарење на наркотични средства кои се доста скапи, со оглед дека количините се доста мали. Обично дрогата се крие во празниот дел од топукот во задниот дел.

1.2.2.7. Криумчарење на наркотици во алкохолни шишиња

Оваа форма се користи доста ретко, но се работи за интересна форма за криумчарење на тешки droги, посебно кокаин.

Обично дрогата се става во шишето со вино, која не се спојува со кокаинот.Меѓутоа кога виното стигнува во местото, тоа се празни во соодветен затворен сад и со разни методи се суши при тоа одвојувајќи го кокаинот од виното или друг пијалок.



Слика 13, криумчарење на дрога преку алкохолни, шишиња

Криумчарите за да ги реализират целите не ги бират формите и начините како да ја реализираат целта за криумчарење на дроги. Така во текот на 2017 година припадниците на американската ДЕА имаат откриено тунел преку кој се криумчарело дрога, кокаин, марихуана и метамфетамин. Тунелот бил долг 800 м., широк 1 метар, а почнал од територијата на Мексико, а излезот бил во теритоирија на САД.(види слика подоле)



Слика 14, криумчарење на дроги преку тунел во Мексико

Според податоците во последните 10 години се откриени вкупно 13 подземни тунели кои се поврзани Мексико и Калифорнија, со цел префрлување на дрога од Мексико во Калифорнија.

Погоре изнесените примери на формите кои криумчарите ги користат за криумчарење на дрогите, укажува на нивната способност и перфидност за реализирање на целта, а тоа е префрлање на дрогата преку гранична линија. Во врска со погоре изнесеното покрај Пабло Ескобаро, еден од по организираните криминални групи е и онаа предводена од Joaquin „El Chapo'' Guzman, од картелот Sinalos.

Се работи за една од познатите и најмоќните меѓународни корпорации во светот, со годишни приходи од 3 милијарди долари. Ова корпорација е одговорна за 25% на илегалната дрога криумчарена во САД од Мексико. Меѓутоа за да се криумчари дрогата во САД тој измислувал генијални решенија на форми и начини како тоа да го спроведе.

Според американската ДЕА, неговата организација дрогата ја транспортирала и криумчарела преку тунели, со помали авиони, дронови, подморници, до смрзнати ајкули и друго.

*1.2.3. Илегални патишта преку кои се врши криумчарење на дрога*

Дрогата во разни форми и облици е присутна на светскиот илегален пазар, кој ги задоволува потребите на потрошувачите од поедини видови на дрогите, посебно СД, согласно пазарните правила поврзани со понудта и побарувачката на дрогата. Криумчарењето и НТ со дрогите воопшто во последните децении од 20 и почетокот на 21 век стана достапен и профитабилен бизнис, пред се благодарение на снаодливоста на криумчарските криминални групи, кои успеваат дрогата да ја протурат во целиот свет

Патиштата преку кои криумчарите ја транспортират дрогата се вклопуваат со патиштата кои служат за легален транспорт на стока, од еден регион во друг, во зависност од далечината од каде се врши транспортот на робата. Криумчарите често пати поради тоа да не станат сомнителни, за криумчарење на дрога користат и други заобиколни патишта, се со цел да избегават евентуално нивно откривање.

Криумчарите за криумчарење на дрогата ги користат сите видови на сообраќајни патишта, при тоа водејќи сметка за успешноста на самиот транспорт на дрогата и тоа по копнен , воздушен, морски и железнички сообраќај. Неретко користат и нелогични форми преку кои го вршат транспортот.

Една од попознатите рути преку која се врши илегалниот транспорт е т.н. „Балканска рута'', преку која покрај природните droги (хероин, марихуана и кокаин), во обратна насока, се криумчарат СД кои претежно се произведуваат во земјите од З. Европа (Холсандија, Белгија, Полска, Чешка и други) и се транспортират во нарко пазарите на југоисточна Азија, односно во арапскиот свет.

Исто така „Балканската рута'' се користи и за транспорт и криумчарење на хемикалиите кои се неопходни за производство на синтетички дроги, како и на хероин. Посебно би истакнал дека хемиската супстанца анхидрид која се произведува во познатата германска фабрика Мерк, се транспортира преку „Балканската рута'' за Турција, односно Авганистан каде во соодветни лаборатории се обработува хероинот.

Дел од хемиските супстанци кои претежно на светско ниво се произведуваат во Кина, преку разни криумчарски канали по морски и копнени патишта се транспортираат во Европа. САД, Мексико и други земји каде се произведуваат синтетичките и другите дроги.

Земји кои на светско ниво се користат како транзитни центри и патишта преку кои се врши криумчарење на наркотични средства, како и хемиски супстанци потребни за производство на наркотрици.

Како најпознати земји кои се користат за транзит на дрога се : Мексико, преку која се врши криумчарење на кокаин, како и на синтетички дроги наменети за нарко пазарот во САД и воопшто на северна Америка, потоа е Хаити, во тој правец се врши криумчарење на дрогата од Колумбија за САД. Земјите од Западен Балкан, претставуваат мост помеѓу азиските и источно азизските производители на тешки дроги и на СД, како и на хемиските супстанци, со европските корисници и обратно, европските производители на СД до корисниците во арапскиот свет.

Иран се појавува како транзитна земја преку која се врши криумчарење на опиум, Нигерија е најпознат афрички транзитен центар за криумчарење на кокаин. Земјите од централна Азија во криумчарењето и илегалното производство се појавуваат по распадот на Советскиот Сојуз и Кина преку кои се врши криумчарење на дрогите, хероин и СД произведени во Бурма, Лаос и Тајланд.

Во извештајот на UNODC, изнесени се одредени мапи во кои се покажуваат главните патишта преку кои се врши криумчарење на различните дроги.

Изнесените мапи се базирани врз податоците што до UNODC ги имаат доставено, званичните полициски структури на одредени земји.

Во сликата доле е прикажана мапа со патишта за криумчарење на кокаин на светско ниво.




Слика 15, патишта за криумчарење на кокаин во светот

Втората слика дава податоци за патиштата преку кои се врши криумчарење на опијати, хероин и СД, на светско ниво реализирано во текот на 2014 година.




Слика 16, патишта за криумчарење на хероин и СД во светот

Според мапата и криумчарењето на СД и нивната употреба е во пораст, посебно метамфетаминот, кој е популарен во источна и југоисточна азија од каде се криумчари во Европа, а посебно Америка.[71]

Според годишниот извештај на ОН што е објавен во 2013 година, околу 250 милиони луѓе имаат користено илегални droги. Околу 27 милиони луѓе се болни од зависност или од други здравствени пореметувања што се поврзуват со дрогите.

Во врска со изнесените бројки веднаш се поставува прашањето, како дрогите стигнуваат до толкав број на корисници. Одговорот на ова прашање е доста едноставен и логичен, а тоа е дека криумчарите со својата интелегентност, способност, успеват да

[71] http://www.newsweek.rs/svet/53722-putevi-droge-ovo-su-omiljene-rute-svetskih-krijumcara.html-

најдат разни форми и нови патишта се со цел да ги задоволат побарувањата на корисниците. Исто така новите рути се отвараат според видот на дрогата што во одреден регион е присутна и за која има побарување.

СД, екстазите, амфетаминот и метамфетаминот се произведуваат во повеќе региони во светот.Додека со нив се шверцува во внатрешноста на земјата, реализираните заплени на светско ниво во последните пет години укажуваат на тоа дека се отвараат и откриваат нови патишта од страна на криумчарските криминални структури, а со цел да ги поврзуваат пазарите низ целиот свет и на тој начин ги задоволуваат потребите и побарувањата на корисниците, а со тоа ги зголемуваат финансиските добивки.

Новите меѓународни патишта ги поврзуваат главните пазари во кои побарувањата на наркотиците е доста голема, а тоа се пазарите на Северна Америка и земјите од источна и јужна Азија.

Како нова рута од каде во последно време се врши криумчарење на метамфетаминот е регионот на Северна Африка, посебно за потребите на нарко пазарот во западниот дел на Азија и Северна Европа. Во контекст на ова се врши криумчарење на метамфетамин од средна Европа во Северна и Јужна Америк.[72]

Во сликата подоле (18) се изнесени најголемите илегални патишта преку кои се врши криумчарење на дроги. Зелените линии ги означуваат патиштата преку кои се врши криумчарење на кокаин, додека црвените, ги означуваат илегалните патишта преку кои се врши криумчарење на хероин и СД.[73]




Слика 17патишта за шверц на наркотични средства,кокаин, хероин и СД, на светско ниво

[72] http://net.hr/danas/nove-rute-un-ovo-izvjesce-pokazuje-kako-se-krijumcari-droga/
[73] https://sh.wikipedia.org/wiki/Ilegalna_trgovina_droge

*1.2.4. ,,Балканска Рута''*

Во криумчарењето и НТ со наркотични средство видно место завзема т.н. ,,балкански пат'' на дрогата, во која претежно се присутни хероинот, марихуаната, кои од исток се криумчарат према земјите на Европската Унија.

Сликата подолу (18), дава податоци за тоа, како се реализира криумчарењето и НТ со дроги, а рутата со криумчарење на хероин поминува преку Македонија, Србија, со крајна дестинација земјите од Европската Унија, додека кокаинот кој од Ј. Америка по морски пат пристигнува во Црна Гора, кој потоа се криумчари кон Србија и БиХ, со крајна дестинација земјите на ЕУ.




Слика 18 ,,Балканска рута''

Меѓутоа интересно е дека ,,Балканската рута'' за разлика од порано, со влегувањето на Бугарија и Романија во Европската Унија, е померена кон исток, односно дека криумчарите со својата лукавост кога влегуваат во Бугарија, веќе сметаат дека се влезени во Европската Унија. Со ова тие продолжуваат кон Романија, а потоа во Унгарија во насока на другите земји на ЕУ.

Ваквото поместување се должи на фактот што со влегување во земјите членки на ЕУ, царинските контроли се доста по либерални за разлика од земјите кои се аспиранти за членство во ЕУ, како Македонија, Србија, БиХ, Црна Гора, Косово и Албанија.

Исто така, како нови патишта се спомнува криумчарењето на дрогата преку Црното море, во Романија, во градот Констанца каде се запленети големи количини на различни видови на наркотични средства, хероин, Кокаин, СД, разновидни хемиски супстанци, кои

се траснпортираат од далечниот исток, посебно Кина, а наменети за лабораториите кои функционираат во повеќе земји од ЕУ ( Белгија, Холандија, Чешка, Словачка, Полска, Бугарија и други земји).

Во контекст на ова, интересно е тоа што анхидридот, хемикалија која е неопходна за производство на хероин се криумчари преку „Балканската рута'' во обратна насока од Германија, со крајна дестинација земјите на Јужна Азија ( Авганистан, Мјанмар, и други), во кои се произведува хероин, како и СД.

Кога е во прашање „нарко пазарот во Србија'', преку кој поминува „Бљалканската Рута'' во двете насоки, во 2015 година е запленето околу 1.6 тона и 234.300 парчиња разновидна дрога.

Исто така според податоците што ги дава ново формираната Канцеларија за борба против криумчарењето на дрогата, која со работа започнала кон крајот на 2015 година има евидентирано повеќе податоци за запленети дроги во текот на 2016 година и тоа дрога која требало преку илегалната балканска рута да се криумчари во земјите на ЕУ или обратен смер. Така во текот на 2016 година се запленети 1,3 тони марихуана, 69,8 кг хероин, 18,4 кг кокаин, 10,6 кг хашиш, повеќе од 25 кг амфетамин и 6,2 кг екстази.

Овие податоци укажуваат колку добро се користи „Балканската рута'' за криумчарење на разновидни дроги и дека продолжува и понатаму да биде доста атрактивна за криумчарите.[74]

Според податоците на UNODC, илегалниот транспоерт и продажбата на дрогите во земјите од ЕУ во текот на 2008 годин е зголемено за 40%, само СД-екстазите се зголемени за 68%.

Најголеми и најбројни патишта преку кои се врши илегалниот транспорт се наоѓат во Србија и другите земји од З. Балкан, односно низ кои поминува т.н. „Балканска рута на дрога''. Во овие земји на З. Балкан според истите податоци се проиузведува помалку од 9% синтетички дроги од целото светско производство.

Од споменатите количини на дрогите кои поминуваат преку Србија, одредена количина останува во неа, а наменета е за тамошните корисници.

Од ова произлегува дека сите земји преку кои поминува „Балканската рута'' се на удар на криумчарените дроги и се изложени во дополнителни економски и социјални проблеми.

---

[74] http://sandzakhaber.net/2016/07/nova-pravila-baklanska-ruta-puteva-droge-pomera-se-ka-istoku/

Еден просечен корисник на дрогите за своите потреби е приморан да обезбеди околу 30.000 илјади евра, поради што се приморани да извршуваат и кривични дела со цел да доаѓа до потребните парични средства.

*1.2.5. Нарко патишта на синтетички дроги преку инернет и интернетот како средство за обезбедување на дрога.*

Споменав дека дрогата се криумчари преку разни илегални патишта и други форми, меѓутоа со модернизација на информатичката индустрија, од страна на криумчарите и производителите на наркотичните средства, наместо илегалните патишта кои се се понесигурни за криумчарите, тие измислиле други по софистицирани форми на продажба на дрогите и тоа преку инетрнет.

Според податоците на Европскиот мониторинг центар за дрогите во 2013 година се утврдени над 650 интернет страници преку кои се продавани синтетичките дроги.

oto Tanjug, arhiva



Слика 19, интернет адреси, преку кои се криумчарува СД

Овие податоци укажуваат дека интернетот е еден вид и форма на комуникација за многу работи, па така во последно време, би рекол „ново модерно време'' и за набавка и продажба на СД. Набавката и продажбата се реализира преку разни„шифрирани пораки'' , а преку кои се доаѓа до посакуваната СД.

Ова упатува на констатација дека додека се намалува бројот на корисниците на хероин, коакин и марихуиана, се зголемува бројот на корисниците и уживателите на СД, посебно амфетамин.

Масовното користење на СД почнува претежно по 60-те години од минатиот век, кога и почнуваат да, истите криумчарат низ разни илегални патишта и низ разни форми и

начини. Се спомнува дека се појавуваат во ерата кога се појавуваа музичката група,,Битлиси'' во САД.

Во земјите од З. Балкана СД се појавуваат 80 години од минатиот век, и колку пазарот на овие droги е отиден напред сведочат податоците дека се произведуваат во многу прости услови, односно,, кујнски услови''




Слика 20, нарко патишта низ Србија

Организираните криминални групи кои се инволвирани во криумчасрење на СД претежно се со мешовит состав, во завцисност од потеклото на истите, посебно земја во која се произведува и пазарот каде ќе се изврши дистрибуирање.




Слика 21преку граничните криумчарски патишта во Србија[75]



Слика 22, главните патишта на дрогите во светот

[75] http://www.politika.rs/sr/clanak/349695/Droga-preko-interneta-dostupna-i-najmladima




Слика 23, патишта на дрогите низ Србија[76]

Во сликата подолу (24), се дадени податоци, за тоа, кои видови на дроги се криумчарени низ илегалните патишта во светот. Податоците се врз основа на нивната заплена во земјите преку кои требале илегално да се транспортираат.




Слика 24,

Мапите подоле (слика бр. 25 и 26)го покажуват проблемот со дрогите, посебно СД, како нивното производство се зголемува во период 1998-2014 години




Слика 25, проблемот со СД во светот,

[76] http://serbianna.com/analysis/archives/2075




Слика 26.[77], проблемот со дрогите, СД, и нивниот тренд во светот

**1.3.Поим и дефинирање на кривичното дело „Недозволена трговија“**

Недозволената трговија со дрога, позната и како нарко бизнис во поширока смисла опфаќа целокупната дејност на илегалното производство и дистрибуирање на на психотропните супстанци , на начин кој е забранет со закон или со меѓународните ковенции.

Во потесна смисла недозволената трговија подразбира дејност на илегалното производство и дистрибуција на дрога, која е наменета за корисниците и уживателите.

Недозволената трговија со дрога во своето дејствување има повеќе различни форми, од поедноставните до оние по сложените на меѓусебната поврзаност на криминалните организации, кои делуваат во различни делови во светот и кои се специјализирани за различни работни сегменти и тоа од производител на суровини, производител на дрога, криумчар, до непосредните дистрибутери, чија активност е позната како дилер.

Имајќи ја во предвид општествената улога на трговијата во нашето правно законодавство функционира соодветен Закон за трговија во кој се дефинираат и уредуваат условите и начинот на вршење на трговија. Согласно на тој Закон под терминот *„трговија“* се подразбира „купување, продажба на производи и вршење на услуги во трговијата од страна на претпријатијата и други правни и физички лица, регистрирани за

[77] *https://www.radiosarajevo.ba/vijesti/svijet/mape-koje-pokazuju-koliko-je-veliki-problem-droge-u-svijetu/240646#lg=1&slide=0*

вршење на трговија".[78] Меѓутоа доколку евентуално се врши трговија спротивно на овој Закон тие активности се санкционираат согласно одредбите на споменатиот Закон.

Под ***„недозволена трговија"*** се подразбира „неовластено купување, продавање или разменување на предмети или стоки„ од поголема вредност, чиј што промет е забранет или ограничен.[79]

Во врска со овој поим своја дефиниција дава А. Петровиќ, кој „недозволената трговија" ја дефинира како „купување и продавање стока која се врши на друг начин кој е спротивен на режимот кој е утврден со позитивни прописи.[80]

Б.Златариќ „недозволената трговија" ја дефинира како „активност која се состои во стекнување на подвижни предмети или друга стока, заради продавање и во нивно продавање, како и сите видови наплатно посредување кај таквиот промет на предмети и стоки.[81]

Инаку, во врска со двата термини (недозволена трговија и криумчарење) можеме да констатираме дека истите често се присутни во секојдневната работа на државните институции кои во праксата се вклучени во борба за сузбивање на кривични дела „недозволена трговија" и „криумчарење". Посебно се присутни во Министерството за внатрешни работи (МВР), Царинската служба и разузнавачките служби. Исто така, важно е да се истакне дека во праксата, вработените во овие институции, при меѓусебната комуникација со т.н. „слободен жаргон", во врска со овие термини употребуват и други зборови и термини како на пример: НТШ, шверц, криумчар, контра банда и сл. Воедно, би додале и тоа дека овие термини се упатуваат према поединец кој е предмет на недозволена трговија и криумчарење и тоа: „криумчар, контрабандист, шверцер, манипулант, шпекулант и сл."

Анализирајќи ги погоре изнесените термини, поими и зборови, може да се констатира дека сите означуваат нелегален пазар, нелегална дејност, нешто што доаѓа во судир со позитивните прописи на нашата земја, со кои се регулира прометот на стоки.

Во нашата конкретна ситуација, станува збор за нелегална дејност на стока која со Закон е забранета и која и на пазарот се појавува нелегално. Се работи за недозволена трговија со синтетички droги што поединци и групи ја користат за лично збогатување. Отука

---

[78] Закон за трговија, Сл. весник на Република Македонија, бр. 23/95;

[79] Камбовски, В. *Кривичен Законик со краток коментар, објаснување и регистар на поими*, Скопје, 1996, стр.224;

[80] Петровић, А. *„Криминалистичка методика"*, Београд, 1978, стр.359;

[81] Златарић, Б. *„Кривичен Законик у практичној примени",* Загреб, 1958, стр.287;

нејзиното кривично - правно значење е во тоа што со овие криминални активности се кршат прописите со кои се заштитува прометот со стоки во една држава, а во криминолошка смисла како негативна индивидуална и масовна појава со која се нарушува воспоставениот економски и правен поредок на движење на стоки.

Како индивидуална појава тој се изразува на тој начин што, поединци надвор од воспоставениот правен предок, со негово нарушување формираат модел на општествено однесување преку кое на нечесен, криминален, незаконски начин и без труд ја искористуваат лошата економска и социјална положа на другите со цел стекнување на материјални добра.

Ова се прави при илегална продажба на синтетички дроги во средини во кои се присутни погореизнесените елементи (искористување на лоша економска и социјална состојба), со што луѓето вршејќи такви активности доаѓаат во судир со позитивни прописи на земјата.

Според податоците на Уредот за сузбивање на криминалот со дрога при Обединетите нации[82], основан 1997 год., со седиште во Виена, Австрија, одливот на финансиските средства што се во склоп на криминалот поврзан со илегалното криумчарење со дроги изнесува над 700 милијарди американски долари на годишно ниво.

*1.3.1.Недозволената трговија, криминалните структури и финансискиот профит.*

Недозволената трговија со дрога, пред се со синтетичките дроги носи огромен финансиски профит на криминалните структури кои се вклучени во овој илегален нарко бизнис.

Илегалната т.н. ,,индустрија на дрогата'', работи по пат на поделба на работите и тоа: увоз на произведената дрога, продажба на дрогата на големо и продажба на дрогата на мало или продажба на дрогата на улица, по кафулиња, интернет кафулиња, училишни објекти и друго, организиран од страна на криминалните организации кои се одговорни за целиот бизнис аранжман.[83]

Недозволената трговија со дрога, кога е во прашање финансискиот профит не познава граници, поради што добива глобални димензии каде криминалните структури не бираат средства да ги реализираат целите.. За да се војува треба да се издржи проблемот со

[82] UNODC (*United Nations Office on Drugs and Crime*);
[83] Ignjatovic.Gj, Skulic M, *Organizovani kriminalitet*, Beograd, 2010, str.48

економски поими, бидејќи денес во модерниот свет кој технички е отиден многу напред (интернет, и други сифистицирани технолошки достигнувања), овозможува да се добијат голем бтој на информации кои се однесуваат за недозволената трговија со дрога, посебно синтетичките дроги кои во последно време преку интернет и се продават.

Ова е само еден мал дел во еден голем глобален пазар, за кои прибраните податоци укажуваат на тоа дека НТ и криумчарењето се распростанети низ целиот свет и опфаќа над 250 милиони корисници на дрогите воопшто.

Од финансиски аспект според податоците од УН, овој илегален пазар од илегалната продажба која се врши преку НТ, опфаќа профит во висина од 400 милијарди долари.

Се претпоставува дека се работи за еден од нај уносните бизниси и дека е 16 пати поголем од светскиот пазар на тутунот и од автомобилската индустрија. Економијата на повеќе земји прима глобални димензии, воедно со неа е раширена и глобализирана и индустријата на дрогата.

Криминалните групи кои се влезени во таа криминална индустрија со наркотици на глобално светско ниво, делува како едно развиено повеќе национално општество, не познавајќи етнички и национални бариери, добива се повеќе простор во отварање на нови нарко пазари . Во оваа насока криминалните групи големо внимание му придаваат на пазарот на корисниците на наркотичните средства, бидејќи според нивната економско-криминална логика, што повеќе се зголемува бројот на корисниците, толку повеќе се зголемува побарувачката, а со тоа и потреба од зголемување на НТ во насока на задоволување на потребите за снабдевање на нарко пазарот со наркотични средства.

Исто така, ваквата нивна кримианлна активност води и кон потреба од зголемување на илегалното производство на наркотичните средства, во овој случај синтетичките.

Затоа податоците што во годишните извештаи ги дава UNODC и EMCDDA , се забележува секоја година зголемување на производството и појавата на нови и разновидни СД. За да се војува или елиминира криминалитетот поврзан со НТ на дрога, треба добро да се разберат и анализираат економските форми врз кои тие се базираат.

Светот на криминалците, криумчарите и на шверцерите е еден комлициран психо-криминален мозаик, кој се наоѓа меѓу земјите производители на дрогите и илегалните

пазари на корисниците, кај кои доаѓа до вкрстување на географските граници што ги поврзува луѓето кои се плаќат под рака, и тоа помалите шверцери, курири и други.[84]

Според анализите направени од страна на UNODC, а кои се однесуваат за вкупниот годишен профит на нарко кримианлните групи на светско ниво, над 3% на светската економија функционира врз база на криминалните активности на кримианлните групи, кои се добро организирани и делуват врз основа на нивна структуирана и хиерархиска поставеност.

Споменатиот процент на профитот со над 400 милиони долари, кој пак може да се спореди со профитот на половина од индустриското производство на Германија и други развиени земји. Ова се споредува доколку се собере и се смета производството на хероинот во Авганистан, на кокаинот во земјите од Ј. Америка, производството на синтетички дроги во Европа , земјите од Јужна Азија и други региони, каде шверцерите, дистрибутерите на наркотиците со едно перфектно организирање ги снабдуваат нарко пазарите.

Од ова можеме да констаираме дека шверцерите на наркотичните средства и нивната криминална активност е присутна таму кога ќе осетат дека има пари и можат да доаѓаат до голем финансиски профит.

Меѓутоа, сметам дека над се, НТ се карактеризира со криминални мрежи кои се одговорни за дистрибуирање и проширување на дрогата и затоа за да бидат по ефикасни основаат помали претпријатија или помали групи во насока на ефикасност, безбедност и енормен профит на парични средства.

Овие групи и претпријатија делуваат како индустриски компании, една шверцерска група е одговорна за организирање на транспортот на дрогата во договорената дестинација, друга група, за продажба и дистрибуирање и трета група за изнаѓање на нови пазари за пласирање на дрогата.

Во врска со начинот како се одвива НТ, и колку е профитот, со соодветен пример ќе ги илустрираме производителите на кокаин во Колумбија, кои за тоа земаат по 500 долари за еден кг, посредникот кој има задача да најде купец за еден кг добива 1500 долари. Меѓутоа кога ќе се спореди со цената на кокаин во Европа која на големо достигнува цена до 60 илјади долари за кг или на мало до над 100 илјади, се гледа колкава е разликата на профитот што го добиваат трафикантите.

[84] pol-al.com/krimi-globalizuar/

Ваквите илегални профити и финансиски добивки, криминалните групи посебно организаторите на НТ настојуваат да ги исчистат валканите пари со инвестирање во легални и законски бисниси. Затоа недозволената трговија и илегалното производство на дрога останува една од најголемите и најиновативните криминални дејности во наркопазарите во Европа и пошироко.

Оваа криминална активност станува се посложена и испретплетена со другите форми на организираниот криминал, па чак и на тероризмот. Поради тоа, станува како една од главните закани по безбедноста на ЕУ, регионот на Балканот и пошироко.

Исто така претставуваа светски феномен и поприма глобални размери, што пдразбира дека на криминалните групи им овозможува да ја прошират дејноста, која пак има негативни последици спрема светската економија.

Познато е дека НТ со дрога како и други криминални активности (трговија со луѓе, бело робје, оружје, проституција и друго), на криминалните групи на глобално ниво им носи огромен илегален профит.

Според податоците на ОН-Уредот за борба против кримианлот со дрога, вистинскиот број на профитот е фрапантен и се проценува на 870 милијарди долари, годишно што претставува 1,5% од вкупниот светски, бруто домашен производ.(види слика подолу)




Слика 27, табела со вредноста на дрогата на светско ниво

Од спомнатата сума само на НТ со дрога му припаѓа 320 милијарди долари годишна заработка. Покрај негативните последици по здравјето, НТ со дрога ја уништува државата и општеството, а во тој контекст се зголемува и процентот на убиствата што се појавуват во земјите каде се најприсутни криминалните групи и кои се познати како главни производителели на наркотичните средства.

### *1.3.2. Облици на криминални активности во врска со недозволената трговија со дрога.*

Погоре изнесовме дека недозволената трговија со дрога се смета за трговија која со соодветни законски акти се забранети супстанци кои предизвикуваат зависност, а за кои трговците не можат да добијат соодветни одбренија од надлежните државни органи.[85]

Криминалните структури во нивните криминални активности поврзани со НТ со дрога употребуваат разни форми на делување, со цел реализирање на целта и тоа како најчести се:

- илегално производство на дрогата,

-набавка на дрога поради нивна продажба за добивање на поголем профит,

-продажба на дрога и изнаоѓање на купувачи за таа цел,

-поседување и транспорт на дрога со цел продажба,

-складирање на дрога поради продажба и давање на истата на друго лице за користење и друго.

Сите погоре нотирани активности на криминалните структури се вршат поради тоа што недозволената трговија со дрога носи големи финансиски профити.

Ваквите криминални активности се резултат на тоа што, криминалните групи се доста добро организирани и работат врз основа на поделба на работите, а се со цел да се постигне поголем профит. Во вакви услови поделбите на работите ги регулираат припадниците на криминалните организации а тие се: увоз, продожба на дрогата во големи количини и како трет битен елемент е малопродажбата на дрогите од која се собираат поголеми финансиски средства.

Во ланецот на нелегалната трговија со дрога постојат и други елемнти кои се поврзуваат со неа, со оглед на тоа дека без нив не е можно да се постигне целта на криминалните групи. Во тој ланец на активности се лицата кои се ангажирани за организирање и реализирање на увозот (транспортот на дрогата), потоа со пристигнување на дрогата во дадената дестинација, активностите ги преземаат криминалните групи кои се ангажирани и имаат задача да ја прифаќат и да ја складираат дрогата, а потоа и да ја дистрибуираат преку т.н. дилери.[86]

---

[85] Prof. Dr Djordje Ignjatović – *"Organizovani kriminalitet II deo" i* Prof. Dr Ostoja Krstić - "Primenjena kriminalistika – stop kriminalu"), објавени во интернет адреса, http://www.stopdrogama.org/aktuelno3.htm
[86] Ибид

Во таа пирамида на активности како глевен елемент се увозниците, кои ја вршат и нај деликатната работа бидејќи нивната задача е на успешен начин ја криумчарат и дрогата да стигне на одредиштето.

Исто така недозволената трговија може да има и други облици и форми и тоа од оние кои се едноставни, тука се работи за поединец кој има садено одредени корени на марихуана или поединец во гаража да произведува синтетички дроги, за лично користење или продажба без да инволвира други лица, до оние кои се посложени предводени од криминални организации и кои меѓусебно се поврзани со други такви организации на глобално ниво.

Затоа можеме да констатираме дека недозволената трговија е светски феномен, а глобализацијата им дава можност на кримианлните организации да го шират бизнисот и во оние региони во кои до неодамна не биле присутни. Ваквата глобализација на НТ влијае негативно и остава последици по националните економии на соодветните држави. Поради тоа, целокупната меѓународна заедница предводена од ОН и неговите уреди, како и ЕУ вложуваат големи напори, а со тоа и средства да овој феномен се искорени или до одреден степен намали.

Трговијата со дрога и другите илегални криминални облици ( трговија со луѓе, оружје, бело робје и други) на криминалните организации им носат огромни профити. Според подастоците на ОН и уредот за борба против дрога и криминал, вистинскиот број на профитот е зачудувачки. Се проценува дека заработката изнесува околу 870 милијарди долари, што е 1.5 % од вкупниот светски бруто домашен производ.[87]

### *1.3.3. Карактеристики и други облици на недозволената трговија.*

Недозволената трговија и криминалните активности на организираните криминални организации во своето делување ги карактеризираат одредени карактеристик кои се типични за тоа.

Криминалните организации доколку не ги поседуваат таквите карактеристики во делувањето не претставуваат битен елемент во реализирање на сложените форми на НТ. За разлика од локалните или националните криминални групи, посилните и по организираните се разликуваат според елементите на нивната хиерархиска поставеност. Како нај битни кларактеристики се:

[87] http://balkans.aljazeera.net/vijesti/infografika-stotine-milijardi-profita-od-ilegalne-trgovine

- Дека криминалната организација претставува криминален синдикат;

-Дека во својата организациона поставеност има стриктно поставена хиерархија исполнета со висока одговорност, дисциплина и координација на сите активности;

-Во делувањето е присутна мрежната структуираност на организацијата, со поделени задачи и активности контролирани од врвот на организацијата;

-над членовите се врши контрола на нивното однесување;

-Заради заштита инфилфтрираат свои членови или врбуваат припадници на државни институции со цел реализирање на криминалните активности;

-Во нивното делување е присутно насилството, како метод за заплашување, како и обезбедување на профитот, како цел;

-Во хиерархиското делување карактеристично е тоа што задачите се одредуваат во зависност од позицијата, односно дека раководството е одвоено од оперативниот сегмент.

*1.3.4. Делување на криминалните мрежи при реализирање на НТ*

Познато е дека криминалните организации кои се бават со НТ со дрога се добро организирани, се одликуваат со висок степен на почитување на  хиерархија и тајност, тактичност, систематичност и друго.

За поуспешно реализирање на активностите имаат развиено мрежи на производители, транспортери, посебни групи на  дилери кои ја дистрибуират дрогата, основаат соодветни компании преку кои го прикриват илегалниот бизнис.

Транснационалните криминални организации имаат развиено и раширено мрежно делување, на доставувачи, компании за легални деловни активности, кои имаат за цел да ја олеснат недозволената трговија со дрога.[88]

Криминалните групи во своите криминални активности поврзани со дрога имаат и посебни правила на однесување, односно доколку при организирање на транспорт на големи количини на дрога им се „загуби'' или „ се запленува'' а за кое транспортерот нема соодветно објаснување, тогаш преземат доста ригорозни и сурови мерки, према членовите.

Исто така се служат и со киднапирања, убиства, ликвидации и тоа на многу суров начин(запалување на телото, фрлање во киселина, убивање на членови на семејсртвото и

[88] Кирил М. *Организиран криминал*(невоена закана за југоисточна европа), Скопје 2013, стр.118

друго). Тоа значи дека нивната дејност е пропратена со голема суровост, а тоа се прави исклучиво да го штитат профитот.

Криминалните групи во реализирање на целите преку НТ имаат свои модалитети од производството до уличната продажба.

Уличните дилери и нивната активност е стриктно поделена и се контролира, секој од нив има доверлиов круг на корисници на дрога, но, без да добие од одговорниот на криминалната група дозвола, не може да се впушта да работи со нови побарувачи на дрога.

Во контекст на ова како посебна во НТ завзема и складирањето на дрогата, која има свои правила.

Оваа обврска претжно ја имаат уличните дилери кои самите ги бираат местата и локациите каде ќе ја сокријат и складираат дрогата. Како идеални места им се становите, објекти на доверливи пријатели, гаражи, роднински врски, во подрумски простории, kај трети доверливи лица кои не се инволвирани во криминални активности со дрога и други Современите трендови поврзани со НТ што се присутни во нарко сцените во З. Балкан, понекогаш се актуализираат и се појавуваат во сосема изменет облик, меѓутоа за секој случај се дијалектични и променливи, прилагодни на состојбите и местата, како и средините и потребата што ги наметнува побаривањата на дрогата.[89]

Во таа смисла логично е одредени модалитети на криминално однесување да не се изводливи во помали средини, или се модифицирани, меѓутоа често доаѓа до комбинации кои се од криминалистички аспект познати.Тие модалитети се однесуваат на приемот на нарачката, која се врши по пат на телефонски разговор, што се смета како непосредна форма на примопредавање на робата. Тоа значи дека препродавачот на дрогата преку телефонски апарат, од крајниот корисник прима повици со побарување за одредена количина на дрога, а воедно се одредува местото и времето и парите за побаруваната количина на дрога.[90]

Како друг модел е примопредавање на дрогата во движење, со превозно средсво. Ваквиот начин се врши со претходен постигнат договор, помеѓу препродавачот и купецот на дрогата. Често за оваа форма се користи и јавниот сообраќај, автобуси, воз, траект и друго.

---

[89] Dubravko Klaric,Strucni clanak, Kriminal I zloupotreba droge I vazne karakteristike kriminalisticko-metodickog pristupa u suzbijanju, Zagreb,2007, str 231.
[90] Ибид

Дилерите надлежни за продавање на дрогата покрај другите форми истата ја доставуваат и на домашна адреса. Во врска со ова покрај продавачот и купецот, се инволвирани и трети лица. Во врска со овој начин дилерите претежно како доставувачи користат малолетни деца од 10 до 15 години. Ова го прават со оглед дека полициските структури не се во можност да разговараат или применуваат други мерки према малолетниците.

Криминалните групи и нивните препродавачи покрај погоре изнесените форми на уличната продажба на дрогата, секојдневно, изнаоѓаат и нови начини на улично дилање на дрогата. Исто така на сличен начин тоа го прават и со пратките од меѓународен карактер.

Кога е во прашање нивната инвентивност, готово на сите им е заедничко употребата на GPM уред од поновата телекомуникациска технологија, со цел заштита од полициско следење.Се помалку се користи стариот начин на примопредавање извршено помеѓу дилерот и купецот, и тоа дрога-пари или како што се вика „од раце во раце''.[91]

### *1.3.5. Како синтетичките дроги стигнуват кај корисниците*

НТ со опојни дроги и нивното шверцување како меѓународен проблем, е еден од појавните облици на организиран криминал кој се одликува со висок степен на тајност, систематичност и организираност.[92]

Ова укажува на тоа дека, организираните криминални групи кои посебно се ангажирани во илегалното производство на синтетичките дроги, преземаат соодветни криминални активности произведените количини да ги пласират таму каде ќе го исцрпуваат финансискиот профит, односно до корисниците и уживателите на дрогите.

Затоа недозволената трговија се смета за еден од најлукративните дејности која нуди неколку поволности над останатите видови трговија.[93]

Се работи за три поволности, поврзани со стабилниот нарко пазар кој постојано се шири, овозможувајќи висок обрт на пари, за создавање висок профит и погодност, што овој вид на криминална трговија нуди, со цел да ги експлоатира оние кои се вклучени на почетокт и на крајот на ланецот на трговија на дрогата.[94]

---

[91] Dubravko Klaric,Strucni clanak, *Kriminal I zloupotreba droge I vazne karakteristike kriminalisticko-metodickog pristupa u suzbijanju,* Zagreb,2007, str 233.
[92] Кирил М. *Организиран криминал*(невоена закана за југоисточна европа), Скопје 2013, стр.117
[93] Кирил М. *Организиран криминал*(невоена закана за југоисточна европа), Скопје 2013, стр.118
[94] Ибид

Од ова произлегува дека криминалните групи кога одлучуваат да се вклучат во НТ, во предвид ги имаат сите поволности и ризици, со крајна цел транспорт и дистрибуирање на синтетичките дроги до корисниците.

Во самиот труд изнесени се доста податоци поврзани со НТ , меѓутоа главната поента на нивната криминална активност е изнаоѓање на разновидни илегални патишта и канали за да дрогите бидат подостапни за корисниците. Затоа криминалните групи кои се ангажирани за овој дел се доста иновативни во изнаоѓање или усовршување на методите на НТ и криумчарењето.

Нивната иновативност и успешност зависи од начинот како да се прикрие дрогата при илегалниот транспорт, видот на дрогата и количината. Врз основа на ова ќе се одреди и со кои средства ќе се шверцува, односно претежно се користи воз, пмв, пловни и други објекти, меѓутоа, од овие превозни средства, возот се смета како најпогодно средство за транспорт на синтетичките дроги, бидејќи во истиот има доста соодветни прикладни места каде може да се сокрие дрогата.[95]

Исто така, шверцерите често пати поштанските пратки ги користа за доставување на дрога до корисникот. Често пати шверцерите видот на средството преку кои ќе ја достават или транспортират дрогата, го бират врз основа на далечината на местото од каде се праќа и каде треба да се прифаќа.

Често пати користат брзи мотори (ваков вид на транспорт на дрога користел Пабло Ескобаре, од колумбиската мафијашка организација), скутери и друго.

### *1.3.6. Дали е победена недозволената трговија*

Веќе кажав дека НТ и криумчарењето претставуваат еден од највносните бизниси од аспект на финансискиот профит. Исто така со НТ и криумчарењето, криминалните организации па и поединци за да го зголемат бизнисот, придонесуваат и наркотичните сретства кои се злоупотребуваат, се со цел да се зголеми бројот на корисниците (уживателите).Поради тоа меѓународната заедница предводена од УН превзема разновидни активности, акции и друго, се со цел да придонесе до намалување на НТ и криумчарењето, а со тоа да се намали и бројот на уживателите.

Бројот на корисниците во светски размери секоја година се зголемува, (што се гледа и од досега изнесените податоци), шверцерите се збогатуваат, а крајните корисници

[95] Sipraga Jovan, *Metodika-otkrivanja i razjasnavanju krivicncnog dela,* Beograd 1988,str.346

во немање на средства за обезбедување на потребна количина на дрога, се приморани да се криминализираат, односно, да извршат одредени кривични дела за да обезбеди парични средства.

И покрај споменатите активности, можеме да констатираме дека истите се недоволни, што го покажуваат и бројките на новите корисници. На ваквите состојби кои се поврзани со НТ влијаат и други нус појави, како ескалирање на насилства во одредени земји и региони пропратена со граѓанска војна и друго.

Поради ваквите тешкотии кои влијаат за неуспех, повеќе земји се приморани да барат други по „меки'' пристапни алтернативи и начини, со цел да ги избегнат крутите барања на САД и ОН, поврзани во насока на ублажување на НТ и криумчарењето со наркотични средства.

Ваквите констатации довеле и до одреден пораз на развиените земји поврзани во борбата против дрогата, или како е објавено во Извештај на „British Medical Journal''од септември 2013, со наслов **„Војната против дрогата е пропадната''.**[96]

Ваквите констатации на споменатиот Извештај се поврзуват со проценките дека нарко пазарот на дрогата, со преку 250 милиони клиенти, остварува приход во висина од 300 милијарди долари, приход кој е ист како на бруто домашниот производ на Данска.[97]

Но и покрај песимистичките ставови, сепак се случуваат одредени промени кои се далеку од постигнување на квалитетна ефикасност поврзана со намалување на НТ и побарувањето.

Од ова можам да истакнам дека побарувањето на дрогата се зголемува како и другите економски гранки, и дека конзумирањето на дрогите во САД не се намалува од 2006 година.

Слични констатации се присутни и по однос на сите droги кај кои побарувањето и конзумирањето не се намалува. Поради бројките и изнесените констатации НТ со дрога, претставува соодветна глобална авангарда и дека мал е бројот на економски дејности која ги има спроведено насоките на Светската банка за дрогите. Освен што направиле голем напредок во развојот на трансконтиненталниот морски и воздушниот транспорт, како и

---

[96] "Rat protiv droge je propao."[i] Izvješće objavljeno 30. rujna 2013. u *British Medical Journalu* otklonilo je svaku sumnju u to. Prohibicionistička politika, čiji se početak veže uz ime američkog predsjednika Richarda Nixona koji je 17. srpnja 1971. drogu proglasio "državnim neprijateljem broj jedan", nije ispunila svoja obećanja. Od 1990. do 2010. prosječna cijena opijata pala je za čak 74 posto, a kokaina za 51 posto, uzimajući u obzir inflaciju i povećanje čistoće proizvoda.[ii] Je li došlo vrijeme za novu metodu borbe protiv pošasti opojnih droga, poput one u američkim saveznim državama Colorado i Washington ili pak u Urugvaju?

[97] http://www.pol-al.com/krimi-globalizuar/

доминантната логика „Lasser fairte, lasser passer( секој нека направи што сака и нека се оди по својот тек), која според мислењето на Меѓународниот одбор за контрола на наркотиците (INCB), шверцерите на дрогите ги користат услугите на информатичарите, за добивање на информации како да ги избегнуваат полициско-царинските контроли, да ги договарат пратките и да ги перат парите.[98]

На мафијашките структури во реализирање на активностите поврзани со НТ им погодува осиромашување на губитниците на глобализацијата. Руралните и или урбаните претставуваат неисцрпна резервна армија која го вклучува илегалното производство и транспорт на дрогата.

Гледајќи ги недоволно постигнатите резултати за намалување на побарувањето, меѓународната заедница предводена од ОН, пристапува кон изнаоѓање на вистински алтернативи за постигнување на одредени резултати.

Тука се додава сегментот на меѓународната соработка, која ефективно почнува да функционира во текот на 1909 година. Оваа соработка се иницира од страна на САД, а во врска со запирање на испораката на опиумот во Далечниот исток.

На оваа конференција почнати се зачетоците на зголемување на ефикасноста на соработката, се со цел постигнување на квалитетни разултати во намалување и искорнување на НТ со дрога.

Во контекст на ова е иницирано и формирање на институционална структура која настојува да го подобри функционирањето на меѓународната соработка предводена од ОН. Taka, формирани се три агенции во рамките на ОН со седиште во Виена, и тоа тело кое треба да носи соодветни одлуки, Комисија за опојни дроги, составена од педесет и три земји со мандат од 4 години, и која до сега има донесено три главни конвенции против дрогите. На овие две тела за логистика и административен план им помага Уреддот за дроги и кримианал при ОН (UNODC).[99]

Како резултат на ангажманот на институциите на САД, по терористичкиот напад од 11. Септември 2001 година, војната против НТ со дрогата стана една од деловите на широката војна со цел „ да се уништи тероризмот'', кое нешто е искористено со цел да се стави под контрола ситуацијата во Авганистан, под мотивација дека припадниците на терористичките групи соработуват и се поврзани со шверцерските мрежи, кои меѓусебно се хранат. Меѓутоа и со вакви порешителни активности, производството на хероин не

[98] Ибид
[99] Ибид

престанува, а како илустрација може да ни послужи податокот изнесен во годишниот извештај на (UNODC), кој кажува дека во текот на 2009 година во Авганистан се произведени 7000 илјади тони хероин.[100]

Со оглед на тоа дека во НТ со наркотици се вртат големи парични средства, и покрај мерките за искорнување на истата, сепак дрогата изнаоѓа разни начини и форми како да стигне кај корисниците за кое посредуваат криминалните нарко-групи и организации.

На светско ниво најголем нарко пазар во кој се продаваат СД, посебно екстазите е САД. Силните национални и интернационални нарко-мафијашки организации успеват во американското, како и во другите нарко пазари да дистрибуират огромни количини на СД и на тој начин ги задоволуваат побарувањата на потрошувачите.

Во врска со ова би направиле една паралела за ангажирањето на американската администрација во насока на спречување на илегалното производство, НТ и криумчарењето на наркотичните droги на светско ниво, како што погоре го спомнавме случајот со Авганистан, па и другите земји, а од другата страна кога ги имаме во вид податоците поврзани со нарко-пазарите во САД, се добива впечаток, како да се работи за две различни состојби.

Ова укажува на тоа дека мафијашките структури се еден чекор понапред од државните институции во светот, кои не можат да ги реализираат сите мерки и активности предвидени со национални стратегии, а во насока на спречување на НТ со droги.
Количините на дрогите секоја година се зголемуваат, а тоа се потврдува со податоците од запленетите количини на екстази во САД. Во 1993 година се запленети 174000 таблети, во 1998 година повеќе од еден милион, додека во 2000 година 3 милиони и 2001 годин 5,5 милиони.

Ако за погоре изнесените бројки се прави математичка калкулација колку пари би изнесувале со просечна цена на екстазите од 5 до 17 долари за доза, помножувајќи со 22 милиони, колку се произведени според проценките на Интерпол дадени во 1999, се добива голема сума на финансиски профит добиен од продажба на екстази.[101]

На улица екстазите се нудат и продават во форма на таблети, кои се со различита форма, со рановидни втиснати знаци и симболи. Полициските структури ангажирани за следење и спречување на НТ, поседуваат и водат каталози за „екстазите'', за кои се врши

[100] http://www.pol-al.com/krimi-globalizuar/
[101] http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0042-8450/2005/0042-84500506467M.pdf

анализа на составот на хемиската супстанца. Исто така на улица се употребуваат различни имиња за нив: Адам, Ева, Пилула, Есенс, Декс, Граф и други.

Екстазите покрај што се нудат на улица, доста често се нудат и се присутни, во ноќни клубови, дискотеки, каде помладата популација игра и се забавува цела ноќ, а шверцерите овој сегмент вешто го користат за продажба на „екстазите''.[102]

Во контекст на ова да напомнеме дека во текот на 2013 година во организација на ДЕА (Американска Агенција против дрогата), е разбиена една од најголемите глобални криминални мрежи кои се бавеле со недозволена трговија со синтетички дроги. Во оваа успешна глобална акција се запленети 1500 кг опасни синтетички дроги и се уапсени 225 припадници на криминални групи.[103]

Во Јордан тамошните власти соопштуваат дека во текот на 2016 година, запленилe рекордни 13 милиони синтетички таблети „каптагон'' на база на амфетамин, кои се произведени во Сирија.

Споменатите таблети„каптагон'', според ОН ги користат припадниците на исламската држава, како активни психо стимуланси, кои при употреба ги намалуваат болките и даваат состојба на неплашливост.

### *1.3.7.Патишта на НТ и поделбата на нарко пазарот*

Организираниот криминалитет е насочен во повеќе дејности и облици, почнувајќи од илегалното производство, криумчарењето до недозволената трговија.

Меѓутоа, од тие облици НТ претставува главен извор на средства на повеќе транснационални криминални организации. Илегалното производството и дистрибуција на дрогата се облици кои тешко се откриваат, поради тоа претставува еден од причините зошто криминалните организации се бават со овој илегален и профитабилен бизнис.
Меѓутоа, како главен проблем им претставува илегалниот транспорт, патиштата и илегалните канали преку кои се врши ова дејност.

Затоа со НТ се бават голем број на криминални организации, кои дел се добро организирани, дел помалку организирани, меѓутоа заедничка цел им е финансискиот профит што го остваруваат со дистрибуирање и НТ на дрога.

[102] Ибид;
[103] http://www.blic.rs/vesti/svet/dea-razbijena-globalna-mreza-trgovine-sintetickom-drogom/sjyclf3

Со НТ со кокаин исклучиво се бават колумбиските нарко-криминалните групи, кои го контролират илегалното производсво на кокаин и тоа на 820 до 855 метрички тони што се произведуваат во Ј. Америка.

Колумбиските илегални трговци кои се ангажирани за увоз и илегален транспорт на кокаин, истиот го транспортираат со бродови и го кријат во бродските контејнери или други места и досега успешно го реализират истиот спрема САД и Европа.

Во З. Европа, кокаинот пристигнува во пристаништата во Амстердам, Холандија, Барселона, Шпанија и Хамбург, Германија, а додека во З. Балкан, како главно место е пристаништето Бар во Црна Гора.

Хероинот кој илегално се произведува во 4 зони и тоа, Југоисточна Азија, Југозападна Азија, Среден Исток и Јужна Америка, во илегалното производство, увоз или транспорт, дистрибуирање и складирање се инволвирани повеќе криминални групи од Турција, Кина, Авганистан, од земјите од З. Балкан, мексиканските, американските и руските криминални мрежи.

Криминалните мрежи доста добро соработуваат меѓу себе и успешно го договараат начинот на илегалниот транспорт, што се реализира преку копно (ПМВ, камиони, фургони и друго), морски сообраќај со бродови и други поморски превозни средства во зависност од дестинацијата.

Синтетичките дроги, посебно метамфетамин и амфетамин илегално се произведуваат во Холандија и Белгија во големи количини, во регионот на Југоисточна Азија (Мјанмар и други земји) и по илегални патишта се криумчарат во повеќе региони во светот и дека многу бргу по однос на користење го завземаат второто место, по марихуаната која највеќе е застапена во илегалниот пазар.

Главните правци на НТ со СД зависат од подрачјата каде се врши ИП, потоа, подрачјето на побарувањето и купувањето.

Регионот на З. Балкан е центар на НТ со дрога во и од Европа, посебно мерихуаната која оди во земјите од ЕУ, а од неа во спротивна насока илегално се шверцуваат Ацетен анхидрид и синтетичките дроги.

Кога сме кај земјите од З. Балкан, што посебно го опфаќа регионот на поранешна Југославија, и покрај тоа што е постигнат одреден напредок во борбата против НТ, тие и понатаму не се ангажират доволно за негово сузбивање и заради тоа Балканот и понатаму останува нерешив чвор преку кој доста добро се одвива НТ со наркотични средства.

По однос на НТ мора да се спомне и сегментот поврзан со поделбата на илегалните нарко пазари што е присутна на меѓународно ниво, а поделено од страна на водечките криминални шверцерски организации. Ова пред се, бидејќи според расположливите податоци, нарко пазарот од страна на нарко-групите е соодветно поделен според регионите каде се врши илегалното произвотство на наркотиците.

Во Европа долг период НТ се контролира од турските мафијашки групи и го имале монополот за контрола на дрогата , посебно хероинот и синтетичките дроги.

По турските нарко групи во НТ со дрога, видна улога имаат албанските нарко групи, лоцирани во повеќе земји во З. Европа и кои имаат одлична соработка со турските. Азилантите и мигрантите доселени од Северниот дел на Африка и Средниот Исток, во НТ имале контрола во уличната продажба (дилерството), на сите видови на дрога, во поголемите градови.

**Во продолжение на овој дел ќе дадеме податоци за вкупните заплени на наркотични дроги објавени од страна на Канцеларијата на ОН (UNODC), како и за заработката, што и погоре изнесовме, а која изнесува 320 милијарди долари или 21-вото по ред „стопанство'' во светот по големина.**

Запленетите количини на дрогите претставуваат голема загриженост на целиот свет, со оглед на тоа дека, овој бизнис и понатаму цвета и нема начини како да се елиминира или се намали. Најголем скок претставува недозволената трговија на опијатите, која се одвива во три главни правци и во три производни центри и тоа, во Азија и Јужна Америка до пазарите во Европа и во САД.

Заплена на опијум на светско ниво според податоците на УНОДЦ за период од 2002 до 2007 година, изнесува од **96 тони на 506 тони**. По кратка стагнација се зголемени и количините на хероин, и во 2007 година се запленети **63 тони**, што претставува 11 % повеќе од една година порано.

Највеќе заплени се реализирани во Блиски исток, југоисточна и источна Европа и Северна Америка, а додека пад е забележан во источна и југоисточна Азија. Во текот на 2006 година во југоисточна Европа запленaта на хероин е порасната за една четвртина, односно од 12 тони во оваа година на 15 тони во 2007 година.

По земји, највеќе заплени се реализирани во Турција 13 тони. Во истиот период заплените на хероин се зголемени во источна Европа од 38', на 3,5 тони. Глобалната заплена на кокаин во периодот 2006 до 2007 година е падната за 12%, од 705 тони на 617 тони.

Во Европа според податоците на УНОДЦ, рекорд по заплени на кокаин држи Шпанија каде само во 2007 година се **запленети 37 тони**.

Од синтетичките дроги во 2006 година на глобално ниво се запленети **амфетамин 42.292 кг, екстази 4.874 кг.**

Во текот на 2007 година, заплените на СД се зголемени, за разлика од пред една година и изнесува амфетамин **33.937 кг и екстази 5.886 кг.**

Овие бројки се базирани врз основа на дадени податоци од вкупните заплени реализирани во 102 земји во текот на 2006 и 2007 година.(види подоле слика со вкупни податоци).

**GLOBALNA ZAPLENA DROGE**

| Vrsta droge | Prijavljene zaplene (u kg) | | |
|---|---|---|---|
| Kanabis | 2006. | 2007. | *Trend** |
| Kanabis trava | 5.234.954 | 5.277.123 | Povećanje |
| Kanabis seme | 999.136 | 1.246.784 | Povećanje |
| Opijum | 383.857 | 506.487 | Povećanje |
| Morfijum | 46.391 | 27.310 | Smanjenje |
| Heroin | 56.737 | 63.207 | Povećanje |
| Kokain | 704.783 | 617.015 | Stabilan |
| Amfetamini | 42.292 | 33.937 | Povećanje |
| Ekstazi | 4.874 | 5.886 | Povećanje |

*Podaci za 2007. nisu bili potpuni

**Trend je baziran na ukupnim zaplenjenim količinama za 102 zemlje koje su dostavile podatke za 2006. i 2007.

IZVOR: UNODC

Слика 28, пријавените заплени, извор UNODC

Кога се анализираат овие бројки се добива впечаток дека навистина борбата против дрогата е тешка и поразителна. Меѓутоа и покрај тоа меѓу членките на CND нема согласност за тактиките и други мерки кои треба да се спроврeдат во борбата против нарко криминалот во следните 10 години.

Најмоќните земји САД и Русија во склоп на CND се залагаат за нулта толеранција према трговците, но земјите од ЕУ и од Јужна Америка сметаат дека досегашните мерки не придонеле одреден успех во падот на нарко трговијата и дека затоа треба нешто да се промени во склоп на стратегијата за „намалување на штетата''.

**Сметаме дека ваквите песимистички резултати кои се однесуваат за бројките на заплените, се поради слабата поставеност на институциите кои се ангажирани и кои се надлежни за спроведување на сите мерки поврзани со овој глобален нерешив феномен**.

Што се однесува до земјите од З. Балкан, можеме да кажеме дека зголемување на трговија на дрогите е присутна во Србија, каде последните 8 години (2001-2009 година) се заленети **18 тони разновидна дрога**, а најповеќе хероин и марихуана и синтетички дроги.

Поединачно за 8 години се запленмети **2.43 тони, хероин; 15.9 тони марихуана, 71 кг кокаин, 90 кг хашиш и 2.14 милиони таблети екстази**.[104]

Од сликата доле се дадени податоци за производство на дрогите на светско ниво (за 2006 и 2007 година) и кога се споредуват со податоците од реализираните заплени се добива загрижувачки впечаток, дека борбата против недозволената трговија и криумчарите е изгубена. (слика доле)




Слика 29,Податоците за светското производство на дроги

## 1.4.Дефинирање и определување на поимот „дрога“

Пред да се пристапи кон дефинирање на поимот „дрога“, треба да се објасни потеклото на самиот збор „дрога“, како и другите поими поврзани со него.

Во светот па и кај нас се присутни несогласувања во поглед  на значењето на поимот дрога, терминот кој се користи во врска со него, а со тоа и за последиците кои доаѓат со негова употреба. Термините кои се однесуваат на ваквите супстанци не се соодветни на современите научни истражувања и знаења, со оглед дека на овој проблеми низ години во минатото, не му е придадено соодветно и сеопфатно внимание.

Самото одредување  на поимите „дрога’’ или„опојна дрога’’ е доста сложено, поради самата ширина на проблемот, а потеклото на зборот „дрога’’ не е целосно утврден и се смета дека самиот збор потекнува од арапски збор „дова’’ што значи, лековито средство.[105]

[104] http://www.blic.rs/vesti/svet/trgovci-drogom-godisnje-zarade-dva-budzeta-eu/rrvvzgd
[105] Медицинска енциклопедија, књига 3, Загреб, 1968, стр.369.

Во врска со овој проблем се бавеле и обединетите нации, уште во 1931 година, кои со цел да дојдат до адекватен термин, ангажирале соодветна комисија со задача да ги установи дефинициите на сите штетни droги кои во тој момент се користеле, а која е употребена како званична дефиниција на меѓународно ниво. Меѓутоа во тоа целосно не се успеало, и оваа работа е префрлена за решавање од страна на светската здравствена организација.

Со дефинирањето на самиот поим во текот на 20 век, посебно по 60 години се бавеле и меѓународните конвенции, кои претежно ги набројуваат субстанците за кои се сметале дека претставуваат дроги, без за нив да даваат соодветна дефиниција.

Со ова се бави Виенската Конференција  од 1971 година, во која е донесена Конвеција за психотропните супстанци, од која е извлечена и дефиниција дека под опојните дроги се сметаат супстанците или хемиските материјали со соодветен психоактивен ефект и кои при употреба влијаат во промена на свеста, расположението и со долга употреба стваруат независност.

Во врска со овој проблем се занимавале повеќе научници што се присутни во стручната литература од попранешните ЈУ републики, како Букелич Ј., кој под поимот опојни дроги подразбира, супстанци кои се користат за медицински и немедицински цели, а кои имаат својства со внесување во човечкиот организам , да предизвикуваат психичка, физичка или и физичка и психичка зависност.

Потоа Модли Д. и Корајлич Н. Во нивните истражувања даваат свој придонес, зашто сметаат дека современа и стручна дефиниција за дрогите бара мултидисциплинарни пристап, така што и јас сметам дека за целосно одредување на самата дефиниција е потребен опсежен и квалитетн пристап.Така еден од таквите пристапи би бил фармаколошки, а негова цел е да се укаже на таквите хемиски супстанци кои го менуваат расположението и свеста.

Додека другиот пристап би бил фармакодинамички, кој ќе го истражува делувањето на одредени хемиски супстанци во здравјето на луѓето.

Третиот аспект е во рамките на сличен мултидисциплинарен, социолошки и психолошки пристап, а целта е да укаже на интеракција помеѓу поединецот, групата каде тие припаѓат во општесвото.

Според овие двајца автори може да се забележи дека тие сите проблеми во врска со дрогата  ги доведуваат на релација дрога-поединец- општество и културни средини, како и етнички и социјални средини, во кои преовладува сиромаштијата.

Од ваквиот пристап произлегува и дефиниција, дека дрогата претставува психоактивно дејство, што предизвикува намалување на чуствата на болките, поспаност и будност, појава на хаулцинации, пречки во моторичкото мислење и расположението; како и и други својства кои при продолжување на конзумирањето на дрогата, предизвикуваат соодветна зависност и доведуваат до здравствени, социјални и други криминогени проблеми. Од оваа дефиниција се издвојуваат четири карактеристики и тоа; психоактивно дејство, предизвикување на зависност, предизвикување на здравствени проблеми, социјални и правни проблеми и општесвена штетност.[106]

Зборот „дрога“ потекнува и од францускиот збор **„drogue”** што значи „лекарство“, необработен лек, фарбарска стока, т.е. во пошироко значење „сирови или делумно препарирани (обработени) производи од животинско или од минерално потекло, кои служат за лекови, козметичка или техничка потреба“. Очигледно е дека вакво дефинирање на „дрогата“ има многу малку врска со она што во секојдневниот живот се подразбира под овој поим.

Меѓутоа, кога на именката „дрога“ ќе се додаде придавката „опојна“ тогаш се добива поимот „опојна дрога“, што за разлика од самата именка „дрога“ има сосема друго значење.

Законот за производство и промет на опојните дроги[107] под тој термин подразбира супстанца од природно или синтетичко потекло со чија употреба може да се предизвикува зависност, да предизвикува оштетување на здравјето или на друг начин го загрозува човечкиот  интегритет во физичка, психичка или социјална смисла.

Со текот на времето овој поим се повеќе се ограничува во говорна и научна смисла, односно научниот јазик, па според тоа, под тој поим се подразбираат не само опојните дроги, туку и некои други супстанци од синтетичко потекло, кои делуваат на централниот нервен систем и дека, овој збор е вообичаен во многу светски јазици, па и на македонскиот јазик и од истиот се употребува глаголот „да се дрогираш“.[108]

Дрогата како термин во поширока смисла се користи за материи од билно, хемиско и животинско потекло кои се употребуваат и служат за изработка на лекови.

---

[106] Ђорђевић З., (2006), *Нарко-криминал-кривично правни и криминалистички аспекти*, Нови Пазар, стр.14 и 15

[107] Закон за производство и промет со опојните дроги, Сл.лист на СФРЈ бр.13/91, преземен како Републички Закон;

[108] Податоците се преземни од Интернет, објавени на адреса *„stop drogata.org“ aktuelno.* Овие податоци пак се преземени од книгата *„Криминалистичка тактика II“* од Кривокапиќ В. и Крстиќ О.;

Често значењето на ова укажува на тоа дека станува збор за субстанца која кога се внесува во организмот може да доведе до одредени промени и тоа на психичката свест и други психички функции (забележувањето, памтењето, мислењето, расположението, однесувањето и др.), и дека често во литературата, како и во секојдневието наместо терминот „дрога“ се користат термини „психоактивна или психотропна супстанца“, „стимуалнси“, „депресори“, „наркоманија“ и др.[109]

Според Радуловиќ Д. од Филозофскиот Факултет во Белград кој во својот труд „Приступ проучувања друштвене контроле дрога II“, деконструкција проблема употреба дроге у научној дискусии“- објавен на Интернет под ист наслов од 20.02.2008 год. во Речникот по однос на терминот „дрога“ треба да има и разграничување. Имено, според него, од сите појмовни одредници од „Речникот на дрога“ се водат долготрајни теоретски спорови, така да со деконструкционото расчистување на поимните зборови како претходен чекор, доведува до неопходност од критичко преиспитување на расправиите по однос на дрогите. Речникот по однос на поимот „дрога“ во литературата е исполнет „презаситен” со разни измислени поими. Тоа подеднакво се однесува како за група на основните појмови: дрога, наркоманија, зависност, адикција, навика, апстиненцијална криза, превенција и друго, така и за изведените поими: употреба, злоупотреба, поактивна или психотропни супстанции, стимуланси, депресори (депресиви), халуциногени, еуфорични и др. Меѓутоа, за секој случај висок степен на „контаминиран Речник“ за дрогата произлегува од реториката на злото од 20-тиот век.

По однос на самото дефинирање на „дрогата“ во литературата постојат дефиниции како за поимот на „дрогата“, така и за поимот „опојни droги“.

*-**Дрогите*** се суровини кои се напола преработени производи од билно, животинско или од минерално потекло кои од многу рано се користени и служеле за изработка на лекови.

***-Опојните дроги*** пак, се сметаат супстанциите од природно и неприродно потекло, со чија обработка може да предизвикуваат и создадат оштетување или загрозување на човековото здравје и интегритет во психичка смисла.

Друга слична дефиниција опојните дроги ги опишува како природни или хемиско - синтетизирани супстанции кои со внесување во организмот и кои можат да ги

[109] Податоците се преземени од Интернет страницата *http. Savetvaliste.ndhc.org.rs/narkomanija.htm;*

модифицираат менталните функции, како и индивидуалното однесување и на тој начин да предизвикуваат патолошки или фунцкионални промени во централниот нервен систем.

Покрај погоре изнесените дефиниции, дефинирањето на дрогите, односно опојните дроги се одредува и од соодветна меѓународна конвенција која гласи: *дрогите* се средства кои имаат психоактивно влијание и дејство, кое може да го намали осетот на болката, да влијае во општата состојба, да предизвикува хаулцинации или пореметување во моторичките функции на мислењето, запазувањето, однесувањето и во расположението. Со континуирана злоупотреба се предизвикува развој на болест и зависност и долгорочно предизвикува и други здравствени и социјални проблеми.

Од изнесените дефиниции можеме да констатираме дека дефинирањето на дрогите, односно опојните дроги што се дава со меѓународна конвенција ги содржи сите елементи на овој поим и дека во моментот е поприфатлива.

Меѓутоа, по однос на дефинирањето, во литературата постојат бројни други дефиниции за тоа што е дрога.

***Дроги***[110] кои предизвикуваат опасност се дроги кои имаат способност да влегуваат во интеракција со живите организми, предизвикувајќи при тоа состојба на психичка или физичка зависност или двете (депенденц продуци друг).

***Дрога***[111] е секоја супстанца од растително или синтетичко потекло, со чија употреба можат да се создаваат состојби на зависност, што можат да предизвикуваат оштетување на здравјето или на друг начин да го загрозат човековиот интегритет во физичка, психичка или социјална смисла. Според истиот Закон, за опојни дроги се сметаат и сите психотропни супстанции.

***Дрога***[112] е секоја супстанца од растително или синтетичко потекло која, кога ќе се внесе во организмот, може да промени една или повеќе негови функции, а ако нејзината примена се повтори, може да доведе до создавање на психичка или физичка зависност.

На крајот од овој дел неминовно се поставува потреба и од поврзување на самиот поим дрога со поимот наркоманија, која пред се има социопатолошки карактер, со оглед дека во самата суштина станува збор за материја која се бави со изучување на поединецот, кој веќе е во фаза на употреба на дрогата, како и за злоупотреба на дрогите.

---

[110] Дефиниција на Светската Здравствена Организација, Женева, 1974;

[111] Закон за производство и промет со опојните дроги, Сл.лист на СФРЈ бр.13/91, преземен како Републички Закон;

[112] *„Прирачник за обука"* од прим. Д-р Славица Гајдаџис-Кнежевиќ, асс. Д-р ЛилјанаИгњатова, психолог Натка Пачоска, објавен на Интернет 2005, стр.12;

*1.4.1. Поим на Наркоманија*

Според податоците кои се присутни во раличити литературни се смета дека наркоманијата е стара колку што е и самата дрога, односно луѓето од постари периоди на цивилизацијата поради потреба од смирување на болки биле примнорани да земат и употребуваат разни природни состојки на билки, за да се доведат во подобро расположение, а со тоа и да им се намалат болките.

Со тек на времето од природни почнале да преминуваат  во употреба на фармаколошки средства што се добиваат од билките или по пат на хемиска обработка. Слично како што постајат тешкотии за одредувањето на терминот или поимот дрога, такви тешкотии се појавуваат и при одредување на поимот наркоманија, кој е проблематичен, и затоа некои сметаат дека треба целосно да избегнат а други дека може да се користи крајно условно.[113]

Терминот наркомоанија потекнува од грчкиот збор „нарко'' што значи да се опиеш, а другата кратенка „манија'' значи, бегање, и друго.

Постојат повеќе дефиниции, меѓутоа поприфатлива е од светската здравствената организација, според која под наркоманија се подразбира, состојба од периодична или хронична интоксикација, која е штетна како за поединецот така и за општеството воопшто, со која се доаѓа со повторно земање на дрога од природна или синтетичка природа.

Карактеристики на наркоманија се следните:

-неможноста од совладување на желбата за употреба или земање на дрога и до неа се доаѓа на било кој начин и со било кои средства;

-тенденција за зголемување на  дозата; и

-зависност во психичка или физичка смисла во однос на ефектот на дрогата.[114]

Наркоманија е комплексна, космополитска и социопатолошка болест и ја сметат како „куга'' на дваесетиот век, зло која се движи и заразна болест, која тежнее да се шири и опфаќа голем број на незаштитената млада популација.

[113] Бошковиќ М., (1995), Криминологија и социјална патологија, Нови Сад, Матица српске, стр.233
[114] Ибид

Заради тоа наркоманијата е се поприсутна, и генерира посебно внимание и загриженост во целиот свет и се смета како еден од главните непријатели на човековата личност.

Според проценките на ОН во светот има над 400 милиони регистрирани наркомани, без да се знае темната бројка на овој феномен.

Поради тоа се предвидува дека дрогата како феномен на модерната цивилизација може да предизвика и иницира дури и нуклеарна војна, како карактериситика на 21-виот век.[115]

Како фактори кои ја хранат наркоманијата, а со тоа и наркоманите се облиците на организираниот криминал, предводени од добро организирани криминални-нарко структури.

Тие облици, како што е илегалното производство на дрогите, нивното криумчарење и недозволена трговија, придонесуваат во секаква форма да ги задоволат барањата на наркоманите за конзумунарање на дрога. Тоа значи дека, што поголем број на корисници, толку повеќе се зголемува побарувачката на дрогата на илегалниот пазар, преку кој се задоволуваат поптребите на нарко пазарите во целиот свет.

Имајќи ги во предвид ваквите сегменти наркоманијата му се заканува на целиот свет, посебно новите дизајнирани синтетички дроги, кои стана хит во дискотеките и ноќните журки, а кои се користат од помладата популација. Овие дроги поради нивната ниска цена се повеќе се достапни до помладата популација.[116]

Покрај погоре наброените негативни ефекти на наркоамнијата, употребата на дрогите предизвикува и други последици, при тоа према корисниците со употреба на дрогите предизвикува се поголема смртност во светот.

Како главни СД кои се јавуваат и како главни причинители кои предизвикуваат смртни ефекти се, екстазите, амфетамин, LSD, кокаин хероин и марихуана.

За да се сопре ова зло во светот, а посебно во земјите од З. Балкан, сите чинители треба примарната превенција да ја подигнат на повисоко квалитетно ниво до одреден посакуван степен со цел да се придонесе во намалување на наркоманијата. Во многу земји се донесени повеќе закони и прописи кои се разликуваат од земја до земја, а најстроги се во земјите каде наркоманијата е во почеток на своето делување.[117]

[115] http://studenti.rs/skripte/pravo/narkomanija-i-kriminalitet-3/
[116] http://studenti.rs/skripte/pravo/narkomanija-i-kriminalitet-3/
[117] http://studenti.rs/skripte/pravo/narkomanija-i-kriminalitet-3/

*1.4.2.Видови на droги и нивна класификација*

Поделбата на дрогите и нивната класификација во светот е различна, а исто така и во литературата можат да се најдат повеќе групи, како и поделби.

Меѓутоа како најадекватна се смета поделбата на дрогите според психофармаколошкото дејство кое влијае во централниот нервен систем.

Во трудот ќе настојувам да ги опфатам сите форми на поделби и нивна класификација по разни основи, почнувајќи од лесни и тешки дроги, се до прифатливата поделба според психофармаколошкото дејство.

1.4.2.1. Лесни и тешките дроги

- претставува поделба базирана на психоактивните дејствија на дрогите. Ова поделба се прави кога се водат неофицијални разговори поврзани со дрогите, така и во законодавствата на одредени земји е присутна ваква поделба, без при тоа да се направат соодветни анализи.

-Поимот на тешки дроги се користи за сите дроги кои предизвикуват физичка зависност;

-Поимот лесни дроги се користи за оние дроги кои предизвикуваат блага психолошка зависност или не предизвикува зависност и според анализите оваа класификација често пати е субјективна, општесвено е условена за секоја дрога.[118]

Во тешките дроги спаѓат: хероинот, морфиумот, кокаинот и метамфетаминот. Во ова група спаѓа и алкохолот, никотинот, поради тоа што при нивна употреба предизвикуваат зависност.

Според ова поделба во групата на лесните дроги спаѓа: канабисот, мескалинот, псилоцибинот и ЛСД. Поимот на лесните дроги почесто се користи за индискиот коноп (марихуаната и хашишот), бидејќи не е поврзан со смртни случаеви, а во тој контекст не постаојат факти дека предизвикуваат физичка зависност.

Исто така и некои синтетички дроги, како псилоцибинот и ЛСД се сметат за лесни дроги, бидејќи и за нив нема соодветни докази дека предизвикуваат зависност и не е можно со нивна употреба корисниците да се предозираат.[119]

[118] https://sh.wikipedija.org/wiki/lake_i_teshke_droge
[119] https:/ /sh.wikipedija.org/wiki/lake_i_teshke_droge

1.4.2.2. Класификации на дрогите на природни и вештачки

Овде би оделе во цитирање на дефиницијата поврзана со дрогите, која гласи: дрогата е природна или синтетичко хемиска супстанца, која влијае врз промена на физиолошките и психичките (интелектуални, емоционални и мотивациони) функции и битно го менува однесувањето на корисниците.[120]

По однос на природните дроги или вештачките, постојат записи дека уште старите грци знаеле за околу 300 видови на билки кои имале такво дејство што ги натерале конзументите да се чуствуваат расположени и затоа ги нарекувале **„Билки на среќата''.** Повеќекратната употреба на истите доведува до навики или ствара, психичка и/или физичка зависност.

Според светската здравствена организација, дрогата е секоја супстанца, која е во состојба кога се наоѓа во живиот организам да модифицира една или повеќе функции, и доколку повторно се користи доведува до психичка и физичка зависност.

Од погоре изнесеното можеме да констатирама дека се работи за неадекватна поделба или класификација на дрогите, поради тоа во продолжение ќе ја одсликаме основната поделба на дрогите според психофармаколошкото дејство, направено од светската здравствена организација и која е најприфатлива, и се опфатени четири елементи без кои не може да се направи соодветна и прифатлива поделба.

Поделба според **легалноста**, со ова се подразбира начинот на кои дрогите се третираат со законски одредби и за тоа се делат на легални и илегални. Во легални спаѓа: алкохолот, и никотинот, како и многу лекови кои се употребуваат за смирување, против болки и за спиење.

-според **дејството,**

Се работи за психоактивно влијание на дрогите во организмот на конзументот и се делат на:

**-Стимуланси**(п**сихостимулантни),** кои при употреба го забрзуваат процесот на организмот.

Во оваа група спаѓа: кокаинот, крекот, амфетаминот, екстазите и лед и кодеинот.

**-Депресори,** кои при употреба го успоруваат процесто на организмот.

Во ова група спаѓат: опијати, во кои спаѓат, опијумот, морфиумот, хероиноти метадонот.

---

[120]wikipedija

**-Халуциногени,** кои при употреба го менуваат начинот на кој поединецот, гледа, слуша и размислува. Затоа во одредени ситуации ги рангират во групата на стимуланси и депресори.

Во ова група спаѓа:, ЛСД, канабисот ( марихуаната, хашишот, никотинот) и на:

- **Растворни и испарливи,** во кои спаѓат, лепак, боја, лакови, течности за чистење, бензин, бутан и други.

**- Анаболични стероид**

Во анаболички стероиди спаѓаат:

**а).** дианабол

**б)**. нандролон

**в).** провирон

**г).** тестостерони и др.

Овие стероиди ги има во форма на таблети, капсули и инјекции и се набавуваат легално, меѓутоа ги има и на илегален пазар.

1.4.2.3. Поделба според зависноста и типовите на зависноста

Според зависноста дрогите се делат на ,,тешки'' во кои спаѓа, опиумот, морфиумот, кодеинот, хероинот , кокаин и амфетамин;
Во ,,лесни'' дроги, спаѓа, марихуаната псилоцилинот, мескалинот и ЛСД.

1.4.2.3.1. -Типови на зависност

Типовите на зависноста можат да бидат:

**а.Јатрогени пациенти-**кои со рецепти можат да да добијат лекови, посебно за смирување, намалување на болки и друго

**б.Нетеройиски пациенти-** се работи за пациент поединец, кој самоиницијативно почнува да употребува психоактивни супстанци.[121]

Проблемот со поделбата на дрогите е присутен пред се поради појавата на нови дроги, посебно кај вештачките т.е. СД. Ова ги доведува до забуна, посебно експертите и научниците кои се бават со оваа проблематика. Како резултат на тоа марихуаната е

[121] https//sr.wikipedia.org/sr_el/Droga

префрлена во групата на лесни droги, и покрај тоа што според дејството треба да спаѓа во групата на тешките дроги.

Во овој дел од трудот по изнесените податоци за поделбата, видовите и нивната класификација, ќе се обработува посебно групата на стимуланси (психостимулантни) **и** халуциногени дроги.

Во продолжение на текстот неминовно е со неколку реченици да се изнесат податоци поврзани со уште една поделба која ја сметаме за значајна, а со која сакаме да ги поткрепиме размислувањата дека, во литературата се среќаваат и други поделби на дрогите и тоа во зависност од земјите чии автори се занимаваат со ова проблематика. Во врска со ова посебно внимание заслужува интернационалната класификација на дрогите што е изработена од двајца автори Хаџиќ П. и Калаба Б., објавено во нивната книга **„Синтетичке дроге“,** издадена во 2009 година во Нови Сад.

Според нив законите во повеќе земји, производството и пуштањето во промет на штетните дроги строго го казнуваат, а додека поблаги казни се предвидени за злоупотреба на оние дроги кои законодавецот ги смета за помалку штетни. Меѓутоа во САД класификацијата ја утврдиле по нивни мерила т.е. ред дрога (schedule). Како што се истакнува според нивната класификација дрогите се сместени во класи од првиот до петиот ред (на англиски: schedule I до schedule V).[122]

Ваквата класификација на дрогите е извршена во 1970 година и истата со минимални измени е прифатена во повеќе земји во светот. Имајќи го во предвид начинот на оваа класификација сметаме дека со текот на времето слична класификација треба да се формира и прифати и во Република Македонија.[123]

Имајќи го во предвид значењето и квалитетот на ова поделба, истата подетално ќе се презентира во продолжение од текстот.

**а.Ред I. (schedule I).[124]** Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 16;
Според поделбата наркотичните супстанци од овој ред имаат висок потенцијал за нивна злоупотреба и не можат да бидат предмет ниту на производство ниту на промет.

Исто така интересно е и тоа дека доколку пак се бара истите супстанци да бидат предмет на научно истражување, за поконкретни податоци, истражувачот е задолжен дозвола да побара од ДЕА/DEA-Drug Enfercement Agensis (Агенција за контрола на

---

[122] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 15;
[123] Мемети Ш. *„Криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во Република Македонија*, (магистерски труд 2011), 2011, стр.29
[124] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 16;

наркотици), која е во склоп на владата на САД. Во група спаѓат: **хероин, марихуана, мескалин, псилоцибин, ЛСД, екстази.**

**б.Ред II. (schedule II)**.[125]

Наркотичните супстанци од ова група сеуште имаат висок степен на ризик, од нивна злоупотреба и доколку се користат предизвикуваат физичка и психичка зависност.

Во ова група спаѓаат: **опиуми (морфин), амфетамини, барбитурати и др.**

**в.Ред III. (schedule III)**.[126]

Во ова група спаѓаат супстанци кои не можат да бидат злоупотребени, но нивната употреба предизвикува лесна и средна физичка зависност.

Во ова група спаѓаат: **опоиди во помали количини (кодеин), неопоиди како што е глутетимид (седативе) фендиметразин (регулатор за исхрана) и некои од барбитуратите.**

**г.Ред IV. (schedule IV).**

Во оваа група спаѓаат супстанците за кои законодавецот смета дека имаат сосема мала можност за злоупотреба, но сепак можат да предизвикуваат ограничена зависност. Во оваа група спаѓаат: **фенобарбитал, хлорал хидрат, бензодиазепински транквилизатори, пропаксифен (седативи).**

**д.Ред V. (schedule V).**

Во оваа група спаѓаат супстанците кои имаат незначителни можности од злоупотреба. Супстанциите од оваа група можат да се купат во апотеки и без рецепти. САД многу јасно ги распоредува познатите дроги во овие редови и ги утврдуваат во своето законодавство експлицитно преку поименичен список на дрогите во секој ред.

Во продолжение на трудот посебно место на анализа ќе имаат синтетичките дроги, кои во едно претставуваат предмет на истражувањето.

[125] Ibid, str.16;
[126] Ibid, str.16;

## 1.5. Синтетички droги (СД)

Пред да се пристапи кон анализа на СД дроги сметаме за потребно во почетокот да се бавиме и со одредување на дефиницијата и нивното значење.

СД се психоактивни дроги или психотропни супстанци, кои со хемиски средства од изразен физиолошки чинители и при употреба ја менуваат мозочната функција,што резултира со привремена промена на перцепцијата, расположението, свеста и однесувањето.[127]

Ваквите дроги често се користат во рекреативни прилики во спиритуални цели, како лек за лечење на неуролошки и психолошки болести.

Многу од овие супстанци (стимуланси и депресори), можат да створат навика со кое предизвикуваат физичка зависност што потоа води до нивна злоупотреба.

СД се произведуваат со цел да се добие соодветна супстанца, која при употреба има ефект сличен како природните дроги.

СД во последно време, а посебно по 1980 година почнале да се произведуваат во илегални и несоодветни лаборатории, во кои се ангажираани несоодветни образовани кадри, т.н. „кујнски хемичари''.

Илегалните лаборатории се сместени во несоодветни услови и тоа во гаражи, напуштени згради или куќи, викендици и други објекти. Исто така и хемикалиите кои се употребуваат за производствио на ови дроги не се чисти и постои опасност да не се добие квалитетен и чист производ.

За разлика од природните дроги, популарноста на СД во последно време, посебно во почетокот на 21 век енормно е зголемена и тоа како резултат на ниската цена. Вакво нешто се постигнува бидејќи хемиската супстанца наменета за производство на пазарот се набавува со ниска цена на пр. За производство на СД се употребува хемиска супстанца „Фентољин'', која на пазарот се набавува и се продава за едне литар 2000$. Според проценките од еден литар фентољин, се произведуваат над 40 милони дозни единици, што значи од нивна продажба на улица се добиваат над еден милион долари профит.

Поради тоа на пазарот секоја година се појавуваат повеќе врсти односно повеќе илјади видови на СД.

[127] https://hr.wikipedia.org/Wiki/psihoaktivne.droge

Меѓу нив се појавуваат и такви кои при нивна употреба предизвикуваат повеќе и поголеми здравствени проблеми, а од некои видови со нивна употреба конзументите завршуваат и со смрт.

Од ваквите дроги најопасна е т.н. **„Крокодил'',** која илегално се произведува во илегални лаборатории во Русија. Првпат се појавува во 2002 година во Сибир, Русија, се продава како хероин, е присутна во северна Европа и се прави од секакво достапни хемиски супстанци.

„Крокодил'' се добива со варење на „кодеин'', заедно со бензин, олово, фосфор и друго и доколку се употребува повеќе од две години, на зависникот почнува да му паѓа месото од коските, се појавува гангрена, а потоа следи смрт.

Во Русија има најповеќе корисници на дрогите, и тоа над 2 милиони корисници.

Од ова бројка голем процент се корисници на СД, бидејќи дотокот на хероинот од Авганистан во Русија е намален, а со тоа цените на наркотиците се зголемуваат, со што зависниците се приморани да побарат други алтернативи, односно да конзумират СД. Овие дроги се произведуваат во домашни услови и се зимат интервенозно, се работи за СД „крокодил'', а се работи за хемиска супстанца наречена „дезоморфин'', синтетички опијат, кој неколку пати е појак од другите дроги (хероинот, кокаинот и др), и дека се работи за ефтина дрога која претежно се користи од сиромашни слоеви, а името го има добиено според кожата на крокодилот бидејќи од отровните сосотојки, кожата настанува по груба, како на крокодил.

Се проценува дека во Русија годишно од употреба на хероин умираат над 30.000 корисници, а дека за три години од појавата на „крокодил'' има над 100.000 зависници. Дезоморфинот,предизвикува највисок степен на зависност и тешко се излекува и тешко корисниците се одвикуваат. Воедно ако корисникот се обидува да одвикнува од употреба на ова дрога која трае над еден месец, болките се неподносливи и затоа корисниците употребуваат силни средства за смирување на болките.[128]

За разлика од природните дроги СД можат да се произведуваат во било какви услови и во хотелска соба, дома и други места, породи тоа се ефтини и се користат исклучиво од помладата популација, ученици, студенти и други, кои претставуваат главен таргет на дилерите и дистрибутерите.

[128] htp://www.vijesti.me/svijet/krokodil-droga-koja-jede-narkomane-u-rusiji-25613.

Постои голема опасност од појава на нови синтетички дроги на улица, и затоа постои и опасност од појава на „крокодил’’ и во земјите од З. Балкан. Во текот на 2015 година во Нови Сад за првпат се појавува ова дрога, а како корисник е девојче.



Слика 30, последици од користење на дрога



Слика 31,последици од користење на дрога крокодил

СД се произведуваат со цел да се добиваат супстанци кои  имаат слично дејство и ефекти како природните дроги.

СД  или стимулансите разорно делуваат врз нервниот систем и мозочните ќелии и на тој начин кај корисниците, особено помладата генерација од 17 години доаѓа до деменција (слабоумност, лудило, глупост), како кај 70-одишнците.

Исто така, влијаат и врз другите органи и на промената на психичките функции со што доаѓа до вистински психички проблеми како што се: депресија, параноја, па дури и до самоубиство.

Една група на СД ги сочинуваат супстанците што се  откриени со истражување на својствата и состојките на природните дроги, со давање на нови хемиски реагенси. Друга група на СД ја сочинуваат вештачкото добивање на супстанца што настанува со спојување на различни компоненти кои пред сé се наменети за илегалниот пазар на дрогите т.н.

“дизајнирани дроги“ за кои експертите од ООН предвидуваат дека покрај амфетаминот и другите психоактивни супстанци ќе бидат најприсутни што ќе се злоупотребуваат во 21 век.[129]

Во продолжение на текстот ќе ги претставуваме оние СД, кои се и најприсутни на илегалниот пазар, како во светот така и во земјите од западен Балкан.

### *1.5.1. Амфетамински дроги*

Амфетамините се синтетички стимулатори и спаѓаат во средни и тешки дроги, подготвени во различни варијации на таблети, ампули, прав и др. Амфетамините се употребуваат со голтање на таблети или правот и истите претставуваат најголема опасност во смисла на неговото ширење. Производството на амфетамините не е сложен процес и тие можат да се изработуваат во послабо опремени хемиски лаборатории, како и во разни погони, гаражи, подруми од куќи, па дури и во станови.

Исто така, хемикалиите што се потребни за производство на амфетамините не е тешко да се набават, особено од оние кои имаат намера да произведуваат вакви дроги.

Во оваа група на амфетамини спаѓаат повеќе од десетини соединенија кои се со релативно едноставни хемиски структури. Повеќето од нив имаат физиолошки дејства, меѓутоа значителен број од нив се користат како дроги. Споменатите соединенија се амфетамин, метамфетамин, метилендиоксиамфетамин (МДА), екстази, метилендиоксиетиламфетамин (МДМА), катинон и меткатинон.

Сите амфетамини, катинон и метакатинон по структура и по ефектите на дејството се слични. Екстазите, иако по однос на хемиската структура имаат сличности со амфетамините, меѓутоа по однос на ефектните дејствија се различити.[130] Интересно е тоа што при употреба тие не создаваат форми на физичка зависност.

Меѓутоа, психичката зависнот се јавува поретко и тоа во оние случаи кога корисникот ги конзумира во поголеми количини. Заради тоа, корисниците на овие дроги (амфетамини) можат да ги остават и да не претрпат никакви психички и физички тешкотии. Амфетамините воедно спаѓаат во т.н. „викенд дроги“, со оглед дека според досегашното истражување младите ги употребуваат за време на викендите кога се

[129] Up. Unodccp, Global illicif frends 200 str. 177, 196 I Unodccp, World Drugs Report 2000 str. 85-116.
[130] Пошироко види: Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 120;

собираат во журки, кафичи, диско клубови, средни училишта и др. Истите по правило се зимат со голтање во форма на таблети, како и при употреба на алкохолни пијалоци.

### *1.5.2. Амфетамин (amphetamine)*

Во почетокот како увод ќе изнесеме одредени историски податоци на употребата на амфетамин, за општите карактеристики, делувањето, користењето и зависноста.

#### 1.5.2.1.Историски податоци:

Во литературата се истакнува дека пред 5000 години во старата Кина се употребил билка наречена „хуанг'' која во себе содржала природни стимуланс наречен „ефедрин'', што се смета дека е многу сличен со амфетаминот. Се употребил за симнување на телесната температура, за проблемите со дишните органи, а воедно го препорачале и за војската при војување.

Името Амфетамин е кратенка од англискиот полн назив Alpha Methyl Thylamine.[131] Првпат е синтетизиран во 1887 година во Германија и се продавал како легален лек.

Во текот на 1930 година, се почнало на големо да се синтетизира, а во 1932 година почнува да се продава со името „бензедсрин'', во фрома на инхалатор за нос, за болни од асма и за настинки. Исто така се дава и како антидепресивен стимуланс, за симнување на килажи, а интересно што се давал и за лечење на зависноста од другите дроги.

Поради одредени празнини во законските решенија во САД не бил забранет се до 1970 година.

Употребата на амфатаминот посебно се користи за време на втората св. војна, од страна на германските , јапонските, британските сили, како и америчката војска за време на виетнамската војна. Исто така се смета дека и самиот Хитлер употребил метамфетамин, потоа Черчил и други лидери.

Со легалната примена на амфетаминот, така почнува истиот и да се злоупотербува. Во денечно време се користи во медицината само за лечење на психичките и концентрациските проблеми кај децата и за лечење на наркоелепсија.

[131] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge"*, Sremski Karlovac, 2007, str. 122;

1.5.2.2.Општи карактеристики, дејство и користење

Амфетаминиот во промет доаѓа како бел прашок, таблети или како паста, а во Република Македонија според истражувањето повеќе во форма на таблети, капсули, кристали и инјекции. Таблетата амфетамин содржи само мал дел од чистиот амфетамин 15 -30 мг., а поголем дел се неутрални полнења. Во почетокот амфетаминот се употребувал како лек, а и сега во некои земји е регистриран како лек.

Во Република Македонија од страна на фармацевтските фирми истиот не се произведува.

1.5.2.3. Дејство на амфетамин

Амефетаминот при употреба има краткотрајни дејства и тоа: забрзано чукање на срцето, забрзано дишење, зголемен крвен притисок и температура, широки зеници. Најчесто се користи орално (преку уста) во облик на таблети, со инхалирање, интравенозно и со пушење. Амфетаминот претставува стимулативно средство кое делува во централниот нервен систем. Синтетички амфетамини се викаат метамфетамини, кои се добиваат со преработка на ефедрин и псеудоефедрин, кои се користат и како лек.

Во организмот и во урината амфетаминот е присутен до 24 часа, а кај метамфетаминот до 3 дена. Општо земено, дејството на амфетамин и метамфетамин е доста слично, меѓутоа секоја од бројните манифестации (физички и психички), поизразени се кај метамфетаминот отколку кај амфетаминот.[132]

1.5.2.4. Еефектот

Делувањето почнува по 15-30 минути по употребата, а ефектот трае до 6 часа, односно до 24 часа. Ефектите зависат од количината, начинот на земањето и условите во кои се зима дрогата.

Лицето кое го употребува амфетаминот се чуствува немирен, и има чудни однесувања, без соодветно расположение, а ако зимаат поголема доза стануваат и агресивни.

1.5.2.5. Форма на амфетамин

Амфетаминот на илегалниот пазар се појавува во вид на спид, се работи за синтетички дериват на амфетаминот. Меѓутоа највеќе се појавува во форма на бел прашак,

[132] Ibid, str.122;

без мирис и со горчлив вкус, а во форма на капсули и кристали се појавува поретко.Чистотата на прашакот е од 6-10%



Слика 32, (Амфетамин)

1.5.2.6. Илегално производство на амфетаминот

Од сите СД што илегално се произведуваат, најмногу се произведува амфетаминот.[133]

Според објавените податоци во разни јавни извори, па и во литературата, амфетаминот најчесто се произведува во Западно - европските земји (Холандија, Белгија и др.) и во Соединетите Американски Држави.

Меѓутоа, интересно е тоа дека по 90-години, по падот на Источниот социјалистички блок, илегалното производство зема замав во одредени земји од овој блок, посебно Унгарија, Чешка, Полска и Бугарија. Во овие земји, илегалното производство на амфетаминот се споредува со производството во Холандија, како најпозната земја по тој основ, во Европа и светот. [134]

Според авторите Хаџиќ Павле и Калаба Бисерка, ваквата состојба можела да биде како последица, од една страна, на постоењето на образовани кадри хемичари во Источна Европа или неспремност на полициските органи квалитетно да се снајдат во новите околности (се мисли на политичките промени во тие земји), односно од недостаток на соодветна правна регулатива за состојбите што порано не биле присутни. Исто така, според нив, приливот на мафијашкиот капитал во Источните земји не е за потценување и истиот влијае и врз ширењето на илегалното производство на овој вид на droги.

[133] Ibid, str.122;

[134] Во 1990 год. во кинеската провинција Гуангдон, во Хаваите и Тајван регистрирано е првото организирано илегално производство на метамфетамин наменет за криумчарење за потребите на илегалниот нарко пазар во светот;





Ваквата ситуација, според објавените податоци, е слична и во Република Србија, а во прилог на истата е откривањето на две илегални лаборатории во Белград во кои се вршело илегално производство на синтетички droги, пред сé амфетамин. Во 2007 и 2008 година на периферијата на Белград (во населбите Крњача и Винчи) од страна на полициските служби откриена е значителна количина на различни хемиски супстанции потребни за илегално производство на дрога, како и 12.190,41 гр. амфетамини и 9.623,07 гр. прашок.[135]

Постојат повеќе начини на кој се произведува амфетаминот во илегалните лаборатории. Производството најчесто се состои од две хемиски реакции: во првата се произведува бензил метал кетан (БМК), а во другата ситуација овие елементи се преработуваат и на тој начин се добива амфетамин (види шема бр. 1).[136]




Слика 33 ( Формула за добивање на амфетамин од (ВМК)

Бензилметил катон се произведува на разни начини во зависност од тоа со какви суровини во моментот се располага. Од страна на хемичарите кои се бават со производство на оваа дрога, развиени се повеќе постапки за производство на амфетамин од БМК.

Според авторите Хаџиќ П. и Калаба Б., интересно е тоа што во целата органска хемија има помали единици за кои се разработени повеќе различни методи на синтеза. Тие многубројни синтези меѓусебно се разликуваат, воглавно по тоа која супстанција се користи како извор - база за внесување на аминогрупа во молекулата БМК, како и по редукционите средства што во таа прилика се користат.

Причини за изнаоѓање на овие многубројни методи, можат да се бараат во тоа што, кога еден начин на постоење е познат, тогаш полицијата сериозно ги следи суровините што се потребни за таква синтеза. Тогаш илегалните производувачи се принудени да се

[135] EMCODA – pregled za Srbija – internet adresa izvestaj, UNDOC, *„O sintetickim drogama“*;
[136] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 123;

заштитат и на тој начин изнаоѓаат нови методи за преработка на амфетамин односно со нови почетни супстанции.

Исто така, илегалните производители т.е. „хемичарите“ секогаш се дискретни и не зборуваат за нивните методи што ги користат за производство на дрога.[137]
Инаку, сите хемичари и илегални лаборатории сами прават ВМК, бидејќи ова супстанца тешко се наоѓа во слободна продажба и секој обид за илегално купување се забележува од полициските органи, на кој начин и се откриваат илегалните лаборатории.

1.5.2.7. Заплена на Амфетамин

Во периодот 2004 година од 6 тони што се запленети на светско ниво, околу 97% од вкупната количина се запленети во Европа.

Според податоците пред 2004 гоидина во Европа и светот се извршени над 33000 конфискации на амфетамин, односно околу 5.2 тони од која количина би се добиле над 9.9. милиони дози.

Во Европа, Англија го завзема првото место по заплена на амфетамин. Пред 2004 година во Турција се запленети 9.5 милиони единечни дози на амфетамин.
П о однос на цената, пред 2004 година по однос на амфетаминот кој варира во рамките на 4 евра по грам во Словенија, до 64 евра по грам во Малта. Во периодот 1999-2004 година цените на амфетамин се корегирани и се намалени, во повеќе земји во Европа.

### *1.5.3. Метамфетамин*

1.5.3.1. Општи карактеристики, дејствување, користење и краток историјат

Оваа дрога е позната како „посебна“ заради поврзаноста со здравствените и социјалните проблеми на корисниците. Метамфетаминот на улица во илегална продажба е познат под името ICE, SPEED, CRYSTAL-METH или NACI. Вака се вика, бидејќи за време на II- светска војна е користена од страна на нацистичките пилоти, како и од страна на јапонските камикази. Сојузничките пилоти предводени од американците претежно користеле амфетамин (Dehidrine), а со цел да останат повеќе време будни. Сепак, ваквото

[137] Мемети Ш. „*Криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во Република Македонија*, (магистерски труд 2011), 2011, str.35

именување не е универзално бидејќи на пример, називот (SPEED) на улица се однесува и на обичен амфетмин.[138]

Metamfetamin (*N-metil-alfa-metilpenetilamin*) е синтетичка дрога од споената група на фенилјетилјамин и амфетаминска класа, која многу бргу предизвикува зависност.[139]

Се работи за стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС) и таквите својства се слични на адреналинот. Метамфетаминот се користи како дрога за рекреација и ретко се користи за лечење на пореметената хиперактивност.

1.5.3.2. Форма на метамфетаминот

Metamfetamin постои во вид на две енантиомери и декстророторна и левороторна форма Декстро формата на метамфетаминот е посилна во вид на стимулација него лево-енантиомерот, но и двете се неуротоксични, предизвикуваат зависност и токсични ефекти, посебно кога се зима во поголеми дози.[140]

Оваа дрога се продава илегално во форма на прашак, пилула, капсула, кристал и други форми и е доста ефтина од другите илегални дроги и достапните супстанци. Метамфетамин се наоѓа во листата на II Конвенција на Обединетите Нации за психотропните супстанци (*United Nation Convention on Psychotropic Substances*), а во САД и во другите земји производството, дистрибуцијата и поседувањето на метамфетамин е ограничен или е илегален.[141]



Слика 34, метамфетамин во форма на кристал

[138]Мемети Ш. „*Криумчарење и недозволена трговија со синтетички droги во Република Македонија*, (магистерски труд 2011), 2011, str.35
[139] https://bs.wikipedia.org/wiki/Metamfetamin
[140] https://bs.wikipedia.org/wiki/Metamfetamin
[141] https://bs.wikipedia.org/wiki/Metamfetamin



Слика 35, здравствените последици предизвикувани од употреба на метамфетамин



Слика 36,средства кои се користат за конзумирање на метамфетамин

<u>1.5.3.3.Дејството и ефектите на метамфетаминот</u>

Дејството на метамфетаминот е стимулативно и тој е стимуланс.[142]

Тоа значи, со внесувањето во организмот корисникот чуствува сила и му се причинува дека може да работи и извршува многу тешки физички работи, дека тој може сé, се чуствува како многу силна личност, а што во суштина не може да го направи. Меѓутоа, како во II-светска војна, така и денес се користи кај поедини војски или терористички организации при извршување на тешки борбени активности, односно при извршување на самоубиствени напади. Не случајно овде треба да се спомене дека во групата на метамфетамини спаѓа и дрогата наречена КАТОТ, која потекнува од Источна Африка и Арапскиот Полуостров. Оваа дрога се прави од младите листови на Цатха едулис. Умерено џваканите листови на ова растение го зголемуваат расположението и го

[142] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 130;

намалуваат апетитот. Зголеменото негово користење резултира со манијачко однесување, параноја проследена со халуцинации.[143]

Метамфетаминот овозможува човек да издржи до три дена и за тоа време да има физички напори, а да не спие. Тоа значи дека, се смалува чувството за жед и глад, човекот не чувствува потреба од освежување со пијалоци или друг освежителен пијалок и дека корисниците под дејство на ова дрога малку јадат.

За време на дејството на ова дрога, менталната способност на корисниците е многу сочувана, немаат халуцинации, туку напротив нивната концентрација се зголемува, памтењето исто така им се зголемува, а се способни да извршат и посложени технички работи.

Меѓутоа, метамфетаминот не ја зголемува сексуалната способност, иако илегално се продава како составен дел на капсули со цел зголемување на таквата можност. Кај лицата што користат ваква дрога доаѓа до ширење на зениците, зголемување на работата на срцето, зголемување на крвниот притисок, крцкање на вилица на забите и др. Ако ова дрога (метамфетамин) се користи непрекинато подолг период се јавуваат и психички пореметувања, корисниците се чуствуваат како да се прогонети, мислат дека се следени, стануваат недоверливи, уплашени односно параноични.[144]

Дејството на оваа дрога  настапува 30-40 минути по користење и трае од 4-8 часа. Таблетите кои илегално се произведуваат содржат најчесто 5-15 мг. метамфетамин. Таблетите на илегалниот пазар можат да содржат смеса од амфетамин и матамфетамин.

[143]Мемети Ш. „*Криумчарење и недозволена трговија со синтетички droги во Република Македонија*, (магистерски труд 2011), 2011, str.36

[144] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 130;

1.5.3.4.Синтетизирањето на метамфетамии хемиските особини

Хемиската смеса на ова дрога може да се подготвува со Леучкартова метода од фенилацетон или со редуктивна аминација. (види подоле формула)




Слика 37 ,Леучкартова аминација-синтеза на метамфетамин

Ова дрога со современте хемиски процедури многу лесно се синтетизира и затоа ја прави доста опасна имајќи ги во предвид негативните последици по менбталното здравје на корисниците.[145]

1.5.3.5 Хемиските особини на метамфетаминот

Метамфетаминот се користи во форма на сол со хлороводеничната киселина, односно како метамфетамин хидрохлорид. Некои хемиски називи според ИУПАЦ (International Union of Pute and Applied chemistry), Интернационална унија за чиста и применета хемија или према CAS (Chemical Abstract System), се:

- N, alpha - Dimethylbenzeneethanamine
- d-N, alpha - Dimethylbenzeneethanamine
- d-N, methylamphetamine
- d- deoxyephedrine  d-desoxyephedrine
- l-phenyl - z – methylaminopropane
- d- phemylisopropylmethane

[145] https://bs.wikipedia.org/wiki/Metamfetamin

- methyl-beta-pheuylisopropylamine. [146]

Оваа дрога илегално се продава како хидрохлорид или понекогаш како сулфат. Како таков постоел, а и денес постои во фармацевтски фирми на поедини земји. Тогаш има назив:

- Methamphetamine hydrochloride
- Amphedroxun
- Desfedrin
- Methedrine и др.

**Хемиска структура**[147]




**метамфетамин**

1.5.3.6. Илегално производство, негова злоупотреба и последиците.

Илегалното производство на метамфетаминот е можно, бидејќи таму каде илегално се произведува амфетамин, се произведува и метамфетаминот, како и другите синтетички дроги. На илегалниот пазар криумчарите го продаваат метамфетаминот како екстази со цел добивање на поголема заработувачка, со оглед дека тешко се разликува од екстазите. Производните постапки кои се пристапни и од кои се добива скоро секоја количина на илегално производство на метамфетаминот се:

***Синтетизан метамфетамин од ефедрин или псеуефедрин***

- Постапка со тионилхлорид или халогенид и фосфор,
- Постапка со јод и црвен фосфор.

Метамфетамин од бензил метал кетан (ВМК).

Метамфетамин од ВМК и Н-метилформалид (Лојкартова реакција).[148]

---

[146] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 131;
[147] Ibid, str. 131;
[148] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 132;

Илегалното производство на метамфетаминот е заснован во многубројни методи и има неколку постапки, но најбитни се погоре споменатите три методи или постапки на негово илегално производство.



Слика 38, како изгледа корисник, пред и по употреба на метамфетамин



Слика 39, мини лабораторија за илегално производство на метамфетамин

1.5.3.6.1. Илустрација на податоци за употребата на метамфетамин во Европа во период 2006-2010 година извршени од истражувањето на Европскиот мониторинг центар за дрогите (**EMCDDA).**

Во истражувањето посебно е опфатена Норвешка, како и други земји од З. Европа во кои се произведува, криумчари и употребува метамфетаминот.

**Norway major Metamfetamine market (**Големиот норвешки пазар за метамфетамин)




Слика 40 (Норвешка )

Исто така во картата што подоле е прикажана, со соодветни бои се забележани земјите во кои илегално се произведува, криумчари и се користи метамфетаминот.

Во картата со црвена боја се забележани земјите каде метамфетаминот е најприсутен на светско ниво, а тоа се Кина, Филипините, Сингапур, Естонија, египет, Нигерија и други;

Со розева боја се опфатени земјите каде метамфетаминот е присутен во помали количини за разлика од претходните земји. Од ова се гледа дека се опфатени земјите од ЕУ, Норвешка, Исланд, Украина, потоа земјите од арапскиот свет, Иран, Пакистан,Мјанмар, и други. Ово истражување го има опфатено периодот од 2006-2010 година (види карта подолу).




Слика 41, (карта во која се забележани земјите во кои метамфетаминот е присутен на светско ниво)

Подолу се изнесени податоците на земјите во ЕУ, во кои метамфетаминот е најприсутен, како и за смртноста на корисниците од 20-65 годишна возраст. Се работи за

проценти на смртност на милион корисници и при тоа е констатирано дека најмногу проблеми се присутни во Естонија, со 190%, потоа норвешка со 75%, Исланд со 70%, Шведска со 62% и други. Од овој преглед може да се заклучи дека со, илегалното производство, криумчарењето, НТ и злоупотребата на метаммфетаминот претежно се опфатени земјите од З. Европа.




Слика 42 (податоци за земјите на ЕУ во кои метамфетаминот е најприсутен)

Според Jørgen Bramness од норвешкиот центар за истражување на зависници (SERAF), употребата на дрога во земјите од З. Европа секоја година се зголемува, а тоа на криумчарите и шверцерите им дава простор да ги зголемат капацитетите преку зголемување на илегалното производство.[149]

Во меѓународната конференција одржана во Монтреал, а во врска со сузбивање на наркотиците е констатирано дека синтетичките droги го освојуваат нарко пазарот во светот и дека претставуваат голема опасност по здравјето на луѓето.

Синтетичката дрога метамфетамин се смета за една од поопасните бидејќи со нејзина употреба најбрзо се предизвикува зависност, заради што се смета и за „глобална опасност''.

Заради тоа кокаинот и хероинот го има потиснато на второ место, по однос на последиците по здравјето на човекот.

Од 27 милиони корисници на амфетамин, во поголем процент користат метамфетамин. Ова бројка е поголема од она што користат кокаин и хероин заедно.

Ова пред се бидејќи е доста ефтина и во последно време е многу присутна во САД каде претежно го користи младата поипулација.

149 Emcdda.europa.eufn

Недозволената трговија на ова дрога све е по приситнма во светски рамки и секоја година повеќе се шири. Ова дрога се произведува во повеќе земји, а илегални лаборатории се откриени и во Индонезија, од каде се криумчари во Хонг конг, Тајланд, сингапур и САД.

Криминалните организации претежно криумчарат „мет'', кој се произведува во САД и од таму се транспортира во Јапан.

Хемикалиите кои се користат за илегално производство на метамфетамин се набавубва претежно во Индија и Кина, која со бродови се транспортира во Јужна и Северна Америка и Египет, преку Јужноафричка Република.[150]

*1.5.4. Екстази (MDMA)*

**МДМА**(methylenedioxymethamphetamine)- Екстаза(Ecstasy) е синтетичка и психоактивна дрога со стимулативни својства, како амфетаминот и халуциногена како ЛСД.

Поради тоа „екстазите" од хемиски аспект се сродни со амфетамините и затоа спаѓаат во тој тип на дрога, а нивната хемиската структура има сличности со метамфетаминот. Ваквата сличност криумчарите вешто ја користат, односно дека метамфетаминот го продаваат како екстази со цел добивање на поголем профит.

Хемиската структура на екстазите е следна:[151]



Слика 43,форма на екстази

[150] http://forum.burek.com/konferencija-o-suzbijanju-narkotika-sinteticke-droge-osvajaju-planetu-t105743.wap2.html
[151] Ibid, str.152;



Слика 44,формула на екстази

Од изнесената хемиска структура може да се забележи дека истата одговара со хемиската структура на метамфетаминот-MDMA (3,4-metilendioksid-metamfetamin) и се работи за синтетички дериват, односно дериват на амфетамин, кој во својата основна форма е како бел кристален прашак, иако нај често на пазарот се појавува во форма на капсула и таблета.

Во истото „семејство'' покрај него се наоѓа меѓу другите и MDA (metil-dioksi-amfetamin), MDE i MDEA (metil-dioksi-etil-amfetamin), кои се продаваат како таблети екстази.Инаку да се истакне дека како екстази во форма на таблети на пазарот се подметнуваат и разни други работи, како : DXM, ефедрин, амфетамин,кофеин и други дроги.

Овој вид синтетичка дрога покрај називот **„екстази“** има уште и други називи, како на пр. MDMA - Метилендиоксиметамфетамин, ADAM, 3, 4 Метилендиокси - Н-метиламфетамин, метилендиоксиметамфетамин, Н, alpha-N methyl 1,3-benzodioxole - 5 - ethamatie.[152]

1.5.4.1. Историски развој и појава на „екстазата'', како дрога.

Во литературата се спомнува дека екстазите се појавуват сосема неприметно во Германија во градот Дамштат, во 2012 година. Меѓутоа екстазите се откриени многу порано од американскиот хемичар Alexandar SHulgin кој ги користел како „Party-drogu''.

Рецептот на екстазите е модифициран од хемичарите на фармацевтска куќа МЕРК, во 2012 година, кога го пријавуваат како патентиран производ во вид на безбојно масло под името (3,4 Methylendioxi-N-methynlamphetamin'' или накратко MDMA.

[152] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 152;

Екстазата е доста популарна дрога, а почнува да се злоупотребува во 80-тите години од минатиот век, кога во светот се појавува т.н. „движење на хипиците”.

Две години подоцна во 2014 година е патентиран, само како хемикалија за производство на  други лекови, а не као анорексик, како што се зборува.

До почетокот на втората светска војана не се спомнува, меѓутоа во тој период истата хемикалија се тестира како и другите дроги со цел нивна употреба за време на војната

По тестирањето е констатирано дека е непотребен и целосно се вади од употреба, меѓутоа 60-тите години од 20 век, во приватна лабораторија ја синтетизира хемичарот Alexander Shulgin, кој станува познат по MDMA, поради својот интерес за производство на психички дроги излегува од комерцијална фармација. Истиот хемичар 30 година работел во својот „алхемичарски проект'', односно на производство на „mind-altering'' дроги.

При реализирање на фармаколошки истражување бил убеден дека може да произведува средства со чива помош може да ја прошири човечката перцепција.
Познатиот истражувачот А.Шулинг МДМА како дрога ја синтетизирал во 1965, а ја пробал во 1967, при тоа бил изненаден од чуството предизвикано од реакција та на дрогата.[153]

По ова му се доверил на својот пријател, кој бил психолог, со кој дрогата ја прошириле како терапетски потенцијал. Почнале да ја користат како помош, лек во психотерапија, за лечење на фобија, неуроза, брачни проблеми и многу пациенти биле убедени дека МДМА им помогнал.

Дрогата иако била употребена во сокриена форма, 70-тите години почнува да излегува на пазарот и се продава со упатсво(како да се извлече од „трипа'', што да се пие, како да се намалуваат здравствените проблеми и друго), меѓутоа по ова почнуваат да го користат дилерите кои му измислуваат ново име, наместо МДМА, „Екстази'', при тоа истакнувајќи дека подобро ќе се продава со вакво име, него со име „empathy'', што значи- ефект на доживувања на нечие чуство како да е твое, а кое во суштина го предизвикува МДМА.[154]

Екстазите за прв пат во ноќни клубови и барови се појавуваат во 80-тите години, при тоа рекламирајќи ја дрогата во повеќе списанија.

---

[153] http://farmaceuti.com/tekstovi/farmakologija-2/mdma-ecstasy-ekstazi/
[154] http://farmaceuti.com/tekstovi/farmakologija-2/mdma-ecstasy-ekstazi/

Во 1985 годи МДМА во САД се забранува и почнува од тој период да се произведува и продава илегално. Исто така, од страна на здравствените установи и други институции се доминизира истакнувајќи дека при употреба предизвикува оштетување на мозокот и други болести поврзан со нервниот систем.

Во овој период со подршка на психолози, истражувачи, адвокати и други, бараат да се преиспита криминализацијата на екстазите.

Екстазите во европското тло се појавуваат во 1980 година од минатиот век, и највеќе се употребуваат во ноќни диско клубови, како рекреативна дрога. Почетокот на 1981 година слично како во САД и во Европа се забранува за употреба и станува илегална и како таква се продава.

Меѓутоа интересно е дека во Англија се појавува во 1977 година, односно е откреиен хемичар кој произведувал супстанца со слична содржина како екстази.

Во поново време употребата на екстазите во Европа и пошироко во светот имаат земено голем замав и се поприсутни за разлика од другите дроги (хероин и кокаин). Ова пред се бидејќи нивната цена е доста пристапна и прифатлива и за пониските слоеви. Слична состојба е и во земјите од З. Балкан ( Србија, Албанија, БиХ, Црна Гора и Косово).Така една таблета екстази се продава од 50 денари до 250 денари во зависност од квалитет. Додека да речеме едно пакување на марихуана се продсава по 500 денари на црниот пазар, грам хероин се продава по цена од 1200-2000 денари.

1.5.4.2. Ефектите на екстазите, нивно делување и форма на изгледот.

Екстазите при употреба се поопасни по здравјето на конзументите отколку другите стимулативни средства, како што е „Спид''-амфетамин и „мет кристал''-метамфетамин.Во врска со употребата на синтетичките дроги една студија што е изведена во Англија, а во која е опфатен периодот 1999-2007 година , утврдено е дека многу лица починале по земањето на екстази кои воглавно биле млади и здрави особи, за разлика од оние кои користеле амфетамин или спид.Во тој период од земање на амфетамин и метамфетамин починале 835 лица, додека од употреба на екстази 605 лица. Дрога претежно користеле малолетници од 16-24 годишна возраст.Во Англија е рангирана меѓу поопасните дроги А класа слично како хероинот и кокаинот.[155]

[155] Opushteno.rs/zdrav-zivot-f28/ekstazi-opasniji-od-spida-i-meta-t 4672.html

Екстазите се појавуваат во форма на капсули, неретко и како прашок, и течност (а најчесто како таблета (слика бр. 9) кои се во различни форми, големина и боја. Во сите таблети се втиснати различни ознаки, животни, букви, фигури и др.

Екстазите најчесто се користат орално (преку уста со шмркање, а ретко инвенозно, делувањетото почнува по 15-20 минути од моментот на употреба и вкупно ефектот трае од три до шест часа).[156]

Постојат научни податоци кои укажуваат дека ако екстазите се употребуваат подолг временски период предизвикуваат деформација на неуронот (сератинин) нервните ќелии, што укажува на тоа дека може да се изгуби памтењето на некои случувања во животот на корисникот.

Во врска со ова постојат и спротивни научни податоци, кои ги побиваат погоре изнесените. Поради тоа прашањето за штетните последици што настануваат по корисникот и понатаму остануваат нерешени.[157]

Екстазите пред да се стават на листите на дрогите, MDMA е користен како дополнително средство при извршени психоанализи во одредени медицински установи и тоа исклучиво за вршење на експерименти. Се смета дека додека MDMA не била предвидена за казнива и дека при психијатриски сеанси, екстазите се употребени во смисла, пациентот да се „отвори“ пред психијатарот.[158]

Екстазите во кривично правната смисла се класификувани како опасна дрога (Red I) и нивното поседување е казниво со слична строгост како да поседувал хероин или кокаин. На пример, во Велика Британија, ако едно лице поседува повеќе од една таблета е доволен основ лицето да биде обвинето за производство и дилерство на наркотични средства.

Поаѓајќи од ваквата популарност на екстазите, за разлика од другите земји од опкружувањето (Србија и Бугарија), како и во одредени Западно Европски земји каде постојат лаборатории за илегално производство,[159] во нашата земја според истражувањата, како и другите податоци не постојат слични илегални лаборатории. Меѓутоа, екстазите

[156] Пошироко за екстазите види: K.L. Toschnet, 1 стр. 36;
[157] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 152; (фуснота под бр.7 и податоци преземени од американското списание „The New Scientis“, под наслов „Spasite labaratorije od patriotizma“;
[158] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 154;
[159] Првите тајни лаборатории за илегално производство на екстази откриени се кон средината на 80-те години на XX век, и тоа во Холандија, Германија, Белгија, Данска и Луксембург, а во поново време во Полска, Чешка, Бугарија и Србија. Според податоците, во тајните лаборатории во Холандија, дневно може да се произведуваат по 100.000 екстази. Во мај 1998 год. холандката полиција во Хаг кај 6 лица запленети се 500.000 екстази, 250 кг.амфетамин и хемикалии од која можеле да се произведат 2,5 милиони екстази.

посебно во форма на таблети од страна на криумчарите на илегален начин се внесуваат во Република Македонија.[160]

Постојат повеќе форми на синтези на екстази кои во илегални услови многу едноставно и практично се применуваат при нивно производство, а тие се следните:

- Синтеза од piperonal (нитростиренски пат)
- Синтеза од metilendioksifenilaceton
- Лојкартова реакција MD-P-Z-P и N.

Инаку самото илегално производство зависи од илегалниот производител, какви хемиски супстанци набавил и употребува при производството. „Екстазите'' илегално најповеќе се произведуваат во Холандија и Полска, а во поново време во Бугарија и Србија.[161]

Според извештаите на американското извршно биро за контрола на наркотиците од 2004 година се вели дека, од овие две земји потекнува 80% MDMA, која се троши во светот .

На илегалниот пазар под името „екстази'' се продаваат сите деривати што се извадени од амфетамин. Инаку слична синтетска супстанција на амфетамин и MDMA не постои во природата.[162]

„Екстази'' е синтетизиран и патентиран во Мерчковата лабораторија во 1914 година, со цел да се користи како средство за намалување на апетитот. Меѓутоа никогаш не бил регистриран за такви цели и само поради предизвикување на непожелни последици по организмот при употреба како лек.

Имало обид да се користи како психотераписко средство, меѓутоа тераписката ефикасност била доста слаба и затоа е одфрлен, но во текот на 1970 година, кога наркоманијата почнува да поприма глобални светски размери е реактивирана неговата злоупотреба.

Борбата против илегалното производство на MDMA покажува одреден резултат само тогаш кога се врши стриктна и сеопфатна контрола на прекурсоритетските компоненти неопходни за синтеза на синтетичките дроги.

---

[160] Memeti.Ш, „*Криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во Р. Македонија''*, (магистерски труд), Skopje, 2011, str.41

[161] DEA, Amphetamine & MDMA trafiching, Abuse in Europe, Dok. 6, str. 1-3;

[162] http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0042-8450/2005/0042-84500506467M.pdf

Во САД во внатрешноста на компаниите кои произведуват, дистрибуират и вршат увоз и извоз на хемиските компоненти што можат да послужат за синтетизирање на дрога, покрај ригорозните контроли им се врши и строга контрола на сите барања за нивна набавка.[163]

Поради тоа сметаме дека ваквиот начин на поставување на активностите на институциите можат да придонесат во намалување на злоупотребата на хемиските компоненти, а со тоа доста би придонеле во намалување на производството на дрогите воопшто.

1.5.4.3. Заплени на екстази

Според податоците на ОН најголем илегален пазар каде се присутни „еклстазите'' се САД, каде силните транснационалните мафијашки организации успеваат во Америка па и други земји да шверцуват огромни количини на „екстази''.

Обемот на НТ од година во година се зголемува, а со тоа и бројот на конзументите. Според податоците недозволената трговија со „екстази'', почнува да функционира по 1990 година од минатиот век. Така во америка во 1993 година се запленети 174000 таблети екстази. Ваквиот тренд продолжува и по овој период и во 1998 година се запленети над 1 милион таблети, а во 2000 година повеќе од 3 милиони .

Интересно е дека само една година по 2000 година се запленети 5.5 милиони таблети, што значи разликата од една година (2001 година) е за околу 2 милиони.
Во 1999 година според проценките на Интерпол, само во Европа се произведени 20 милиони таблети. Цената на една таблета изнесува од 5 до 17 долари. Највеќе се продава во форма на таблети во раличити облици и бои и со различен втиснат симбол.

Инаку полициските служби и институциите кои се вклучени во борба против дрогите и наркоманијата водат соодветен каталог за формата на таблетите, за кои се врши анализа на хемискиот состав и се нотира местото каде се откриени.

Анализа на хемискиот состав на таблетите кои се дистрибуираат со името „екстази'', покажува голема варијабилност, како по количина на активна супстанција, така и по составот.Во поедиони примероци MDMA недостасува и на негово место се наоѓа, MDA,PMA, MDEA, ефедрин, кофеин и друго.[164]

[163] http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0042-8450/2005/0042-84500506467M.pdf
[164] http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0042-8450/2005/0042-84500506467M.pdf

*1.5.5. ЛСД (LSD)*

Се работи за една од најсилните синтетички односно халуциногени дроги која по 1970 година се јавува во илегалниот пазар.

Самата кратенка LSD (ЛСД), потекнува од англискиот јазик и значи „Lyserguc Acid Diethylarmide'' или според хемиска номенклатура е име на **„**dietilamid litergicna kiselina**''.** ЛСД по хемиска структура е сложено соединение, кое може да се добие и со синтеза во лабораторија.[165]

Оваа дрога има многу сложен процес за да се илегално произведува, затоа бара соодветно знаење и искуство, односно искусни хемичари, што не е случај кај хемичарите кои се ангажирани од криминалните групи за илегално производство на синтетички дроги. Халуциногените дроги се познати со векови, уште кај примитивните луѓе биле присутни и тоа кога биле користени одредени растенија и габи, посебно при религиозни, медицински и други цели (кај лицата што ги користеле предизвикувале одредени психички пореметувања, односно халуцинации).

Во оваа група на дроги влегуваат ЛСД, ПСП (фенциклидин), мескалин, псилоцибин и други. Во овој дел посебно ќе се задржиме за ЛСД со оглед дека истиот често е присутен во илегалниот пазар во Република Македонија и пошироко во светот.

1.5.5.1. Историски развој

ЛСД прв пат е произведен во лабораторијата Самдоз, лоцирана во градот Базел, Швајцарија и е посочена како дрога која е наменета за користење на психијатриски здравствени цели. Во почетокот оставила позитивен впечаток во лечење на тешки психички пореметувања и поради тоа била чувана под строга контрола.[166]

Меѓутоа како што се појавува во јавноста почнува и да се злоупотребува за други цели, поради што знаејќи за каква дрога се работи и кои последици можат да настанат по корисниците се забранува да се употреби во било каква форма .Главните хемичари кои ја синтетизирале оваа халуциногена дрога се Arthur Stoll i d-r Albert Hofman, кои работеле во хемиската лабореаторија Самдоз, во Базел.

[165] https://hr.wikipedia.org/wiki/Lizergid_(LSD)
[166] https://hr.wikipedia.org/wiki/Lizergid_(LSD)

ЛСД од нивна страна е одкриен случајно , 1938 година и тоа од лизергинска киселина која се наоѓа во ражена глива (Claniceps purpurea)[167]

Задача на хемичарите било со истражувачка програма да го откријат хемискиот дериват Ergot alkoloida наменет за медицински цели и потреби. Меѓутоа вистинските ефекти на ЛСД се откреиени неколку години подоцна и тоа од страна на А. Хофман во 1943 година, кој го вратил претходното започнато истражување на тоа што до тогаш го викал „необично чуство''.

Кога викаме дека случајно е откриена оваа дрога, во предвид го имаме тоа што А. Хофман работејќи на хемиските особини на ЛСД, случајно мала количина му влегува во кожата, кое нешто го навело истата супстанца во количина од 250 микрограми да го тестира во самиот себеси, а при тоа мислејќи дека тестира медикамент за главоболка.

Хофман со оглед дека на работа одел со точак, од како го користел со истиот си заминал за дома. Меѓутоа приметил дека нешто чудно му се случува и дека ефектот е голем и дека во нормална ситуација дошол од како поминале 6 часа од моментот кога корител ЛСД.[168]

Не знаејќи што открил во неговата книга напишал:„Последниот петок во април 1943 година бев принуден да ја прекинам мојата работа во лабораторијата со цел да продолжам дома, суштествено вознемирен, кога легнав дома западнав во непријатна затруеност, како во состојба која е карактеризирана од крајно стимулирана имагинација. Во сон, со затворени очи забележав свет со фантастични слики, необични форми и состојби, со силна игра на бои. Меѓутоа, по два часа оваа состојба исчезна“.[169] Значи, ЛСД како „trip“ е откриена 1943 година.



Во 50 и 60-тите години, оваа дрога е користена и во медицината како психотерапија. Оваа дрога од страна на американската војска била користена за онеспособување на непријателските сили. Следејќи ја терапевтската потреба на ЛСД, во Америка, а и во Велика Британија, оваа дрога добива во публицитет и почнува да се употребува и надвор од медицинските установи, и да се злоупотребува.[170]

---

167 https://hr.wikipedia.org/wiki/Lizergid_(LSD).
168 https://hr.wikipedia.org/wiki/Lizergid_(LSD)
169 Albert Hofman, 1 – 6 Bisto 1;
170 Мемети Ш. „*Криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во Република Македонија,* (магистерски труд 2011), Скопје, 2011, str.44

Во преработката на ЛСД покрај Алберт Хофман, се занимавал  и харвардскиот професор по психологија Тимоти Лири, познат како „апостол“ на ЛСД. Заради тоа, тој бил избркан од Харвард, бидејќи било тешко дури и најфлексибилните научници да ги увери за научната оправданост на ЛСД, што Лири го организирал на трошок на универзитетот.[171]

Истражувачот Олдоис Хаксил во својата книга под наслов „Врата на перцепција“ го зголемува  значењето на ЛСД при тоа заговарајќи истата да се внесе во масовна употреба, заради подигање на човековата свест.[172]

Алберт Хофман секогаш се трудел неговиот изум да не падне во погрешни раце, меѓутоа тоа се случило, бидејќи со ЛСД почнала да се занимава американската разузнавачка служба ЦИА.

Во истражувачки проект наречен „MK Ultra” , спроведен од страна на ЦИА,  во кој биле опфатени голем број на граѓани  и на кои им давале да употребуваат ЛСД без нивно знаење и одобрување ( во истражувањето претежно биле опфатени војници, воените заробеници, психијатриски пациенти, криминалци и др.).

Овој проект по некое време бил откажан со објаснување дека не ги задоволил очекувањата од разузнавачки аспект.По неуспехот ЛСД да се користи за воено - разузнавачки цели, американските власти настојувале по секоја цена овој вид на дрога да се отстрани од улиците. И покрај сите забрани, ЛСД продолжил да се шири и илегално се произведува и криумчари и ден денес, а неретко и во Република Македонија, на што укажуваат истражувачките податоци.[173]

1.5.5.2.Делувањето на  ЛСД

ЛСД делува доста споро, а цел  „trip“ може да трае до 12 часа. Делувањето се чуствува по 20-90 минути, откако се внесува во организмот. Бидејќи се работи за многу силна дрога ефектот се добива со употреба на мала количина и тоа 50 микрограми што е сразмерно на 0.0005 грама или максимален ефект се постигнува со употреба на 500 микрограми (пола милиграм).[174]

---

[171] www.nihad-heroin.com#istorijat+lsd
[172] Ibid;стр,44
[173] Мемети Ш. *„Криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во Република Македонија,* (магистерски труд 2011), 2011, str.45
[174] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 173;

ЛСД, како најпопуларна дрога била во периодот помеѓу 70-80-тите години од минатиот век, во време кога се појави движењето на хипици и која важела за ексклузивна дрога, а корисниците го држеле ставот према светот.

Да напомнеме дека во Македонија, па и во земјите од З. Балкан оваа дрога не била и не е проширена и се употребува од мал број на корисници. Заплените се доста ретки и мали количини во сите земји од З. Балкан.

Корисникот на оваа дрога со внесување во организмот, може да почуствува визуелно (искривување на сликата која ја гледаат очите), со промени (и тоа екстремни) во однесувањето. Исто така, халуцинациите на конзументот се поврзани со променета перцепција, за големината и обликот на објектите, движењето, бојата и друго.

Чест феномен што го прати конзументот е т.н. „Флешбек", што значи повратна психичка реакција и се карактеризира како состојба која може да се појави од неколку дена, месеци па и година дена од последното конзумирање на дрогата.

ЛСД нема мирис, боја, има незначителен горчлив вкус. Се јавува во разни облици, како бел прашок растворлив во вода и алкохол, во форма на капсули или прашок во различни обоени капсули, во форма на бомбона, во хартии со разновидни цртежи и друго.

Покрај ЛСД во синтетичките халуциногени дроги се и следните: ПСП (фенциклодин) која се смета како најопасна дрога, Мескалин, Псилоцибин. По однос на овие видови дроги, можеме да истакнеме дека во наркопазарот во Република Македонија не е регистрирано, што значи не се присутни, а според податоците и на балканските простори е ретка.[175]




Слика 45,(Формула на ЛСД)

[175] Мемети Ш. „*Криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги во Република Македонија*, (магистерски труд 2011), 2011, str.45




Слика 46 ( форма на ЛСД)

1.5.5.3.Влијанието при употреба

По однос на тоа колку ЛСД од како се користи има влијание по здравјето, досега од направените повеќе истражувања не е докажано дека истата предизвикува физиолошка и физичка зависност.

Поради тоа се смета дека е многу тешка и предизвикува зависност.Ефектите на ЛСД можат да траат до 16 часа, а првите сигнали на делувањето се чуствуваат помеѓу 30-60 минути.

Да напомнеме дека постаојат и други синтетички droги како на пример: Катинон(Ефедрон и Џеф) и Меткатинон(Кат), кој се добива од ефедрин или од псеудоефедрин, Метадон кој во пазарот се појавува во форма на таблета и како течност за на игла. Иста така како други синтетички дроги се и Метаквалон,Рохипнол и други. Меѓутоа можам да истакнам дека овие дроги не се доста присутни на пазарот ретко се криумчарат и од тие причини не е пристапено кон нивно по опширно елаборирање, за разлика од другите синтетички дроги опфатени во ово истражување.

При употребата на оваа дрога интересно е да се одговори на прашањето, што чувствува корисникот на LSD?[176] Оваа дрога по користењето предизвикува силни и разновидни халуцинации, како и дека корисникот има чувство дека се претвара во предмет, дека може да разговатра со предметот, да разговара со боите и друго.[177]

**-Во врска со ова дрога значајно е да се знае дека:**

**1.**Под влијанието на LSD лицето може да покажува знаци на агресивност и не може да ги процени реалните односи во ствароност и може да скокне, на пр.низ прозор, од куќа, од дрво или од поголема висина мислејќи дека може да лета.

[176] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge“*, Sremski Karlovac, 2007, str. 174
[177] Ибид,стр,174

**2.** LSD  се употребува во помали количини и затоа е тешко да се открие дали лицето има користено дрога.Често пати се шверцува на тој начин што хартијата ќе ја топат со раствор на LSD и се остава хартијата да се исуши и истата не го менува изгледот. Потоа LSD  се користи на тој начин што хартијата се кине во парчиња и се голта.[178]

*1.5.6. Синтетичка дрога ,,Каптагон''*

Оваа синтетичка дрога, во трудот ја изнесувам заради тоа што истата според податоците кои се присутни, укажуват на тоа дека се користи од страна на припадниците на терористички организации, а во последно врме посебно од ,,Исламската држава''



Слика 47, формула на каптагон, која содржи амфетамин и кофеин




Слика 48, Каптагон во форма на таблети

Се работи за психостимулансна дрога, која претежно држи амфетамин и кофеин и е идеална за потикнување на аграсивност и елиминирање на стравот.

[178] Ибид,стр,174

Корисниците на „каптагон'' не можат да спијат, се чуствуват многу силни, како да можат со своето тело се да направат, и дека посилни од нив нема.

Оваа дрога се произведува и во Сирија, како и во други земји, Грција каде се запленети големи количини и исклучиво се шверцува во регионите опфатени со воени дејства, како во Ирак, Сирија, Авганистан и други региони.

Парите што се добиват од незаконска продажба на оваа дрога, се трошат за финансирање и за купување на модерно вооружување.

1.5.6.1. Историски податоци

Се работи за таблети и дрога која се синтетизира на база на амфетамин, која за прв пат е произведена 1960 година во американски лаборатории. Во почетокот е произведен како лек за хиперактивност, нарколепсија и депресија.

Произведени се во форма на пилули, кои во текот на 80 години од минатиот век се забранети во повеќе земји бидејќи предизвикуваат голема зависност. Ова пред се бидејќи при користење како лек се појавиле разни непознати појави, вклучувајќи и психоза и оштетување на мозокот. Каптагон според повеќе извори „дизајниран'' во една лабораторија на NATO во Софија во Бугарија, уште во 2011 година, а меѓу првите го користеле бунтовниците во Либија при симнување на Гадафи од власта.

Исто така оваа дрога, посебно амфетамин и метамфетамин се користени и за време на втората светска војна од страна на германските војници, американските војници и пилоти, како и јапонските пилоти камикази.

Во поново време милиони таблети се произведуваат во тајни лаборатории во Европа, Турска и Средниот исток, а масовно се користат во војната во Блискиот исток.

Првата злоупотреба на метамфетамин им се препишува на нацистичката власт на Хилер и на нивните сојузници Јапонија. Германците го произведувале метамфетаминот под фабричкото име „Первитин''

Денес ова дрога е позната и под името како „ИСИС-ова дрога'', за лудачки терористички злосторства.[179]

[179] http://www.vesti-info.rs/svet/tajna-captagona-teroristi-id-su-toliko-nadrogirani-da-ne-padaju-ni-posle-10-metaka

1.5.6.2. Делување и ефекти на „каптагон’’

**„Каптагон’’ е** психостимулан дериват на амфетамин кој влијае во отупување на нервниот систем и омозможува корисниците (кои се претежно војници), да се борат подолг временски период и да не чуствуваат болки при ранување или повреди.
Заради таквото силно дејство на „каптагонот’’ припадниците на ИСИС се однесуваат како ѕверови или посилни од нив.

Кога се конзумира „каптагон’’ повеќе не постои страв и спремни се да прават се што од нив се бара па и саморазнесување.[180]

Широката упоптреба на „каптагонот’’ и неговата злоупоптреба е регистрирана и од страна на UNDCD, која во годишниот извештај изнесуваат податоци дека користењето на оваа дрога и амфетамин е енормно зголемена во земјите на Блискиот исток, Саудиска Арабија, Ирак, Сирија Јордан и други земји.

Во текот на 2013 од запленетиот амфетамин 64 %, од светските заплени припаѓат на земјите од Блиски исток и дека поголемиот дел од таблетите на амфетамин биле во форма на „каптагон’’.

Во Европа и во земјите од З. Балкан ова дрога е позната и се води како „нова синтетичка дрога’’, а на пазарот е регистриран со стручно име „fenethyllin’’.

Највеќе илегално се произведува во лабораториите во Бугарија, Грција, Чешка, Унгарија,

Полска и Романија и дека постојат одредени сомненија дека исламските милитанти со оваа дрога се снабдуваат од европските илегални лаборатории.

Делувањето на „каптагон’’зависи од дозата, која е измислена за креирање на „супер борец’’, немање на потреба од спиење, неограничена енергија, еуфорија во убивањето било што, екстремно и радикално подигнување на толеранција на болка.

Сите ефекти во комбинација со радикализмот, верскиот екстремизам и фанатизам, омраза према другите кои „не се со нас’’, со оружје во раце и безаконие, резултира со сцена на тоа што сме, а за жал веќе готово се избезумиле и тоа: со ритуални убиства, сечење на глави, убивање на деца, жени, зверски мачења и друго.[181]

---

[180] http://www.blic.rs/vesti/svet/dzihad-droga-ova-tableta-od-islamista-pravi-teroristicke-zveri/fw2d5mz
[181] http://www.vesti-info.rs/svet/tajna-captagona-teroristi-id-su-toliko-nadrogirani-da-ne-padaju-ni-posle-10-metaka

1.5.6.3. Заплени на „каптагон''

Со почнување на воените дејствија во Блискиот исток, односно со почнување на т.н. „Арапска пролет'', се зголемува недозволената трговија со „каптагон'', наменет за борците на ИСИС и други терористички организација кои делуваа во регионот на Блискиот исток.

Во текот на 2017 гопдина во Грција се запленети голема количина на илегално производство на „каптагон'' во вредност од 10 милиони долари, а се откриени 635000 пилули синтетичка дрога „каптагон'' наменети за Блиски исток. Во недозволената трговија се инволвирани еден Турчин, Албанец и еден грчки полицаец во пензија.[182]

Во текот на 2016 година Јорданските власти успеале да откријат и запленат рекордни 13.2 милиони таблети „каптагон'' , кои се користат како стимуланс, а се произведувале во илегална лабораториоја во Сирија.[183]

Во текот на 2017 година во аеродром ..Шарл де Гол'' во Париз, Франција, царинските работници од почетокот на годината заплениле 135 кг, „каптагон'', позната како „џихадистичка дрога''. Само во текот на Јануари и Февруари се откриени и запленети 750.000 илјади пилули, со потекло од Либан.

Се претпоставува дека овој психостимуланс од страна на џихадистите се користи во земјите од З. Европа при реализирање на терористички напад, како што беше во Париз, Белгија, Германија и најново во Шпанија, а додека во Сирија и Ирак се користи пред извршување на убиства и мачења.

Често пати „Џихадистите оваа дрога ја користат и како средство за натурна трговија, што значи често пати дрогата ја менуват со оружје.[184]

Во текот на 2015 година турските власти успеале да откријат и запленат поголема количина на „каптагон'', во количина од 11 милијарди пилули. Дрогата е откриена на самата граница со Сирија во регионот на Хатај.[185]

---

[182] http://www.blic.rs/vesti/svet/grcka-policija-zaplenila-sinteticku-drogu-vrednu-10-miliona-evra/ej1el8y
[183] http://www.blic.rs/vesti/svet/u-jordanu-zaplenjeno-vise-od-13-miliona-tableta-amfetamina/lcfcmre
[184] http://www.espreso.rs/svet/planeta/151995/da-mirno-ubijaju-na-pariskom-aerodromu-zaplenjeno-135-kilograma-dzihadisticke-droge
[185] http://www.espreso.rs/svet/planeta/14484/turci-zaplenili-11-miliona-tableta-omiljene-droge-navucenih-dzihadista-video




Слика 49, Каптагон, синтетички стимулант на база на фенетилин е исклучително популарна дрога на Блискиот исток, а се произведува во Сирија).[186]

*1.5.7. Катинон и метакатинон*

Катинон (ефедрон, џеф) и меткаспинон (Кат) се синтетички дроги што се добиваат од ефедрин или псеудоефедрин. Имено, од ефедринот и псеудоефедринот се отстрануваат хидроелементите (со супституција на халогенот и со редукција) се добива метамфетамин што погоре е изнесена. Меѓутоа, со оксидација на хидрокиселинските групи и Кети групата кај ефедрин (псеудоефедрин се добива синтетичката дрога меткатинин, најпопуларна и се употребува претежно во Западните земји. Според хемиската структура, спаѓа во оние дроги слични на амфетаминот. Нејзиното дејство е стимулативно и слично е како на метамфетаминот. Оваа дрога се зема орално преку уста, а се појавува и во форма на таблети. Се работи за силна дрога и според некои податоци, нејзиното дејство трае до три дена. Некогаш оваа дрога во бившиот Советски сојуз била регистрирана како лек.[187]

## 1.6. Кривично правното одредување на кривичните дела „илегално производство'', „криумчарење и недозволена трговија''

Имајќи го во предвид предметот на научниот интерес на овој труд, што исклучиво ги опфаќа основните елементи на кривичните дела ,,илегално производство'', „криумчарење" и „недозволена трговија" со синтетички дроги, како и сите казниви

[186] https://youtu.be/ 7ke13JNlpBQ?t=23 (На ова интернет адреса се наоѓа видео снимка со податоци и фотографии, како припадниците на џихадсистичките терористички групи го користат ,,каптагонот'', како симулативно средство за да по користњето ги реализират нечовечките дејствија.)
[187] Hadžić, P. Kalaba B., *„Sintetičke droge"*, Sremski Karlovac, 2007, str. 167;

дејствија во областа на ИП криумчарењето и НТ, со предмети и стоки од поголема вредност, со цел да се покрие целата криминална зона на овој вид на криминалитет. Криумчарењето има меѓународен карактер, а се манифестира преку нарушување на царинскиот режим со пренесувањето на стоки од едната на другата страна на границата.[188] Криумчарењето се врши за да се избегне плаќањето на задолжителните царини, даноци и такси, а со цел да се постигне финансиска и трговска корист, преку избегнување на царинската, даночната, полициската и друг вид контрола, заобиколувајќи ги и ограничувањата врзани за внесување и изнесување на стоки.[189]

Имајќи предвид дека се работи за различни поими кои во нашето законодавство се третираат како две различни кривични дела, во натамошниот текст истите ќе се обработат како посебни кривични дела.

### *1.6.1.Кривично-правно одредување и нормираност на кривичното дело „Илегалното производство, односно, нелегалното производство''*

Илегалното производсво, криумчарењето, недозволената трговија, а со нив и наркоманијата, претставуваат еден од најзначајните безбедносни, општесвени, здравствени и социјални проблеми во целиот свет.

Опасност од наркотиците во одредени држави во светот достигнува такви размери што остава големи последици во социјалната и економската, а со тоа и безбедносната сфера.

Илегалното производство е тесно поврзано со ширењето на организираниот криоминал и корупцијата, особено во оние земји каде не функционираат државните институции, а со тоа и правниот систем, а кои можат да влијаат до одреден степен на намалување на процесот на илегалното производатво. Ова пред се бидејќи во ланецот на облиците на криминалитетот со наркотици, илегалното производство завзема клучно место во дејствување на криминалните организирани структури.

Во одредени земји илегалното производство и недозволената трговија се сметаат, како први национални стопански гранки, кои на криминалните групи им носи енормно голем финансиски профит.

---

[188] Цуклевски, Г. *„Најчести форми на криумчарење стоки во балканските земји“*, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2002, стр. 164;
[189] Ибид, стр. 163.

Во врска со погоре изнесеното во овој криминален ланец на дејствување, криминалните структури не бирајќи средства го потикнуваат илегалното производство, а паралелно со тоа преку нивните криминални мрежи го потикнуваат и зголемувањето на зависноста како еден од битните елементи од каде се добиваат финансиските бенифити. Поради тоа што колку поголем број на корисници и зависници на наркотични средства, толку повеќе се зголемува потребата од снабдување на пазарот, а со тоа и на потребата од зголемување на капацитетите на илегално производство.

Кога ја спомнувам зависноста што една дрога ја предизвикува, посебно синтетичките дроги, неминовно се поставува потребата и од согледување на факторите кои ја одредуваат опасноста од таа дрога.

Се работи за факторите кои предизвикуваат, штетност, цената на хемиската супстанца, начинот како синтетичката дрога го активира лачењето на хемикалијата, колку се опасни симтомите на одвикнување и други.

Поради ваквите карактеристики и опасноста по здравјето на луѓето што настанува со нивната употреба, секоја земја има превземено соодветни правни и законски параметри во насока на санкционирање на сите оние кои на било каков начин се инволвирани во криминални активности за илегално производство на наркотичните средства.

Според професорот В. Камбовски, феноменолошкиот и криминалниот аспект на илегалното производство и прометот со наркотични средства се однесува на злоупотребата, односно користењето на различни психоактивни супстанци, надвор од нивната ограничена и дозволена употреба за научни и медицински цели.[190]

Во ова ситуација предмет на злоупотреба – илегално производство, промет, дистрибуција и користње, се различните опијати, најчесто хероинот, канабисот, кокаинот и различните стимуланси од типот на амфетамин, како што се екстазите, метамфетамин и други.[191]

Во овој дел од трудот неминовно е во кратки црти да се изнесат и законските решенија и нормираноста на илегалното производство, односно недозволеното производство, како кривично дело.

Кривичниот Законик од 1996 година и Законот за изменување и дополнување на КЗ од 2004 година, самото кривично дело го има опфатено во глава XXV, Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство''. Членот 276 ст.1, од овој

---

[190] Камбовски В, *„Организиран криминал''*, Скопје 2005, стр.273
[191] Ибид, стр,273

Законот делумно го дефинира самиот термин на кривичното дело **„Недозволено производство''**, кој гласи **„Тој што произведува или преработува стоки чие производство или преработување е забрането, ако не постојат обележја на некое друго потешко дело''.**

Објект на заштита претставува производството, како важна гранка на стопанството и неконтролираното производство или трговија може да има штетни последици за здравјето на населението (лекови, наркотични droги и друго) или да претставува извор на опасност (оружје, експлозиви, муниција и друго). Порадио тоа  и казнено- правните одредби на ова сфера имат исклучителен и комплементарен карактер, што значи нивното дејство е ограничено на санкционирањето на забрани што се предвидени во други прописи.[192]

Меѓутоа, во контекст на ово кривично дело неминовно е да се наведе дека, илегалното производство, односно недозволеното производство е опфатено и во рамките на глава XXI од Кривичниот Законик на Република Македонија (Сл. весник на Република Македонија, бр.19/04), односно кривични дела чиј заштитен објект е здравјето на луѓето, а посебно на малолетниците. Со одредбите одржани во оваа глава опфатени се дејствија кои со оглед на обемот, начинот и масовноста, би можеле да предизвикуваат тешки последици по здравјето на луѓето, а посебно на помладата популација која се повеќе е инволвирана во консумирање на наркотични droги во оваа ситуација синтетички (амфетамини, екстази и ЛСД).

Во однос на субјективните битија на овие кривични дела, треба да се забележи дека основните дела можат да се извршат со умисла или од небрежност.

Одредувањето на поимот **илегално производство или како што е одредено во кривичниот законик „недозволено производсво''**, опфатено во Глава XXI „Кривични дела против здравјето на луѓето'', односно кривични дела во врска со наркотични droги и психотропните супстанци (член 215 и 216).

Со оглед дека се работи за негова сложеност, доста е тешко да се дава кратка и јасна дефиниција на ово кривично дело и како единствен начин за да биде по сеопфатна, се налага потреба од цитирање на законскиот текст во членот 215 од кривичниот закон на Р. Макледонија, кој носи наслов **„Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори''** и кој гласи: **Тој што неовластено организира, произведува, преработува, продава или нуди на продажба**

[192] Камбовски В, „Казнено право'', посебен дел, четврто издание, скопје 2003, стр.372

**или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори'',** во врска со што се одредува и соодветна казна, која не е предмет на овој труд. Понатаму, во овој член, во соодветни параграфи (ставови) се спомнуват и количините на откриената и запленета дрога, врз основа на која се одредува висината на казната.

Од самата дефиниција се гледа сложеноста на ово кривично дело, со оглед на тоа дека се налага потреба од разграничување што всушност во неговото битие представува основен, квалификуван, а што евентуално посебен облик на делото.

Основниот облик на делото е во став 1, додека во став 2 се одредуваат квалификационите околности кои на основниот облик на делото му даваат потежок квалификуван вид.

Според првиот облик (ст.1), основниот облик го има неовластеното произведување или преработување на супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори.[193]

Тоа значи дека неконтролираното, дистрибуирање и појавување на дрогата во промет, на улица, доаѓа како резултат на тоа дека илегалното ( не овластеното) производство треба да се врши заради продажба или пуштање во промет, а не е заради задоволување на личните потреби.[194]

Вториот облик (ст.1), дејствието на извршување е неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци или прекурсори по пат на , продавање, нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување , или посредување при продажба.[195]

Во контекст на ова доколку делото е умислено, тогаш сторителот на делото треба да биде свесен дека произведува или преработува, без соодветно овластување за тоа, супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги и психотропни супстанции или прекурсори, односно дека на кој и да е начин учествува во трговија со такви предмети.[196]

Во врска со ова, треба да истакнеме и за еден елемент на поврзаност на кривичното дело „криумчарење“ (чл. 278 од КЗ на РМ) и кривично дело од член 215, односно 216 од

[193] Камбовски В, „Казнено право'', посебен дел, четврто издание, Скопје 2003, стр.267,
[194] Ибид, стр.267
[195] Ибид, стр.267
[196] Ибид, стр.267

КЗ на РМ, што поопширно е елаборирано во поглавјето поврзаноста со овие кривични дела. Споменатиот елемент е во висината на казните кај кои кривичните дела криумчарење на наркотични дроги, се поврзува со член 215, се повисоки, односно до 10 години затвор.

Во овој дел од трудот, сметаме за потребно да се елаборира и **членот 216** од Кривичниот Законик на Република Македонија, кој гласи:

1). Тој кој што наведува друг на уживање наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори или му дава наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори да ги ужива тој или друго лице или да стави на располагање простории заради уживање наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори или на друг начин му овозможува на друг да ужива наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години;

2). Ако делото од став 1 е сторено спрема малолетник или спрема повеќе лица или предизвикало особено тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години;

3). Наркотичните дроги, психотропните супстанции и прекурзорите се одземаат.

Во член 216 е опфатено овозможувањето на употребата на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори.[197]

При извршување на ова кривично дело *постојат повеќе видови дејства на извршување, наведување на уживање и давање* на друг, психотропни супстанции и прекурзори *и давање на располагање на простории заради* уживање во конзумирање на наркотични дроги.

*Објект на заштита* при кривичното дело „неовластено пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурозри“ *е здравјето* на луѓето, посебно малолетниците, а последиците се состојат во загрозување на здравјето.

Материјата преку која се одредуваат наркотичните дроги, психотропните супстанции и прекурзорите е регулирана со Законот за производство и промет на опојни дроги[198].

Во нашето кривично законодавство како криминални однесувања со понезначителна опасност се појавуваат и други кривични (казнени) дела, кои со својата

[197] Кривичен Законик на Република Македонија, „Сл.весник на Република Македонија“, бр. 19/04;
[198] Закон за производство и промет со опојните дроги, Сл.лист на СФРЈ бр.13/91, преземен како Републички Закон;

инкриминирана тежина не спаѓаат во кривични дела, туку се сметаат за прекршоци. Имено, злоупотребата на дрогата е санкционирана како и прекршок според членот 23 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир[199] и членовите 40 до 45 од Законот за производство и промет на опојни droги. Да напомнеме дека во чл. 23 е предвидено дека прекршок претставува користењето дрога и психотропни супстанции (синтетички дроги).

*1.6.2.Кривично - правно одредување и нормираност на кривичното дело „криумчарење*"

Кривичниот Законик од 1996 година, и Законот за изменување и дополнување на КЗ од 2004 година и чл.278 ст.1 го дефинира на соодветен начин самиот поим на кривичното дело „криумчарење" истакнувајќи дека „**Тој кој што се занимава со пренесување стоки преку царинската линија избегнувајќи ја царинската контрола или тој кој што избегнувајќи ја царинската контрола ќе пренесе стока од поголема вредност".** Со оглед дека, „криумчарењето" се смета како царинско кривично дело, овој поим се објаснува и во Царинскиот Закон на Република Македонија[200] и тоа во чл. 3 став 1 и став 20 и гласи **„Криумчарење" е избегнување на царинска контрола при внесување и при изнесување на стоката во смисла на чл. 278 од КЗ на РМ, односно увезување и извезување стока надвор од одобрени царински точки и непридржување на прописите кои се однесуваат на поседување или на транспорт на стока низ територијата на Република Македонија, повреда на одредбите на член 5, 23 и 56 од Царинскиот закон, користење при преминување на граничната линија на возила, воздухоплови или пловни објекти со скриени делови во кои може да се складира стока без оглед дали таква стока ќе се открие како и користење на возила, воздухоплови или пловни објекти опремени да пренесуваат стока преку граничната линија без екипаж со далечинско управување.**

Основна карактеристика за ова кривично дело би било тоа што кривичното дело „криумчарење" е ново кривично дело што е воведено во Кривичниот законик од 1996 година. По однос на ова кривично дело, интересен е фактот што криумчарењето не беше познато во законодавствата на поранешна Југославија, што значи дека за првпат во 1996 година е воведено во Кривичниот Законик на Република Македонија.

---

[199] Закон за прекршоци против јавниот ред и мир, Сл. весник на Република Македонија бр. 66/07;

[200] Царински Закон на Република Македонија, Сл. весник na Република Македонија бр. 21/98, со нови измени и дополнувања -26/98, 63/98, 86/99, 25/00, 109/01, 31/01, 4/02 и 55/02;

По однос на воведувањето на ова кривично дело законодавецот правилно постапил бидејќи со тоа всушност се санкционираат постапките и несовесниот однос на граѓаните, особено оние вклучени во криумчарење на разновидна стока во овој случај и наркотични средства односно синтетички droги.

Од самата дефиниција се гледа основниот облик на делото кој е во став 1, додека во став 2 се одредуваат квалификационите околности кои на основниот облик на делото му даваат потежок квалификуван вид.

### 1.6.2.1.Објект на заштита на кривичното дело

Објект на заштита на ова кривично дело, покрај *трговијата* како облик на стопанска активност, се јавуват и *обврските за плаќањето* на законско предвидените давачки и придонеси како што се царинските, даночните давачки и сл.

Исто така, како објект на заштита е *царинскиот систем,* зад кој стои државниот интерес со наплата на царини, како и интересите на на пазарот и економскиот систем, што можат да бидат погодени со неконтролирано увезување на стоки преку државната граница. Криумчарењето е една долга криминална прогресија, што повлекува и низа други инкриминалции, како што е фалсификување на исправи, даночно затајување и друго.[201]

*Дејствие на извршување* на првиот облик е занимањето со криумчарење. Се работи за повеќе пати повторувани дејствија на пренесување стоки со избегнување на царинска контрола.[202]

Во контекст на првиот облик, во самото дело е присутен и вториот облик, кој се состои во тоа дека извршителот на кривичното дело презема само една активност поврзана со криумчарење на одредена стока која има многу поголема парична вредност од обично.

Затоа делото од став 2 од членот 278 се состои кога активностите се превземени од страна на организирана криминална банда, или дистрибуирање на неоцаринета стока, или делото го извршува вооружено лице со оружје или со употреба на сила или закана надвор од легален премин или со користење на специјален начин ни средства за криење на стоката.[203]

Поврзано со вториот облик, потешко се казнува и криумчарењето на стоки надвор од легалните гранични премини (со отварање на „диви'' премини), или со користење на

[201] Камбовски В, „Казнено право'', посебен дел, четврто издание, Скопје 2003, стр.373,
[202] Ибид, стр.373,
[203] Камбовски В, „Казнено право'', посебен дел, четврто издание, Скопје 2003, стр.374,

специален начин што е својствено на криумчарите на дрога, т.е. „бункери'',[204] во кои се сокрива дрогата, активност својствена на нарко криминалните групи.

Инаку во контекст на ово дело кое е поврзано и со царинскиот систем, да истакнеме дека, „Царината претставува инструмент за заштита на домашното стопанство од странска конкуренција, главно при увозот чиј квантитативен израз претставува износ на царината што треба да се плати според однапред утврдени и познати стапки за оделни видови стоки''.[205]

1.6.2.2.Објект на дејство на кривичното дело „криумчарење''.

Објект на дејството на кривично дело криумчарење е ***секоја стока*** која се пренесува физички преку царинската линија.[206] При тоа не е битно дали прометот со ваквата стока е допуштен, забранет или ограничен.[207]

Под поимите ***„прометот е допуштен“*** подразбираме кога увезената роба може да се пренесува преку царинска линија со оглед на тоа дека увозот на таа роба нема забрана ниту ограничување.

Под другиот термин ***„прометот е забранет“*** се подразбира кога увезената роба не смее да се пренесе преку царинска линија со оглед на тоа дека увозот не е дозволен односно е забранет. Во овој дел, можат да се сместат недозволените стоки како наркотиците, оружјето, запалливите предмети, акцизни стоки и др., што на било кој начин се штетни за здравјето на луѓето.

Што се однесува до третиот елемент ***„прометот е ограничен“*** се подразбира тоа кога робата нецелосно односно делумно е дозволена и дека таквата роба може да се пренесе преку царинската линија. На пр. да се дозволи ограничен увоз во висина на нашите потреби или да се дозволи ограничен извоз само во висина над нашите потреби. [208]

1.6.2.3. Субјект на кривичното дело

Во однос на субјективната страна делото може да се стори и со постоење на умисла. Тоа значи дека кај сторителите треба да постои соодветна свест дека преку царинската линија пренесува роба, забранета, делумно забранета, при тоа избегнувајќи ја

---

[204] Ибид, стр.374
[205] Дилберов, Д.*„Криумчарење“*, Штип, 2006, стр. 19;
[206] Дилберов, Д.*„Криумчарење“*, Штип, 2006, стр. 21;
[207] Клуч, М. „*Пореска утаја и криумчарење*“, Београд, 1999;
[208] Дилберов, Д.*„Криумчарење“*, Штип, 2006, стр. 22;

царинската контрола. Исто така сторителот покрај свеста имал желба и го сакал неговото извршување, или кога бил свесен дека поради неговото дејствување или недејствување може да настапат штетни последици, но се согласил со нејзиното нестапување. Мотив за вршење на ова дело е остварување на приход. Меѓутоа не е потребно на сторителот на кривичното дело криумчарење, односно пренесувањето на стока преку царинска линија со избегнување на царинската контрола, да му биде главно или единствено занимање, ниту главен избор на приходи, односно тоа може да му претставува само дополнителен извор на приходи.[209]

#### 1.6.2.4. Основното битие на кривичното дело

Основното битие на кривичното дело „криумчарење“ ја подразбира ***неговата општествена опасност,*** заради што е воведено во Кривичниот законик. Елементи на ова би биле:

- За да се стори кривично дело потребно е стоката што е предмет на кривично дело да се пренесе преку царинската линија и при тоа да се избегне царинската контрола;
- Пренесената стока преку царинската линија, со избегнување на царинската контрола, да биде од поголема вредност.

*Последиците* на ова кривично дело се состои во *штетата* која настанува за буџетот заради избегнување плаќање царина и други давачки.

#### 1.6.2.5. Начинот на извршување на кривичното дело (поединечно или плуралитет на сторители)

Кривичното дело „криумчарење“ може да се изврши само од ***еден сторител*** или т.н. ***„плуралитет“,*** што значи во извршувањето учествуваат повеќе лица. Кога делото го врши само едно лице тој се јавува во улога на извршител. Извршител на ова дело е лицето што ги остварува со своето дејство што објективни и субјективни обележја на законското битие на делото.[210] Кога постои „плуралитет“ на сторители тоа подразбира учество на две или на повеќе лица во извршување на кривичното дело криумчарење.[211]

Во ова дело кога повеќе лица се учесници тогаш во неа учествуваат соизвршители што е предвидено во чл. 22 од КЗ, потоа истото се појавува во форма на соучесништво и

---

[209] Дилберов, Д.*„Криумчарење“*, Штип, 2006, стр. 25;
[210] Дилберов, Д.*„Криумчарење“*, Штип, 2006, стр. 26;
[211] Камбовски, В. „Учество на повеќе лица во казненото дело“ Скопје, 2001, стр.7;

се јавува во два вида: со потикнување што е опишано во чл. 23 од КЗ и помагање кое е опишано во чл. 24 од КЗ.

### *1.6.3.Кривично-правното одредување и нормираност на кривичното дело „недозволена трговија“*

Криминалната активност на поединци и групи позната како **„недозволена трговија“** со стоки и други вредности е стара колку што е старо и самото општество. Од оној момент кога државата, заради заштита на своите економски и други интереси почнува да ги регулира односите во областа на прометот со стоки со правни пропис, и за чие нарушување се предвидуваат и казни, може да се каже дека станува збор за недозволена трговија.

Во основа се работи за активности кои за предмет ја имаат трговска дејност со стока, и тоа со злато, странска валута, девизи, драгоцени метали, дијаманти, дрога, акцизни стоки и др., а кои се вршат на тој начин што е спротивен на Законот со кој се регулира прометот со тие вредности или пак со нивно илегално внесување и изнесување преку царинска линија или граничен појас (криумчарење), а со цел да се изврши продажба што е спротивно на постојните законски прописи.[212]

Основна цел на оваа криминална активност е доаѓање до голема заработувачка, што се реализира со избегнување на плаќање на царинските давачки и разликата во цената што се постигнува при продажба на вредностите.

Ваквите активности се инкримини во чл. 277 од Кривичниот Законик на Република Македонија. Карактеристично за ова кривично дело е неговата суштинска разлика од кривичното дело „недозволена трговија” по член 137 од Кривичниот Законик на Република Македонија што се применуваше до донесување на новиот Кривичен Законик на Република Македонија во јули 1996 година.

Разликата во нормирањето на ова кривичното дело од стариот Кривичен Законик се состои од бришење на одредени ставови и тоа ст.1 и ст.2 од чл. 137 и негово нормирање во нов член кој е сочинет од три става. Новите ставови и промените ќе се објаснат во понатамошниот текст, а воедно ќе се објасни и односот на кривичното дело „криумчарење“ и „недозволена трговија“ со droги односно со кривичното дело

[212] Водинелић, В. и Алексић, Ж. (1978) *„Основи криминалистичке методике“*, Београд, стр. 193;

„неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори“, опфатено во чл. 215 од Кривичниот закон на Р.Македонија.

1.6.3.1. Нормираноста на кривичното дело „недозволена трговија“

Кривичното дело „недозволена трговија“ е нормирано во чл. 277 од Кривичниот Законик на РМ која гласи:

1). Тој кој што неовластено купува, продава или разменува предмети или стоки од поголема вредност, чиј што промет е забранет или ограничен, ако не постојат обележја на некое друго дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

2). Ако сторитеот на делото од став 1 организирал мрежа на препродавачи или посредници, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

3). Предметот и стоката од недозволената трговија ќе се одземат[213].

Под поимот поголема вредност што е употребен во став 1 од овој член се подразбира, вредност што е сразмерна на износот на пет просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

1.6.3.2. Објект на кривично дело

Објект на кривичното дело се *стоките и предметите* кои се наменети за купување, продажба, размена и истите се во поголема количина и вредност, чиј што промет е ограничен или забранет.

1.6.3.3. Субјект на кривично дело

Кривичното дело „недозволена трговија“ спаѓа во општите кривични дела (delicta comunia) и претставува супсидијарно кривично дело од овој вид на криминалитет. Од ова произлегува дека како сторител може да се појави секое физичко лице бидејќи со своето однесување го исполнува законското битие на кривично дело. По однос на службените лица во Кривичниот Законик не е предвиден потежок облик доколку такво лице се појавува како извршител.

Сите форми на ова кривично дело се условени да бидат извршени со соодветна умисла од страна на сторителот (субјектот).

[213] Кривичен Законик на Република Македонија, „Сл.весник на Република Македонија“, бр. 19/04;

1.6.3.4. Објект на заштита на кривичното дело

Како објект на заштита се јавува *трговијата* што ги опфаќа сите видови на трговија во облик на стопанска активност поврзано со производството и потрошувачите. Од ова произлегува дека трговијата претставува подрачје каде се вршат разни злоупотреби било на штета на производителот или на потрошувачот. Одредени производи чиј промет е од посебен интерес и значење на земјата се заштитени со одредени законски прописи што го регулираат или го забрануваат нивниот промет, а нивното несоодветно почитување со Закон се казнува, како што е случај со ова кривично дело.

1.6.3.5. Дејствие на извршување на кривичното дело

Ова кривично дело има *две форми* на дејствија што меѓусебно се разликуваат при извршување. Првото се однесува на неовластено купување на предмети од поголема вредност заради продажба и добивање на профит. Второто е неовластено и во поголем обем занимавање со трговија или со посредување во трговија.

Во првата форма - дејствие на извршување е *самиот чин на купување* на предмети на кои се наменети за продажба, а во второт- дејствие на извршување преставува *неовластено продавање или разменување* на предмети од поголема вредност.

1.6.3.6. Потежок облик на кривично дело

Во рамките на ова кривично дело покрај основниот облик што е нормиран во ст. 1 од членот 277, е предвидена и потешка форма на ова кривично дело, а постои кога сторителот во извршување на делото *организирал своја мрежа на препродавачи (дилери) или посредници*, нормирано во ст.2.

*Под мрежа или група* се подразбира добро организирана врска помеѓу организаторот и најмалку двајца извршители, при што на прецизен и соодветен начин се даваат задачи во реализација на недозволената трговија (пример: кај препродавачите на наркотични средства).

*1.6.4. Блискоста и поврзаноста на кривичното дело „криумчарење“ и „недозволена трговија“ со кривичното дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори“*

Во овој дел од трудот ќе се даде една кратка анализа за да се даде соодветна природна, законска, криминална поврзаност и блискост на овие три кривични дела.
Самиот труд во погорните текстови се нотирани податоци во кои трите кривични дела се обработени како посебни кривични дела, кои завземаат соодветно место и регулирани со посебни членови ва самиот Кривичен Закон на Р. Македонија.

Затоа во овој дел во кратки црти ќе се обидам да прикажам за одредени елементи на блискоста и поврзаноста на овие кр. дела кога станува збор за криминалитетот со наркотични средства, што воедно е и цел на истражувањето т.е. илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги.

Кривичните дела „илегалното (недозволеното) производство’’, „криумчарење“ и „недозволена трговија“ на дрога имаат голема сличност со незаконската трговија со било која друга стока што се префрлува преку граница. Целта е избегнување на надзорот на надлежните царински и полициски служби. Меѓутоа, кривичното дело криумчарење и недозволената трговија со кривичното дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од аспект на кривична инкриминираност немаат блискост.

Имено, кривичното дело илегалното производство опфатено во чл. 215 од КЗ, се наоѓа во групата на кривичните дела против „здравјето на луѓето’’, со кое што се штити здравјето на човекот, кое до крајност се нарушува со употреба, односно злоупотреба на опојни дроги (во Република Македонија од природните дроги се консумира марихуана, хероин, помалку кокаин, а додека од психотропни супстанци и прекурсори и тоа стимуланси, амфетамин и екстази).

Инкриминацијата на ова дело се состои во неовластено производство, преработување, продавање или нудење на продажба или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

Кривичното дело од чл. 215 со кривичното дело криумчарење и недозволена трговија би имале блискост само тогаш кога предмет на криумчарење и недозволена трговија би биле наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

Оваа блискост се утврдува кога сторителот сторил кривично дело криумчарење или недозволена трговија на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, правилно би било кога сторителот не би се гонел за кривично дело криумчарење и недозволена трговија за кое е предвидена пониска казна (до 5 години), туку да се гони за кривично дело од чл. 215 од КЗ на РМ (неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори), а за кое дело е предвидена повисока казна и тоа до 10 години затвор.

### *1.6.5. Кривично-правна нормираност на ,,илегалното производство'', ,,криумчарењето" и ,,недозволената трговија" со синтетички дроги во земјите од Западен Балкан (Р. Србија, Р.БиХ, Р. ЦрнаГора, Р. Албанија, Р. Косово)*

Присуството на синтетичките дроги на илегалниот нарко-пазар претставува доста битен и неопходен фактор за постоење на нарко-криминалитетот, а со тоа и на елементите на истиот, илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија, чии димензии влијаат во потребата од поголемо побарување и набавка на синтетичките дроги.

Поради тоа илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија, посебно со наркотични средства претставува голем проблем за многу земји во регионот и пошироко, бидејќи ја нагризува нивната економска стабилност од една страна, а од друга страна го зголемува криминалитетот по однос на злоупотребата на дрогите.

Во врска со ова, може да се истакне дека нема држава која успеала целосно да го отстрани криумчарењето во делот на наркотичните средства. Оваа констатација важи и за најразвиените западни земји: Велика Британија, Белгија, Германија, Холандија и други.[214] Имајќи го во предвид тој факт, повеќе земји во Европа и пошироко во светот настојуваат во нивните законодавства да изнајдат што подобри и поквалитетни решенија по однос на нормирање на кривичните дела ,,илегално производство, криумчарењето и недозволената трговија со наркотици''

Во ова докторска дисертација, посебен акцент ќе им се придава на одредени законски решениа што се регулирани во земјите од Западен Балкан во врска со овие кривични дела и тоа: **Р. Србија, Р. БиХ, Р. Црна Гора, Р. Албанија и Р. Косово.**

[214] Дилберов Д., ,,*Криумчарење*", 2006, Штип, стр. 81;

1.6.5.1. Република Србија

Кривичното дело неовластено производство и ставање во промет на наркотични droги е опфатен во чл.246 од кривичниот закон на Р. Србија и спаѓа во групата на кривични дела против здравјето на луѓето. Се работи за доста сложено кривично дело и е доста тешко на самиот облик на кр. дело да се даде кратка и јасна дефиниција, заради присутноста на голем број на облици.

Активностите на кривичното дело можат да се појавуваат во следните облици, неовластено производство, преработка, продажба или нудење за продажба, купување, држење, или пренесување заради продажба, посредување при продажба или купување или неовластено ставање на било кој начин во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци.

Сите овие облици можат да се стават во две групи и тоа, неовластено производство и преработка на наркотични дроги и неовластено ставање во промет на наркотичните дроги.

Рековме дека спаѓа во групата на кривичните дела против здравјето, заради што објект на заштита е здравјето на луѓето.

Квалификуваниот облик на кр.дело се појавува во три вида:

-кога делото е извршено од странска група;

-кога делото е извршено од страна на организирана криминална мрежа на дилери или посредници; и

- кога делото е извршено од страна на организирана криминална група.

Во кривичниот закон на Србија е предвидено и едно кривично дело опфатено во членот 247.

Ово дело опфаќа кога едно лице му овозможува на друго лице да ужива при конзумирање на наркотични дроги.[215]

Кривичното дело **криумчарење** е регулирано во чл. 230, глава 22, во делот на кривични дела против стопанството од Кривичниот закон на Србија.[216] Ова кривично дело до пред донесувањето на новите измени и дополнувања на кривичниот закон на Р.Србија било регулирано со Царинскиот Закон, член 330.

Во Кривичниот Закон делото криумчарење е регулирано во став 4 од членот 230.

---

[215] http://www.jura.kg.ac.rs/gp/2/l/clanci/turanjanin.htm.

[216] Кривичен Закон на Р.Србија, со новите дополненија објавени во Службен весник на РС, бр. 85/2005, 88/2005, 107/2005, 72/2009 и 111/2009.

Првите два облика од став 1 на оваа одредба од КЗ на РС се истоветни, односно имаат исто значење со вториот облик од ставот 1 од кривичното дело криумчарење од членот 278 од КЗ на РМ, со таа разлика што во овој дел во КЗ на РС не е определен лимитот на вредноста на криумчарената роба, меѓутоа ова нешто е одредено во КЗ на РМ.

Според ова, како кривично дело криумчарење ќе се смета пренесувањето на секоја стока преку царинска линија со избегнување на мерките на царинскиот надзор и контрола или внесување на таква стока во царинското подрачје (и она која е со најниска вредност) со што не е извршено соодветно разграничување на ова дело со царински прекршок во самиот Закон.

Исто така во став 1 се содржани и одредбите во врска со пренесување на роба преку царинска линија и тоа вооружен, во група или со употреба на сила и закони. Овие одредби во кривичниот закон на РМ се регулирани во ставот 3 од член 278.

Став 2 од КЗ на РС ги регулира одредбите поврзани со продажбата, растурањето или прикривањето на не царинската роба односно одредбите во врска со организирање на мрежа на препродавачи и посредници за растурање на стоката.

Ставот 4 од членот 230 ги содржи одредбите поврзани со превозните или други средства чии засолништа или бункери се искористени за пренесување на стока што е предмет на делото од став 1 на истиот член.

Исто така, овој став ги содржи одредбите во смисла дека споменатите превозни средства што се наменети за извршување на делото ќе се одземаат ако сопственикот знаел или бил должен да знае, особено ако вредноста на стоката била повисока од една третина од вредноста на превозното средство кога е извршено кривичното дело.

Одредбите од ставот 4 на членот 230 во КЗ на РМ се предвидени во ставот 7 од членот 278 , како и во ставот 8 од истиот член.

За разлика од членот 230 на КЗ на РС, кој содржи само четири става од делото криумчарење, членот 278 од КЗ на РМ со кое е регулирано споменатото дело содржи 8 члена.

Исто така одредени дејствија од делото криумчарење се опфатени и нотирани во посебен член 278 и се води под назив „Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама".

Спротивно на КЗ на РМ, КЗ на РС не содржи одредби поврзани со казнената одговорност на правните лица за ова дело, кога службеното лице се јавува како лице што го помага и овозможува или прикрива, односно нема да го спречи вршењето на делото

„Криумчарење“ од став 1 и став 2 од член 278 од КЗ на РМ, а воедно не содржи посебни одредби за обидот на извршување.

Во КЗ на РС текстот на членот 230 (криумчарење) кој има 4 става гласи:

- став 1. кој се бави со пренесување на стока преку царинска линија, избегнувајќи ги мерките на царинскиот надзор и контрола или ги избегнува мерките на царинскиот надзор при пренесување на стока преку царинска линија вооружено, со група или со употреба на сила или закана, ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години затвор или со парична казна.
- став 2. кој се бави со продажба, растурање или со прикривање на неоцаринета стока или организира мрежа на препродавачи или посредници за растурање на таква стока, ќе се казни со затвор од една до осум години или со парична казна.
- став. 3 гласи: Стоката која е предмет на делото од став 1 и 2 на овој член ќе се одзема.
- став 4. гласи: Превозното или друго средство чии тајни засолништа и места се искористени за пренос на стока која е предмет на делото од став 1 на овој член или кое е наменето за извршување на тие кривични дела ќе се одзема ако сопственикот или корисникот на возилото тоа го знаело или бил должен да знае и ако вредноста на стоката што е предмет на кривичното дело ја надминува едната третина од вредноста на средството во времето на извршување на кривичното дело.
- Кривичното дело **недозволена трговија** е опфатен во членот 243 од кривичниот закон на Србија. Во ставот 1е предвидено кој нема соодветно овластување за трговија, да набави стока или други предмети во поголема вредност со намера да продава, или кој неовластено во поголем обим се бави со трговија или посредува во трговија ќе биде казнет. Ставот 2 од овој закон е предвидено тој што продава стока чие производство е недозволено ќе биде казнуван. Ово кривично дело има уште 3 става, во кои се предвидени соодветни казни.[217]

1.6.5.2. Република Црна Гора

Проблемот со злоупотреби на дрогата и наркоманијата во која спаѓат и кривичните дела, илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со наркотици, и

[217] КРИВИЧНИ ЗАКОНИК ("Сл. гласник РС", бр. 85/2005, 88/2005 - испр., 107/2005 - испр., 72/2009 и 111/2009)

покрај мерките што се преземат на национално ниво и во сите држави во светот, така и во Црна Гора се преземат слични активности.

Преку интензивна меѓународна, регионална и друга соработка, што се спроведуваат во Црна Гора, сепак не се постигнуваат завидни резултати во намалување на производството и понудата на наркотичните средства, заради што претставува значаен безбедносен проблем и опасност по самото општество.

Со овој проблем како и сите држави се соочува и Црна Гора и дека истиот почнува да се појавува по настанатите политички проблеми во тогашната држава Југославија, поточно во 1990 година.

Со цел да се справи со овој феномен, црногорските институции организирано почнуваат да се справуваат по 2008 година, кога ја носат Националната програма и стратегија за 2008-2012 година, во насока на изнаоѓање на соодветни решенија за справување со сузбивањето на кривичните дела поврзани со ова материја.

Посебен акцент им е посветен на обезбедување на координираните активности на сите институции во борба за спречавање на сите негативни појави од овој аспект, а со тоа сузбивање и спречување на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со наркотици. Во ова насока да се откријат и следат активностите на организираните криминални групи инволвирани во овие криминални активности и нивна поврзаност со меѓународни криминални групи.

Паралелно со ова во Црна Гора се донесени низа законски решенија во кои се опфатени кривичните дела повразни со дрогите почнувајќи од **„илегалното производство и криумчарењето и недозволената трговија'',**( Zakonik je objavljen u "Službenom listu RCG", br. 70/2003, 13/2004, 47/2006 i "Službenom listu CG", br. 40/2008, 25/2010, 32/2011, 40/2013 i 56/2013. Dana 1.9.2012. godine, prestale da važe odredbe glave VI - vidi: čl. 189. Zakona - 64/2011-1.(интернет на 23.09.2017 година).

Кривичното дело „неовластеното производство (илегалното производство), спаѓа во група на кривични дела против здравјето на луѓето, (глава 24, кривични дела против здравјето на луѓето), односно се опфатени две кривични дела и тоа: Неовластено производство, држење и ставање во промет на наркотични droги (чл.300 од кр. Закон на Цр на Гора) и овозможување на уживање при конзумирање на наркотични дроги (чл.301

од КЗ на ЦГ). Исто така, во врска со ова со кривичниот законик е предвидена и посебна кривична санкција-мерка безбедност, обавезно лекување на наркоманите и друго.[218]

Овие законски решенија поврзани со кривичното дело неовластено производство, криумчарење и НТ, се слични со законските решенија на другите земји од З. Балкан (Србија, БиХ, Косово и Македонија), разликата е во членовите, а додека сличностите се во припаѓањето по однос на тоа во кои глави на кривичните дела спаѓаат истите, односно, во кривични дела против здравјето на луѓето и во главата во кои се опфатени кривични дела против финансиите.

Меѓутоа големи разлики има во кривично правните решенија на овие кривични дела во Албанија, што се објаснети во поднасловот кој се однесува за Р. Албанија.

Во врска со ова, разлика има во Црна Гора, каде „криумчарењето'', е регулирано во членот 235, 236 и 237 од Царинскиот закон.[219]

Од споменатите членови, членот 235 содржи 6 става, членот 236 - еден став и членот 237 содржи два става. Во ставот 1 од членот 235 содржани се три облици. Првиот облик е сличен со првиот облик. на ставот 1 од член 278 од КЗ на РМ, додека вториот облик кој се состои во пренесување на стока преку царинска линија со избегнување на мерките на царинскиот надзор, вооружен, е предвиден во ставот три од чл. 278 од КЗ на РМ.

Од споменатите 6 ставови, колку што содржи чл. 235, посебно е интересен ставот 6, кој предвидува построга казна за сторителот на кривичното дело „криумчарење" доколку предмет на кривично дело со опојни дроги, оружје, нуклеарен материјал и опасни отпадни материи, исто така не е посебно регулиран во КЗ на РМ.

Членот 236 содржи само еден став и се однесува во организирање на мрежа на препродавачи или посредници за растурање на неоцаринета стока, е предвиден и во КЗ на РМ во ставот 3 од членот 278.

### 1.6.5.3. Федерација БиХ

Проблемот со наркотичните средства, опфатен во кривичните дела илегално производство, криумчарење и недозволена трговија, претставува нерешен проблем и дека

---

218 https://www.google.com/search?source=hp&q=krivicni+zakonik+crne+gore+2013&oq=krivicni+zakonik+crne+gore&gs_l=psy-ab.1.1.0l2j0i22i30k1l2.1631.10208.0.15373.27.23.0.0.0.0.826.3319.4-2j3j1.6.0....0...1.1.64.psy-ab..21.6.3315.0..0i131k1.0.2YyUMz0telo

219 Царинскиот Закон на Р.Црна Гора, Службен весник на Р.Црна Гора, бр. 7/2002, 38/2002, 72/2002, 21/2003 и 29/2005, членови 235, 236 и 237;

за првпат се појавува по завршување на војната во БиХ, што се случи по распадот на Југославија.

Во Федерацијата БиХ кривичното дело „криумчарење“ е регулирано во Кривичниот Закон, во членовите 272-а, 272-б и 272-в, опфатено во глава XXIV „Кривични дела од обласа на царината“.[220]

Членот 272-а од кривичното дело криумчарење содржи 5 става. Ставот 1 наполно е сличен со ставот 1 од членот 278 од КЗ на РМ. Ставот 2 од членот 272-а се однесува на пренесување стока преку царинската линија без потребното одобрение и со избегнување на мерките на царинската контрола и таа стока чиј увоз или извоз е забранет, ограничен или бара посебно одобрение или дозвола од надлежен орган, што не е посебно регулиран во КЗ на РМ. Ставот 3 содржи два облика на извршување на делото.

Првиот облик не е опфатен во КЗ на РМ и се состои во пренесување преку царинска линија со делото од ст. 1 и ст. 2 предмети, стока или супстанции кои се опасни по животот или за здравјето на луѓето или претставуваат опасност за јавната сигурност.

Вториот облик кој се однесува на пренесување стока преку царинска линија со делата од ст. 1 и ст. 2 и тоа со употреба на оружје, сила или закана, е опфатен и во КЗ на РМ во ст. 3 од чл. 278.

Ставот 4 е сличен како и во првобитниот текст на КЗ на РМ од 1996 кој предвидува дека робата што е предмет на делото ќе се одземе.

Ставот 5 определува дека ако сопственикот или корисникот на возилото знаел или можел и бил должен да знае дека превозното средство чии тајни и скришни места се искористени за пренос на стока која е предмет на делото од став 1 до став 3 од овој член или кое е наменето за извршување на тоа кривично дело ќе се одземе.

Во споменатиот член (272-а), по однос на стореното дело одделно според ставот се предвидени следните казни:

- ставот 1 кој преку царинската линија пренесе стока од поголема вредност избегнувајќи ги мерките на царинска контрола, која се занимава со пренесување стока преку царинска линија, ќе се казни со затвор до 3 години и со парична казна;
- став 2 кој без потребното одобрение избегнувајќи ги мерките на ЦК преку царинската линија, пренесе стока чиј увоз и извоз е забранет, ограничен или бара посебно

[220] Кривичниот Закон на Федерацијата БиХ од 2000 година, според кој во КЗ на Федерацијата БиХ (службен весник на Фед. БиХ бр. 43/98, 2/99 и 15/99), после чл. 272 се додава нова глава XXIV-а Кривични дела од обласа на царината и нов член 272-а, 272-б и 272-в;

одобрение или дозвола на надлежниот орган, ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години и парична казна;

- став 3 ако со делото од став 1 и 2 од овој член преку царинска линија се пренесени предмети, стока или спстанции кои се опасни по животот или за здравјето на луѓето или претставуваат опасност за јавната сигурност, или тие дела се сторени со употреба на оружје, сила или закана, ќе се казни со затвор до 10 години;
- став 4 стоката која е предмет на кривичното дело ќе се одземе;
- став 5 превозното средство чии тајни или скрични места се искористени за пренос на стока која е предмет на делата од ставот 1 до ставот 3 од овој член ќе се одземе ако сопственикот или корисникот на возилото за тоа знаел или можел и бил должен да знае.

Членот 272-б, содржи два става:

- став 1 кој се однесува на организирање на група и здружение за организирано вршење криумчарење или мрежа на претпродавачи или на посредници за продажба или за растурање на неоцаринета стока, е истоветен со првиот облик од ставот 3 на член 278 од КЗ на РМ.
- во ставот 2 е инкриминирано дејството во врска со станување член на групата или на здружението од став 1 на овој член што не е предвиден во КЗ на РМ. Во овој став е предвидена казна затвор до 3 години.

Членот 272-в, содржи два става:

- став 1: кој со намера, тој или било кој друг, да избегне плаќање на царина или на други давачки кои се плаќаат при увозот на стоката, чиј износ преминува 5.000,00 км направи или поднесе на определениот царински орган фалсификувана исправа, уверение или друг документ кој е легален ќе се казни со затвор до 3 години.
- став 2: ако обврската чие плаќање е избегнато преминува износ од 20.000,00 км, ќе се казни со затвор од 1 до 8 години, ако тој износ е над 80.000,00 км ќе се казни со затвор од 2-12 години.

Кривичното дело поврзано со илегалното производство (неовластено производство) и недозволената трговија се наркотични средства спаѓа во глава XXI, кривични дела против здравјето на луѓето, опфатени во член 238 од кривичниопт закон на БиХ, кој гласи, „Неовластено производство и ставање во промет на опојни дроги'', член 1, кој неовластено произведува, преработува, продава или нуди за продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или

на друг начин неовластено става во промет материја или паковање што со закон се прогласени за опојни droги, ќе се казни со затвор од една до десет години затвор.

Во членот 2 се опфатени елементите поврзани со криминалните групи и гласи ,,кој организиара група на луѓе со цел да изврши кривично дело од став 1 на овој член, или станува член на таква организирана група, ќе се казни со затвор најмалку 3 години.

Овој член има и трет став, кој гласи, кој неовластено изработува, набавува, посредува или дава за употреба опрема, материјал или супстанца за кое знае дека е наменета за производство на дрога ќе се казни со затвор до пет години.

Покрај во членот 238, криминалните активности со опојни droги се опфатени и во членот 239 од кривичниот закон, кој гласи ,,поседување и овозможување за уживање со опојни droги''.

Членот 1 гласи ,, тој, кој  наведува друго лице да користи наркотично средство или му дава да ужива тој или друго лице или става на располагање просторија заради уживање со наркотични droги или на друг начин на друго лице му овозможува да ужива, ќе се казни со затвор до пет години.

Кривичното дело недозволена трговија член 267 и недозволено производство член 270 е опфатено во глава XXII, во која се опфатени кривичните дела против стопанството и платниот промет и трговијата.

Членот 267, став 1 од овој член гласи ,,Тој кој нема овластување за трговија, набави стока или друг предмет од општата потрошувачка чија вреднос надминува над 10.000 КМ со цел продажба, или тој кој на неовлатен начин во поголем обем се бави со трговија или со посредување или застапува во промет стоки и услуги, ќе се казни до три години затвор. Овој член има вкупно три става.

Членот 270 за недозволено производство, став 1 од овој член гласи,,Тој кој произведува или преработува стока чие производство или преработка е забранета, или ако со такво дело не извршува друго дело, со закон повисока казна  ќе се казни парично или до три години затвор.

Интерерсно е дека во двата члена се опфатени воопштени работи поврзани со недозволената трговија и илегалното производатво, без да се прецизира дека предмет на кривично дело се опојните droги, и како што во суштина покрај другите стоки влегуваат и опојните droги.

1.6.5.4 Р. Албанија

Проблемот со наркотичните средства, во Р. Албанија, претежно се опфатени во Глава III или (сексионот III), во кое се опфатени кривичните дела против јавниот ред и мир, а во кои се инкорпорирани кривичните дела поврзани со илегалното производство, криумчарењето и недозволена трговија со опојни дроги. Овие кривични дела и воопшто проблемот со опојни дроги во Албанија се појавуваат по политичката транзиција на земјата 90-те години од минатиот век.

Меѓутоа за разлика од Албанија, во земјите од поранешната Југославија (Србија, Македонија, Црна Гора, БиХ и Косово), кривичните дела поврзани со опојните дроги се опфатени во две глави и тоа, кривични дела против здравјето на луѓето и кр. дела против стопанството и платниот промет.

Во членот 283, се работи за производството и продажбата на наркотици.

Во став 1, тој што произведува, подготвува, растура, држи, нуди за продажба, продава, растурање во секоја форма, транспортира секаков вид наркотици или хемииски супстанци во спротивност со законските регулативи, ќе се казни со затвор од пет до петнаесет години.

Додека во истиот член се опфатени и криминалните дејствија, тој што организира, управува или ги финансира активностите за ова кривично дело, ќе се казни од десет до дваесет години затвор.

Во членот 284, станува збор за криминални активности поврзани за садење на наркотични дроги или трговија со семе кои служат за производство на наркотични дроги или психотропни супстанци без дозвола, се казнува со затвор од три до десет години затвор. Организирањето на овие криминални дејствија се казнуваат со затвор од пет до десет години.

Членот 284/а, (со измените и надополнувањата на законот бр. 8279 од 15.01. 1998 година членот 2), е предвидено во овој член во кој станува збор за организирање и управување со криминална организација, со крајна цел гаење, производство, фабрикување или криумчарење на наркотични дроги ќе се казни со затвор од десет до дваесет години.

Членот 285 има предвидено дејствија по однос на поседувањето на средствата кои се наменети за илегално производство на наркотични дроги.

Тој кој поседува, произведува, ги трансферира, дистрибуира споменатите средства, како и материјалите или хемиските супстанци кои се употребени или ќе се упоптребат за

илегално производство на наркотични дроги или синтетички дроги ќе се казни со затвор до пет  години.

Членот 286, влијание, за употреба на дрога.

Тој што влијае врз други лица за да употребат наркотични дроги или психотропни супстанци, однсоно или ќе го натера да се шприца без желба на оштетениот, ќе се казни со затвор од десет до петнаесет години.[221]

1.6.5.5. Р. Косово

Во Косово, проблемот со дрогата како посебна држава почнува да се третира по добиената независност во 2007 година, а според некои податоци на неорганизиран начин е третиран и пред 2007 година, од сттрана на УМНИК.

Во Косово кривичните дела илегално производство, криумчарењето и недозволената трговија не се присутни во големи размери, како во другите поранешни републики на бивша Југославија.

До 2004 година во Косово не постоел никаков закон со кој се регулирала правната рамка на  кривичните дела со опојни дроги. Кривичните дела од ова област се третирани според законските решенија од бивша Југославија со законот од 1977 година.

Членот 245 од овој закон ја регулирал материјата поврзана со, криумчарењето, илегалното производството и продажбата на наркотиците, садењето, ставањето во продажба и неовластената преработка на наркотични субстанци и други елементи поврзани со оваа материја.

Меѓутоа со донесување на нов привремен Кривичен Закон, кој во сила влегува на 06.04. 2004 година,[222]се регулира прашањето на организираниот криминал, а со тоа и за опојните дроги.

Ако се прави некоја паралела помеѓу привремениот Кривичен закон на Косово и оној од бивша Југославија, кој привремено е користен  од периодот 1999 година до 2004 година, по однос на прашањето на криминалот со дроги, тогаш новиот привремен Кривичен закон има потешки казни од оној од бивша Југославија. Воедно проблемот со дроги го обработува подетално и се дават повисоки казни за извршителите на овие кривични дела.

---

[221] https://reformanedrejtesi.al/sites/default/files/kodi_penal.pdfe(23.09.2017 година)

[222] http://www.scribd.com.

Посебно го третира илегалното производство, криумчарењето, недозволената трговија, продажбата, поседувањето, дилерувањето и друго.

Овие активности се опфатени во членот 273 од привремениот Кривичен закон, во кој во став 1, се опфатени погоре изнесените елементи, а воедно во истиот се додадени зборовите за „аналогни супстанци'' и на тој начин е проширена листата со опасните хемиски супстанци забранети со закон.

Новиот Кривичен закон на Р. Косово е донесен на 13.07.2012 година, во врска со наркотичните droги останува членот 273 од Кривичниот закон од 2004 година и во став 1 гласи: „тој кој без овластување купува или поседува со цел продажба или растурањето, или нуди на продажба супстанци или материи кои со закон се прогласени за забранети како наркотици, психотропни супстанци или аналогни супстанци ќе се казни со затвор од две до осум години.

Став 2 од овој член гласи, тој кој без овластување, растура, продава, транспортира, предава, посредува, или транзитно носи хемиски супстанци или материи кои се прогласени со закон за наркотични средства, психотропни сипстанци, со цел растурање, продажба или нудење за продажба ќе се казни со затвор од 2 до 12 години затвор.

Интересно е што во став 3 од овој закон, кој гласи „тој кој без овластување врши увоз или извезува хемиски супстанци или материи, кои со закон се прогласени како наркотици, психотропни супстанци или аналогни, ќе се казни со затвор од три до десет години.

Објект на ова кривично дело се правните односи кои се вметнати во територијата на Косово, со цел да се гарантира транспортот и администрирањето, продажбата, купувањето во согласност со законите кои се на сила.

Овие кривични дела се опфатени во глава XXIII, кривични дела против здравјето на луѓето. Што значи објект на заштита е здравјето на луѓето.

Од објективна страна кривичното дело се реализира со елементи кои консистират со криминални активности тоа:

а. Во продажба, купување, поседување и растурање;

б. Растурање, транспорт или предавање на стоката со цел растурање,продажба и друго;

ц. Како последни елементи на делото се, увозот и извозот на наркотиците или психотропните супстанци.

Субјективната страна на делото се протвзаконски активности кои се извршуваат со намера за финансиски профит, кое нешто не излегува во искажаната форма, туку тоа се гледа како цел на продажбата или растурањето, што на крајот резултира со единствена цел, обезбедување на материјална корист.

Како дополнение на кривичниот закон на Р. Косово е даден нов член 279, во кој законодавецот предвидел една законска диспозиција во форма за спроведување и предвидување на една соодветна и ефикасна борба против организираниот криминал во полето на криумчарењето, недозволената трговија и илегалното производство на наркотични средства, класифицирана како една од нај продуктивните индустрии по однос на финансиските добивки.

Така членот 279 опфаќа, „ Организирањето, управувањето или финансирањето и криумчарењето на наркотиците или психотропните супстанци''.

Ставот еден од овој член гласи „Тој кој организира, управува или финансира некое од делата од ова поглавје, ќе се казни со затвор од 2 до 10 години.

Ставот два гласи „кога кривичното дело од став 1 на овој закон опфаќа поголеми количини на наркотоици или психортропни супстанци, извршителот ќе се казни со затвор од 3 до 15 години.

Кога се прави компарација со правното регулирање на кривичните дела ;;илегално производство, криумчарење и недозволена трговија'', можеме да кажеме дека во новиот кривичен закон на Косово, посебно во дадениот член 279 се обработува како посебно дело криминалните активности на организторите, управителите на криминалните групи, за кои се предвидени високи казни, што не е случај ниту е присутно нешто слично во другите земји од З. Балкан, опфатени во трудот.

Законодавецот со дадените прецизирања на криминалните активности на извршителите на кривичните дела од областа на наркотичните дроги, опфатени во кривиочниот закон, на судовите и судиите им дава поголеми правни можности, да со казните ги опфаќа сите форми на делувањето на криминалните групи и на поединците во извршување на кривични дела од областа на наркотичните дроги. Во тој контекст и голема лепеза на дадени соодветни казни на криминалците, со единствена цел придонесување во борба против ова светско зло.

Инаку кривичниот закон на Косово при читање и анализа доста тешко се разбира и става одредени дилеми во смисла колку обичниот граѓанин на Косово би бил во можност да го разбере.

Косово по прогласување на независност 2008 година до сега доста високо го има зајакнато правниот систем а со тоа има донесено и соодветни закони насочени во борба против наркотиците, а тоа го имаат направено врз основа на најдобрите меѓународни искуства поврзани во борбата против дрогите. Исто така во тој контекст ги имаат вградено три главни механизми на УН и тоа: Конвенцијата на ОН против трговијата на наркотиците и психотропните супстанци; Конвенцијата за психотропните супстанци.[223]

1.6.5.6. Краток компаративен кривично правен аспект, за кривичните дела поврзани со дрогите во земјите од З. Балкан.

Анализирајќи ги членовите од кривичниот законик на Р. Албанија поврзан со наркотичните droги и доколку се прави компарација, можеме да констатираме дека предвидените затворски казни во Албанија се многу по високи и построги од оние во другите земји од З. Бакан (Македонија, Србија, БиХ, Косово и Ц. Гора). Така во другите земји од З. Балкан казните се движат максимум до 15 години, додека во Албанија највисока казна достигнува затворска казна до 20 години затвор.

До 15 години затвор се опфатени повеќе кривични дела, за разлика од другите земји од З. Балкан.

Инаку кривичните дела поврзани со дрогите во Албанија се опфатени само во главата III, кривични дела против јавниот ред и мир и дека делата се определени во поведќе членови (283, 283 а, 283 б, 284, 284 а, 284б, 284,ц, 284 ч, 285, 285 а, 285б, 286, 286а).

Во другите земји од З. Балкан опфатени во истражувањето кривичните дела поврзани со дрогите се опфатени кај сите во две глави и тоа: кривичните дела криумчарење, недозволена трговија и илегално производство, се опфатени во главата на кривични дела против јавните финансии и стопанисувањето, додека кривичното дело поврзано со недозволенато производство и ставање во промет на наркотичните дроги е во Глава во која се опфатени кривични дела против здравјето на луѓето.

[223] World_Drug_Report_2013.pdf 6 2004 godini, podrškom EMCDDA, lansirana je prva nacionalna opšta studija na Kosovu-(интернет 20.09.2017)

## 1.7. Меѓународно правно регулирање на проблемот со илегалното производство, криумчарење и недозволената трговија со синтетички и други дроги (со посебен осврт на меѓународните конвенции поврзани со оваа материја)

### *1.7.1. Меѓународната заедница и нејзините активности по однос на сузбивање на проблемот со дрогите.*

Активностите на меѓународната заедница кои се поврзани со сузбивањето и злоупотребата на дрогите датира од поодамна, првенствено од причини што илегалното производство и употребата на дрогите поприма и е присутна во светски размери, исто така се смета дека покрај илегалното, постои и законски дозволено производство и употреба а кое нешто би било од поширок општесвен интерес и корист.

Ова нешто прво би се регулирало на меѓународно ниво, а потоа истото би се превземало и би се регулирало во националните држави, донесувајќи соодветни законски прописи во склад со меѓународните договори, со цел придонесување во сузбивање на овој светски проблем.

Феноменот на дрогата претставува глобален и сериозен светски проблем. Покрај бројните културни социјални, економски и други разлики, луѓето низ светот имаат слични и идентични интереси, и на тој начин се изедначува пристапот до различни информации со кои дрогите стануваат подостапни. Ваквата достапност пред се се одвива преку разни криумчарски и шверцерски канали што се одвиваат во светски рамки.

Посебно на овој план се осетливи земјите со несигурни економски состојби и слаби социјални системи, како и оние земји во кои политичките настани, нивната внатрешна нестабилност или регионални конфликти придонесуваат кон слабеење на структурите на државна контрола. Сето ова им овозможува на криминалните структури, да се организираат, а криумчарите да ги реализираат нивните цели, во правец на зголемување на криминалните активности во недозволената трговија со синтетички како и со другите дроги.

Како типичен пример за погоре изнесеното служат земјите од З. Балкан, кај кои по демократските промени и политичките транзиции, војните кои се случија во истите придонесоа да се зголеми илегалното производство на дрогите, криумчарењето и шверцот и да станат клучен регион преку кои посебно место завзема т.н. „ Балканскиот пат на дрогата''

По однос на ова, низ целата историја на цивилизацијата на човекот постоела трговија меѓу народите и државите. Како во овие времиња и тогаш државите преку разни модели ги регулирале меѓусебните односи во поглед на трговијата. На тој начин, под посебни надзори и други контроли биле царинските и даночните служби, а во врска со одредени стоки кои како сега и тогаш биле забранети и подлежеле на одредена нивна нормираност, доколку доаѓало да истите бидат криумчарени.

Во тоа време, светските односи биле одредени со билатерални договори. Современиот свет кој се смета дека почнува со откривањето на Америка, ја зголемува светската трговија, а земјите кои имале современи превозни средства (поморски флоти), имале соодветна доминација над одредени светски региони. Меѓутоа, во почетокот на 20 век кога сообраќајот од сите видови е во голем развоен подем (тука до израз доаѓа комуникацијата, техниката, науката воопшто), овозможиле мигрирање на населението и тоа пред сé во потрага за работа и подобри услови за живот. Големо мигрирање во 20-тиот век предизвикале и двете светски војни.

Овие настани, како и промените на глобален план, допринеле одредени измени на демографски, национален, верски план, како и во промена на општествените структури. Сето ова, создало услови за погодно тло во смисла на ширење на социјалните девијации и засилување на факторите кои ги предизвикувале криминалните појави, области на зависности и други девијации, посебно поврзани со криумчарење на одредени дроги.

За разлика од посиромашните, современите држави брзо ги воочиле овие негативни појави и девијации, со оглед дека им ги загрозувале националните економии, сообраќајот и целокупното општество, заради што биле принудени покрај засилување на националните норми, нивните кривични законодавства ги хармонизирале со другите (првенствено со соседните држави“, а потоа и со останатите држави, што попримало веќе и меѓународен карактер. Ваквото уредување се одвивало со потпишување на спогодби и на тој начин се создале меѓународни правни акти со цел заштита на трговијата и намалување на криминалот пред сé од криумчарење и недозволена трговија на забранети и штетни стоки по здравјето на луѓето.

Во врска со ова се појавуваат и првите меѓународни договори како најбитни правни акти преку кои се остварува соработка на државите на меѓународен план.

*1.7.2.Соработката на државите во борба против криминалот со дрогата како глобален проблем се согледува како:*

**а) билатерална:** опфаќа размена на информации и контакти на државите и нивните органи и на тој план ангажирање на специјализирани служби;

**б) регионална:** ги опфаќа наведените активности на државите и организациите во поедини региони преку постојни организации, како што се: Совет на ЕЗ, ЕУ, Шенгенски систем, Организација на американските држави, Арапската лига и др.;

**в) универзална:** идентична активност на широк план што се одвива преку ООН, Интерпол и други организации.

Во врска со погоре изнесеното, потребата од донесување на соодветни акти на меѓународно ниво, ја налагаат состојбите што се поврзуваат со криумчарење на дрогите, како и нивната злоупотреба на европско и светско ниво.

Ова ќе го илустрираме со една студија под наслов „Ставови и мислења за дрогите на младите од Европската Унија“, спроведена со 7.600 млади лица на возраст од 15 до 24 години во 25 земји членки на ЕУ.[224]

Студијата е спроведена од Еуробарометар период април-мај 2004 година и истата покажала дека дрогите се лесно достапни во сите европски земји и дека најчеста причина за нивна употреба е љубопитноста и потребата да се скршат социјалните правила и вредности.

Според проценките,[225] во периодот од 1998-2001 година, вкупно 185 милиони луѓе во светот користеле различни видови нелегални дроги, а марихуаната е најраширена и најчесто употребувана дрога во околу 70% од сите случаи (147,4 милиони).

Исто така во земјите од ЕУ[226], канабисот продолжува да биде најчесто употребувана дрога, сега во експанзија во ЕУ со животна преваленција од повеќе од 22% кај целата популација. Од вкупниот број лица во светот кои злоупотребуваат дроги 4% користат хероин и 6% кокаин. Користењето и злоупотребата на овие дроги најмногу загрижува пред сé заради сериозните здравствени и социјални последици што произлегуваат од тоа. Хероинот се употребува во сите земји во светот, но најмногу во Европа и Азија. За разлика од него - кокаинот најмногу се употребува во Северна и Јужна

[224]htfp://Europa.euint/comm./public-oppinion/archives/elleks-172-enpdf#search>eurobarometar%20on%20drugs

[225]UNODS, извршно резиме, Глобални незаконски трендови на дрога 2003 година http://www.unods.org/pdf/report-2003-06-26-1-executive-sumai.pdf

[226] ЕМСАДА. Годишен извештај 2005 год. http://www.emcgga.eu.int/index.cfm

Америка, каде и највеќе се произведува. Меѓутоа, за разлика од погоре споменатите дроги во последните години, голема експанзија на светско ниво се забележува врз порастот на употребата на синтетичките дроги, а посебно амфетамин од синтетички вид.

Според податоците од UNODC, по канабисот, амфетаминските видови стимуланси се вториот тип дроги со најголема употреба низ целиот свет (се проценува дека 39 тони во 2000/2001 година се произведени). Исто така, се проценува дека околу 34 милиони луѓе во светот користат метамфетамин и амфетамин и 8 милиони луѓе кои користат екстази. Во врска со ова, и во Европа според податоците е забележано нивно користење и тоа амфетамински стимуланси. Во најново време се забележува зголемувањето на употреба на метамфетамински прекурзори (околу 12 пати повеќе од 2001 година во споредба со податоците од 1991 година). Ова укажува на порастот на употребата на овој вид дрога во 10 годишен период, а посебно ефедрин или псевдоефедрин. Имајќи ги во предвид овие податоци, ако би се правела некоја споредба со новиот 10 годишен период 2001/2010 година во недостиг на конкретни податоци со слободна проценка тоа би изнесувало 20 пати повеќе.

UNODC дава соодветни информации за јасната поврзаност меѓу организираниот криминал и амфетаминскиот вид на стимуланси и трговија и криумчарењето на нивните прекурзори. Интересно и јасно е, дека, групите одговорни за криумчарење и недозволена трговија со класични дроги почнале да ги пренасочуваат нивните илегални криминални активности кон синтетичките дроги. Користење на дроги негативно се одразува на целокупниот живот на луѓето и нивното функционирање на индивидуален, професионален, семеен и социјален план, со еден збор со тоа се предизвикуваат големи човечки загуби и страдања.

На проблемите што се предизвикуваат од неовластеното производство, трговија, криумчарење и употреба дроги, психотропни супстанции и прекурзори, треба да се гледа во контекст на современиот економски, социјален, па и политички развој. Ова пред се, влијае на промените во банкарскиот систем и процесите на приватизација на државни фирми кои придонесуваат кон фактот економските системи на многу земји да станат недоволно отпорни за да се борат против криминалните организации кои се бават со криумчарење на дроги.

Споменатите криминални организации, групи и поединци ја користат секоја можност што им се нуди со глобализацијата на пазарната економија и ги интензивираат нивните активности, вклучувајќи го пред сé неовластеното производство, криумчарење и

трговијата со дроги (посебно криумчарењето), дрогите ги прават по достапни, посебно во оние општества каде што социјалната како и граничната (царинската) контрола е недоволно развиена и неажурна.

Само по себе од погореизнесеното, се гледа дека ниедна земја не може да биде целосно ефикасна во спротивставувањето со проблемите поврзани со дрогите и затоа на меѓународен план се настојувало преку разни соработки, донесување на конвенции за зацврстување на соработката во правец на што поуспешно спротиставување на овој феномен.

*1.7.3. Меѓународни договори и конвенции поврзани со дрогите*

Меѓународната заедница сметајќи го овој проблем како доста опасен по здравјето на луѓето, националните економии и друго, во контуинитет му има посветено внимание на самиот феномен, и како разултат на таа ангажираност, организирала разновидни конференции и и други собири со меѓународен карактер и при тоа има усвоено повеќе документи, во кои се зацртани повеќа законски решенија, во правец на сузбивање на овој феномен.

Таквите меѓународни договори претставуваат манифестација или израз на желба и изразена волја на два или повеќе субјекти на меѓународното право со цел создавање на реципрочни права и обврски за договорените страни.

Пред традиционалниот назив на договорите во меѓународното право, вообичаено се користат и други називи како на пример: конвенции, протоколи, пакт, повелба, статут, декларација, акт и друго. Различните називи во суштина претставуваат синоним за една иста причина, а тоа е во согласност со две или повеќе желби, односно субјекти, производи на одредено правно дејство.[227]

Секој меѓународен договор што е постигнат (склучен) од членот на ООН се регистрира во секретаријатот на ООН и по стапување во сила, постигнатиот договор се објавува во Службен лист на Секретаријатот на ООН.

[227] Ш. Мемети, магистерски труд, Криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги во Македонија период 2001-2010, (магистерски труд 2011), Скопје, стр. 69

Криумчарењето на опојни droги како типичен деликт од интернационален каркатер, ги навело државите да веќе во првите години на овој век донесат меѓународни спогодби за контрола на опојни дроги.[228]

- Во 1909 година е одржана Шангајската конференција. Се работи за прв меѓународен документ од обласата на криумчарењето и контролата на опојните дроги потпишан 1909 година. Овие документи се потпишани на предлог на САД.
- Во 1912 година во Хаг од страна на 12 земји се усвои првата Меѓународна конвенција за опојни дроги позната како „Хашка конвенција". Хашката конвенција ги наведува мерките што треба да се преземаат од страна на земјите потписнички и тоа: мерки на превенција (забрана, постепено укинување или контрола на производството, увозот, извозот, преработката и внатрешна трговија со споменатите супстанции, мерки на ограничување на употребата, забрана на употреба на опојни дроги и казни за илегално поседување на опојни дроги.
- Во 1925 година е донесена Женевската конвенција. Се работи за прва Меѓународна конвенција за опиум, која како важечка станува во 1928 година. Истата ги уредувала дозволите за увоз и извоз за законско работење со опијати и тоа за научни и медицински потреби. Намерата на оваа конвенција била спречување на недозволената трговија и воспоставување на строги контроли на опиум. Интересно е што САД на оваа конференција побарала целосно укинување и забрана на употреба и производство на хероин. Со оваа конвенција под контрола е ставен и канабисот.
- Во 1931 година е одржана Втората Женевска Конвенција, која се однесувала за ограничување на производството и продажбата на дрогата.
- Истата година во Банког е потпишана спогодба за воспоставување на контрола на потрошувањето на опиумот и тоа за Далечниот Исток.
- Во 1936 година е одржана и донесена Трета Женевска Конвенција. Оваа конвенција се однесувала за забрана на недозволената трговија и криумчарењето на опасните дроги. Со оваа конвенција се внесени казни за недозволената трговија, како и се предвидени превентивни мерки за сузбивање на злоупотребата на дрогите. Целта била изедначување на казнената политика во оваа облст.
- Во 1946 година, во САД, градот Леик Саксесу (11.12.1946), е потпишан Протокол со кој се менуваат и дополнуваат дотогаш постојните конвенции од 1912, 1925, 1931, 1936 година. Овој протокол важечки станал во 1949 година.

[228] Ибид,

- Во 1953 година во Њујорк (САД-23.06.1953 год.), потпишан е Протокол за ограничување  и за уставување на производството и трговијата со опијати (афион и опиум).
- Во 1961 година, во Њујорк-САД, е усвоена единствена Конвенција за опојни droги, која со одредени надополнувања претставува збир на сите претходни документи од областа на дрогите. Оваа конвенција е потпишана од 73 држави.
- Во 1971 година за прв пат во Виена е усвоена конвенција која се однесувала исклучиво за психотропни супстанции.
- Во единствената конвенција од 1961 година, биле забележани при усвојувањето одредени недостатоци. Имено, државите потписнички освен дрогата, не ги земале во предвид и психотропните супстанции (како ЛСД, мескалин, стимуланси и др.).
- Во 1971 година, во Виена, Австрија, е одржана конференција во која е донесена Конвенција за психотропните супстанции. Конвенцијата донела и одредени конкретни обврски према државите потписнички, како на пример: оспособување на експерти кои би се бавеле во врска со спречување и сузбивање на злоупотребата на овие супстанции, и нивна недозволена трговија и промет.
- Во врска со претходната Конвенција во 1972 година, во Женева потпишан е Протокол за измени на единствената конвенција за опојните дроги од 1961 година. Со овој Протокол се проширува надзорот за одгледување на опиумскиот афион и производство на синтетички дроги.
- Во 1984 година, од страна на генералното собрание на ООН во Њујорк е донесена Декларација во врска со контролата врз трговијата и злоупотребата на дрогите и психотропните супстанции. Со оваа декларација ООН, трговијата и злупотребата на дрогата и психотропните супстанции ги препишува (означува) како „меѓународно криминална дејност“ која налага посебно внимание и превентивно однесување. Злоупотребата и недозволената (незаконска) трговија со дроги и психотропни супстанции претставува вистинска закана по безбедноста и развојот на многу држави и на кои треба да им се спротистави со сите законски средства на државен, регионален и меѓународен план.
- Борбата против овој вид на криминал во самата Декларација е означена како заедничка одговорност на сите држави во светот.

Со донесување на погоре споменатите капитални акти сепак не е сé решено. Потребата од решавање на зголемувањето на илегалната трговија на наркотиците резултира со донесување на Конвенција на ООН против незаконскиот промет на опојните droги и психотропните супстанции во 1988 година во Виена.

Целта на донесувањето на оваа Конвенција била да ја унапредува соработката помеѓу земјите потписници за да на тој начин можат што поефикасно се борат против разните аспекти на незаконското производство и криумчарење на опојните droги и психотропни супстанци кои имаат и попримаат меѓународни димензии.

По однос на погоре изнесените конвенции и протоколи, Република Македонија ги има ратификувано следните конвенции:

- Единствената конвенција на ООН за наркотични droги (1961 год.), Протокол за дополнување на единствената конвенција (1972 год.) на ООН;
- Конвенцијата за психотропни супстанции од 1971 година;
- Конвенцијата против нелегалната трговија со наркотични droги и психотропни супстанции од 1988 година во Виена, како и други конвенции кои не се поврзани со опојни droги.

*1.7.4. Меѓународни Конвенции за прекузори-Хемикалии*

Меѓународната конференција од 1984 година, за прв пат расправала во врска со проблемот поврзан со хемиските супстанци (прекурсори), кои се погодни и неопходни за производсво на опојни droги.

Веќе погоре во самиот труд е констатирано дека опојните droги, дали тие биле природни или синтетички, не можат да се произведуваат без присутноста на одредени хемикалии, кои се познати како прекурсори.

Се работи за основни супстанци кои се користат во почетниот процес на синтетизирање на опојните droги, исто така прекурсорите можат да се користат и во фармацевтската индустрија и други стопански гранки.

Во одржаната меѓународна конференција во Виена во 1988 година, за првпат е постигнат договор за воспоставување на меѓународна контрола на прекурсорите. Со воспоставување на ова меѓународна контрола употребата на овие хемиукалии доста внимателно се контролира, а како дел на оваа Конвенција се контролира и нивното производство слично како илегалното производство на опојните droги.

Според оваа Конвенција, како опасни хемикалии кои можат да се користат како основни хемикалии за производство на опојни droги, се издвоени околу 22 хемикалии кои нај често се користат за таа намена, а кои се споменуваат во самиот труд, во делот, хемикалии кои се потребни за производство на синтетички дроги.

### *1.7.5. Улогата на Европскиот центар EMCDDA (Европски центар за следење на дрогата и зависноста од дрогите)*

По соочување на светот со феноменот поврзан со злоупотребата на дрогите, а со тоа и појавата на криминалните организации кои преку соодветни криминални активности (илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија), гледајќи го исклучиво финансискиот профит, наметнуваат една невидена динамика на злоупотреба на наркотичните дроги кои предизвикуваат големи проблеми на економски, а пред се на здравствен проблем према човештвото.

Поради тоа со цел да до одреден степен се придонесува во намалување на злоупотребата на дрогата, ЕУ покренува иницијатива и во 1995 година во Лисабон се формира EMCDDA(Европски центар за следење на дрогата и зависноста од дрогите).

Овој центар има за задача да прибира податоци од сите национални држави во Европа, истите ги обработува и носи соодветни заклучоци и насоки за превентивно дејствувбање а со тоа да се придонесе во намалување на злоупотребата на дрогата во земјите од ЕУ.

EMCDDA заедно со Комисијата, со националните членки на EUROPOL, е идентификуван како клучни актер во имплементирање на целта, Акциониот план на ЕУ за дрогите во периодот 2005/2008 година, со кој се предвидува пружање на подршка на потенцијалните кандидати во процесот на стабилизација и приклучување кон EMcDDA.

Резултатите од следење на националните процеси поврзани со проблемот на дрогите се процесуират во Центарот во Лисабон каде се врши опсежна анализа и на крајот со објавуваат во годишен извештај за состојбите на дрогите во Европа.

EMCDDA во своите анализи има спроведено пет клучни индикатори поврзани со проблемот со дрогите а тоа се:

а.Преваленца и начинот на употребата на дрогата кај европската популација;

б. Преваленца и начините на употребата на проблематичните дроги ( статистичка преваленца/проценки на инцидентите и истражувањата спроведени меѓу зависниците);

б. ги истаржуваа заразните болести што се поврзуваат со употреба на дрогата(ХИВ и хепатит Б и Ц кај зависниците кои интравеносно ја користат дрогата);

в. Процентот на смртност што се појавува со употребата на дрогите;

г.Барање за лечење на зависноста од дрогата.[229]

Од земјите од З. Балкан, БиХ член на EMCDDA станува во 2007, додека другите земји (Македонија, Србија, Црна Гора и Албанија стануваат пред 2005 година, освен Косово, која се уште не е.)

Инаку капацитетите на земјите од З. Балкан да воспостават информативен систем за дрогите е компактибилен со EMCDDA. Целта на проектот е, на земјите од З. Балкан да им се даде соодветна подршка за подготвување на национален извештај поврзан со состојбите со дрога во нивните земји.

Инаку од земјите од З. Балкан по однос на следење на проблемот со дрогите и нивната злоупотреба предимство има Србија, која на национално ниво има основано соодветна Комисија која исклучиво е ангажирана на тој план и непосредно соработува со EMCDDA.[230]

## 1.8. Криминолошките аспекти на „илегално производство, криумчарење и недозволена трговија“

### *1.8.1. Причини и фактори кои делуваат на развивањето и појавата на „Илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со дроги во светот и во земјите од З. Балкан*

Криминолошкиот приод во објаснувањето на „илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со дроги претпоставува проучување на кривичните дела и другите асоцијални поведенија што ги вршат пред се добро организирани криминали структури, криумчарите, шверцерите, а со нив и консуматорите на дрога и тоа од аспект на причините кои условуваат вакво криминогено однесување на поединецот или групата.

[229] http://www.emcdda.europa.eu/publications/country-overviews/ba (извадено од интернет на 22.09.20-17)
[230] http://www.emcdda.europa.eu/publications/country-overviews/ba

Во врска со ова се наметнува и интеракцијата што постои помеѓу општествено-економските и социјалните услови за појавата и ширењето на овие негативни социопатолошки појави.

Ако криминолошките аспекти се гледат низ призмата на етиологијата, тогаш организираниот криминалитет со наркотици е една доста хетерогена појава и претставува светски проблем. Ова пред се, бидејќи во таа појава и проблем влијаат повеќе криминогени фактори, а посебно економските кризи, со кое се појавува сиромаштијата, а со тоа и социјалните проблеми во одредени региони, невработеноста и друго.

Од сруга страна ваквите криоминогени фактори се користат од криминалните структури кои во ова го гледат брзото богатење, посебно преку зголемување на илегалното производство на наркотичните дроги, а со тоа криумчарењето и недозволената трговија, при тоа ангажирајќи ги сиромашните и социјално загрозените слоеви на населението во светот.

Исто така, во вакви појави свое видно место завземаат, наркоманијата, алкохолизмот, проституцијата и други социопатолошки појави.

Криминалните структури на организиран начин влијаат во ангажирање на помладата популација која од страна на криминалните структури се користи како свежа „работна сила'' со посебен криминален третман за придонесување во илегалното производство, а посебно во криумчарењето и дистрибуирањето на наркотични дроги и злоупотреба на истите, со крајна цел доаѓање до високи финансиски средства. Илегалното производство, криумчарењето и недозволенета трговија имаат соодветно интеракциско поврзување, што значи едната без другата неможат до опстојуваат и затоа претставуваат соодветен криминолошки проблем.

Научните истражувања а со тоа и познавање на криминогените фактори во себе повлекува пред се истражување на самите причини.Познавањето на етиолошките аспекти (причините), нивното основање има соодветна поврзаност со последиците кои се цел и предуслов за контрола и ширење на организираниот криоминалитет, односно неговите битни форми, илегалното производство и криумчарењето со дроги.

Така истражувањето на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија, како клучни форми на организираниот криминалитет со наркотици, во кое спаѓа и одгледувањето, влијанието за употреба, продажбата низ целиот свет на дроги или синтетички дроги, било тоа да претставува поширока појава со опасни криминални

последици и нивната поврзаност со криминалот воопшто на глобално ниво, претставува основа со криминолошки и етиолошки карактер и аспект.

Од ова произлегува дека илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со наркотични средства може да се објасни соодветно, доколку се третира како зависност на општите криминални дејствија што го карактеризират човештвото воопшто. Ваквото третирање на криминалните дејствија, како што имаат свои позиции на светско ниво имаат и во земјите од З. Балкан. Ќе биде доста грешно доколку се мисли дека со помош на одредени причини можат целосно да се објаснат криминаолошките аспекти на организираниот криминал воопшто, а посебно неговите форми на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со droги, посебно синтетички и хемиски супстанци.

Анализирајќи го овој феномен од криминолошки аспект, а со тоа и криминогените факторите, кои дел од нив беа погоре наброени, се приближуваме до осознавање на причините што доведуват до развојот и појавата на овие форми на организираниот криминалитет.

Овие форми поврзани со криминалитетот со дрогите и другите хемиски супстанци и прекурсори, за нивната појава влијаат доста фактори и во врска со ова не е можно да се издвојат само дел од нив, туку повеќе, и тоа **објективни** (надворешни), тоа значи дека тие фактори имаат надворешно влијание према поединци по однос на нивните криминални однесувања. Тие фактори претежно се од економска, идеополитичка, микро и социопатолошка природа , како и **Субјективните** (внатрешните) причинители (или фактори) на криминалните однесувања на поединци се многубројни, кои можат да се поделат во фактори со општ карактер, во кои влегуваат поголемиот дел на кривични дела поврзани со дроги и на фактори кои важат само за одредени групи на кривични дела извршени од конзументи на дрога (наркомани).

Факторите кои во криминалното однесување влијаат непосредно се од поширока природа и се поврзуваат со состојбите во општеството и тоа, економската криза во една земја или пошироко во регионот, како што е балканскиот, поскапувањата кои доаѓат како резултат на економската криза, со тоа и сиромаштијата, која пак повлекува други девијантни однесувања, како што е проституцијата, алкохолизмот и други појави, поврзани со целосно деградирање на голем број на семејства.

Тргнувајќи од општиот пристап кон криминолошката обработка на овој криминалитет, поврзан со ИП, криумчарењето и НТ, дејствата и причините што ги чинат

овие инкриминации, на содржината на материјалните добра и односи што ги напаѓаат и на проблемите поврзани со неговото успешно откривање. Во врска со ови се тргнува од фактите што се присутни во современите општествено-економски, и социо-културни односи во современото општество.

Во контекст на ова, треба да се споменат и развиените трговски односи и другите комуникации (посебно интернетот, мобилната телефонија и др.), кои на овој криминалитет му даваат карактер на присутност, стимулирајќи го да се појавува во нови форми и облици, поврзани со илегалното производство на забранетите стоки (во оваа ситуација вештачките, па и природните дроги).

Од друга страна, нестабилноста на општествено-економските односи во светот и во земјите од З. Балкан, посебно влијанието на општата економска криза, придонесува овие криминогени појави (илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија) и нивните носители, постојано да ги менува и проширува формите на делување, а со тоа да ги менува методите и начините на извршување на кривичните дела во согласност со предметот на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија. Ваквата состојба придонесува овој криминалитет да опфаќа се поголем број учесници, и тоа на индивидуален и групен план, што би значело во по организирана форма.

Ако се тргне од мултикаузалноста, како основа за проучување на причините на која било криминогена и социопатолошка појава, ќе се види дека илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со дрога, а со тоа и нејзина злоупотреба е предизвикана од повеќе фактори и генератори кои влијаат оваа социопатолошка појава да исплива на површина и да егзистира и во сегашни современи услови.

Во литературата постојат повеќе приоди за откривање на причините кои ја условуваат појавата, а таа посебно се обработува во криминологијата и социјалната патологија. Според тоа во теоријата, една појава може да се гледа од најразлични приоди и тоа: **општествено-психолошки, објективно-субјективен, надворешно-внатрешен и други.** Некои автори, причините за овие криминогени појави ги гледаат и од аспект на карактеристиките на личностите и нивното деликвентно однесување.

Во современата наука, разни автори тргнуваат од разни теоретско-концептуални позиции, со претензии да ги објаснат криминогените фактори и причини. Самиот поим, криминогени фактори претставува сите оние околности и влијанија што преку своето взаемно и поврзано етиолошко делување го предизвикуваат криминалното поведение.

Тешкотии настануваат тогаш кога треба да се направи поделба на овој широк комплекс од криминогени влијанија.[231]

Во врска со ова, познато е дека е прифатено гледиштето на францускиот криминолог Габриел Тард, кој ги поделил факторите на субјективни-егзогени и објективни-ендогени. Егзогените фактори кои влијаат во самата појава на криминалитетот со криумчарењето на дрогата се: економските кризи, сиромаштијата и бедата (посебно во земјите во развој во која група спаѓаат земјите од З. Балкан) и оние кои се во дното на економските и социјалните проблеми посебни од Арапскиот, Азизискиот и Африканскиот регион.

Освен овие, тука до израз доаѓаат и т.н. социо-патолошките појави (проституцијата, алкохолизмот, наркоманијата, војните што се одвиваат во поедини региони - поранешна Југославија и делови од Азија, Пакистан, Авганистан, транснационалната криминализација на одредени општества и земји. Во сферата на овие фактори посебно до израз доаѓа заработувачката, потикнувањето и помагањето а понекогаш до израз доаѓаат и заканите што доведуваат и се повод за вршење на овој вид кривични дела.

Во втората група на фактори се т.н. ендогени или субјективни. Овие фактори и причинители на криминалното однесување се поврзува со самата личност-деликвентот со оние својства преку кои до израз доаѓа нивната индивидуалност. Посебно се присутни карактерните особини, темпераментот, мотивате, емоциите, навиките се главните црти (субјективни кои придонесуваат за овој вид на kриминал).

Меѓутоа, во врска со овие два фактори (причинители), постои и соодветна поврзаност. Имено, според криминологот Давид Фарингтон објективните причини до израз доаѓаат преку субјективното однесување на индивидуата (поединецот). Затоа социјалните корени на криумчарите и шверцерите треба да се бараат во моделот на општествените односи каде поединецот заради својата позиција во општеството (невработен, лошите односи во семејството, несоодветно прилагодување во средината ги игнорира позитивните норми и вредности и се инволвира во криминал на тој начин задоволувајќи ги погоре наведените „недостатоци во општеството“.

[231] Сулејманов, З. (2003) *„Криминологија“* (второ дополното издание), Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр.665;

Погоре изнесените причини и фактори кои ја одредуваат криминолошката позиција на оваа социолошка појава во светот, можат да се сметаат како релевантни и за појавата на овие кривични дела (ИП,криумчарење и НТ) и во земјите од З. Балкан..

Во зависност од географската позиција некои од нив имаат поголемо, а некои помало влијание, што е детерминирано од повеќе фактори.

Имајќи ја во предвид гео-политичката позиција по транзицијата, на земјите од З. Балкан, кои сé повеќе се отворија кон светот, како политички така и на економски и трговски план, доведе до поголемата отвореност на границите, а со тоа се овозможи и поголема фрекфенција и слободно движење на луѓето.

Многу наши граѓани се вработија во странство, со тоа се поттикна развојот на туризмот, а со тоа се зголеми и бројот на патувањата, трговските размени, пренесување на стока од еден во друг регион и др. Поради тоа, како и поради други различни причини и фактори кои довеле до контакти со криминални структури од разни провиниенции (посебно помладата генерација), преку кои истите се стекнале со негативни криминални структури, а со тоа се впуштиле во повеќе криминални и социопатолошки појави како што е и криумчарењето со наркотични средства.

Исто така, до оваа појава влијае и невработеноста на помладите кои се лесен плен и жртви за вклучување во нарко-криминалот во сите сегменти од производство до криумчарење, шверц до конзумирање. Сето ова, се прави заради профит особено иницирано од криумчарите, а како жртви и од финансиски, а највеќе здравствени причини се консуматорите кои во овие социопатолошки појави како субјекти се појавуваат на сцена како последни.

Во врска со ова се смета дека што поголема бројка на консуматори, им одговара најмногу на криумчарите и на производителите на наркотичните дроги било да се тие природни или вештачки.

Ова последното можеме да го илустрираме и во врска со изнесениот заклучок на 27-та Меѓународна конференција за борба против дрогата, IDEK, одржана во Рио Де Жанеиро од 26.04 до 29.04.2010год., а кој гласи:

„*Криумчарењето на наркотиците е глобален проблем и затоа во борбтаа против негово сузбивање треба да се вклучат сите расположиви капацитети на општеството. Во врска со ова, светските податоци и движења покажуваат зголемување на трендот на криумчарење со синтетички дроги, дека во наредниот период (5 години), уште повеќе ќе се зголеми, а со тоа се опфаќа и нашиот регион односно и Република Македонија. Во*

*конференцијата е потенцирано дека посебно до израз доаѓа сегашниот актуелен период (економската криза 2009 год.). Оваа криза ја помага експанзијата на криминалот поврзан со криумчарењето и недозволена трговија со дрога и негова злоупотреба”.*[232]

Во врска со ова, дека кријумчарењето со наркотици претставува глобален феномен укажуваат и податоците што во врска со оваа проблематика ги објавува Уредот за сузбивање на криминалитетот со дрога при ООН - УНОДЦ „United Nations Office on Drugs and Crimes“.[233]

Имено според нивните податоци објавени во 2005 год.200 милиони луѓе се корисници на droги.Од таа бројка по мариуаната која е на прво место со160 милони корисници,на второто место се синтетичките дроги со35 милиони корисниоци. Од ова бројка 25 милиони се корисници на амфетамински дроги, додека 10 милони користат екстази.[234]

Следејќи го криминалот со дроги според податоците на УНОДЦ од 2005 год. годишно кријумчарите од продажбата на дроги имале годишен прилив на светско ниво од 700 милијарди долари.

Според податоците од УНОДЦ годишното илегално производство на синтетичките дроги изнесува 520 тони, од кои 410 тони спаѓат на амфетамин и метамфетамин, а 113 тони на екстази или изразено во таблети тоа изнасува 1,4 милијарди таблети.

Бројот на корисниците на синтетичките дроги од година во година се зголемува, а со тоа кријумчарењето на овој вид на криминал е по присутен на светско ниво, како и во земјите од З. Балкан.[235]

---

232 Шејнаси М, „Криумчарење и недозволена ртрговија со синтетички дроги во република Македонија'',(магистерски труд 2011), 2011, сра.77

233 Ibid

234 Ibid

235 Шејнаси М, „Криумчарење и недозволена ртрговија со синтетички дроги во република Македонија'', (магистерски труд 2011), 2011, сра.77

## 1.9. Социолошките аспекти на илегалното производство, кријумчарењето и нт со синтетички дроги, kако социопатолошка појава

### *1.9.1. Социолошки аспекти во пошироки општествени слоеви на оваа социопатолошка појава и последиците на истата*

Современата социолошка наука во светот сé повеќе наоѓа интерес за проучување на општествените појави и процеси кои имаат непосреден одраз врз целината на општествениот живот. Во таа смисла и криминалот, а со тоа и криминалните појави стануват предмет на истражување од социолошки аспект, во правец на истражување на факторите и причините кои доведуват до криминални девијации на личноста. Така, за криминалното однесување се смета дека е погодна почва за развивање во секоја организирана заедница и дека се во соодветна спрега со нејзините економски и социјални услови.

Социологијата е општа наука за општеството, која ги проучува законитостите на настанувањето, структурата и развојот на општествените појави.[236] Имајќи во предвид фактот дека криминалитетот претставува негативна појава, воедно значи изучување на причините, факторите и условите кој придонесуват одредено лице да се јави во улога на лице со криминално и антисоцијално или таканаречено девијантно однесување. Покрај општата социологијата, видно место во истражување и проучување на општествените девијантности завзема и социјалната патологија. Имено, за разлика од општата социологија која ги изучува законитостите на општествениот развој, социјалната патологија се занимава со проучување на социолошките појави , и со самото тоа и припаѓа на областа на социологијата, односно таа е една посебна социолошка дисциплина.[237]

По однос на криминалитетот, социлошките истражувања имаат големо значење бидејќи таа ги дава основните податоци за општествените негативни појави, а во таа насока дава соодветен придонес во опишување на односите на индивиуата (поединецот) и општеството и нивните судири во нив. Од друга страна пак, криминологијата ги црпи

---

[84] Сулејманов, З. (2003)„*Криминологија*“ (второ дополното издание), Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр.121;

[237] Сулејманов, З. Стојановски, Н. (2002) „*Социјална патологија*“, Југореклам, Скопје 2002, стр.38;

своите почетни сознанија, а нејзината поврзаност е уште потесна со посебните гранки на социологијата.[238]

Значајно е да се истакне и тоа дека, до социолошкиот поим на кривичното дело, криминологијата може да дојде само ако се испита развојот на овој поим и неговата поврзаност со сите форми на општествени правила и сите фактори на општествениот живот. Криминологијата мора да води сметка за обликот на владеењето и општествената структура, религија, културата и бројни други социјални фактори врз формирањето на поимот на различните категории на кривични дела. На тој начин се дознава како и во кој облик низ историјата се поставувале потребите на општеството за инкриминирање на одделни човечки активности како кривични дела.[239]

Социолошките теории за објаснување на криминалитетот а со тоа и на криумчарењето на дрогата, се развиваат паралелно со биолошките теории, кои причините исклучиво ги барале во биолошката конституција и психата на човекот.

Првите социолошки објаснувања и теории во прв план го ставаат влијанието на општеството врз криминогеното однесување на поединецот. Карактеристично за овие тврдења е истакнувањето на општествената средина, односно „амбиентот на општественото и економското живеење”, како основен фактор кој влијае на појавата на криминалитетот, а со тоа и на криумчарењето на дрогата.[240] Овие први социолошки објаснувања освен заедничките карактеристики, се разликуваат по нивните објаснувања, заради што можат да се групираат како:

-Географско учење;

-Психолошки теории

-Социолошко учење;

-Учење на социјалната средина;

-Теорија на учење и имитација(социо-психолошка теорија)

-Социлошкото објаснување според Диркем.

---

[238] Сулејманов, З. (2003) „*Криминологија*“ (второ дополното издание), Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр.121;

[239] Ибид, стр.121-122;

[240] Konstantinovic-Vilic S. Nikolic-Ristanovic, V. (2003) „*Kriminologija*“, CPPFN, str.234;

Бидејќи овие учења се појавиле во Белгија и Франција, а и заради заедничките објаснувања на криминалитетот, познати се и како француско - белгиско учење за општествената средина.[241]

Географското учење настанало во 19 век после првите демографски и општествени статистички операции во Европа. Како нивни основачи се сметаат францускиот адвокат и професор по право, Гери (Guerry, A.M. 1802-1866) и белгискиот астроном и математичар Кетле(Quetelet 1796-1874). Врз основа на анализирање на статистички податоци за одделни земји во Европа, пред сé природните, демографските и општествените фактори, доаѓале до различни резултати, врз основа на што изработувале мапи на зачестеноста на одреден криминалитет за одредена држава или регион. Освен тоа ја истражувале климата како феномен која влијае на криминалитетот. Но, најголемо внимание посветиле на економијата и влијанието на економските услови на порастот на криминалитетот.

Психолошките теории произлегуваат од социјалната медицина. Најзастапени теории и учења кои оствариле силно влијание во областа на криминолошката етиологија се психоаналитичката теорија, теорија на неприлагоденост, теорија на интелегенција, теорија на фрустрација, теорија на условување.

Психоаналитичката теорија има различни варијанти на истата кои имаат мали разлики меѓусебно. Заедничко на овие теории е тоа нивно објаснување за престапничкото однесување, дека тргнува од потсвесните сили и нагони и нивниот став е дека криминалното поведение се јавува од разните конфликти што се зачеток на дејствувањето на неисконтролирани психички сили, со што поединецот не е воопшто свесен за неговите честопати сокриени намери. За тоа поимот потсвесно завзема клучно место во терминологијата на сите можни варијанти на психоаналитичка теорија. Секој поединец со себе носи потсвесни нагони и импулси за недозволеното и опасното однесување што би го довело во судир со нормите и општествените вредности. Како тој ке се однесува зависи од неговиот избор кој се добива како самоконтрола при процесот на социјализација. Репресираните сексуални желби, чувствата на инфериорност и слично, несоодветно социјализираните личности ги компензираат со недозволени криминални активности.Од особено значење за овие теории е познавањто на структурата на личноста и нејзиниот развој и динамика.

Според З. Фројд секоја структура на личност е составена од три делови ид, его и суперего. Идот е потсистем кој е составен од вродените инстинкти од кои потекнуваат

[241] Gassin, R. (1988)„*Criminologie*“, Paris, Dalloz, str.151;

целокупната психичка и биолошка енергија кај една личност. Идот секогаш настојува да ги задоволи потребите на себеси без притоа да обрнува внимание на правилата и нормите кои се поставени од страна на општеството. Истиот го сочинуваат две групи на инстинктивни нагони од кои првата група е нагонот за глад, жед и сексуални инстинкти кои служат за продолжување на човековиот род, додека во втората група на нагони се инстинктите за смрт (tanatos) од кои луѓето се склони кон агресивни акти и инкриминирачки дејствија.

Втората компонента од личноста е Его чија што активност е секундарните процеси како што се перцепциите, со помош на кои се проценуваат најпогодните начини за задоволување на потребите на личноста од аспект на реалност а не само задоволство.

Последната компонента на структурата на личноста се нарекува Суперего и тоа претставува систем од морални и правни норми, принципи и вредности на одредено општество кои што една индивидуа ги има присвоено. Суперегото претставува механизам за самоконтрола и канализирање на силите на Идот. Следбеници на оваа теорија на З. Фројд се: Адлер, Јунг, Ф.Александар, П. Штауб, Штекел, Ајхорн и др.

Втората психолошка теорија е теоријата на интелегенција која што е исто така многу критикувана заради своите недостатоци каде што генерален инкриминирачки фактор за класификација претставува интелектуалниот дефицит. Научно точно е криминалната инкриминираност кај помалку интелегентните индивидуи но на истото тоа може да се додадат уште многу други фактори кои влијаат на истото како што се необразованоста, сиромаштијата и слично и за тоа нискиот коефициент на интелегенција не може да биде земен здраво за готово во sui generis форма иако голем дел на сторители на кривични дела се имаат извлечено со истите благодарение на својата интелегенција.

Теоријата на неприлагоденост ја претставува неспособноста на индивидуата да се адаптира на дадените услови во еден систем на вредности со што индивидуата не може да се прилагоди на општествените правила и норми и е принудена да се сврти кон недозволени средства и методи за исполнување на своите цели и желби.

Теоријата на фрустрации се надоврзува на психоаналитичката теорија со што инкриминирачкото однесување се објаснува како психичка состојба во која една индивидуа е спречена во задоволувањето на своите социјални потреби и желби. Со незадоволувањето на основните психолошки потреби (љубов, сигурност, заштита) се создаваат трауматични состојби кај индивидуи, кои можат да продуцираат агрсивни реакции, кои неретко се манифестираат како криминално однесување. Се разбира дека

оваа теорија има свои благонаклонети подржувачи и конструктивни критичари бидејки не секоја фрустрација мора да резултира со агресивна раекција во зависност од интензитетот на фрустрацијата.

Теоријата на условување има зад себе бихејвиористичка основа и е развиена од Ајзенк. Оваа теорија го категоризира деликвентното однесување како последица на посебни структури на нервниот систем, со што личностите кои се нестабилни не успеваат да усвојат совест за прекршувањето на правните, моралните и обичајните норми во општеството.

Социолошкото учење се поврзува со англискиот социолог Роберт Овен (1771-1858), кој доследен на тврдењето уште на утопистите, дека човечкиот карактер се формира исклучиво под влијание на општествената средина, основал комуна која била уредена на социолошки принципи, со намера да ја докаже социјалната условеност на девијантните појави.[242]

Главен приврзаник на учењето на социјалната средина е Лакасањ (Lacassagne, A.), професор во Лион, според кој социјалната средина е главен причинител на појавата на криминалитетот. Тој ги обработува општествените аспекти на криминалитетот кои не се од економска природа и тоа е мошне значајно но, ги игнорирал причините поврзани со личноста на делинквентот и воедно не дал објаснување како социјалната средина делува на оформување на делинквентна личност.

Теоријата на аномија е најразвиената социолошка теорија за објаснување на криминалното однесување во општествата. Нејзиниот најистакнат претставник е Роберт Мертон. Според него аномична личност е онаа која е без иднина, минато и со морална празнина и дека личноста која живее во аномично општество и избира иновативен начин за стигање до целта која ја има замислено.

Во теоријата на аномија постојат неколку фази на адаптирање на личноста во дадените општествени услови кога општеството доаѓа во дезорганизирана форма поради брзи општествени промени:

**Конформизам**, претставува најдобра фаза која индивидуата може да ја избере во едно транзиционо општество со што тоа ги прифаќа новите културни цели и ги прифаќа дозволените средства со кои може да стигне до нив.

[242] Konstantinovic-Vilic, S. Nikolic-Ristanovic, V.(2003) „*Kriminologija*", CPPFN, str.236;

**Иновација,** подразбира прилагодување како прифаќање на општествените цели и вредности но при остварување на истите користи нелегитимни средства. Трговијата со наркотични средства претставува еден пример за иновативно прилагодување.

**Ритуализам,** претставува индивидуално прилагодување во кое индивидуата ги отфрла културните цели како на пример материјалното богатство во капиталистичкото општество со што потребите на индивидуата поставуваат многу ниски граници и истата не е приморана да посегнува кон девијантно однесување со што не е опасно по општеството но не е ниту добро бидејки индивидуата одстапува од културниот модел кој се пласира во одреденото општество.

**Ретреатизам**, е најреткиот вид на адаптација и тој претставува отфрлање на општествените вредности и начините до стигнување на истите. Тука спаѓаат скитниците, алкохоличарите и наркоманите.

**Бунтовништво**, е форма на општествено однесување каде исто како ретреатизам се отфрлаат културните цели и средства за стигнување до истите но во оваа форма на однесување се прават напори за промена на истите.

**Социо-психолошката теорија на имитација,** ја креирал Габриел Тард (1843-1904), француски криминолог, кој сметал дека криминалитетот е резултат на имитација во општеството, еден вид мода во која тенденција е луѓето да се копираат во навиките и однесувањето во општтството. Тард ја развил и теоријата на морална одговорност според која извршувањето на кривичните дела е психолошки детерминирана категорија.[243]

**Теоријата на диференцијална асоцијација и идентификација**, чиј претставник е Едвин Сатерленд има неколку постулати кои ја дефинираат оваа социолошка теорија. Криминалното однесување е научено во интеракција со другите луѓе, тоа може да бидат семејството, друштвото, околината итн. Од истите тие фактори се присвојуваат техники за извршување на криминалот со што криминалците се стремат да стигнат до истите цели како и чесните луѓе но тие избираат друг начин за постигнување на целите.

**Теорија на супкултура и контракултура,** чиј претставник е Торстен Селин во која што објаснувањето за криминално однесување се базира на наметнување на општествени правила и норми од страна на повисоките класи кон пониските, со што тие се спротивставуваат и доаѓаат во конфликт со општествените норми правејки конфликти бидејки не успеваат да ги постигнат истите цели како и повисоката класа, на пример материјално богатство, професионален успех итн.

[243] Gassin, R. (1988) „*Criminologie*“, Paris, Dalloz, str.154;

**Теорија на социјален интеракционализам и стигматизација**, исто така позната како теоријата на етикетирање која го свртува вниманието кон повисоките класи на општеството кои имаат моќ да ги санкционираат и етикетираат однесувањата на пониските класи како криминални однесување и однесувања кои ги прекршуваат моралните и обичајните норми.

**Теоријата на социјална контрола**, со своите претставници Т.Хирши, Ние Иван, Сејдлиц, го објаснуваат тоа зошто луѓето не вршат криминални дела спротивно на тоа зошто ги вршат со објаснување на загрозување на нивната социјална положба која ја ризикуваат со повлекување на криминални дејствија.

**Теоријата на општествени групи,** криминалното однесување го објаснува преку културните системи односно вредностите и ставовите кај членовите на општеството на микро и глобални општествени групи.

Социолошкото објаснување на криминалитетот според Диркем (Емил Диркем 1858-1917), се темели на разликувањето на нормалните од патолошките општествени појави и на теоријата на аномија. Диркем сметал дека, криминалитетот до одредено ниво може да има позитивен импулс во општеството, да биде во функција на развој и дека дури откако нивото ќе се зголеми во поголеми размери станува дисфункционален.[244] Во својата теорија на аномијата, Диркем упатува на недостаток на норми со кои би се контролирале неограничените природни потреби и аспирации на луѓето. Состојбата на аномија се јавува тогаш кога општеството повеќе не е во состојба да ги регулира границите на легитимни аспирации на своите членови. Состојбата на аномија се јавува при општествени кризи и во моменти на брз економски развој.[245]

Под влијание на теориите на Тард и Диркем, се развиваат поновите учења за социолошките влијанија на криминалитетот, односно наркоманијата, и тоа претежно во САД. За разлика од европските, американските криминолози причината за криминалитетот ја истражувале низ емпириски методи, објаснувајќи го криминалитетот не преку општествените појави и систем, туку поаѓајќи од следење на конкретни општествени групи и институции во градот и неговото секојдневие. Бидејќи ова учење својот максимум го развива во Чикаго, град познат по криминал од секаков вид, тоа е познато и како „чикашко учење".[246] Под непосредно влијание на ова учење, подоцна биле и европските социолози и криминолози, при што развиени се повеќе теории за

[244] Durkheim, E. *„Pravila socioloske metode"*;
[245] Durkheim, E. (1983) *„Le suicide"*, Quadrige,PUF, Paris, str. 395-412;
[246] Konstantinovic-Vilic, S. Nikolic-Ristanovic, V. (2003) *„Kriminologija"*, CPPFN, str.245;

криминалитетот, од кои поглавни се: еколошката теорија, теоријата на социјална дезорганизација, теорија на диференцијални асоцијации и теоријата на културен конфликт.

Втората група на современи социолошки теории, за разлика од **„чикашкото учење”,** своите објаснувања за потеклото на криминалитетот го базирале на општственото уредување, односно на општествените структури. Заедничко за овие теории е дека, се развиле во рамките на функционалистичката теорија за општеството и нејзината примена во објаснувањето на девијантните појави.[247]

Кон крајот на минатиот век, во рамките на американските социолози и криминолози, се развила нова теорија, позната како теорија на опортунитет. Оваа теорија се обидува да ги објасни врските помеѓу општествено-економскиот развој и криминалитетот преку одредени околности поврзани со секојдневното живеење на луѓето. Всушност ова учење се обидува нееднаквата распространетост на девијантните појави помеѓу населението, да ги објасни преку разликите во секојдневните активности на луѓето, заради што таа е позната и како теорија на секојдневни активности или како теорија на животниот стил.[248]

### *1.9.2. Значењето на криминалната социологија во изучување на криминалитетот со дроги.*

Во овој дел од истражувањето неминовно се налага потреба неколку збора да се изнесат и во врска со улогата на криминалната социологија во изучување на криминалитетот поврзан со дрога.

Во оваа смисла криминалитетот како предмет на кривоминологијата, свое место во изучување на оваа појава и феномен, а во поново време видно место и улога, има и криминалната социологија.

Социологијата во својот предмет го проучува, криминалитетот како општествена појава, односно општествената ословеност на криминалитетот, поради што поврзаноста на двете науки, криминаологијата и социологијата и доста потребна.

Од тоа произлегува дека делот со кој се бави социологијата по однсос на изучување на криминалитетот, се вика криминална социологија.Има доста автори и научниоци овој

[247] Види: Jankovic, I. Pesic, V. (1981) *„Drustvena devijacija“*, Visa skola za socijalne radnike, Beograd,str.60;
[248] Konstantinovic-Vilic, S. Nikolic-Ristanovic, V. (2003) *„Kriminologija“*, CPPFN, str.257;

дел на социологијата го издвојуваат како посебна гранка поврзана со проучување на криминалитетот.[249]

Во врска со ова доколку од криминологијата целосно се одвојува криминалната социологија и криминалната биологија, тогаш од криминологијата нема да остане многу во предметниот интерес за криминалитетот.

Меѓутоа криминалитетот не е само општесвена појава, тој е и индивидуална појава, па затоа треба да се изучува во целина, како етнитет што криминологијата ја оправдува, како самостојна и автономна наука.[250]

Кажавме дека криминалната социологија своето вистинско истражувачко влијание го постигнува во поново време. Нејзините основни сегменти од каде тргнува со изучувањето на криминалитетот, се заснова на ставот, дека криминалот произлегува од општествените средини и дека како секоја општесвена иманентност е подреден на делувањето на општесвените законитости.

Настанувањето на оваа теорија се поврзува со формирањето на социолошките школи во криминологијата, која почнува со теоријата за општесвената одбрана и теоријата на економската средина, кои се појавуват во средината на 19 и почетокот на 20 век.
Според приврзаниците на првата теорија (општесвената одбрана), криминалитетот доаѓа од самата природа на општеството, додека според втората теорија ( економска средина), економските услови на животот ствараат претпоставки за појавата на криминалното однесување.

Во врска со ова, меѓу современите социолошки теории посебно се истакнува теоријата на диференцијација, теорија на деференцијалната идентификација, теорија на општесвената дезорганизација и други.[251]

### *1.9.3. Фактори кои влијаат на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија на дрогата од социолошки аспект*

Илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со droги, претставува една од најзначајните безбедносни, општесвени, социјални и здрвствени проблеми во поголем број земји во светот, а претежно во балканскиот регион.

[249] http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0038-0318/2008/0038-03180802113R.pdf (20.09.2017)
[250] http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0038-0318/2008/0038-03180802113R.pdf (20.09.2017)
[251] http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0038-0318/2008/0038-03180802113R.pdf (20.09.2017)

Влијанието и опасноста што во одредени земји се предизвикува со ова појава , достигнува такви димензии што тој проблем продре во најзначајните економски, политички и социјални, образовни сфери.

Криминалитетот поврзан со илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија, влијае и е поврзан и со појавата на организираниот криминал, во смисла на тоа сите дејствија поврзани со дрогата да попримат по организиран пристап, а со тоа и резултатите да бидат доста високи.

Овој организиран пристап влијае и има голем удел во корупцијата, посебно во државните институции, безбедносните структури, судството, царинските служби и друго. Дел од елементите што го сочинуват кримианлитетот со дрога, посебно илегалното производство на дрогите во поедини земји, имаат улога на национална економска гранка, преку која криминалните групи што го сочинуваат организираниот криминал обезбедуваат големи финансиски средства, а преку тоа нивното влијание во државата е големо.

Современиот развој на човештвото е пропратено, покрај со развојот на технологијата, така и со појавата на разни социопатолошки појави. Посебно во ова смисла треба да се спомне наркоманијата, чии носители и жртви се помладите личности, наркомани, дилери, а со нив и нивните семејства.

Во овој дел неминовно се налага потреба да се спомне и тоа дека криумчарењето и недозволената трговија и нивните носители имаат соодветна интеракција и со други криминални дејствија. На овој начин, односно преку извршување на други кривични дела доаѓат до обезбедување на финансиски средства, кои пак ги користат за обезбедување на потребна количина на дрога.

Многу земји преку нивните институции работат во насока на решавање на овој проблем. Како главна цел се поставува сегментот поврзан со намалување на илегалното производство на дрогите, што посебно го вклучуваат превентивниот пристап, лечење на наркоманите, нивната рехабилитација, ресоцијализација на зависниците, мерки за намалување на штетите од употреба на дрогите, со посебен акцент на мерки поврзани со сузбивање на овој вид на криминалитет со дроги.[252]

Факторите кои влијаат во илегалното производство и криумчарењето на дрогата тесно се поврзани со пронаоѓање на причините за оваа девијантна појава. За објаснувањето на причините на криминалитетот постојат разни теории, но во принцип,

[252] http://studenti.rs/skripte/vojska-policija-kriminalistika/trgovina-narkoticima/ (28.09.2017)

земајќи ги во предвид факторите како причинители за криминалитетот, појавата можеме да ја разгледуваме на генерален план и на поединечно ниво.

Во таа насока генералната каузалност на криминалитетот би се одредил како макро поле, а подинечната каузалност како микро ниво на делување на криминогените фактори.[253] Истражувањето на причинителите на макро план би го опфатило влијанието на поголемите системи како што се: економските, социјалните и културните чинители, како и истражувањето на криминогеното однесување како одделна појава.

Всушност, макро причинското објаснување на факторите на криминалитетот се базира на влијанието на поширокиот круг на социјални организации, како што се: општествено-политичкиот и економски систем, општествената структура, моралните норми, културата, општествената организираност и активност, итн.

Од друга страна, истражувањето на причинителите на микро план би го опфатило факторите на влијанието од потесната социјална средина (семејство, образование, соседство, улица, девијантно однесување), но и влијанието на факторите врз личноста која манифестира криминално однесување.

Истражувањето на факторите за криминогеното однесување како што видовме претходно било предмет на истражување и интерес со векови station наназад. Една од најприфатените поделби во криминолошката наука била, теоријата која ја формулирал Габриел Тард, според која криминогените фактори  се делат на егзогени (надворешни) и ендогени (внатрешни).[254]

Во оваа смисла, криминогените фактори можат да бидат објективни и субјективни. Објективните се однесуваат на социјалните причини и услови за појава на девијантното однесување, додека субјективните фактори се занимаваат со влијанието на најразличните психолошки аспекти врз формирањето на делинквентна личност. Овие фактори се непосредно поврзани и тие само како такви можат да се истражуваат.[255]

Имено, поврзаноста на објективните и субјективните фактори, покажува дека човековото однесување е резултат на интеракција на индивидуата и средината и дека проучувањето на причинителите на криминалитетот мора да се темели на анализа на социјалните и психолошките фактори, влијанието на општествената средина и развојот на личноста.[256]

---

[253] Avanesov, G. (1981) „*The Principles of Criminology*“, Progress Publishers, Moscow, str.80;
[254] Konstantinovic-Vulic,S, Nikolic-Ristanovic,V, (2003) „*Kriminologija*’’CPPFN,str.175
[255] Ibid
[256] Milutinovic, M. (1990) „*Kriminologija*“, Savremena administracija, Beograd, str.293;

Со оглед на нашето истражување во овој дел повеќе внимание ќе посветиме на егзогените, социјални фактори. Заради нивно полесно разбирање, истите дополнително ќе ги поделиме на макросоцијални, микросоцијални фактори и социопатолошки појави.[257]

Макросоцијалните фактори на истражувањето за влијанието на појавата на криминалитетот се поврзани со економијата, економскиот систем и развојот во општеството како целина, особено во економски кризи, потоа влијанието на политичкиот систем, војната и живеење во конфликтни општества, понатаму индустријализацијата, урбанизацијата и општествените придвижувања и на крајот, глобализацијата и транзицијата како релативно понови општествени феномени.[258]

Сите овие макросоцијални фактори се и објективни фактори кои имаат непосредно влијание врз социопатолошкото однесување на личноста во зависност и корелација со субјективните односно микросоцијалните фактори.

Во микро социалните фактори спаѓаат: семејните состојби и односи, училиштето и образованието како институција, влијанието на соседството и делинквентните групи, влијанието на религијата, религиските групи и секти, сиромаштијата како фактор, медиумите (радио, телевизија, печат, Интернет) итн.[259]

Социопатолошките фактори за појавата на криминалитетот, односно на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија на дрога се поврзани со: алкохолизмот, проституцијата, наркоманијата, игрите на среќа и коцкањето, како и невработеноста, љубопитноста, склоноста кон авантуризам и просјачењето.[260]

Претходно ги споменавме глобализацијата и транзицијата како феномени, односно како фактори кои имаат влијание врз криминалитетот, односно илегалното производство и криумчарењето на дрогата, што е битно, бидејќи и Република Македонија поминува низ транзиција, односно промена од еден во друг општествен систем, и за жал податоците покажуваат дека тоа не оди безболно.

Имено, коренитата промена на општествениот систем, изградбата на нов политички, економски и социјален систем не оди лесно и сето тоа има непосреден одраз на факторите претходно спомнати, кои пак непосредно влијаат врз зголемувањето на криминалитетот, поврзан со дрогата, а посебно илегалното производство и

---

[257] Арнаудовски, Љ. *„Злоупотреба на дрогите, продукт на цивилизацијата или социопатолошка појава"*, Безбедност, бр.3, Скопје, 1993, стр.403;

[258] Peculjic, M. Milic, V. (1991) *„Sociologija"*, Zavod za udgbenike I nastavna sredstva, Beograd;

[259] Radovanovic, D. i dr. *„Zbornik instituta za kriminoloska i socijalna istrazivanja"*, Beograd, 1991, str.428;

[260] Шурбановски, Н. *„Кон прашањето за антипрохибиција на дрогите"* (Криминолошко-социолошки пристап во објаснувањето на појавата на злоупотреби на дроги), Безбедност бр.4, Скопје, 1993, стр.713-714;

криумчарењето на дрогата. Нашата држава не е изолиран случај, бидејќи транзицијата е процес кој е карактеристичен за скоро сите земји на Средна, Источна и Југоисточна Европа, а посебно регионот на З. Балкан.

Карактеристиките на транзицијата во Регионот на земјите од З. Балкан се тесно поврзани со промена на општествениот систем, нов политички, економски и социјален систем, воени разорувања, пропаст на цели економски системи, пад на индустриското производство, зголемување на невработеноста и сиромаштијата, што се појавува како резултат на затварање на голем број на фабрики, претпријатија и кои придонесоа во разорување на институтот „семејство", зголемување на асоцијалните појави како што се: алкохолизмот, проституцијата, наркоманијата, игрите на среќа, коцкањето итн.

Сето ова, неспорно доведе до поголема криминализација на општествата во транзиција, особено тоа се одрази кај помладата генерација, која согледувајќи ја безперспективноста, еден дел, поврзан со субјективните ендогени фактори, прибегнаа кон криминални активности, меѓу кои во врвот се илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со дрога. Според ова, причините на овој криминалитет не се наследените или стекнатите особини на личноста, туку збирот од негативните општествени влијанија. [261]

Проблемот поврзан со илегалното производство и криумчарење на дроги, за нас претставува предмет на посебен интерес, од причина што земјите од З. Балкан претставуваат регион во кој се одгледува и се произведува една од најквалитетните дроги марихуаната, посебно во Македонија и Албанија. Меѓутоа во поново време кон овој вид на дрога се додава и илегалното производство на синтетички дроги, посебно во Србија. Досега традицијата што се изразува како позитивна компонента, изразена низ воздржувањето од нејзино користење на подрачјето каде што се произведува, исправена е пред испитот што го наметнаа современите услови на живеење. Во врска со тоа, јасното одредување на појавата и на предметот на истражувањето наоѓа повеќекратна потврда.

Како што видовме, потребата самото истражување да се изведе на научно коректен начин, не значи дека можеме и смееме, оваа општествено-патолошка појава, којашто е детерминирана, пред сé, општествено, да ја разгледуваме надвор и од

---

[261] Сулејманов, З. (2003) *„Криминологија"* (второ дополното издание), Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр.671;

општите општествено-економски условености во кои се развива и во кои се остварува општествениот однос во најширока смисла, во регионот на З. Балкан.

Современиот човек, кој живее во услови на високо развиена „сајбер-технологија", со поголема свест за себе и за својата општествена положба и моќ да ја совлада, неговиот живот станува драматичен, полн со стапици и со провалии што му се закануваат, ја зголемуваат неговата нерамнотеженост, во онаа мера во која што тој се покажува немоќен да ги совлада своите проблеми. Поради тоа во таа мера станува плен на елементите и компонентите на носителите на криминалитетот со илегалнотот производство и криумчарење на дрога . [262]

Тоа, особено, се однесува на младиот човек, кој на тој начин, лесно се вклучува во криминалните мрежите кои се занимаваат со тој вид на криминалитет поврзан со дрога, во можноста да се снајде и да пронајде најадекватни решенија за обезбедување на својот нормален развој, егзистенција, афирмација и самопотврдување и авторитет.

Криминалните мрежи кои се вклучени во илегалното производство и криумчарењето на дрогите, максимално ги користат, сложените конфликтни состојби во кои живее денес младиот човек и од кои не може да пронајде најадекватни решенија, што доведува до целосна негова збунетост, а со тоа и неможност и немоќ  да се излезе од притеснетоста која што се изразува како индолентност, досадност да се совладува и на тој начин  се бара излезност и решение во инволвирање во оваа криминална активност.

Современата епидемија со која се шири зависноста од droги, истражувањето на илегалното производство,криумчарењето и шверцот на дроги, особено од социолошки и социопатолошки аспект, го актуелизира и го наметнува како неопходен интересот за неа. Таа се изразува, не само со својата масовност, со своето брзо ширење, туку и со нови облици на појавување, со фактот што го загрозува најчувствителниот и најзначајниот дел од општествената структура т.е. младата генерација , која завршува со фатални последици за личноста и за нејзиниот развој.

Не треба посебно да се истакнува и да се докажува колкаво е значењето и потребата од постоење на постојано истражување на т.н. егзогени или објективни фактори кои влијаат врз интензитетот на криминалитетот поврзан со илегалното производство, криумчарењето и шверцот со дроги, како дел на севкупниот проблем на наркоманијата, а со цел успешно организирање на политиката на нејзината превенција, спречување и сузбивање.

[262] Јеротић, В. (1974) *„Личност младог наркомана"*, Институт за алкохолизам и наркоманију, Београд, стр.18;

Видовме дека пристапот кон нејзиното објаснување мора да излезе од секакви субјективни ограничувања и причините да ги опфати во еден поширок спектар, а пред сé оние што се врзани за нејзината социјална компонента.

Во Резолуцијата на XI Меѓународен конгрес за кривично право на првата секција, со право се истакнува дека „злоупотребата на материите и средствата со наркотично дејство'', кои се користат за илегално производство, а со тоа и криумчарењето на дрогите, во прв ред, претставува социјален, а во одредени случаи, и ментално-хигиенски проблем”.[263]

Тогаш, логично би било да се заклучи дека криминалитетот со илегалното производство, криумчарењето и недозволена трговија со дрогите и зависноста од дрога, како логична последица и како потреба на личноста, постојано да се бега од проблемите на овој начин, што подразбира, не само психофизички проблем на личноста, туку и еден социолошки однос. Поради тоа проблемот со дроги (илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија), како и зависноста од дрога, како клучни елементи преку кои се заснива криминалитетот, треба и мора да добие, по соодветно и пошироко социолошко значење.

Личноста како општествено битие неговото негативно поведение, не може да се објасни без да се смести, во рамките на општествено-економските услови во кои живее, го за да го добие соодветниот третман. На тој начин ние сакаме да укажеме на исклучителната сложеност на проблемот и на огромното значење на интеракцијата на објективните и на субјективните чинители, што ги предизвикуваат општествено-патолошките појави, а посебно проблемот со дроги.

## 1.10. Феноменологија на криминалитетот на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги

На самиот почеток, недвосмислено е потребно да се одреди самиот поим на феноменологијата, кое е едно од битните подрачја на криминологијата, која се бави со појавните форми на криминалитетот.

---

[263] Резолуција XI Меѓународен конгрес за кривично право, I секција, Југ. ревија за криминологија и кривично право, бр. 1/75, стр. 91;

Самиот термин „феноменологија'', потекнува од грчкиот збор „fainomen'', што значи „она што гледа'' и „logos'', што значи (учење, истражување, наука) и означува дел од филозовското учење за појавите.[264]

Како дел на криминологијата, феноменологијата има за задача да ги изучува надворешните форми преку кои се појавуваат криминогените појави во општеството.[265] Исто така, се бави и со изучување на појавните облици на извршителите на кривични дела, начините како се извршуваат, нивниот обем, нивната класификација, распространетоста, временската дистрибуција и типологија.

Според познатиот криминалист Х. Грос, феноменологијата е наука што се занимава со изучување на надворешните симптоми врз кои влијаат внатрешните настани. Во врска со дефинирање на самиот поим, се бавел и францускиот криминолог Ж. Пинател, според кој феноменологијата се занимава со проучување на надворешните облици на кривичните дела, како и со начинот на живот на престапниците.

Меѓутоа, анализирајќи ги досегашните ставови и сфаќања тогаш феноменологијата на криминалитетот претставува подрачје на криминологијата што се бави со распространетоста, структурата, структуралните промени, динамиката и обемот на криминалитетот. [266] Ова е од посебно значење за креирање на политиката, поврзано за сузбивање на криминалитетот посебно на оној кој се однесува за илегалното производство, криумчарење и НТ со синтетичките дроги. Во ова смисла значајно е и тоа што нејзините резултати можат да укажат на ефикасноста или неефикасноста во криминалната политика.

Илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија, потекнуваат од терминот со кој се означува т.н појава на сива економија. Оваа феноменолошка појава е поврзана са националните рамки на економското стопанисување, а исто така претставува и регионален и глобален феномен, со оглед дека ги има сите форми на организираниот криминал.

Илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија,овозможува во услови кога меѓународните и транснационалните криминални организации, во услови на брзата сообраќајна и електронска комуникација да остваруваат големи суми на пари и на други вредности стекнати преку продажба на наркотични средства.

---

[264] Konstantinovic-Vulic,S, Nikolic-Ristanovic,V, (2003) „*Kriminologija*''CPPFN,Nis,str.33,

[265] Бошковиќ М, (1995) „*Криминологија и Социјална патологија*'' ,(Матица Српска), Нови Сад, стр, 141,

[266] Милутиновић, М. (1981) *„Криминологија"*, Савремена администрација, Београд, стр. 161;

Поради тоа феноменологијата е прво подрачје на криминологијата која се занимава со проучување на појавните облици на извршителите на кривичните дела (од обласста на ИП, криумчарењето и НТ), и социјално-индивидуалните својства на нивните извршители.[267]

Создавање на претпоставки за успешно и објективно следење на погоре изнесените кривични дела од областа на илегалното производство, криумчарењето и недозволена трговија со синтетички дроги, се јавува како суштествен елемент на спознавањето, проучувањето и истражувањето, а во таа насока и успешното спречување на овој вид на криминалитет.

Од погоре изнесеното со изучувањето на криминалната феноменологија се бавеле многу теоретичари меѓутоа, највеќе германските теоретичари од класично кривичноправната школа на Фојербах.

Меѓутоа сепак, криминалната феноменологија е дефинирана како **„наука поврзана со манифестацијата на злочинот''** , што се состои во изучување на појвните форми на кривичните дела, начинот на извршување, начинот како живее извршителот, нивното однесување и типологија и друго.[268]

Во поновата криминолошка литература се истакнува дека предмет на изучување на феноменологијата ги опфаќа, појавните форми, структурата, структурните промени, обемот и динамиката на криминалитетот, како масовна појава, структурните промени на криминалитетот и неговата динамика.

Динамиката на криминалитетот е дел од криминологијата која има за цел да го утврди движењето на криминалот воопшто, како и неговите поединечни облици. Феноменологијата има за цел да утврди дали криминалитетот во целина покажува тенденција на пораст или опаѓање.

Во врска со ова, а при тоа консултирајќи соодветна странска, па и домашна литература, под поимот феноменологија се јавуваат и се присутни три значења кои меѓусебно се разликуваат и тоа:

- **Првото значење,** феноменологијата ја сфаќа како учење за развојот на човековото сознание и свесност, како увид во филозофијата или дел од филозифијата;

[267] Сулејманов,. З, „Криминологија'' (ИСППИ), 2003, Скопје, стр.459;

[268] Konstantinovic-Vulic,S, Nikolic-Ristanovic,V, (2003) „*Kriminologija*''CPPFN,Nis,str.33,

- **Според второто значење,** под поимот феноменологија се сфаќа филозофско движење за опишување на формална структура на појавите, процесите и предметите со апстрактно објаснување на податоците;
- **Според третото значење,** феноменологијата се определува како типолошка класификација за пласирање на феноменот анализа направена со феноменолошки истражувања.[269]

### *1.10.1. Организација на криминална група за илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги*

#### 1.10.1.1. Методи на дејствување

Криминалитетот поврзан со илегалното производство, кријумчарењето и НТ со дроги, т.н. „наркокриминал" или криминалитет кој се поврзува со злоупотребите на дрогите, претставува едно комплексно прашање, заради што не може прецизно да се дефинира или се раздвои, бидејќи сите негови облици меѓусобно се мешат и се надополнуваат.[270]

Во врска со ова, кога се истражува еден од облиците треба да се има во предвид негова комплементарност во однос на другите облици, така што не може дасе истражува само еден облик, без при тоа да се најде поврзаност со другите облици.

Во однос на погоре изнесеното, и ако така може да се рече, по однос илегалното производство, кријумчарњето и НТ со дроги или криминалитетот со наркотици, денес преовладуваат два основни облика, секундарни и терцијални, меѓутоа според поделбата на Modly од 1988 год. прифатливо би било за понатамошна надградба на криминалистичката пракса и со нови надополнувања односно додавајќи го и примарниот криминалитет.[271]

**- Примарниот криминалитет,** се однесува на кривичните дела поврзани со производството, преработката, купопродажбата, извозот и дистрибуцијата со дрога;

**- Секундарниот криминалитет,** се однесува на кривичните дела извршени под „дејство на дрога" или „за време на апстиненцијални кризи" со цел набавка на дрога или средства за набавка на дрога;

---

[269] Енциклопедија Британика, Meriam-Webster Dictionary, Термин phenomenology, BV deluxe Edition CD 2002 (преземено од магистерскиот труд на Гоце Тодоров, стр.33., 2010 год.);

[270] Кларич, Д,Современи трендови злоупотребе дроге'', Државни инспекторат Републике Хрватске, Загреб, 2000;

[271] Кларич, Д,Современи трендови злоупотребе дроге'', Државни инспекторат Републике Хрватске, Загреб, 2000;

**- Терцијалниот криминалитет,** е општествено најопасен, бидејќи е поврзан со меѓународните криминални организации чија дејност е „производство, кријумчарење, НТ и дистрибуција на дрогата“. Тука спаѓаат главните организатори на кријумчарењето и НТ со дроги кои, имајќи ја во предвид нивната позиција во општеството спаѓаат во категоријата на криминалци на „белите јаки“.[272]

Според погоре изнесената поделба, примарниот криминалитет е поврзан со два клучни облица на криминалната дејност и тоа, неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекузори.

Под неовластено производство подразбираме, производство на синтетички дроги кое се одвива преку илегални лаборатории со употрба на прекурзори и други хемиски реагенси или супстанци. Нивното ставање во промет е инкриминирано во Кривичниот Законик на Република Македонија во членот 215. Секоја противправна активност поврзано со овој член се подразбира како дел на примарниот криминал. Што се однесува за кријумчарењето истото спаѓа во т.н. „секундарен криминалитет“, а како поим значи: Илегално пренесување и внесување стока преку граница, со избегнување на царинска контрола на една држава. Исто така и НТ спаѓа во овој облик на криминалитет, а како поим значи: Кога сторителот неовластено купува, продава или разменува предмети или стоки од поголема вредност, чиј што промет е забранет или ограничен, ако не постојат обележја на друго кривично дело, неретко организирајќи и мрежа на препродавачи или посредници.

Денешната домашна и меѓународната криминалистичката пракса „примарниот“ и „терцијалниот криминалитет“ го сметат како една целина. Како актери на терцијалниот криминалитет поврзан со дрогата се појавуваат поединци, групи и организации. Ваквото нивно делување се однесува исклучиво на остварување на имотна односно финансиска корист од производството, кријумчарењето и НТ со дроги.

Овде релевантен сегмент претставува организираноста заради превземање на криминални активности поврзани со илегалното производство, кријумчарењето и НТ со дроги.

Како важен криминалистички детал е до кој степен била организираноста. Во врска со ова не е исто ако повеќе лица се здружени во една група со цел да набавува или препродава дрога, а сите имале одредени улоги во тоа, со тоа што степенот на

[272] Кларич, Д,Современи трендови злоупотребе дроге’’, Државни инспекторат Републике Хрватске, Загреб, 2000;

организираност не укажува поголема димензија во смисла на организацијата. Состојбата би се сменила кога еден член од спомената групација би имал соодветна и стриктна службена позиција (цариник,полициски службеник,судија и др.) кој заради позицијата му овозможува да им пружи соодветна помош на криминалците. Во овој случај можеме да зборуваме за софистициран облик на делување на транснационалните криминални организации поврзан со кријумчарењето и НТ со наркотици.

Во продолжение, на соодветен начин ќе ги изнесеме основните феноменолошки обележја н организираните криминални групи односно организации поврзано со нивното организирано криминално делување поврзано со кријумчарењето и НТ со дроги, односно облиците на извршување на споменатото кривично дело.[273]

Инаку продажба на наркотиците во светот е еден од нај големите бизниси, и скоро во сите земји во светот илегалното производство, илегалната продажба, НТ, дистрибуцијата се квалификувани како кривични дела. Исто така криминалитето со дроги се јавува и како последица на потребите на корисниците на синтетичките дроги по било кој начин да доаѓаат до синтетички дроги. Во контекст на ова да истакнам дека консултирајќи литература во некои земји во светот и наговарање за користење на дроги претставува кривични дело.

Додека илегалната трговија со опојни дроги спаѓа во редот на најмасовните облици на илегалниот организиран криминал воопшто во светот. Формата на криминалните активности се одвива по системот на една хиерархиска структура, која функционира со строга хиерархија поставена од производителот на дрогата, купците, транспортерите, сопственикот на складиштето каде треба да се складира дрогата се до лицата ангажирани за продажба.

Заради тоа, кривичното дело, илегалното производство, криумчарење и НТ може да се појави во повеќе облици и тоа:

- ***<u>Неовластено производство и промет на опојни дроги</u>*** (секоја активност која овозможува да се добие опојна дрога, т.е. производство кое опфаќа одгледување на природни дроги и нивна обработка од природна во вештачка состојба-прашок или течност, како и нејзино ставање во промет)

[273] Кларич, Д,Современи трендови злоупотребе дроге'', Државни инспекторат Републике Хрватске, Загреб, 2000;

- ***Неовластена преработка на опојни дроги*** (техничко-технолошки процес т.е. преправка на готовиот производ и добивање на нов производ или замена на природниот со вештачки производ)
- ***Купување на дрога заради продажба*** (постигнување на согласност за предметот на купопродажбата-дрогата и нејзината цена, небитно е дали дошло и до фактичка продажба)
- ***Држење на опојни дроги заради продажба*** (кога кај одредено лице во фактичко владение се наоѓа дрогата, при што тоа лице изразува спремност дека истата ја поседува во свое или туѓо име)
- ***Пренесување на опојни дроги за продажба*** (ангажираност на физичко лице за транспорт-пренесување на дроги од едно на друго место)
- ***Продажба на опојни дроги*** (постигнување на договор помеѓу продавачот и купувачот за видот и количината на дрогите, висината на цената, начинот на предавање на дрогата, датумот на предавање, начинот и времето на исплата)
- ***Нудење за продажба*** (упатување на сериозна понуда за продажба на одредена количина на дрога и кога таквата понуда е прифатена, независно дали истата е реализирана)
- ***Посредување во врска со купопродажба на опојни дроги*** (договор во кој една страна се обврзува да ја доведе во врска другата страна со трето лице, заради евентуално заклучување на договор за продажба на дрогата)
- ***Наведување на друг за употреба и продажба на дрога*** (се работи за активност на лице кој наведува друго лице за негови потреби да употребува или врши продажба на дрога)
- ***Давање на дрога за уживање;*** **(се работи за активност на лице кој наведува друго лице да употребува дрога или ужива во дрогата**

  (се работи за активност на лице кој наведува друго лице да користи или ужива при конзумирање на дрога)
- ***Ставање на просторија во врска со сокривање или во врска со уживање.***

(се рабори за активност или договор со друго лица да му стави на располагање просторија, која би се користела за уживање со дрога на лица или на друг начин да ужива со дрога.

*1.10.2. Квалификуван облик на кривичното дело, имаме кога:*

Сторителот има организирана мрежа на препродавачи и посредници (постоење на поголем број на лица распоредени на разни места, преку кои сторителот ја врши купопродажбата на дрогата)

- ***<u>кога делото е извршено од најмалку две лица или од криминални групи</u>*** (организирани со цел преземање на заеднички криминални активности заради извршување на кривични дела)

*1.10.3. Организирани криминални групи (структури) и нивно делување:*

Кога се работи за организиран пристап на извршување на кривичното дело, постои и одредена криминална организација или структура, која може да биде лабава или тврда (силна) поврзана, со привремен или постојан карактер.[274]

Овие здружувања можат да бидат во вид на групи или банди, а можат да бидат и ***ad hoc*** а во врска со извршување на повеќе кривични дела.[275]

Од ова произлегува дека се работи за активност превземена од повеќе лица заради извршување на кривични дела, и секој од нив си има одредени обврски, можат да бидат во голема или помала бројка, во зависност од тежината на самото кривично дело.

Исто така покрај бројноста, и нивната образовна или квалификациона карактеристика не се исти, разни професии и специјалности, а во тој контекст и нивната подготвеност да при реализирање на криминалните активности, применуваат разновидни насилнички и брутални методи.

Во продолжение на овој труд ќе се фокусираме на анализирање на соодветните карактеристики на криминалните групи, во глобална смисла.

Организираните криминални организации и групи при реализирање на криминалните активности делуваат доста конспиративно.[276] Нивната организираност и тајност почнува од производството, преработката, пакувањето, складирањето, кријумчарњето, препродавањето на дрогата (шверцот), сé до финансиската добивка, потоа

[274] Бошкович М., „Организирани криминалитет-први дел''(криминолошки и криминалистички аспекти),Полициска Академија, Белград, 1998, стр.22

[275] Ibid

[276] Откривањето на вакви организирани криминални групи се отежнува заради постоење на законот на „молчење“ (omerta), кој му се заканува со смрт на секој член на групата кој ќе ги прекрши принципите на конспиративноста на групата. Овој закон е присутен претежно кај колумбиските и италијанските криминални организации, а додека кај албанските криминални групи исто така постои сличен закон односно дадениот збор „besa“;

се врши „перење на паричните средства“ кои се со криминално потекло (сето ова се елементи кои укажуваат на постоење на организирана криминална структура).

Во делувањето на криминалните организации постои јасна хиерархиска поставеност и одговорност за поедини обврски и задачи почнувајќи од производството до продажбата на дрогата.

Секој член на криминалната организација во зависност од образованието завзема соодветна позиција внатре во криминалната средина, можност за влијание во државните структури, способност при извршување на кривичното дело и др., извршува конкретни задачи во криминалната организација.

-Криминалните групи во реализирање на своите цели делуваат на различни форми. Имено, во ланецот на илегалното производство, кријумчарењето и НТ со дрога постојат: увозници(транспортери); групи за дистрибуирање (т.н.синдикати) и улични дилери.

-**Увозниците или транспортерите,** се на врвот на пирамидата и истите сносат најповеќе трошоци, бидејќи успехот на овој бизнис е поврзан со техниката и способноста на успешниот реализиран шверц со дрога. Увозниците никогаш не ја допираат дрогата, нивна задача е да обезбедуваат квалитетна дрога и во што поголеми количини да стигне до дистрибутерските групи, кои ја извршуваат работата поврзана со продажба на дрогата.

-**Дистрибитивни групи,** имаат обврска дрогата да им ја продаваат на уличните дилери, меѓутоа ако се работи за хероин имаат задача да извршат мешање на хероинот, сé со цел дуплирање на количината. Исто така, ова метода се користи и кај синтетичките дроги и тоа кај аменфетамин и метамфетамин. Кај екстазите и ЛСД кои се во форма на таблети овој начин на дуплирање не може да се изврши.

-**Уличните препродавачи**, имаат задача дрогата да им ја продаваат на конзументите за кои однапред ги знаат или поседуваат соодветните податоци за нивниот број.

Постојат повеќе поделби на уличните дилери или препродавачи и тоа:

**а) Капетан** (друг назив газда или boss) неговите задачи се поврзуваат со управување со уличните групи на кои им ја дава дрогата или т.н. војници (крајни дилери). Капетанот воедно на нив им го одредува и местото за продажба. Повремено излегуваат на терен за добивање на информации и собирање на парите од продажбата заради сигурност од евентуално полициска акција.

**б) Поручник**, (друг назив, пиштол, или guns) е лице кое е вооружено со лесно оружје или со друго формациско огнено оружје и секогаш се наоѓа во близина на војникот

(крајниот дилер), а со цел контрола на уличната продажба и заштита на теренот одреден за продажба на нивните дилери.Овие лица имаат задача да реагираат доколку за тоа имаат потреба.

**в) Војник**, (друг назив тркач или runner) е лице кој е задолжено за продажба на дрогата на терен. Капетанот им ја одредува местото (улицата) за работа. Најчето користат или покриваат повеќе локации. Местата се претежно во најфреквентни улици во градот или кафулиња, Интернет, диско клубови и др.[277]

Ваквиот начин на функционирање на криминалните групи е присутен кај оние најпознатите во светот . По однос на делувањето на криминалните групи постојат и други карактеристики и форми на делување или нивна организирана поставеност, а тие се следните:

-Хиерархија- одговорност и суординација;

-мрежна структура;

-присутност на соодветна флексибилност во работата;

-Обврска нивните членови да се инфлилтрираат во државните и привредните структури (со цел следење на состојбите а со тоа регулирање на нивните криминални приоритети);

-преку подмитување, одржување на врските со власта и државните институции (полициските и царинските службеници);

-При реализирање на целите употреба на насилството како нивен метод на работа, посебно се применува према нивните членови, заради непослушност, соработка со ривалските групи, соработка со полициските структури и друго;

-Профитот како главна цел и карактеристика на криминалната организација;

-Професионализам како битна карактеристика;

-Изразена голема општесвена опасност во делувањето и посебност во формите на криминално организирање и друго.

[277] http.www.stopdrogama.org/aktuelno3.htm pod naslov„Nelegalna trgovina drogama“ (2008);

Интерпол видовите на криминалните организации и групи на организираниот криминал кои се инволвирани во криминал со дрога, ги става во 4 (четири) организации или групи и тоа:

**1.**Првата група ја сочинуваат традиционалните организации, а тие се состојат од мафијашки организации, кои се специјализирани;

**2.** Другата група ја сочинуваат професионалните организации, кои се бават со кражби на ПМВ, фалсификување на пари, разбојништва, рекет изнуда со сила и друго(овие групи не се стални, се појавуваат по потреба и немаат строги форми на организираноста);

**3.**Третата група претставува криминални организации чија активност на делување има меѓународен карактер и делува со голема хомогеност на тој план, слично како што делуваат тријадите и јакузите;

**4.** Четвртата група ја сочинуваат интерналните терористичките организации;

**Во криминолошката смисла, феноменолошките форми на криминалното организирање се следните:**

**1.**Криминална група, може да биде секоја, која спонтано или спогодбено се организира заради извршување на кривично дело во некоја соучесничка форма. Ова криминално органиозирање не мора да има хиерархиска поставеност.

**2.**Организирана криминална група го сочинува поимот на „едноствно криминално здружување”, што се подразбира здружување во тројки или повеќе лица, заради извршување на кривично дело од делот на илегалното производство и криумчарење на дроги и настојуваат да бидат само како стабилни криминални структури за разлика од мафијашките организиции.

**3.**Криминална организација се подразбира како повисок степен на една криминлна организирана стрруктура од едноставно криминално здружување. Криминална организација за разлика од другите се претставува како силна која има структуирано членство и се работи за затворана средина со строги дефинирани правила на однесување, заради што се разликува од класичните и разбојничките банди.

**4.** Мафијашка организација е највисок степен на криминална организација, со специфична криминална структура и средина, која делува во рамките на организирана форма на криминалитет. Има доста ригорозен степен на организираност, како што е моќта на застрашување, состојба на потчинетост, почитување на принципот на молк и друго.

Најпознати мафијашки криминални организации се , Коза Ностра, ( 10 илјади членови(, (јапонските тријади, 39000 членови), кинеските тријади, над 50 илјади членови), колумбиските и мексиканските мафијачки опрганизации, Кали, Медулин и Синалоа и Гулф, руските мафијашки групи (300 илјади членови организирани во 450 групациии) и други.

По однос на делувањето и постоењето на организираните групи во Република Македонија можеме да истакнеме дека нарко-криминалитетот во нашата земја не може да се поистовети со криминалните структури во другите земји во светот. Имено, за време на истражувањето како и од користената литература не се добиени ниту се откриени организирани криминални организации слични на оние Италијанските, Албанските, Колумбиските и оние кои делуваат во окружувањето (српските, бугарските и др). Меѓутоа, во одредени криминални организации се инволвирани наши сограѓани кои им припаѓат на пониските слоеви на одредени меѓународни криминални организации кои делуваат во одредени земји во Европа. Според улогите тие применуваат т.н. „деликвентни активности“ кои се однесуваат: за чување, сокривање и складирање на дроги, нејзино препакување во помали количини, продажба на дрогата (улична продажба-дилерство), изнаоѓање на конзументи и др.

Меѓутоа може да се каже дека Македонија поради нејзината геостратешката позиција е значајна во поврзување на крстопатот помеѓу Исток и Запад. Ова позиција често од криминалните групи се користи за транспорт и кријумчарење на дрога преку т.н.„Балкански пат“. Во оваа насока често како логистика се користат и ангажираат одредени криминалци од нашата земја.

### *1.10.4. Средства на делување*

Една од побитните форми на делување на криминалните групи поврзани со кријумчарењето на дроги е и користењето на софистицирани методи и средства и истите перманентно ги усовршуваат. Посебно место завзема начинот на организирање на транспортот, а во тој правец и користење на соодветни средства посебно оние финансиските.

Без овој сегмент криминалните групи не можат да ги реализираат нивните криминални цели поврзани со кријумчарењето и НТ со наркотици.

Исто така, видно место завземаат и средствата преку кои се врши транспортот на дрогата, а што се поврзува со соодветни транспортни средства и тоа: ПМВ, камиони, автобуси. Во врска со ова, имајќи во предвид фактот дека транспортот се врши на повеќе начини и тоа: воден пат-со бродови; воздушен-со авиони; копнен-со патнички и товарни возила и со железнички сообраќај. Помалите пратки често се дистрибуираат преку поштански пратки и со курири посебно кога се работи за кокаин и синтетички дроги.

Криминалните организации во своите активности се служат со сите средства: со потикнување, закана, застрашување, со политички врски, со убиства, корумпирање и др,. само да ги постигнат своите цели, односно до финансиски профит заради што и се организирани.

### *1.10.5. Поврзаноста со странство и нивната соработка*

Кон крајот на 20 век и почетокот на 21 век, транзиционите политиочки промени во светот, кои посебно се случија во Источна Европа, со падот на социјализмот и Варшавскиот пакт, дојде до отварање на границите, односно со тенденција да има еден свет и Европа без граници, како еден манифест на глобални економски, политички и други сфери во насока на развивање на нови меѓународни односи. Ваквите тенденции придонесоа да го стимулират и развиваат организираниот криминал, во насока истиот да поприма покрај меѓународни карактеристики и транснационални. Глобалните трендови посебно придонесоа да криминалитетот со наркотици створи нови димензии кои не се ни национални ниту географски, туку со тоа се придонесува да се отварат државните граници, а со тоа доаѓа и до брз проток на информации.

Према некои студии само 5% од товарните контејнери кои по морски пат влегуваат во земјите за кои е наменета дрогата, односно низ целиот свет. Од ова може да се претпостави дека 95% се остава можноста да се изврши криумчарење на дрога.

Поради тоа по однос на организираниот криминал поврзан со странство и нивната соработка се појавуват во литературата и повеќе термини и тоа: Транснационални, интернациоанални, мултинациоанални криминал и други. Според конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот криминал  донесен 2000 година во Палермо, под транснациоанален ОК се подразбира кога една криминална активност  (криумчарење и НТ со дрога), се врши во повеќе држави или се илегално произведува во повеќе држава и со тоа предизвикува одредени последици или опфаќа повеќе криминални групи кои имаат

водачи во една, но поради обемот на криминалната активност (што е карактеристична кај криумчарењето со дроги), овие групи делуваат и во други држави и меѓусобно соработуваат и разменуваат информации.

Додека под поимот интернациоанален се подразбира кога организираните криминални групи кои делуваат во една држава, а додека кримианлните активности ги реализираат по потреба во друга држава, како на пример во соседните држави ( криминалните групи од Србија соработуваат со албанските и македонските криминални групи во делот поврзан околу илегалниот транспорт и криумчарење на дрога).

Организираните криминални групи по обичај се доста организирани, а тоа го прават заради фактот што со тоа доаѓат до поквалитетни криминални активности и поголем финансиски профит. Исто така таквата нивна криминална сплотеност претставуваат закана по национална, регионална и глобална безбедност.

Криминалните групи кои се бават со илегално производство, кријумчарење и НТ со дрога секогаш работат во правец на поврзување и соработка со сродни криминални групи во странство, посебно во оние земји од каде што се набавуваат синтетичките дроги, како и другите дроги.

Нивната поврзаност покрај активностите поврзани околу набавката и организирање на транспортот на дрога, се однесува и во однос на вложување на стекнатите финансиски средства од продадената дрога во легален бизнис, а посебно во градежништво. Таквите вложувања се вршат со цел легализирање на финансиските средсва, стекнати од криминални активности.

Исто така, кај соработката и поврзаноста на криминалните групи кога е во прашање нивниот финансиски интерес, пречка не претставува ниту нивната етничка или друга поврзаност.

Криминалните организации за да ја олеснат навната активност се здружуваат со локалните криминални банди или босови од другите земји. Ова го прават на сличен начин како и државните функционери т.е. склопуваат билатерални договори за заеднички настап на меѓународна сцена и на овој начин соработуваат поголемите криминални организации во светот, како, српските, албанските, италијанските, мексиканските, колумбискита, руските, кинеските, турските и други. На пример, мексиканските склучуваат такви договори со сродни организации во Европа или Русија, во зависност од нивната потреба или цел.

Како пример ќе го наведеме дејствување на припадниците на криминалната организација на Колумбија „Кали". Имено, во 2007 год. кога биле притворени нивните водачи, браќата Хилберто и Миела Родригес Ортекуела ( осудени на по 30 год. затвор заради криминал со наркотици) , во нивните списоци биле евидентиран 80.000 лица кои соработувале со сродни организации низ целиот свет каде имале потреба од кријумчарење на дрога.

За разлика од полициските служби, криминалните групи кои се бават со кријумчарење и НТ подобро соработуваат и контактираат. Илегалниот бизнис нив ги здружува и не прават никакви национални, верски и други пречки, за нив е битно, да доаѓат до профит на било кој начин.

Од друга страна полициските и царинските служби иако ги имаат сите законски можности сепак од криминалните групи заостануваат еден чекор наназад. За ваквата состојба влијаат повеќе чинители: пред се бирократскиот однос на раководните структури, несоодветна кадровска екипираност, несоодветно применување на методот на брзина и изненадување, а кој метод го користат криминалните групи.

Во врска со ова се поставува и едно логично прашање а тоа е: дали не треба и полициските служби да работат слично како криминалните групи, со цел поуспешно спротивставување.

Меѓународните криминални организации цврсто се етаблирани во подземјето. Во 1998 год. во Европа е одржан состанок на кој присуствувале најмоќните криминални организации, со цел унапредување на заедничката соработка и да ги примат руските браќа во своите редови.[278]

*1.10.6.Финансиска подршка*

Кријумчарењето на големи количини на синтетички дроги е само еден од почетните чекори во правец на стекнување на финансиски профит на криминалните групи кои се вклучени во овој вид на криминал.

Меѓутоа, за да се реализира тоа организираните криминални групи превземаат низа активности, односно го организираат транспортот од земјите кои се производители на дрогата, до земјата каде е наменета и каде треба да се организира дистрибуцијата на

[278] Камбовски, В. (2005), *Организиран криминал*, Скопје, 2-ри Август С, стр.94;

кријумчарената  дрога и уличната продажба од каде се остварува и најголемата заработувачка.

Во врска со ова, на криминалните групи им оди во прилог и зголемувањето на бројот на конзументите чии број од година во година е сé поголем. Според објавените податоци на UNODC од 2009 година, во светот синтетички дроги користат помеѓу 35 и 45 милиони луѓе на светско ниво.

Мотивација на криминалните организации поврзани со кријумчарење на дрогата воглавно е доста висока, со оглед на тоа дека преку продажбата на истата добивката е доста висока, заради што се смета за еден од најпрофитабилните илегални бизниси, односно според објавените податоци на UNODC годишниот профит од продажба на дрогата на големо изнесува 90 милијарди американски долари, а додека продажбата на мало изнесувало околу 320 милијарди USA долари.[279]

Криминалните групации со цел да го зголемат финансискиот профит, дел од добиените парични средства ги вложуваат во други криминални актвности, а додека дел настојуваат да ги вложуваат во легален бизнис, сé со цел „перење“ односно легализација на стекнатите пари.

Во врска со финансиската моќ на криминалните групи,  ќе илустрираме еден пример поврзан со светската финансиска криза во периодот 2009-2010 год., како и за нивната способност за лесно прилагодување на настанатите состојби во оваа ситуација на финансиската криза.

Посебно е интересен примерот во Италија по однос на кризата. Имено, во тој период околу 180.000 работни луѓе, вработени во повеќе компании во неможност да обезбедат кредити од банките, биле приморани парични средства или позајмици да обезбедуваат од  криминалните структури. На овој начин, криминалните односно мафијашите структури со такво инвестирање во познати италијански компании станале уште помоќни.

Во прилог на ова за илустрација ќе изнесеме  и податоци поврзани со цените на синтетичките, како и на другите дроги, а преку кои се гледа и соодветниот профит на криминалните групи што ги добиваат од продажба на истите.

-Таблетите екстази на големо се продаваат по две евра за една таблета, односно 1000 таблети се продаваат за 2000 евра;

---

[279] http://www.naslovi.net/2009-01-26.);

-Метамфетамин-амфетамин (100гр) на големо чинат 850 евра, истата потоа се меша со хемиска супстанца-лактозем или друга, со цел да се добие поголема количина и на мало се продава еден грам за 10 евра;

-LSD или т.н.трипови (100 парчиња) на големо достигнува цена и до 400 евра, а додека една таблета на мало се продава по 10 евра.

Од ова се гледа и соодветниот профит што криминалните организации го добиваат од кријумчарењето и продажбата на дрогите и заради тоа се смета за еден од нај профитабилните бизниси. Тоа значи дека додека во светот постојат конзументите, криминалните организации ќе работат во правец на нивно снабдување, а преку тоа и доаѓање до исполнување на целта-стекнување на пари, моќ а со тоа и соодветна положба во власта на одредени земји, па и во Р. Македонија.

*1.10.7. Територијална разместеност*

Во првата половина на 20 век, организираниот криминал бил облик на делување на локални банди, градско „подземје", што значи територијално биле лимитирани и тоа на простор што можел да се контролира и физички. Денес, заедно со процесот на глобализација, по дефиниција станува транснационален, како од аспект на подрачје, територија за криминални активности и остварување на профит и други цели, така и од аспект на составот на криминалните организации.[280]

Прометот, патувањето, глобализацијата на контактите во сите општесвени-економски нивоа, па така и на криминалната основа, придонеле, криумчарењето и недозволената трговија со дрога да успее да се протури на сите светски локации, со особеност и во земјите од З. Балкан

Организираните криминални групи во зависност од нивните интереси и цели се разместуваат од едно во друго подрачје или територија, а се со цел поуспешно реализирање на целта. Нивното разместување секогаш се поврзува со финансискиот профит или избегнување од евентуално нивно откривање. Исто така, криминалните групи често ги менуваат териториите заради зачувување од деконспирација, а ово нешто го применуваат дилерските групи. Инаку, секоја дилерска група на располагање си има своја

[280] Камбовски, В. (2005), *Организиран криминал*, Скопје, 2-ри Август С, стр.104;

територија, со јасни одбележени гранични црти, каде што можат да ги реализираат криминалните активности.

Често до територијално разместување на криминалните групи доаѓа и во случаевите кога доаѓа до судир помеѓу две или повеќе групи. Во такви ситуации, поедини групи се принудени да се разместат во други подрачја, а со нивното такво однесување се разместува и нивниот бизнис со наркотици.

Кога се зборува за криминалистичката феноменологија на ОК во врска со илегалното производство, криумчарењето и НТ, а со тоа и со злоупотреба на дрогите, преку анализа на причинителите, се разликуваат три категории на криминални групи: традиционални криминални организации, професионални криминални организации, прилагодни криминални организации, што значи дека се прилагодуваат на условите поврзани со одредена криманлна активност, како и тоа дека организациската струкгура им е доста подвижна и затоа хиерархиската поставеност тешко се соочува и со разбивање на поголема структура лесно се прилагодуваат во формирање на помали, а со тоа лесно се прилагодуваат на сите форми на криминално делување. Ваквите категории се претежно застапени во земјите од З. Балкан

## 1.11. Обем и динамика на илегалното производство, криумчарењето и НТ со синтетички дроги во земјите од З. Балкан.

До сознанијата за тоа колку е обемот, динамиката и структурата на криминалитетот во поедини земји, поширко во регионот ( З. Балкан), или на глобално ниво, се доаѓа преку анализа или увид во податоците што произлегуваат од дотичните земји, земјите на регион или пошироко.

Во оваа ситуација при анализа на обемот, динамиката и структурата на кримианлитетот во земјите од З.Балкан, искористени се податоци што се објавени во интернет и електронски портали, пред се од EMCDDA, koја во контуинитет ги следи и обезбедува поодатоците преку кои се гледа присуството на криминалитетот, неговиот обем и динамика во овие земји.

Ваквиот начин е поради фактот што и покрај обидите, од објективни причини не можат, во периодот на истражувањето, да се обезбедат валидни статистички податоци кои произлегуваат од соодветните институции кои се бават со ова проблематика. Поради тоа во одсуство на соодветни веродостојни статистички податоци, обемот и динамиката на

движењето на криминалиотетот нема да ја изразат правата слика за истиот во земјите опфатени со истражувањето.

### *1.11.1. Структура и структурални промени на криминалитетот.*

Поимот поврзан со структура на кримикналитетот во науката се употребува и има различито значење, како и концепт и операционализација на одредена појава што непосредно е поврзана со криминалитетот поврзан со илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со дрога. Исто така структуралните промени во општеството доведуваат до настанување и промени во самата структура на криминалитетот.[281]

Структурата и структурните промени ги покажуваат карактеристикита на вкупниот криминалитет и на одделни видови на криминални поведенија на извршителите.[282]
Во ова сфера врз основа на податоците може да се посматра структурата на криминалитетот според видот на извршените кривични дела поврзани со наркотици, структурата на полот на извршителот, потоа структурата на кривичните дела според формите на појавувањето.[283]

Исто така може да се каже дека статистичките податоци поврзани со самата структура на криминалитетот дава соодветна слика за тоа, каква е самата дистрибуција на криминалитетот со наркотици (илегално производство, криумчарење и недозволена трговија), во одреден регион (земјите од З. Балкан), и опдреден временски период (2000-2010 ).

Доколку се врши феноменолошка анализа, тогаш структурата на криминалитетот се испитува поради дистрибуција на криминалитетот врз видовите на кривичните дела, старосната структура на извршителите и полот.

[281] Лупчо А, *„Криминологија''*, издавач (2-ри Август С-Штип), 2007, Скопје, стр.248
[282] Зоран С., „Криминологија'', (ИСППИ), Скопје, 2003, стр.460
[283] Ибид.

*1.11.2.Обем и динамика на криминалитетот и кривични дела*

Под обем на криминалитетот се подразбира вкупниот број на сторени кривични дела и други деликти опфатени со поимот криминалитет во одредено време и на одреден простор.[284]

Обемот на криминалитетот што е поврзан со криумчарењето и шверцот со наркотици може да се следи врз основа на статистичките податоци обезбедени од статистичката евиденција, во која се внесени податоци за вкупниот број на извршени кривични дела на определен простор.

Инаку покрај несоодветните податоци извлечени од евиденциите, прецизното определување на обемот на криминалитетот од одредена област (илегалното производство, криумчарење и НТ со наркотици), го попречува и темната бројка на извршеите кривични дела во одреден криминална област.

Динамиката на криминалитетот претставува една од битните феноменолошки карактеристики на следење на криминалитетот**, и** се однесува и на самите промени на обемот на криминалитетот во однос на определен временски период и на определен простор.[285]Воедно, може да се следат и одредени промени што настануваат со самата појава на неговите форми.

Во овој дел ќе се обидеме да дадеме одредени податоци за динамиката на криминалитетот со наркотици во З. Балкан, со користење на податоци од пријавените лица кои извршиле кривични дела поврзани со илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија извршени во земјите од З. Балкан.

Кривичните дела, ИП, криумчарење и НТ со СД се опфатени или се систематизирани во две глави од Кривичниот Законик, и тоа „криумчарење и недозволена трговија“ во главата XXV, сеопфатени кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, а додека самото дело поврзано со синтетички droги во главата XXI, кривично дело против здравјето на луѓето чл. 215 кој гласи „неогластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори“ (ваквото нешто го објаснуваме на соодветен начин во делот во кој се зборува за кривично правните аспекти на кривичното дело криумчарење и недозволена трговија).

[284] Лупчо А, *„Криминологија’’*, издавач (2-ри Август С-Штип), 2007, Скопје,стр.244
[285] Зоран С., „Криминологија’’, (ИСППИ), Скопје, 2003, стр.460

На сличен начин овие кривични дела се опфатени и во другите земји од З. Балкан опфатени со истражување (пошироко во делот „Кривично- правна нормираност на ИП, криумчарењето и НТ, со синтетички дроги во земјите од З. Балкан).

Суштествено во илегалното производство, криумчарењето и НТ се заштитува финансискиот промет, а додека кај синтетичките дроги здравјето на луѓето. „Сторителите" на овие дела „илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги" ги одбираат луѓето или лицата кои веќе се инволвирани во шверцерски илегални канали, а поврзани преку лица кои се конзументи на наркотичните средства. Се работи за лица кои вешто ги прилагодат нивните криминални активности ,со состојбите на теренот, од побарувачката до продажбата на наркотичните средства.

Според ова, можеме да истакнаме дека криумчарите или шверцерите се интелегентни и интересни личности, со големо умешност, како и дрскост, кои не ги почитуваат моралните вредности на личноста, конзументот. Начинот на извршување на кривичните дела се јавува како една од основните криминалистички категории, чии познавања и изучувања во рамките на различни групации, кривичното дело преставува камен темелник за изградување криминалистички методики за откривање, докажување, разјаснување и разни видови кривични дела. [286]

Методите во криминалистиката претставуваат научно засновани начини за спознавање, за истражување и за постапување со објектите на криминалистичкото спознавање.[287]

„Криминалистиката, како и секоја друга наука за остварување на целите на своите научни теоретски истражувања, применува и користи соодветни научни методи или ја сочинуваат основата за криминалистичка методологија како општо теоретска рамка за криминалитичко научно спознавање.[288]

Тие се тесно поврзани и условени со предметот на истражувањето. Предметот на криминалитичкото спознавање ги опфаќа кривичните настани во чии рамки треба да се откријат, да се разјаснат и да се докажат кривичните дела и нивните сторители.

Во врска со ова, за да се дојде до подобри резултати треба да се направи разлика меѓу методите што ги применува криминалистичката наука, а служат за спознавање на

---

[286] Џуклевски, Г. Николовска, С. (2008) *„Економска криминалистика"*, Графика Мак Принт, Скопје, стр.7;
[287] Џуклевски, Г. (2006) *„Вовед во криминалистиката"*, Скопје, стр. 27;
[288] Ангелески, М. (1993) *„Криминалистика"*, Скопје, стр. 23. Види пишироко и кај Милошевић Н. и Милојевић Е. *„Основи методологије"*, Београд, 2001 стр. 10 и натаму (фуснотата е преземена од Џуклевски, Г. *„Вовед во криминалистиката"*, Скопје, 2006, стр. 27;

објективните закономерности во рамките на предметот на нејзиното научно изучување и методите кои се користат во криминалистичката практика заради решавање на конкретни криминални случаи. „Честопати, ваквите методи може да бидат исти според насловот (пр. експеримент, аналогија, анализа и сл.), но се разликуваат по целта, условите, начинот и според субјектите кои ги користат, а меѓу нив постои и тесна поврзаност“[289]

За успешно согледување на обемот, динамиката, распространетоста и некои посебни својства и карактеристики на соодветна општествена појава, неопходно е следење на нејзините индикатори низ еден подолг временски период.

Поаѓајќи од ваквите причини како и од самата поставеност и ниво на научно истражувачкиот труд, се определивме за во Р. Мкаедонија, да се користат податоци од МВР на РМ, а додека за другите земји од З. Балкан опфатени со истражување, како што и погоре истакнавме, ќе се користат податоци објавени во интернет и одредени електроски портали за период 2000-2010 година.

Во врска со ова да истакнеме дека по однос на земјите од З. Балкан од оправдани објективни причини не е успеано да се обезбедат веродостојни податоци поврзани со динамичноста и движењето на криминалитетот, но и покрај тоа сметаме за потребно за одреден степен на веродостојност, да се изнесат податоците кои ни се на располагање и обезбедени во истражувачкот период.

За целосно и сеопфатно согледување на обемот и динамиката и некои посебни својства и карактеристики на илегалното проиизводсво, криумчарењето и НТ со синтетички дроги, ќе користиме и компарираме одредени статистички податоци за вакви кривични дела кои се карактеристични на светско ниво (податоци од Обединетите Нации UNODC - Уред за сузбивање на криминалот со дроги при ОН), како и слични податоци од земјите од З. Балкан.

За последните десет години ќе направиме едно споредбено разгледување на податоците со оние во Р.Македонија. Исто така, ќе се направи и споредба со податоците поврзани со оние од МВР, посебно за нивна веродостојност. Ваквиот пристап ќе ни овозможи, со користење на методот на споредба да го согледаме обемот и динамиката и да добиеме релевантни научни резултати за илегалното производство, криумчарењето и НТ со синтетички дроги како во Р.Македонија, така и во одредени земји од з. Балкан.

Податоците за однесените кривични пријави се најсеопфатни, но тие не се целосни, не само поради високата „темна бројка“ на овие кривични дела, туку и поради тоа што

[289] Цуклевски, Г. оп. цитат, *„Вовед во криминалистиката“*, стр. 28;

судбината на поднесената кривична пријава не е дефинитивна, бидејќи по неа одлучуваат судските органи и јавното обвинителство. Исто така, бројот на откриените кривични дела е доста голем односно „темната бројка“ е висока, што се гледа од статистичките податоци добиени од МВР, за откриени и поднесени кривични пријави.

Заради ова, меѓусебното компарирање со овие податоци, ќе ни овозможи не само во целост да се согледа обемот и динамиката низ мерките на различните органи и нивната активност, туку и други специфичности сврзани со откривањето, со политиката на кривичниот орган и со пресудувањето, како и други карактеристики на ИП, криумчарењето и НТ со СД.

Во врска со ова, а со цел посоодветно споредување на податоците, ќе се послужиме со објавени податоци за запленети синтетички droги во Р.Србија- Црна Гора (како заеднички држави), за периодот 1999-2006, БиХ, Македонија, Албанија и Косово.

Исто така, ќе се користат одредени податоци за запленети droги и пријавени кривични дела, поврзани со криумчарење и шверц на droги, кои се однесуваат за Србија -Црна Гора и Македонија, а опфатен е периодот 2001-2005 година, како и за другите земји, за периодот 2006 година, додека за Косово и Албанија од оправдани објективни причини не се обезбедени, со оглед дека во овие земји запленатa на синтетичките droги е значително мала или немало заплени (Албанија).

Во две табели доле се изнесени податоци поврзани со запленети droги и пријавени кривични дела во врска со криумчарењето и шверцот со наркотици (синтетички droги), во Србија 1999-2005 годин[290]

| Година | Број на Заплени | Вкупно droги Во кг | Запленети синтетички droги (екстази) |
|---|---|---|---|
| 1999 | 1.809 | 1.670.018 | 106 |
| 2001 | 3.060 | 2.400.695 | 10.435 |
| 2002 | 3.892 | 1.531.295 | 9.609 |
| 2003 | 3.580 | 1,156.575 | 2.076.194 |
| 2004 | 4.512 | 4.400.960 | 9.260 |
| До 7 месец, 2005 | 2.743 | 256.628.90 | 4.327 |
| | | | |

Табела 1 податоци за заплени СД во Србија

[290] Ѓорѓевич З., Нарко-Криминал (кривично правни и криминалистички аспекти), Нови Пазар, 2006, стр 184,

За разлика од претходниот период по 2005 година, само во 2007 година се извршени 4.926 кривични дела и се поднесени толку пријави.

Во 2008 година се реализирани 5.747, заплени и се запленети 1.648.820,86 грама разновидна дрога, од кои 207,82 гр и 1.045 таблети екстази, 28.00 г и 708 таблети ЛСД, 16.435,27 g i 547 таблети амфетамин и 18.536,57 гр и 21.338 таблети од други синтетички дроги.

Во врска со ова поднесени се 4.276 кривични пријави (овие податоци се објавени од МВР на Србија).

| Година | Пријавени кривични дела чл.245 | Пријавени кривични дела чл.246 | Пријавени лица по чл.245 и 246 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 2001 | 890 | 203 | 1.022-232 |
| 2002 | 885 | 199 | 1.023-214 |
| 2003 | 2273 | 244 | 2473-263 |
| 2004 | 3879 | 258 | 3806-273 |
| До 7 месец 2005 | 2556 | 182 | 2516-186 |
| 2007 | 4.317 | | 5.131 |

Табела 2 за реализирани заплени на СД во Србија и Црна Гора

Од изнесените податоци се гледа дека во Србија и Црна Гора, во текот на 1999 година се реализирани 1.809 , а се запленети 1.670.018 кг дроги, односно само екстази 106 таблети. Меѓутоа кога се анализираат бројките од реализираните заплени, а посебно синтетички дроги, тогаш во 2003 и 2004 година таа бројка е енормно висока, Од ова можеме да констатираме дека во овие земји од година во година има зголемување на запленетите на дрогата, а со тоа се гледа и порастот на извршените кривичните дела.

Така и по однос на пријавените кривични дела по чл.245 и 246 се гледа нивно зголемување како и на нивните извршители. Ова посебно е изразено во периодот, 2003-2004/2005година 2273, 3879, 2556 (пријавени кр.дела), 2473-263, 3806-273, 2516-186 (пријавени лица).

Во долната табела се податоците од запленетите синтетички droги во Македонија за периодот 2000-2009, година. Меѓутоа ќе се анализира обемот на заплените и пријавените кривични дела, по чл.215 од кривичниот закон на Македонија

| Година | Запленети синтетички дроги (екстази) | Година | Запленети синтетички дроги (екстази) |
|---|---|---|---|
| 2000 | 280 таблети | 2005 | **2.857 таблети** |
| 2001 | 45 таблети | 2006 | **1.327 таблети** |
| 2002 | **18.341 таблета** | 2007 | **4.548 таблети** |
| 2003 | **9.649 таблети** | 2008 | 449 таблети |
| 2004 | 164 таблети | 2009 | **2.636 таблети** |
| Вкупно | | Вкупно | |

Табела 3 заплени на СД, а посебно синтетички во Македонија

Споредувајќи ги изнесените податоци во горната табела, може да се констатира дека во периодот 2005-2009 година е забележан соодветен континуитет во откривањето и запленувањето на синтетичките дроги, за разлика од периодот 2000-2004 година, кога тој континуитет на запленување е присутен само во текот на 2002 год. (кога се запланети 18.341 таблети екстази и 2003 год. кога се запленети 9.649 таблети).

Во Македонија во периодот 2006 година се поднесени 328 кривични пријави по член 215, за 328 лица.

Од презентираните податоци може да се заклучи дека обимот на криминалитетот и присутноста на синтетичките дроги во Земјите од З. Балкан, е најприсутен во Србија, односно Црна Гора (која до периодот 2005 година беше во склоп на заедничка држава со Србија). Исто така изнесените податоци во табелите, Србија и Црна Гора се на високо ниво со заплени и пријавени кр. дела. Во врска со ова можеме да констатираме дека загрижувачки се овие податоци и дека таквиот тренд е присутен и во наредниот период, односно се очекува институциите да откријат и запленат поголеми количини на синтетички дроги и во другите земји од З. Балкан.

Во БиХ во текот на 2005/2006 година поднеле 750 кривични пријави, против 916 лица кои извршиле кривични дела, по чл. 272-а, 272-б и 272-в и при тоа запленилe 4 кг

хероин, 650 гр. Кокаин, 2 кг амфетамин, 12 кг марихуана, 4.761 таблети екстази и 70 картони ЛСД.[291]

Во Албанија во текот на 2006 година се поднесени 329 кривични пријави за 329 лица.[292]

При тоа се запленети 104 кг хероин, 5.517 марихуана, 1.6 кг кокаин, и се уништени 74.000 плантажи со марихуана.[293]

Од овие заплени се гледа дека нема податоци за запленети синтетички дроги, во врска со што не можеме да дадеме и соодветни заклучоци или да се направи одредена споредба со другите земји од з. Балкан.

Овие податоци само го одржуваат обемот на криминалот со наркотици, што е откриен во тој период. Истите податоци заради нивната некомлетност не ни даваат соодветна слика на објективен начин да даваме соодветна споредба со обемот од другите земји од З. Балкан.

Проценка е дека ваквиот тренд најверојатно се должи на фактот дека синтетичките дроги за разлика од остатаните видови на дроги, се поприсутни .

Во Србија во текот на 2007/08 год се откриени и две големи илегални лаборатории наменети за производство на синтетички дроги.[294]

Споредувајќи ги изнесените податоци со оние синтетички дроги запленети во Р.Македонија[295], можеме да констатираме дека постои огромна разлика, со оглед дека во Србија и Црна Гора, запленетите количини на синтетички дроги се многу поголеми. Интересен за нас е и податокот што во тие земји во запленувањето постои различност по однос на видовите на запленетите синтетички дроги, за разлика од Македонија и другите земји од З. Балкан, каде исклучиво се запленети екстази и тоа во помали количини.

Исто така овие податоци укажуваат на тоа дека надлежните органи, полицијата и царината во Србија им посветуваат сé поголемо внимание на откривањето и сузбивањето на криумчарењето на синтетичките дроги. Врз основа на ова, сметаме дека во идниот

[291] Р. Јович, А.Савич. и Р. Куљача; *„Дроге и Тероризам''*, (факултет за пословни менаџмент), Бар,2007, стр. 320.
[292] Р. Јович, А.Савич. и Р. Куљача; *„Дроге и Тероризам''*, (факултет за пословни менаџмент), Бар,2007, стр. 320.
[293] Ibid
[294] Исто така, во 2003 год. во градот Нова Пазова, Р.Србија е откриена првата тајна лабораторија за производство на синтетички дроги, најголема на балканските простори. Во споменатата полициска акција која траела една год. се запленети околу 2 милиони таблети екстази и 20 тони амфетамин-сулфат, смеса од која се произведуваат екстазите, со вкупна вредност од 10 милиони евра. Според некои проценки, оваа добро организирана криминална група од 2000-2003 год. произвела околу 31,2 милиони екстази и од нивната продажба би се заработиле околу 50 милиони евра.
[295] Види стр.104;

период  и во другите земји од З. Балкан, надлежните органи треба да му посветат по соодветно внимание на овој вид на криминалитет, со цел негово сузбивање односно зголемување на процентот на откриените дела поврзани со овој вид на криминалитет.

## 1.12. Компаративен преглед на запленетите синтетички droги во светот, Европа и во земјите од З. Балкан во периодот од 2000-2010 година

### *1.12.1.Состојбата со синтетички дроги во светот и заплените во периодот 2000-2010*

Меѓународниот систем за спроведување на соодветните контроли на наркотичните дроги се заснива претежно на три конвенции донесени од страна на ОН, и тоа од 1961, 1971 и 1988 година, за кои поопширно зборевме во делот поврзан за меѓународните конвенции. Ова само за потсетување, бидејќи споменатите конвенции во универзална смисла се почитуваат и дека националните институции преку нивни национални програми ги ограничуваат психоактивните супстанци за нивна употреба, односно злоупотреба.

Злоупотреба на овие супстанци (во оваа прилика би ги спомнале само оние кои се предмет на истражувањето), психичките стимуланси од типот на амфетамин, метамфетамин, екстази и други, претаставуваат голем и нерешив светски проблем.

Имено според извештајот на UNODC од 2009 година околу 200 милиони од светската популација  со старосна граница помеѓу 15-64 години, употребуваат наркотични дроги, а оваа бројка во следните години се очекува да порасне уште повеќе.

Видовите на дроги кои се злоупотребуваат првенствено зависат од нивната достапност, илегалното производство, криумчарењето и дистрибуцијата.

Согледувањето и распространестоста на откриените илегални лаборатории наменети за производство на синтетички дроги и вкупната количина на запленетите прекурзори, претставувава битен основ за градење на глобална и сеопфатна стратегија, што би придонеле во насока на сузбивање, посебно на илегалното производство, а потоа спречување на нивното криумчарење и дистрибуирање, со кое нешто би се придонело до намалување на понудата и побарувачката на синтетичките дроги.

Во оваа смисла во периодот 2006 и 2007 година на глобално ниво се спроведени неколку познати проекти ,,Единство'' (Cohesion), проектот ,,Призма'' (Project  Prism), ,,Кристален поток” (Operation Crystal Flow), кои што претставуваат еден доста значаен

обид на меѓународната заедница во борба против намалување на понудата на дрогите на светско ниво.[296]

Во периодот 2002-2004 година на светско ниво се запленети, **33,4 тони** метемфетамин, **20,1 тони** екстази, **18 тони** амфетамин, **11,1** тони метаквалон и **5,5** тони депресори.

Или за секоја година посебно се запленети следните количини изразени во тони и тоа:

2002 година: кокаин 390 т; хероин 58 т; **метамфетамин 10,5 т; Екстази 6 т; амфетамин 6 т; метаквалин 3 т; депресори 1,5 т.**

2003 година: кокаин 450 т; хероин 60 т; **метамфетамин 12 т; екстази 6 т; амфетамин 6 т метаквалин 4 т; депресори 1,7 т**

2004 година: кокаин 558 т; хероин 60,3 т; **метамфетамин 10,9 т; екстази 8.1 т; амфетамин 6 т метаквалин 4,1 т; депресори 2,3т.**

Од овие податоци се гледа дека на светско ниво најголеми количини на заплена има кај метамфетаминот, додека запленетите количини кај екстазите и амфетаминот се слични. Овие бројки не ја покажуваат вистинската слика на произведените синтетичките дроги и дека нивната бројка што се нудат на нарко пазарите во светот е многу поголема.

Исто така од заплените се гледа дека динамиката на шверцуваните дроги од година во година се зголемува, што укажува и на ефикасноста на институциите кои се ангажирани во спроведување на мерките насочени кон спречување или намалување на понудите и побарувачката на светско ниво.

Доколку се обидеме да направиме споредба или компарација на овие запленети количества на синтетички дроги со податокот дека во 2009 год. само на подрачјето на Мексико се запленети 37 тони амфетамин, тогаш можеме да констатираме дека трендот и динамиката на синтетичките дроги на светско ниво, е во експанзија. Исто така, овие бројки укажуваат и на потребата од интернационализација на проблемот, односно зголемување на севкупните превентивни и други капацитети на сите држави во светот за вклучување во борбата против оваа општетсвена негативна појава и зло на човештвото.

Во врска со ова според извештајот на UNODC од 2005 година, кој се однесува на потрошувачите (корисниците на синтетичките дроги), се доаѓа до фрапантна бројка.

---

[296] https//rm.coe.int/16806ef3a2 (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006, str.21(прочитано 10.09.2017 година).

Така според податоците од 2005 година, регистрирани се 200 милиони лица, потрошувачи на сите типови на дроги и тоа:

**-Марихуана 162 мил.**

**-Разни видови на амфетамин 25 мил.**

**-Екстази 10 мил.**

**-Кокаин 13 мил.**

**-Опијати 5 мил.**

**-Хероин 11 мили.**

Податоците изнесени во извештајот укажуваат на тоа дека синтетичките дроги, по марихуаната се најзастапени на ниво на Европа, за разлика од кокаинот и хероинот. Овој податок дава една слика дека трендот и динамиката на синтетичките дроги е доста голем и застапен и дека секоја година бројот на потрошувачите (корисниците) кај синтетички дроги поради нивната достапност (ниски цени), е се поголем и по застапен.

Од вкупно запленетите дроги во светот, според податоците од извештајот на UNODC за 2000 годиона 1/3 од дрогите се запленети во С.Америка, ¼ во Европа/1/5 во регионот на Азија, и 1/10 во Ј. Америка. ФН

Овие бројки упатуваат на тоа дека глобалната борба против илегалното производство и криумчарењето на синтетичките дроги треба да се засили и се прават меѓународни и национални напори овој проблем да се вметне во приоритетите на сите земји во светот и со заеднички мерки, пред се вклучувајќи ја соодветната соработка да се придонесе во сузбивање на ово светско зло. Во светот од продожбата на синтетичките дроги криминалните групи имале профит во вредност од 44 милијарди долари.

*1.12.2.Состојбата со синтетички дроги во Европа и заплените во периодот 2000-2010*

Илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија, претставуваат основенм облик на организираниот кримаинал во Европа и пошироко во светот, а посебно во земјите од Западен Балкан. Поради тоа неопходно е да се преземат стратешки политики во насока на успешно спроведување на законите поврзани со меѓународните конвенции.

Недозволената трговија со дроги по 2000 година е по голема и по динамична, и повеќе се базира на синтетички дроги него природните. Ова пред се бидејќи природните дроги или дрогите кои се произведуваат од билките се транспортираат од големи далечини а со тоа

се присутни опасностите од нивно запленување. Поради тоа организираните криминални групи своите активности ги имаат насочено кон производство на синтетички дроги, чии транспорт е многу полесен и се користат по кратки патишта.

Ова се гледа и по реализираните заплени на синтетичките дроги во Европа.
Во Европа во текот на 2001-2011 година се извршени 10000 илјади заплени во количина од 4.3 милиони запленети екстази. Во овој период само во Турција се извршени 13000 заплени во количина од 5.7 милиони таблети.

Според податоците понудата и синтетички дроги во Европа значајно е намалена во 2007 година, а состојбата во текот на 2011 година во висина од запленетите 4.3 милиони таблети екстази претставува мал дел од запленатa реализирана во 2002 година во количина од 23 милиони таблети на европско ниво.[297]

Во продолжение ќе се дадат поконкретни податоци за илегалното производство, за бројот на конзументите, а со тоа и релизираните заплени на синтетички дроги од амфетамински и метамфетамински тип во Европа, во период 2000-2015 година.

Периодот 2000-2015 е земен за да се види обемот и динамиката на илегалното производство, а со тоа ќе се направи подобар компаративен приказ на запленитe во однос на светското ниво и земјите од З. Балкан. Податоците се претежно обезбедени од годишните извештаи на UNDOC и EMCDDA.

Така во однос на заплена на АТС (амфетамински тип стимуланти), таа е следна: 2003 (54 тони), 2004 (74 тони), 2005 (60 тони), 2006 (63 тони), 2007 (66 тони), 2008 (58 тони), 2009 (77 тони), 2010 (75 тони), 2011 (125 тони), 2012 (144 тони).
Во Европа, запленитe на АТС се следни:

**-Западна и Централна Европа** 2015 (6.5 тони), 2014 (5.5), 2013 (6.8), 2012 (5.9), 2011 (5.8), 2010 (5 тони).

**-Југоисточна Европа** 2015 (4тони), додека останатите години помали количини.

**На глобално ниво**, во 2015г. запленети 132 тони метафетамини (зголемување од 21%), 52 тони амфетамин (зголемување од 8%) и 6 тони екстази (намалување за 35%) и 23 тони синтетички НПС (не вклучува ГБЛ, кетамин и други лекови).

**Во однос на корисници**, во 2015г. биле регистрирани 22 милиони корисници на екстази и 37 милиони на амфетамини и препишани стимуланси.[298]

---

[297] http://www.emcdda.europa.eu/system/files/publications/964/TDAT13001HRN1.PDF(10.09.2017)

[298] World Drug Report 2017, Part 4, Market Analysis of Synthetic Drugs, Amphetamine-type stimulants, new psychoactive substances, https://www.unodc.org/wdr2017/field/Booklet_4_ATSNPS.pdf

**На глобално ниво**, во 2014г. запленети биле 108 тони метафетамини (зголемување од 21% од претходната година), 46 тони амфетамин (зголемување од 15%) и 9 тони екстази (зголемување за 122%) како и 34 тони (зголемување за 18%) синтетички НПС (не вклучува ГБЛ, кетамин и други лекови).Во однос на корисници, во 2014г. биле регистрирани 19.4 милиони корисници на екстази и 35.7 милиони на амфетамини и препишани стимуланси.[299]

**Во 2013** година. запленети биле 88 тони метафетамини (зголемување од 158% од претходната година), 32 тони амфетамин (оценето како стабилизирање на пазарот) и 4.2 тони екстази (намалување за 15%).Во однос на корисници, во 2013г. биле регистрирани 18.8 милиони корисници на екстази и 33.9 милиони на амфетамини и препишани стимуланси.[300]

**Во 2012** година, од вкупно запленетите АТС, најголем дел отпаѓа на метафетамини, дури 80% од вкупните запленети количини АТС или 114 од 144 тони запленети ширум светот. АТС (без екстази) продолжиле да бидат втората група најчесто користени нелегални супстанци во светот со 13.9 до 54.8 милиони проценети корисници. Употребата на АТС била стабилна во 2010 и 2011, но се зголемила во 2012г. Во 2012г., се проценува дека корисници на екстази имало меѓу 9.4 до 28.2 милиони корисници и бил забележан тренд на намалување на корисниците во 2010-2012.[301]

Во 2011 биле запленети 123 тони (74 тони во 2010 или зголемување од 66%), најголемо зголемување забележано во Азија, Северна Америка и Европа. И претежно зголемувањето на АТС се должи на запленети метафетамини 88 тони (51 тон во 2010 или зголемување 73%). Вкупно, 71% од запленетите АТС отпаѓаат токму на метафемините. Екстази биле запленети 3.6. тони (3.8. тони во 2010 или намалување за 5%) и е во рамки на забележаниот тренд на стабилен или намален пазар од 2008 година.[302]

Во 2010г., глобалните заплени на АТС останале главно стабилни, меѓутоа имало значително зголемување во заплени на метафетамини што за прв пат од 2006г., ја надминало запленатата на амфетамини. Биле запленети 45 тони метафетамини (31 тон во 2009 или зголемување за 445 и скоро двојно од 2008 кога биле запленети 22 тони). За

[299] World Drug Report 2016, Amphetamine-type stimulants, new psychoactive substances, https://www.unodc.org/wdr2016/en/ats.html
[300] World Drug Report 2015, Amphetamine-type stimulants, new psychoactive substances https://www.unodc.org/documents/wdr2015/WDR15_ATS_NPS.pdf
[301] World Drug Report 2014, Amphetamine-type stimulants, new psychoactive substances P-p 48-49, https://www.unodc.org/documents/wdr2014/ATS_NPS_2014_web.pdf
[302] World Drug Report 2013, Amphetamine-type stimulants, new psychoactive substances https://www.unodc.org/doc/wdr2013/Chp1_F.pdf

разлика, заплентите на амфетамини на глобално ниво се намалиле и за 42% и изнесувале 19 тони (споредено со 33 тони во 2009). Пазарот на екстази започнал да заздравува во 2010.[303]

Во 2009, глобалните заплени на АТС значително пораснале од 2008 (за 16%), благо надминувајќи го високото ниво од 2007 (по пад од 9% во 2008). Зголемувањето е резултат на запленетите количини метафетамин кои пораснале до 31% (од 22 тони во 2008) и амфетамин, кој пораснал поумерено (33 тони до 30 тони во 2008). Заплената на екстази до 5.4. остана под намаленото ниво во 2008.

Во 2007, УНОДЦ проценил дека биле произведени меѓу 230 и 640 мт стимуланси од групата амфетамини. Производството од видот екстази било меѓу 72 и 137 мт. Биле запленети скоро 52 мт АТС и било забележано зголемување на запленитe на ecктази на пазарот. Поради различната (ревидирана) методологија, проценките не би можеле да се компарираат со претходни извештаи. Врз основа на овие проценки и информации за заплени, на глобално ниво пресретнати пратки опфаќаат меѓу 7 и 19% за групата амфетамини и 6-12% за екстази. Статистиките за амфетаминска група (метафетамини и амфетамини) се следни: конзументи на годишно ниво 15,820,000 – 50,570,000, просечна конзумација 11.8 грама годишно, козумирани метрични тони 187-597, метрички тони запленети 43.2, метрички тони произведени 230-640 и пресретнати пратки во проценти 19-7%. Во однос на екстази

(МДМА, МДА и МДЕ/МДЕА) се следни: конзументи на годишно ниво: 11.580.000 – 23.5150.000, просечна конзумација 5.45, метрички тони конзумирани 63-128, метрички тони запленети 8.5, метрички тони произведени 72-137 и пресретнати пратки 12-6%.

Проценките се однесуваат/рангираат според ниска до висока проценка. Врз основа на запленети САТС според вид на супстанца во 2007, процентот е следен: 47% амфетамин, 35% метафетамин, 15% група екстази и 13.5% неспецифицирани амфетамини. Во Западна и Централна Европа биле запленети 22% од вкупните количини, примарно амфетамини и екстази. Трговијата со супстанци од групата екстази се зголемила за 62% во 2007 до вкупно 7.9метрички тони. Во Западна и Централна Европа биле запленети 36% од вкупната заплена, на светско ниво, на супстанци од групата екстази, а 25% од вкупните запленети количини биле во Холандија. Во 2007 имало меѓу 16 и 51 милион корисници на супстанци од амфетаминска група кои биле меѓу 15 и 64 години, додека корисници од

[303] World Drug Report 2012, RECENT STATISTICS AND TREND ANALYSIS OF ILLICIT DRUG MARKETS, Illicit market for amphetamine-type stimulants п51, http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/WDR2012/WDR_2012_web_small.pdf

групата на екстази имало меѓу 12 и 24 милиони. Во Европа, корисници имало 2.430.000 – 3.070.000 и тоа Западна/Централна Европа 1.590.000 – 1.690.000, а Источна/Јужна Европа 840.000 – 1.380.000.[304]

Во 2006 година, производството на амфетамински видови стимуланси било меѓу 330 и 770 метрички тони (мт) со средна проценка 494 мт. Од нив, 79% или 392 мт биле од амфетаминска група супстанци (во 2004 тој процент бил 75%, а во 2006 метафетамините биле 68%, од вкупната амфетаминска група). Овој процент паднал од 83% колку што бил во 2003г. кога биле направени и првите проценки за амфетаминска група на светско ниво. Проценките за амфетаминска група се следни: конзумација 313 (ранг 250-376), заплени 439 (ранг289-571), заплени прекурзори 423 (ранг 282-605), вкупно просек 392 (250-605). За групата екстази, проценките се следни: конзумација 131 (ранг 117-146), заплени дрога 59 (ранг 41-76), заплени прекурзори 116 (ранг 77-166), вкупен просек 102. Вкупно за амфетамински видови стимуланси, проценките се: конзумација 445 (ранг 368-521), заплени на дрога 497 (ранг 330-647), заплени прекурзори 539 (ранг 359-770) или вкупен просек 494 (330-770). [305]

Во однос на заплени, во 2006 имало зголемување и достигнале 47.6 мт што било само малку од рекордот во 2000г. кога биле забележани највисоки запленети количини. Најмногу имало амфетамини 91% од сите заплени на АТС во 2006г., додека екстазите изнесувале 9%. За прв пат кога се анализирале податоците, заплентите на амфетамин ги надминале оние на метафетамин. Во однос на споменатите 47.6 мт запленети АТС, процентално сликата е следна: метафетамини 33.1%, амфетамини 40.3%, неспецифицирани амфетамини 13.5% и група екстази 9.4%. Од вкупните заплени, во Западна и Централна Европа, имало запленето 16%, претежно амфетамин и екстази.

Во однос на запленитe во 2006, биле запленети:19.2 мт амфетамини, од кои 32% биле во Европа, а Западна и Централна 27% и ЈИЕ 5%. Метафетамин биле запленети 15.8 мт што било половина од запленитe во 2000, а најмногу 96% биле во Источна и Јужна Азија. Екстази биле запленети 4.5 мт што било во рамки на трендот на намалување кој почнал 2004г. најголеми заплени имало во земјите од Западна и Централна Европа 51% и тоа во периодот 2000-2006.[306]

---

[304]UNDOC, World Drug Report 2009,http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2009/WDR2009_eng_web.pdf
[305]UNDOC, World Drug Report 2008,http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2008/WDR_2008_eng_web.pdf
[306] UNDOC, World Drug Report 2008, http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2008/WDR_2008_eng_web.pdf

Во однос на конзумацијата, во 2006г. амфетаминска група користеле 24.7 милиони луѓе во 2006г. или еквивалентно на 0.6% од популацијата на возраст 15-64. Корисници на екстази според проценките на УНДОЦ имало 9 милиони (0.2%) во светот. Корисници на метафетамини имало меѓу 15-16 корисници, слично како и хероин и кокаин на светско ниво. Бројот на корисници на амфетамини околу 4 милиони. Дополнителни 5 милиони конзумирале различни фармацевтски препарати или други илегални синтетички стимуланти.

Во Европа имало 2.490.000 проценети корисници годишно во 2006г. или 0.45% од популацијата 15-64г. Од оваа бројка, најмногу имало Западна и Централна Европа 1.950.000, Југоисточна Европа180.000 и Источна Европа 350.000.[307]

Заплени на АТС во метрички тони за периодот 2000-2006 година:

- 2000г.: **35.8** метафетамин, 3.2 амфетамин, 4.7 не специфицирани амфетамини и 5.0 група екстази.
- 2001г. **21.1.** метафетамин, 4.0 амфетамин, 1.3 не специфицирани амфетамини и 4.5 група екстази
- 2002г. **16.8.** метафетамин, 4.4 амфетамин, 1.6 не специфицирани амфетамини и 6.9 група екстази
- 2003г. **25.5** метафетамин, 8.5 амфетамин, 2.8 не специфицирани амфетамини и 4.8 група екстази
- 2004г. **14.0** метафетамин, **12.8** амфетамин, 3.7 не специфицирани амфетамини и 8.2 група екстази
- 2005г. 17.1 метафетамин, **21.4** амфетамин, 2.9 не специфицирани амфетамини и 5.1 група екстази
- 2006г. 15.8 метафетамин, **19.2** амфетамин, 8.2 не специфицирани амфетамини и 4.5 група екстази

Врз основа на овие податоци, може да се направи и просек за периодот 2000-2006 кој е следниов: **20.9 метафетамин, 10.5 амфетамин, 3.6 не специфицирани амфетамини и 5.6 група екстази**.[308]

Исто така врз основа на погоре изнесените податоци се гледа дека во 2000 година е запленето најголеми количини на метамфетамин, и тој тренд продолжува до 2004 година.

[307] UNDOC, World Drug Report 2008, http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2008/WDR_2008_eng_web.pdf
[308] UNDOC, World Drug Report 2008, http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2008/WDR_2008_eng_web.pdf

Меѓутоа во периодот 2005 и 2006 година, доаѓа до намалување на заплените на метамфетамин, а доаѓа до зголемување на заплените на амфетамин, што укажува дека на нарко пазарот на синтетичките дроги во тие години по присутен е амфетаминот.

По однос на поединечните земји во периодот 2000-2006, Бугарија била во првите 10 европски земји според метрички тони запленети амфетамини: 021мт (2000), 0.06 (2001), 0.18 (2002), 0.59 (2003), 1.46 (2004), 1.12 (2005), 0.88 (2006) или вкупно 4.50мт. **Врз основа на ова, Бугарија била треторангирана земја после Обединетото кралство и Холандија.**[309]

Во 2005г. производството на АТС се стабилизирало и било 480 мт и тоа: 110 мт екстази и 370 мт амфетамини (вклучително 290 мт метафетамини и 80 мт амфетамини). Проценките за 2005 се дека количините за метафетамини биле малку помали од 2004 додека проценките за амфетамини се повисоки. Проценките за производство на АРС се базирани на три подкомпоненти: заплени на АТс и продукти, заплени на АТС прекурсори и проценки на АТС корисници. Врз основа на најниски и највисоки проценки, актуелното производство на АТС се проценува на вредност меѓу 360 и 880 мт во 2005.

Проценки за производство на амфетамински типови стимуланси (АТС) во 2005:

Амфетамини: Конзумација 308 (ранг 246-369), заплени 308 (ранг282-332), заплени на прекурсори 483 (ранг322-690), просек 366 (ранг 308-438).

Проценки за екстази: конзумација 125 (ранг112-139), заплени дроги 80 (ранг 66-94), заплени прекурсори 132 (ранг88-189), или просек 113 (ранг 95-132).[310]

Во 2003 имало произведени 278 мт метафетамини и 113 мт екстази. Во 2004, 291 мт метафетамини, 63 амфетамини и 126 мт екстази. Во 2005 имало 278 мт метафетамини и 88 мт амфетамини, како и 113 мт екстази. Во 2006г., 266 мт метафетамини, 126 амфетамини и 102 мт екстази.[311]

Проценки за производство на АТС. Во 2000г., имало 500 мт од кои 410 амфетамини и 90 екстази. Во 2003 имало 445 од кои 278 метафетамини, 54 амфетамини и 113 екстази. Во 2004 имало 480мт од кои 291 метафетамини, 63 амфетамин и 126 екстази. Во 2005г., 278 метафетамин, 88 амфетамин и 113 екстази.[312]

---

309 UNDOC, World Drug Report 2008, http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2008/WDR_2008_eng_web.pdf
310 UNDOC, World Drug Report 2007, https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf
311 UNDOC, World Drug Report 2008, http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2008/WDR_2008_eng_web.pdf
312 UNDOC, World Drug Report 2007, https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf

Во однос на потекло на амфетамин во Европа во периодот 2003-2005, најголемо производство имало во Холандија 23.7%, Полска 15.3%, Белгија 8.5%, Литванија 7.9%, Естонија 4.0%, Србија и Црна Гора 3.4%, Германија 3.4%, Бугарија 2.8%, Чешка република 2.3%, БиХ 2.3%, Словачка 1.7% и други земји 7.9%.[313]

Во однос на потекло на екстази 2003-2005, најмногу заплени имало на екстази со потекло од Холандија 35.1%, Белгија 9.3%, Германија 4.2%, Канада 2.7%, Полска 2.7%, Литванија 2.7%, Естонија 2.3%, Обединето кралство 2.3%, Бугарија 2.3%, Кина 1.9%, Србија и Црна Гора 1.9%, Шпанија 1.5%, Унгарија 1.2% и БиХ 1.2%, други европски земји 13.09%.[314]

Заплени на АТС на глобално ниво во 2005 биле зголемени и изнесувале 43.4 мт, но останале 11% пониски од оние во 2000, што иницирало стабилизација на трговијата на глобално ниво. Вкупно 104 земји и територии доставиле заплени до УНДОЦ во 2005, слично на 2000г кога биле 99. Во 2005г. најмногу заплени имало на метафетамин околу 40%, амфетамин 30% и неспецифицирани амфетамини 18%. Амфетамините како група сочинувале 88% од сите запленети АТС, а екстазите го сочинувале преостанатиот дел од 12%.

Во периодот 2000-2005 уделот на метафетамин бил 49%, недефинирани амфетамини 23%, амфетамини 15% и екстази 14% (цела група екстази МДМА, МДА и МДМЕ, а само МДМА била 90%). Додека метафетеминот се зголемил во 2005, сеуште бил само до половина од количината од 2000. Во 2005 екстазите се намалиле до ниво на 2000/2001. Спротивно, амфетаминот покажал јасен тренд на покачување од крајот на 1990тите до 2005. Во периодот 2004-2005 заплените на АТС во Централна и Западна

Европа изнесувале 25% од светските заплени.

**-Заплени на АТС според супстанца:**

2000г. амфетамин 3.2мт, 35.8 метафетамин, 4.7 недефинирани амфетамини и 5.0 екстази.

2001г. **амфетамин 4.0 мт, 21.1 мт** метафетамин, 18.2 мт недефинирани амфетамини и 4.5 мт екстази.

2002 г. **амфетамин 4.4 мт, 15.5 мт** метафетамин, 12.5 мт недефинирани амфетамини и 6.7 мт екстази.

---

[313] UNDOC, World Drug Report 2007, https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf
[314] UNDOC, World Drug Report 2007, https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf

2003 г., **амфетамин 5.8 мт, 21.5 мт** метафетамин, 6.7 недефинирани амфетамини и 4.4 екстази.

2004 г., **амфетамин 5.9 мт, 10.9 мт метафетамин,** 7.1 мт недефинирани амфетамини и 7.9 екстази.

2005 г., **амфетамин 12.9 мт, 17.2 мт** метафетамин, 7.9 мт недефинирани амфетамини и 5.3 мт екстази.[315]

**Во однос на запленитe на амфетамини 2000-2005, во Западна и централна Европа уделот изнесувал 68% од вкупните заплени на светско ниво.**

Екстазите се намалиле во 2005 и уделот на Европа во глобалната трговија со екстази исто така опаднал. По зголемувањето во 1990-тите, во 2005 има пад од 33%, што е враќање на количините кои биле на почетокот на милениумот.

Најголеми заплени 2000-2005 биле земји од Западна и Централна Европа (54%). Уделот на Западна и Централна Европа во глобалните заплени опаднала од 78% кои биле во 1995 до 56% во 2000г. и 38% во 2005г.

Во периодот 2000-2005, додека се намалиле во Западна и Централна Европа, се зголемиле во Источна и ЈИЕ. Генерално запленитe на екстази во Европа паднале за 25%.
Во однос на конзумацијата, 2005г. според УНДОЦ близу 25 милиони луѓе во светот, или 0.6% од популацијата 15-64 конзумирале амфетамин, што е повисок број од оние кои конзумирале кокаин или хероин. Во однос на употребата на амфетамините, отпаѓа: 21% други амфетамини и изведени нелегални амфетамини, амфетамин 16% и метафетамин 63%. Во Европа имало 11% од корисниците на амфетамини од вкупниот број корисници или 2.750.000. Западна и Централна Европа имало 2.220.000, ЈИЕ 180.000 и Источна Европа 350.000.

Корисници на екстази имало 9 милиони или 0.2% од популацијата 15-64%, а во Европа 36% од вкупните корисници на глобално ниво, или 3 милиони. Од нив 90% лоцирани во Западна и Централна Европа.

Поконкретно, во Европа имало 3.105.000 корисници од кои во Западна и Централна Европа 2.788.000, ЈИЕ 201.000 и Источна Европа 116.000.[316]

---

[315] UNDOC, World Drug Report 2007, https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf
[316] UNDOC, World Drug Report 2007, https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf

Во 2004, според УНДОЦ, производството на амфетамини било околу 480 мт (ранг 285-1.184 тони). Најголемиот дел од производството било амфетамини 290 тони метафетамини и 63 тони амфетамини), потоа екстази (главно МДМА околу 126 метрички тони). Во 1990-тите имало континуирано зголемување во производството на АТС, кое достигнало врв во 2000, пред да опадне во 2001-2003 и повторно да зајакне 2004. Зголемувањето главно се должи на зголеменото производство на екстази во 2004. Според проценките на УНДОЦ, производството на екстази се зголемило од 34-141 тони во 2003 до 81-206 тони во 2004.

**Производство на амфетамински типови на стимуланси во 2004 базирано на конзумација, заплени дрога и заплени прекурсори.**

Амфетамини, конзумација проценка 272 (ранг 227-318), заплени дрога 247 (ранг 204-291), заплена прекурсори 541 (456-978), вкупно просек на проценките 354 (ранг 227-978).

Екстази, конзумација проценка 136 (ранг 121-151), заплени дрога 98 (ранг81-115) и заплена прекурсори 144 (ранг 96-206) или просек на сите заплени 126 (ранг81-2016).

Потекло на амфетамин во 2002-2004 Холандија 25%, Полска 16%, Белгија 11%, Литванија 7%, Естонија 5%, Бугарија 3%, Германија 3%, Србија и Црна Гора 3%, Словачка 2%, БиХ 2% и други европски земји 9%.

Потекло на екстази 2002-2004 Холандија 39%, Белгија 10%, Германија 6%, Обединето кралство 4%, Бугарија 2.3%, Естонија 2.3%, Полска 2.3%, Унгарија 1.6%, Шпанија 1.6%, Србија и Црна Гора 1.2% и БиХ 1.2% и други европски земји 13.3%.

Заплените на АТС се намалиле за 11% во 2004 до 28 тони, а намалувањето е поизразено во периодот 2000-2004 кога се намалиле заплените за 80%. Сепак, заплените во 2004 биле скоро 4 пати повисоки од 1994 и 6 пати од 1990.

Во периодот 2000-2004, метафетамините биле 62% од сите заплени на АТС, амфетамините 14% и неспецифицирани стимуланси (амфетамини. Метафетамини, меткатинон и други синтетички стимуланси) 7%. Супстанци од групата екстази сочинувале 17%. Во 2004 уделот на екстази од вкупните АТС заплени се зголемил за 28%, а пропорцијата на амфетамин 21%.

Глобални заплени на метафетамин паднале за 70% меѓу 2000-2004 до 11 тони.

Заплени на амфетаминот се зголемиле на 6 тони во 2004, повеќе од 5.7 колку што имало 2003 и 3.1 тони во 2000. Најмногу заплени на амфетамин имало во Европа и тоа 90% од вкупните количини.

Запленитe на амфетамин се зголемиле во Западна и Централна Европа, но се намалиле во однос на запленитe на глобално ниво, од 86% во 2000 на 67% во 2004. Најмногу зголемување во ЈИЕ со 26% или 7% зголемување. Најмногу тоа се должело на запленитe во Бугарија, имало исти заплени во Полска, додека оние во Холандија се намалиле од пикот во 1998 до пониски нивоа 2001-2004.

**Холандија и Полска останале најчесто спомнувани земји извор на запленети амфетамини во 2004.** Ова било случај со Западна и Централна Европа.

**Во ЈИЕ лидер била Бугарија и БиХ како и Србија и Црна Гора кои се појавиле како извор. Полска била главен извор за нејзините соседни земји. Во Централна Европа најчесто спомнувани земји извор биле Белгија и Холандија.**

Во однос на запленитe во 2004г., Западна и Централна Европа 67%, ЈИЕ 26% и Источна Европа 3%. А Азија 4% и други 0.3%.

Најголем пазар за амфетамин било Обединетото кралство, со најголем број корисници во Европа.

Во периодот 2000-2004 значајни количини биле запленети во Холандија и Бугарија 911% од светските), Германија (8%), Шведска (6%), Полска (4%) и белгија (4%).

Заплени на амфетамини во метрички тони: 1994 (6), 1995 (7), 1996 (10), 1997 (15), 1998 (14), 1999 (33), 2000 (44), 2001 (26), 2002 (21), 2003 (28) и 2004 (20).

Запленитe на екстази се зголемиле за 87% во 2004 надминувајќи ги рекордните количини забележани 2002 со околу 20%. Најголемиот дел од запленитe 8 тони или 51% биле направени во Европа (Централна и Западна). Во 2003 Европа имала 58% од глобалните заплени.

Во однос на корисници, имало 2.7 милиони корисници на амфетамини. Најмногу имало корисници на амфетамин во ОК, метафетамин во Чешката република, Словачка, Естонија и Латвија.

Корисници на амфетамини во Европа 2003-2005, 2.700.000 или Западна и Централна Европа 2.185.000, ЈИЕ 180.000 и Источна Европа 335.000.

Имало над 3 милиони корисници на екстази во Европа или 40% од сите корисници во светот. Најмногу имало во Западна и Централна Европа (0.9% од популацијата 15-64).

Корисници на екстази 2003-2005 Европа 3.177.000 или во Западна и Централна Европа 2.815.000, ЈИЕ 196.000 и Источна Европа 167.000.[317]

Во 2003, базирано на проценките за конзумација на АТС, заплени и заплени на пртекурсори на АТС, УНДОЦ проценува дека вкупното производство на АТС било 422 мт (ранг 323-542). Оваа бројка ја сочинуваат 332 мт амфетамини (главно метафетамини и во помал обем амфетамин и поврзани синтетички стимуланси) и 90 мт екстази (главно МДМА). Додека проценките за 2003 покажуваат благо намалување на проценките за 2000/1 (523 мт, ранг 390-631).

Скоро 78% од глобалните количини екстази се произведени во Европа (главно Централна и Западна Европа).

Проценки за производство на амфетамински типови стимуланси (АТС) во 2003 базирано на конзумација, заплени дроги или заплени прекурсори.

Амфетамин, конзумација 300.9, заплени 378-397, заплени прекурсори 281-401 или просек на сите проценки 332 (ранг 278-401).

Екстази, конзумација 101.6, заплени дрога 45.3-64.7, заплени прекурсори 98.4-141, просек на сите проценки 90.2 (ранг 45.3-141).

Главен извор на амфетамин била Холандија 42%, Полска 30% и Белгија 24% како земји извор. А важна улога во производство имале и Литванија 15%, Естонија 6% и Бугарија 9% и Словачка 6%.

Во однос на запленитe, по намалувањето во периодот до 2000-2002 со 42%, АТС запленитe се зголемиле за 13% во 2003 на 32мт или пет пати повеќе од декадата порано, но сеуште помалку од периодот 1999, 2000 или 2001 Скоро 68% од глобалните заплени на АТС во 2003 биле метафетамин, 17% амфетамин и 13% екстази.

Запленитe на амфетамини пораснал за 29% во 2003, но запленитe на амфетамини биле сеуште 37% помалку од пикот 2000г. Спротивно од трговијата со опијати или кокаин, најголемиот дел од трговијата со амфетамини била интрарегионална.

Глобалните заплени на амфетамин 5.4 мт биле вратени на нивоата од 1997/8 со зголемување од 22% во 2003. запленитe на амфетамин продолжиле да бидат сконцентрирани во Европа 90%, главно Западна и Централна Европа 79%. Најголеми заплени имало во ОК, Холандија, Бугарија, Германија и Шведска. Главни земји-извор биле Холандија, Полска и Белгија.

[317] UNDOC, World Drug Report 2006, https://www.unodc.org/pdf/WDR_2006/wdr2006_volume1.pdf

Запленитe на метафетамин се зголемиле на 40% во 2003 и биле 3% повисоки од 2001, иако сеуште 40% помалку од пикот во 2000г.

Запленитe на екстази 4.3 мт, 37% помалку од пикот 2002 г. можно рефлектирајќи намалување на производството во Европа. Главни земји извор биле Холандија и Белгија.

Заплени на екстази во Европа споредено со други земји и континенти: Холандија 28%, ОК 13%, Франција 5%, Ирска 3%, Германија 3%. Западна и Централна Европа 58%, ЈИЕ 1% од вкупните заплени.

Конзумација Европа на АТС. Амфетамини Европа 2.670.000, Западна и Централна Европа 2.160.000, ЈИЕ 180.000, Источна Европа 330.000.

Екстази Европа 3.030.000, Западна и Централна Европа 2.670.000, ЈИЕ 194.000, Источна Европа 166.000.[318]

Во 2002г., проценето производство на АТС врз основа на конзумација, заплени дрога и заплени прекурсори. Амфетамин и метафетамин: конзумација 516, заплени дрога 340-490, заплени прекурсори 290-410, средно ниво 410 (290-516). Екстази, конзумација 100-125, заплени дрога 50-75, заплени прекурсори 130-200, средно ниво и ранг 113 (50-200) или 1.4 милијарди таблети.

Во 2002 запленитe покажале тренд на зголемување забележан уште во втора половина на 1990-тите. Ова е конзистентно со генералниот тренд на зголемување на АТС производство, трговија и конзумација. Од 2001 до 2002, запленитe на АТС се намалиле за 7% главно поради падот на заплени на метафетамин во Кина. Во 1990-тите, запленитe на АТС се зголемиле рапидно споредено со оние на хероин и кокаин и покрај падот во 2001 и 2002. Ако се земе 1990 како репер, запленитe на АТС пораснале скоро за 10 пати во 2000. Иако опаднале во 2001 и 2002, сеуште биле повисоки од тие во 1998 за скоро шест пати. Во 2001 и 2002 над 60% од глобалните заплени на АТС биле метафетамин и близу 20% биле екстази. Мнозинството од останатите биле заплени амфетамин 14%, а за 6% немало спецификација. Од запленитe 2001/02 во Западна Европа биле 25%.

Запленитe на метафетамин го достигнале врвот во 2000 по силни зголемувања во 1990тите. Од 2000 имало намален тренд со пад од 27% во 2002г.

Во однос на амфетамин, 58 земји пријавиле заплени во 2002. иако помали во однос на метафетаминот, амфетаминот покажал зголемување 25%. Во 2001/2 скоро 90% од глобалните заплени биле во Европа и повеќе од 90% во западна Европа. Најголеми заплени имало во ОК (скоро третина од глобалните заплени), што ја прави оваа земја

[318] UNDOC, World Drug Report 2005, https://www.unodc.org/pdf/WDR_2005/volume_1_web.pdf

најголем светски пазар на амфетамин. Следни најголеми заплени во 2002 биле во Белгија 11%, Холандија 10%, Германија 8% и Шведска 7%. Заплените на амфетамин се зголемиле во Западна Европа и дури повеќе во Источна, но се намалиле во останатиот дел од светот во 2002.

Заплени на амфетамин 2001-2002 86% западна Европа, 8% Источна Европа.
Како извор земји биле евидентирани 21 земја меѓу кои Холандија од која 40% од сите земји пријавиле заплени (90% во ОК, 46% во Франција).

Заплените на екстази покажале тренд на зголемување во 1990 по времената стабилизација 1999-2001 и повторно зголемување 2002, кога повисоки за 42% од претходната година.

Во однос на заплените на екстази 2001-2002 во Европа биле 62% од кои 95% во Западна Европа. Скоро 70% од земјите информирале дека нашле екстази од Холандија во 2002, намалено од 70% колку имало во 2001. Други земји на потекло биле Германија, ОК и источноевропски земји како Естонија, Полска, Бугарија, Чешката република и Унгарија.
Амфетамини користеле скоро 30 милиони лица или 0.7% од глобалната популација 15-64г. Дополнителни 8 милиони земале екстази.

Во периодот 2001-2002, корисници на амфетамин во Европа имало 2.37 милиони и тоа Западна 1.79 и Источна 0.59. корисници на екстази во Европа имало 3.02 милиони од кои 2.45 милиони во Западна Европа и 0.57 во Источна.[319]

Глобалните заплени на илегален амфетамин и метафетамин изнесувал 41 тон во 2000 и 26 тони во 2001. Запени на група екстази имало по 5 тони во 2000 и 2001 г.

Во Европа имало значителни количини производство амфетамин, додека помало на метафетамин. Во периодот 2000-2001 Европа сочинувала само 2% од откриените лабаратории. Само две земји информирале производство на метафетамин, Чешката република и Руската федерација, а сеуште важно производството било во Словачка.Минорни количини на метафетамин имало и во балтичките земји, Украина, Бугарија, Белгија, ОК, Гермнаија и Франција.

Производство на амфетамин најмногу имало во Европа со скоро 60% од вкупните лабаратории откриени 1991-2001.

Производство на екстази било најмногу сконцентрирано во Европа иако се раширило и во други региони. 87% од прекурсори доволни за производство на 4.7 тони МДМА биле запленети во Европа 1991-2001. Произвиодството на екстази сконцентрирано

[319] UNDOC, World Drug Report 2004, http://www.unodc.org/pdf/WDR_2004/volume_1.pdf

било во Холандија и Белгија и во периодот 2000-2001, 75% од сите заплени на тајни лабаратории биле во Холандија и 14% Белгија, а ОК 6% и Германија 4%.

Заплените на АТС се зголемиле 8 пати во 2000, иако опаднале во 2001, биле повисоки од 1998 и дури 6 пати поголеми од периодот 1989-1991. Скоро ¾ од заплените на амфетамин биле во Европа, каде во Западна Европа имало над 2/3 од заплени на амфетамин. Скоро половина од сите заплени на амфетамин во Европа 2000-2001 биле во Ок рефлектирајќи високо ниво трговија и конзумација. Потоа следеле Холандија 15%, Германија 7% и Шведска 5%. Во Источна Европа најголеми заплени  Полска 4% или 40% од сите заплени во источна Европа.

Во 2000 биле запленети 41 мт АТС а во 2001 26 мт. Од групата екстази (МДА, МДЕА, МДМА) биле 93%, додека други халуциногени droги 7%. Во однос на екстазите, 92% потекнувале од Европа, најмногу Холандија ¾ или 86%, потоа Белгија, Германија, ОК, Шпанија. Во Источна Европа биле балтичките земји, Полска и Белорусија.

Потекло на екстази во 2001: Холандија 75%, Белгија 31%, Германија 19%, ОК 13%, Шпанија 8%, Беларусија 4%, Латвија, Литванија, Полска по 4%, Естонија, Словачка, Чешка, Швајцарија по 2%.

Во однос на заплените: Холандија 22%, ОК 14%, Германија 10%, Франција и Белгија 3%, Шпанија 2%.

Во однос на корисниците, на АТС отпаѓале 10% од вкупните зависници, а 11% биле во Европа. Употребата на амфетамин се проценува на 34 милиони лица или 0.8% од глобалната популација над 15г. во периодот 2000-2001. Дополчнително, околу 8 милиони земале екстази. Затоа употребата на АТС била поголема од опијати (15 милиони или 0.3%) или кокаин (14 милиони или 0.3%), иако помалку од канабис корисниците (63 милиони или 3.9%).

Во периодот 2000-2001, во Европа имало 3.31 милион корисници на амфетамин, од кои во Западна Европа 2.25 и Источна 2.4 милиони.Корисници на екстази имало 3.25 милиони, од кои во Западна 2.91 и источна 0.35 милиони. Амфетамини и екстази биле второангирани droги во неколку земји во западна Европа (ОК, Ирска, Германија, Швајцарија, Австрија, Белгија и Исланд), а во источна Европа треторангирани.

Во 2001, имало само 57% зголемување кај земјите кои доставувале податоци, а 14% информирале за намалување на употребата на АТС. 63% информирале за тренд на

зголемување на екстази, 55% зголемување на метафетамин а 52% употреба на амфетамин.[320]

Повеќе од половина од земјите или 55% информирале за употреба на амфетамин во 2001, а само 10% намалување што индицира зголемена употреба амфетамин. Во 2000 тој процент бил 68%. Во Европа, земјите од Источна Европа објавиле зголемување на употреба амфетамин за 2001, додека во Западна Европа во 2001 имало тренд на стабилизација, дури намалување.

Во 2001, 63% од сите земји информирале за зголемување на употреба на екстази. 29% информирале значајно зголемување, најголемо во однос на сите дроги, а само 12% намалување, вклучително 6% од силно намалување.

Големо зголемување информирале 29% од земјите, одредено зголемување 34%, стабилно 255, одредено намалување 6% и големо намалување 6%.[321]

Во 2000г., се зголемила трговијата со АТС со што продолжил трендот на зголемување започнат од 1990тите. Глобалниот тренд во 2000г. бил резултат на големото зголемување во источна и југоисточна Азија каде биле ¾ од светските заплени. Во западна Европа биле 7% од заплените што било намалување на трговијата. Во источна Европа се зголемила трговијата, иако претходно таму имало помали количини.

Како илустрација на запленитe и развојот на трговијата со АТС е следната статистика на запленети метрички тони: 1990 (3), 1991 (4), 1992 (4), 1993 (5), 1994 (7), 1995 (7), 1996 (9), 1997 (12), 1998 (13), 1999 (33), 2000 (39).

На ниво на Европа биле запленети 3281.700кг, од кои во Западна Европа 2637.718кг., додека во Источна Европа 643.982кг. на амфетамински типови стимуланси (без екстази). Во 2000г., во Европа најголеми заплени имало во Бугарија (419кг), Холандија (293), Германија (271), Полска (142), Шведска (107), Норвешка (36), Финска (80) и Белгија (76).[322]

### *1.12.3.Податоци за запленети СД во земјите од З. Балкан*

Географската позиција на земјите од З. Балкан, по однос на делувањето на криминалните групи во ИПР, криумчарење и НТ со СД е доста поволна, посебно поради

---

[320] UNDOC, Global Illicit Drug Trends 2003, https://www.unodc.org/pdf/trends2003_www_E.pdf
[321] UNDOC, Global Illicit Drug Trends 2003, https://www.unodc.org/pdf/trends2003_www_E.pdf
[322] United Nations Office for Drug Control and Crime Prevention, Global Illicit Drug Trends 2002, https://www.unodc.org/pdf/report_2002-06-26_1/report_2002-06-26_1.pdf

тоа што географски поминува една од најзначајните рути во Европа преку која се врши транспортот на дрогите и тоа во две насока. Од Исток према Запад се транспортира, хероинот, а додека од запад се транспортираат синтетичките дроги, како и дел на хемиските супстанци.

Поради тоа несомнено дел од таа дрога останува и се користи од нарко дилерите за снабдување на нарко пазарот на земјите од З. Балкан.

Според статистичките податоците на ОН, во овие земји во последните години во нивните граничните премини откриени се и запленети големи количини на разновидни дроги. Се проценува дека на годишно ниво се запленуваат до 2000 тони разновидни дроги, што се транспортира преку т.н. „Балканска рута''.

Организираниот криминалитет и криминалните групи кои го сочинуваат истиот не познават државни граници, региони, а во последно време поприма и транснационални размери. Поради тоа овој вид на организиран криминал е еден од типичните форми на криминалитетот воопшто и затоа се нарекува и криминалитет со меѓународни и транснационални размери.

Иако не постојат сигурни научно засновани податоци за рапидниот пораст на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги во земјите од З. Балкан, неколку показатели зборуваат во прилог на тоа дека во последните 10 години, има се поголемо присуство на синтетички дроги во овој регион.

Ова нешто сé илустрира со се поголемото присуство на натписи во медиумите поврзани со нив, зголемениот број на полициски акции заради нивно запленување, како и зголемениот број на лекарски инетервенции спрема зависниците на овој вид на дроги.

Во прилог на ова ќе се обидеме со соодветни показатели на запленети дроги да демонстрираме колку се присутни овие дроги во земјите од З. Балкан.

*1.12.4. Состојбата со синтетичките дроги во Македонија и реализираните заплени во период 2000-2010 година.*

Р. Македонија, за разлика од другите бивши Ју републики, кои по 1990 година во периодот на транзиција беа опфатени со воени дејствија, успеа да го избегне тој период. Меѓутоа во 2001 годиче беше опфатена со краток воен судир, кој заврши со постигнување на договор помеѓу припадниците на ОНА и Р. Македонија.

Како резултат на таквиот развој дојде до стабилизирање на политичките состојби, а со тоа економската и другите сегменти на животот во Македонија, а посебно функционирањето на правниот систем.

Слично како другите земји од регионот на З. Балкан и Македонија по однос на проблемот со наркотични дроги се смета како транзитна земја, преку која поминува т.н. „Балкански пат на дрогата''.

Во Македонија не се регистрирани податоците за постоење на илегални лаборатории во периодот 2000-2010 година, освен тоа дека синтетичките дроги се криумчараат од Србија, Бугарија и од Холандија.

Според статистичките податоци во Македонија во периодот 2000-2010 година се запленети одредени количини на синтетички дроги претежно екстази, **види табела 4.**

| Година | Запленети синтетички дроги (екстази) | Година | Запленети синтетички дроги (екстази) |
|---|---|---|---|
| 2000 | 280 таблети | 2005 | **2.857 таблети** |
| 2001 | 45 таблети | 2006 | **1.327 таблети** |
| 2002 | **18.341 таблета** | 2007 | **4.548 таблети** |
| 2003 | **9.649 таблети** | 2008 | 449 таблети |
| 2004 | 164 таблети | 2009 | **2.636 таблети** |
| | | 2010 | Амфетамин 23 кг Метамфетамин 5 гр Екстази 13 таблети |

Табела 4, заплени на СД во Македонија

Споредувајќи ги изнесените податоци во горната табела, може да се констатира дека во периодот 2005-2010 година е забележан соодветен континуитет во откривањето и запленувањето на синтетичките дроги, за разлика од периодот 2000-2004 година кога тој континуитет на запленување е присутен само во текот на 2002 год. (кога се запланети 18.341 таблета екстази и 2003 год. кога се запленети 9.649 таблети).

Во врска со ова, интересен е податокот дека трендот на зголемување на нелегалната трговија и криумчарење со синтетички дроги е присутен посебно по 2002

година, што соодветствува со светските статистички податоци, објавени во извештајот на UNODC, за периодот 2002-2004 год.[323]

Имено, податоците укажуваат дека во наведениот период на светско ниво се запленети 33,4 тони метемфетамин, 20,1 тони екстази, 18 тони амфетамин, 11,1 тони метаквалон и 5,5 тони депресори. Доколку се обидеме да направиме споредба на ова запленето количество синтетички дроги со податокот дека во 2009 год. само на подрачјето на Мексико се запленети 37 тони амфетамин, тогаш проценките дека синтетичките дроги на светско ниво се во експазија, укажува на потребата од интернационализација на проблемот на светско ниво, односно зголемување на капацитетите на сите држави во борбата против оваа општетсвено негативна појава. Проценка е дека ваквиот тренд најверојатно се должи на фактот дека синтетичките дроги за разлика од остатаните видови на дроги, се помали по обем, поефтини, што им овозможува полесно нивно криумчарење, а што од друга страна укажува на потребата од се́ поголема специјализација на службите кои првенствено се бават со негово сузбивање.

Како особено значаен, треба да се истакне и фактот дека големата експанзија на синтетичките дроги на илегалниот светски пазар, доведе до создавање на нов тип на „криумчари“, како и нов профил на нивни конзументи.

### *1.12.5. Состојбата со синтетичките дроги во Србија и реализираните заплени во период 2000-2010 година.*

Војната што се случи во 1990 година, а потоа и воведените санкции, па војната во Косово 1998 година, придонесоа да бидат створени услови за делување на повеќе криминални организации и нивно инволвирање во илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со наркотични дроги.

Србија првентсвено претставува класична транзитна земја, по однос на криумчарењето и недозволената трговија со природни дроги, меѓутоа и како земја на крајна дестинација, со оглед на големиот број на корисници на наркотични дроги, која бројка надминува над 80 илјади.

---

[323]UNODC, Interpol – Drug report 2005., Drug situation 2004 – DEA – Drug Enforcement Administration – Uprava za suzbijanje droga SAD;

Исто така битен фактор претставува географската позиција на Србија по однос на другите земји од З. Балкан, која има и улога на природен мост за поврзување на З. Европа со земјите од исток и земјите од персискиот залив и арапскиот полуостров.

Синтетичките дроги, посебно екстазите и амфетаминот се доста популарни во Србија и се доста присутни на домашниот нарко пазар.

Покрај нивното криумчарење, како истакнав погоре, по 2000 година се откриени и илегални лаборатории во кои се произведени синтетичкио дроги, екстази, амфетамин и метамфетамимн. Така во тие лаборатории се откриени близу 2 милиони таблети екстази и 20 тони хемикалија, неопходна за производство на синтетички дроги.

По однос на откривањето и сузбивањето на криумчарењето и илегалното производство на дроги, Србија и нејзините институции има дадено значаен придонес што се гледа и од статистичките податоци, кои дел се обезбедени од [324]види табела бр.5

| Година | Запленети синтетички дроги (екстази) | Година | Запленети синтетички дроги (екстази) |
|---|---|---|---|
| 2000 | Екстази и други СТ 2.306 таб | 2005 | -екстази 7539 таблети<br>-амфетамин 1.1 кг<br>-ЛСД 1013 дози |
| 2001 | Екстази и други СТ, 10.639 таб | 2006 | Царинската служба има запленето 18 кг таблети екстази и 36 кг ефедрин |
| 2002 | | 2007 | -екстази,6352 табл.<br>-амфетамин 2.218 гр. и339 таб.<br>-121,976 гр и 21338 таб метамфетамин.<br>-ЛСД 172 таб |
| 2003 | -екстази 76.194 таб<br>-амфетамин 113,1 кг | 2008 | екстази 207.82 гр и 1045 таб. |

[324] (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006, str.100, на интернет страна https://rm.coe.int/16806ef3a2 (прочитано 09.09.2017 година),

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -ЛСД 167 дози (или во откриената лабораторија се запленети 2 милиони таблети екст. И 20 тони амфетамин-сулфат) | | -амфетамин 16.435,27 гр, 547таб -Метамфетамин 18.536,57 гр и 21.338 таб. -ЛСД 28.00 и 708 табл. |
| 2004 | -екстази 9260 таблет -амфетамин 6,1 кг -ЛСД 102 дози | 2009 | Екстази 5.408,20 гр |
| | | 2010 | 23.459.70 гр |
| | | 2011 | 48.721.98 гр |

Табела 5 запленети СД во Србија

Споредувајќи ги изнесените податоци во горната табела, може да се констатира дека во периодот 2003-2009 година е забележан соодветен континуитет во откривањето на лаборатории и запленувањето на големи количини на синтетичките дроги, за разлика од периодот 2000-2003 година, кога тој континуитет на запленување е присутен само во текот на 2003 год. (кога се запланети 76,194 таблета екстази и една лабораторија, 2004 год. кога се запленети 9.260 таблети). Меѓутоа ако се земат во предвид запленетите количини на екстази во откриената илегална лабораторија, тогаш слободно можеме да констатираме дека заплените во Србија од тој период се над просекот на заплените во Европа. Се претпоставува дека во тој период 2000-2003 година во Србија се произведени над 31 милион таблети екстази.

За периодот 2000, 2001 и 2002 година не се обезбедени соодветни податоци за запленети дроги во Србија, односно дека бројот на заплени е доста низок, што не значи дека во тој период немало поголем број заплени на синтетички дроги.

Податоците од 2003 до 2005 година се обезбедени од објавените податоци во (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006 година, а преземени од МУП на Србија). Податоците кои се нотирани во табела 2, посебно оние кои се однесуваат за заплените од 2000-2005 година се однесуваат за две држави,

односно за федерацијата Србија и Црна Гора, заради тоа овие подотоци на ја прикажуваат правата слика на реализираните заплени на синтетичките дроги, односно дека нашите анализи се однесуваат за периодот 2006-2010 година.

Податоците за 2007 и 2008 година се преземени од објавениот Годишник на ЕМЦДДА (Еропен Мониторинг Центре фор Другс анд Друг Аддицтион ) и се однесуваат само за две години.

Во Србија во периодот 2002 – 2007 година, преку изведени успешни акции се откриени 4 илегални лаборатории со современа опрема со големи капацитети за производство на големи количини на синтетички дроги[325]

Споредувајќи ги изнесените податоци со оние синтетички дроги запленети во Р.Македонија[326] и во другите земји од З. Балкан кои се опфатени со истражувањето, можеме да констатираме дека постои огромна разлика, со оглед дека во Србија запленетите количини на синтетичките дроги се многу големи.

Во овој период е воочено дека во Србија се присутни повеќе видови на наркотични дроги на илегалниот пазар, а посебно синтетичките дроги што се гледа и од горната табела.

Исто така во периодот 2000-2008 година доаѓа до големо зголемување на продажбите на разно видни дроги на илегалниот пазар, или изразени во бројки запленети се: 2,43 т хероин, 15,9 тони марихуана, 71,6 кг кокаин, 90,8 кг хашиш и 2,14 милиони таблети екстази. Овие бројки на запленети дроги во Србија се блиску до просекот на запленети дроги во Европа, што не е случај со запленетите дроги во другите земји од З. Балкан опфатени со истражувањето. Во врска со ова, исклучок е Р. Албанија, но тоа се однесува во врска со запленетата марихуана во Албанија и надвор од неа, каде е и произведена.

Во Србија, тамошните конзументи користат 15 видови на дроги, хероин, кокаин, марихуана, хашиш, сканк, како и СД, екстази, амфетамин, метамфетамин, ЛСД, каптагон, ајс, метадон и други. Дневно за купување на дрога трошеле до пола милион евра, а годишно околу 180 милиони .

---

[325] Исто така, во 2003 год. во градот Нова Пазова, Р.Србија е откриена првата тајна лабораторија за производство на синтетички дроги, најголема на балканските простори. Во споменатата полициска акција која траела една год. се запленети околу 2 милиони таблети екстази и 20 тони амфетамин-сулфат, смеса од која се произведуваат екстазите, со вкупна вредност од 10 милиони евра. Според некои проценки, оваа добро организирана криминална група од 2000-2003 год. произвела околу 31,2 милиони екстази и од нивната продажба би се заработиле околу 50 милиони евра.

[326] Види стр.104;

За илустрација до 1. Јуни 2010 година во Србија се запленети вкупно 328 кг рзни дроги, од кои 33.344 грами хероин, 286,397 гр марихуана, 4.203 гр кокаин, 3.550 гр амфетамин

Во врска со овие криминални активности се поднесени 2.759 кривични пријави.[327]

*1.12.6. Состојбата со синтетичките дроги во Црна Гора и реализираните заплени во период 2000-2010 година*

Црна Гора, како држава со независноста се стекнува по 2006 година. Дотогаш, односно од 1990 година до 2006 година останува во заедничка федерација со Србија.

Поради тоа за тој период се присутни мал број на податоци поврзани со проблемот со недозволената трговија со наркотични средства, со оглед дека истите се застапени во статистичките податоци на заедничката федерација со Србија.

Од обезбедените податоци се добива впечаток дека криумчарењето и недозволената трговија со наркотични droги претставува изразит проблем, посебно криумчарење на марихуана. Ова пред се поради географската позиција на земјата и блискоста со Албанија, од каде се криумчари марихуаната, а хероинот од Турција.

Синтетичките дроги посебно екстазите во Црна Гора се доста нови и нивното присуство е регистрирано во последните години и истите претежно се криумчарени од Србија.

Присуството на спид (speed), е забележан и е запленет кај странски државјани кои во Црна Гора престојувале на море на одмор. Додека амфетамин и ЛСД во Црна Гора се присутни повремено.

Во периодот 2001 до 2005 година не се запленети синтетички дроги, освен во 2005 година кога се запленети 0.00079 гр екстази.[328] види табела бр.6

| Година | Запленети синтетички дроги (екстази) | Година | Запленети синтетички дроги (екстази) |
|---|---|---|---|
| 2000 | Нема заплени | 2005 | 0.00079 гр екстази или 7.539 единици и |

[327] http://serbianna.com/srpski/archives/506

[328] (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006, str.93, на интернет страна https://rm.coe.int/16806ef3a2 (прочитано 09.09.2017 година).

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 6.1 кг амфетамин |
| 2001 | Екстази 0.079 кг 10811 единици амфетамин | 2006 | Екстази 332 таблети и 4,8 кг хемикалии за производство на синтетички дроги |
| 2002 | 10.000 единици екстази и 0,087 кг амфетамин | 2007 | Екстази 1057,5 гр |
| 2003 | 76,194 единици екстази | 2008 | Екстази 860 таб |
| 2004 | 9,260 единици екстази и 113,1 кг амфетамин | 2009 | Екстази 21,таб и 19,7 гр |
| Вкупно | | 2010 | -синтетичка дрога "speed" , 120.86 гр<br>Екстази 10.0033 гр. |

Табела 6 заплени на СД во Црна Гора

Меѓутоа трендот на присутноста на синтетичките дроги во Црна Гора доаѓа до израз во периодот 2007-2010 година (види табела 3), кога се запленети значителни количини на синтетички дроги, посебно екстази. Но и покрај тоа, доколку се прави компарација со запленетите дроги во другите земји од З. Балкан, посебно Србија е доста низок и не претставува соодветен проблем. Запленетите синтетички дроги иако што се ниски, сепак укажуваат на податокот дека нивното присуство е забележано и дека во идниот период се очекува тој тренд да се зголеми.

Во врска со податоците нотирани во табела 3 од 2000-2005 година се однесуваат за вкупните заплени реализирани во заедничката федерација Србија и Црна Гора. Тоа покажува дека во Црна Гора, како самостојна држава статистичките податоци и соодветните евиденции ги води од 2007 година. Заради тоа како валидни податоци во овој дел од истражувањето за Црна Гора се прифатени податоците од 2007-2010 годин.

Овие наши размислувања имат поткрепа во тоа дека Црна Гора со својата географска позиција претставува транзитен регион за илегалните дроги кои се наменети за

земјите од З. Европа, меѓу кои и синтетичките. Ова пред се кога се има во вид дека истата граничи со Србија, каде постојат и се присутни илегални лаборатории за производство на синтетички дроги и синтетичка марихуана „ Сканк''.[329]

### *1.12.7. Состојбата со синтетичките дроги во БиХ и реализираните заплени во период 2000-2010 година*

Ситуацијата во БиХ по 1990 година може да се дефинира како крајно лоша од сите аспекти, политички, економски, а посебно на воен план.

Воениот период се истакнува со раселување на голем број на граѓани низ цела Европа, па и светот. До 1966 година кога со „Дејтонската спогодба'' се постигнува мир, БиХ се соочува со правен, политички и економски вакум, што подразбира нефункционирање на државните институции и воопшто правната држава.

Ваквиот наметнат институционален вакум, доста вешто се користи од криминални групи кои ги зацврстуваат нивните позиции во насока на криумчарење и недозволената трговија со наркотични дроги.

Во ова насока БиХ според географската позиција се смета како транзитна земја во т.н. „Балканска рута на дрогата'', која и придонела за поголема достапмност на одредени дроги.

Во периодот од кога се водат соодветни статистики не се регистрирани случаеви во кои е извршено илегално производство на било која наркотична дрога.

Од спроведени две студии во текот на 2001 и 2006 година меѓу студентите на возраст од 18-25 години старост е утврдено дека преваленција на употреба на дрога (марихуана, екстази, ЛСД, кокаин и хероин), изнесува 22.5 за 2001 година, односно 31 од 2006 година, што укажува дека како одминува времето, доаѓа до пораст на бројот на уживателите на дрогата на младите од 18-25 годишна возраст.

По однос на криумчарењето и недозволената трговија на наркотични дроги БиХ се смета и како „центар за редистрибуција на дрогите'', односно транзитна земја.

Освен со криуимчарење и недозволена трговија според одредени податоци, постои и се повеќе домашен пазар на корисници претежно на синтетички дроги, екстази и амфетамин.

[329] https://www.evropaelire.org/a/24508977.html

Во текот на 2005 година е запленета голема количина на ацетил –анхидрид (хемиска сустанца за производство на хероин, како и синтетички droги), што се смета како обид на криминалните структури во БиХ за илегално производство на споменатите droги во оваа земја.

Според статистичките податоци на МВР на БиХ во периодот 2001-2006 година се регистрирани податоци за запленети синтетичките droги кои се објавени во: [330]

| Година | **Запленети синтетички droги (екстази) и (амфетамин)** | Година | **Запленети синтетички droги (екстази) и (амфетамин)** |
|---|---|---|---|
| 2000 | Нема заплена | 2005 | 3387 единици. екстази. и 4.71 единици амфетамин |
| 2001 | Нема заплена | 2006 | Екстази 4.761 таблети Амфетамин 2 кг |
| 2002 | Екстази запленети 1212 единици Амфетамин 117000 единици | 2007 | Нема заплени |
| 2003 | Нема заплена | 2008 | Екстази 11039 таб. Амфетамин 3583 гр Хептанон75 |
| 2004 | Нема заплена | 2009 | Екстази 543 таб. И 225 гр Амфетамин 769 гр Хептанон 110 табл. |
| | | 2010 | Екстази 16821 таб. Амфетамин 1080 гр Хептанон 29 таблети |

Табела 7 заплени на СД во БиХ

-2001, 2003 и 2004 година не се запленети синтетички droги, во 2002 година се запленети првите количини, а потоа и , кога 2005 година се запленети амфетамин, 4.71 гр и 3387 таблети екстази.

[330] (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006, str.82, на интернет страна https://rm.coe.int/16806ef3a2 (прочитано 10.09.2017 година).

За потоа 2006 и 2007 година нема податоци за заплени, додека континуитетот на заплени почнува во 2008 година кога се запленети 11039 таблети екстази, 2009 година 543 таблети и 225 гр и 2010 година 16821 таблети.

Во 2008 година 3583 g амфетамин, 2009 год, 769 g и 2010, 1 080 g

Исто така во 2008 година се запленети 75 ком. пилули хептанон, 2009, 110 пилули. и 2010, 29 пилули.[331]

Од изнесените статистички податоци може да се констатира дека запленетите синтетички дроги во БиХ и нивниот обем и динамика, можат да се поделат во два различити периоди и тоа 2001-2006 година кога во БиХ се запленети мали количини на синтетички дроги, што подрзабира дека не биле присутни и дека нивното конзумирање е незначајно, за разлика од периодот по 2008 година кога може да се забележат големи количини на заплени.

Овој период е доста интересен од аспект што укажува дека криминалните групи соодветна криминална активност пројавиле по однос на криумчарење на синтетичките дроги, екстази и од типот амфетамин.

### *1.12.8.Состојбата со синтетичките дроги во Албанија и реализираните заплени во период 2000-2010 година*

Во Албанија, до процесот на транзиција што се случи во 1991 година не се водени соодветни статистички податоци за обемот, динамиката на развојот на криминалитетот со наркотични дроги воопшто. Исто така не се водени ни соодветни статистички податоци за запленети наркотични дроги со посебенм акцент на синтетичките дроги.

На овој процес во Албанија, влијаеле неколку фактори и тоа, промена на политичкиот систем, пропратен покрај со политичкот и со економски промени кон приватниот и пазарниот економски сегмент, пирамидалните форми што се случија во 1977 година, како и приливот на косовските граѓани во Албанија, како резултат на воениот судир во Косово. Во сето ова треба да се додава и миграциониот процес што се случи во Албанија по политиучката криза во Албанија во 1997 година кога голем прилив на албански граѓани емигрираа во Италија и Албанија.

[331] http://www.emcdda.europa.eu/html.cfm/index211550HR.html, извор, Ministarstvo sigurnosti BiH (прочитано 22.09.2017)

Овие фактори доста умешно се искористени од криминалните структури во Албанија, кои покрај пирамидалните форми, за да ја подобрат финансиската лукративност почна криминалните активности да ги насочуваат и во други форма. Посебно во илегалното производство, криумчарење и дистрибуирање на дрога во Албанија и надвор во балканскиот регион, односно пошироко во Европа. Миграцискиот циклус придонесе во земјите на ЕУ да се оснивaат силни криминални структури на државјани од Албанија, кои во своето делување покрај со криумчарење со наркотици се занимаваа со проституција, бело робје и друго.

Во Албанија се формираа и почна да делуваат силни криминални структури, со кои се соочува албанскиот народ, како и самите државни институции.

Албанија, како дел од јужниот дел на т.н. „балканска рута'' се смета како транзитна земја преку која се криумчарат одредени дроги, посебно хероинот и кокаинот.
Во врска со ова како најголем проблем претставува илегалното производство на марихуана, потоа криумчарерњето на хероинот и кокаинот.

Вредноста на произведената дрога во Албанија посебно марихуаната изнесува 50 милиони годишно ( оваа сума се однесува за 2000-2006).

Меѓутоа по однос на синтетичките дроги истите не претставуваат проблем, со оглед на тоа дека според статистичките податоци, кои посебно се спроведуваат по 1997 година, укажуваат дека во Албанија синтетичките дроги доста малку се застапени. (види табела бр. 8) запленување, како и зголемениот број на лекарски инетервенции спрема зависниците на овој вид на дроги.

| Година | Запленети синтетички дроги (екстази, амфетамин) | Година | Запленети синтетички дроги (екстази, амфетамин) |
|---|---|---|---|
| 2000 | Нема заплени | 2005 | Нема заплени |
| 2001 | Нема заплени | 2006 | Нема заплени |
| 2002 | Нема заплени | 2007 | Нема заплени |
| 2003 | Нема заплени | 2008 | Нема заплени |
| 2004 | 10 таблети екс. | 2009 | Нема заплени |
| | | 2010 | Нема заплени |

Табела 8, запленети СД во Албанија

Податоците поврзани со обемот и динамиката на присуството на криминалот со дрога, со посебен акцент синтетички дроги, укажува на тоа дека истиот бил незначителен, со оглед дека една полна  деценија почнувајќи од  2000-2010 година,  не се регистрирани заплени на синтетички дроги. Во врска со ова исклучок е 2004 година кога се запленети 10 парчиња таблети екстази.  .ФН Министерство за внатрешни работи на Албанија- јуни 2006 година објавени во - [332]

Статистичките податоци до кои сум дошол во текот на истражувачкиот период, при што се консултирани одредени институтуции ангажирани за следење на обемот на присутноста на синтетичките дроги на светско и европско ниво, не се регистрирани соодветни податоци за заплени на синтетички дроги во Албанија. Меѓутоа, овој негативен тренд не значи дека не се присутни синтетичките дроги и во оваа земја. Исто така се очекува во идниот период соодветните органи на Р. Албанија да им придадат одредено значење и на трендот на синтетичките дроги во Албанија, со што би се добило соодветна објективна слика за нивното присуство во таа земја.

Исто така, користењето на синтетичките дроги во Албанија, за разлика од другите земји од З. Балкан опфатени со истражувањето, е доста низок и не претставува проблем.

### *1.12.9.Состојбата со синтетичките дроги во Косово и реализираните заплени во период 2000-2010 година*

Подрачјето на Косово од политичките транзиции во бившите ЈУ републики до 1998 година останува во рамките на Сојузна Република Југославија, сочинувана од Црна Гора Србија. Во 1998 година доаѓа до воен судир меѓу Србија и албанците од Косово, со што доаѓа и до одвојување со помош на меѓународна заедница. Во 2007 година Косово прогласува незвисност.

По однос на проблемот со наркотични дроги Косово претставува и се смета како транзитна земја. Исто така, се смета и како исклучително битна локација во која престојуваат и се лоцирани криминални групации, кои се поврзани со Албанците од Албанија, Македонија, Јужна Србија и дијаспората, што им дава посебен белег во ефикасноста на  криминалните активности со наркотични дроги.

[332] (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006, str.73 (прочитано 10.09.2017 година).

Во Косово посебно се присутни природните droги, марихуаната која се криумчари од Албванија,  хероинот од Турција и кокаинот од Албанија, Црна Хора и Србија.
По однос на синтетичките дроги и нивната заплена од периодот 2001-2006 година не постројат квалитетни статистички податоци и истите се обезбедени од -[333]

Види табела бр.9

| Година | Запленети синтетички дроги (екстази) и (амфетамин) | Година | Запленети синтетички дроги (екстази) |
|---|---|---|---|
| 2001 | 4 таблети,екс. 0.03 гр амф. | 2006 | **Нема податоци за заплени** |
| 2002 | 50 таблети екс. 0.02 амф. | 2007 | |
| 2003 | 40 таблета | 2008 | |
| 2004 | 56 таблети екс. | 2009 | |
| 2005 | 39 таблети екс | 2010 | |

Табела 9,запленети СД во Косово

Статистичките податоци кои се однесуваат за заплените на синтетички дроги во Косово укажуваат на тоа дека СД во Косово за разлика од другите земји од З. Балкан, посебно Србија, се доста ниски и несодветствуваат со податоците кои се присатни на терен.

Споредувајќи ги изнесените податоци во горната табела може да се констатира дека во периодот 2005-2009 година е забележан соодветен континуитет во откривањето и запленувањето на синтетичките дроги, за разлика од периодот 2000-2005 година кога тој континуитет на запленување е доста низок.  Ова пред се бидејќи се работи за период кога

Косово, не беше призната како независна држава, што значи не се водени соодветни статистики или евиденции.

Дел од податоците произлегуваат од Србија и истите не можат да се прифатат како веродостојни или истите да се користат за соодветна компарација со податоците од

[333] (izvestaj o stanju u oblasti organiziranog i prevrednog kriminala u jugoistocnoj Evropi, 2006, str.87 (прочитано 10.09.2017 година).

другите земји. Исто така, не може да се даде и соодветна оценка за обемот и динамиката на криминалитетот со наркотици поврзан со истражувачкиот период.

Интересен за нас е и податокот што во другите земји од З. Балкан (иземајќи ја Србија) во запленувањето постои различност по однос на видовите на запленетите синтетички droги и количините, освен во Македонија, каде исклучиво се запленети екстази и тоа во помали количини.

Исто така, голема разлика по однос на запленувањето постои помеѓу самите земји од З. Балкан, посебно во овој контекст се издвојува Албанија, каде количински, заплените на синтетичките дроги се на најниско ниво. Ово нешто укажува на фактот дека синтетичките дроги не се присутни во Албанија, дека конзументите исклучиво користат природни дроги, пред се марихуана, хероин и кокаин. Меѓутоа сметаме дека не мора да значи дека во Албанија не се криумчарат и синтетички дроги, а во контекст на ова не се исклучува и нашето мислење дека поради огромните количини на илегалното производство на марихуаната во Албанија, е запоставена контролата на шверцуваните синтетички дроги.

Врз основа на ова, сметаме дека во идниот период надлежните органи и институции во сите земји од З. Балкан опфатени во истрражувањето, треба да му посветат по соодветно внимание на овој вид на криминалитет (илегалното производство, криумчарење и НТ со синтетички дроги), со цел негово сузбивање, односно зголемување на процентот на откриените и запленетите количини на СД.

Со цел реализирање на дадената цел, од изнесените статистички податоци за запленетите синтетички дроги може да се истакне дека и покрај тоа што не се целосни ( поради тешкотии од нивно обезбедување, посебно не постоење на соодветна соработка со органите кои се надлежни за водење на соодветни евиденции, како и тешкотии од воспоставување на контакти со истите, со оглед дека не се обезбедени непосредно од соодветните институции, туку преку интернет податоци објавени од страна на EMCDDA и UNODC и други меѓународни институции кои се бават со оваа проблематика), неопходно е да се воспостави соодветна контрола према субјектите и супстанците ( хемикалиите и технологијата, опремата наменета за лаборатории и друго), со извозот и увозот и пазарот на прекурзорите што се користи при нивна употреба.

**Со ова ќе се влијае во намалување на илегалното производство, а со тоа се доаѓа до намалување на понудата на синтетичките дроги на нарко пазарите во земјите од З. Балкан и пошироко во светот.**

**Поради тој факт земјите од З. Балкан неминовно им се наметнува потребата од воспоставување на соодветна регионална соработка, по однос на размена на податоците со цел постигнување на ефикасност во откривање и запленување на синтетичките дроги кои се криумчарат во овој регион.**

**Ова посебно поради фактот дека во поголем дел од националните стратегии што ги имаат донесено земјите од З. Балкан, е предвидено да се посвети посебно внимание на меѓународната соработка за постигнување на ефект во контрола и сузбивање на шверцот со хемиските супстанци, како и со готовиот производ.**

Ова пред се, во размена на информации помеѓу одговорните институции, како и со институциите кои вршат меѓународна координација во ова област, надлежни за следење на динамиката и обемот на криминалитетот во ова област.

# II ПОСЕБЕН ДЕЛ

## 1.ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1.1.Примерок на истражувањето

Во идејната скица се поставени инструменти, методи и техники со кои е извршено ова истражување за да се дојде до резултати кои ни овозможуваат да дадеме заклучоци и да одговориме на поставените хипотези.

Добиените резултати потребно е да ги комбинираме со примерокот од истражувањето односно анкетниот прашалник, како и со анализите на содржините на различни документи, нормативни акти и прописи преку кои ќе се одговори на прашањата поставени во истражувањето, а со тоа ќе се изврши потврда или негирање на поставените хипотези.

Примерокот на ова истражување е структуиран, при што преку случаен избор на претставници од стручната јавност вработени во државни институции од областа на безбедноста извршено е интервју со анкетен прашалник кој содржи прашања од затворен тип, од кои дел од прашањата од нив,, го прикажуваат профилот на испитаникот. Со цел да се добијат реални и веродостојни информации, анкетирани се 190 испитаници.

Откако беа добиени податоците од анкетниот прашалник се пристапи кон анализа и обработка на податоците. Добиените резултати, за секое прашање од анкетата, преставени се табеларно.

Распределбата на испитаниците според нивната возраст е во четири групи и тоа:

прва група: испитаници на возраст од 20-30 години старост

втора група: испитаници на возраст од 31-40 години старост

трета група: испитаници на возраст од 41-50 години старост

четврта група: испитаници на возраст над 51 години старост

| Старосна група | I група | I I група | I I I група | I V група | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 50 | 79 | 32 | 29 | 190 |
| % | 26% | 41% | 16% | 15% | 100.00% |

Табела 1 Распределба на испитаниците според нивната возраст

Во табела 1 е прикажана старосната распределба на испитаниците по групи. Во првата група спаѓаат 50 испитаници или 26%, во втората група спаѓаат 79 испитаници или 41%, во третата група спаѓаат 32 испитаници или 16% и во четвртата група спаѓаат 29 испитаници или 15%.

Половата застапеност во ова анкетирање процентуално се движи во корист на машкиот пол со 82% наспроти 18% од женски пол. Ваквата застапеност се должи веројатно на фактот дека анкетата е спроведена во институции од безбедносен карактер, каде претежно работат лица од машки пол.

Во однос на прашањето кое се однесува на националната припадност добиени се резултати според кои Македонци се 142 испитаници или 75%, Албанци 31 испитаници или 16% и други 17 испитаници (Срби, Црногорци и Бошњаци), или 9%.

| Национална припадност | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Македонци | 142 | 75% |
| Албанци | 32 | 16% |
| Други | 17 | 9% |
| Вкупно | 191 | 100.00% |

Табела 2 Национална припадност

Образовната структура на испитаниците е поделена во пет групи и тоа:

прва група: испитаници со завршен III степен на образование или основно

втора група: испитаници со завршен IV степен на образование или средно

трета група: испитаници со завршен VII/1 степен на образование или високо

четврта група: испитаници со завршен VII/2 степен на образование или магистериум пета група: испитаници со завршен VIII степен на образование или докторат

| Степен на образование | I група | I I група | I I I група | I V група | V група | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 0 | 48 | 105 | 28 | 9 | 190 |
| % | 0.00% | 25% | 55% | 14% | 6% | 100.00% |

Табела 3 Образовна структура

Од табелата 3 може да се забележи дека во првата група испитаници со завршен III степен на образование, немаме ниту  еден примерок што се должи на фактот дека од персоналот вработен во овие институции има многу мал број со вакво образование . Во втората група спаѓаат 48 испитаници или 25%. Во третата група со високо образование спаѓаат над 105 испитаници што е повеќе од половина од вкупниот број испитаници или 55%. Како магистри на науки се изјасниле 28 испитаници или 14% додека како доктори на науки се изјасниле 9 испитаници или 6%.

## 2.РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕСТИРАЊЕТО НА ХИПОТЕЗИТЕ

Во излагањето што следува ќе бидат изнесени општите констатации за ставовите на испитаниците за во однос на криминолошките аспекти на илегално производство, криумчарење и недозволена трговија на синтетички дроги во земјите од Западен Балкан.

Врз основа на добиените резултати од анализата на прашањата под реден број од 4 до 24 од анкетниот прашалник, ќе биде извршено тестирање на главната и помошните хипотези.

На прашањето под број 5 кое гласи "Дали е застапен криминалитетот на илегалното производство,недозволена трговија со криумчарење на синтетички дроги во земјите од Западен Балкан во периодот од 2000-2011година" добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 35 | 97 | 20 | 20 | 18 | 190 |
| % | 18% | 55% | 10% | 10% | 9% | 100.00% |

Табела 4 Застапеност на криминалитетот на илегалното производство,недозволена трговија со криумчарење на синтетички дроги во земјите од Западен Балкан во периодот од 2000-2011година

Од табелата 4 се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 35 испитаници или 18.%, се согласуваат 98 испитаници или 53%,немаат став 20 испитаници или 10%, не се согласуваат 20 испитаници или 10%, а воопшто не се согласуваат 18 испитаници или 9%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека постои застапеност на криминалитетот на илегалното производство,недозволена трговија со криумчарење на синтетички дроги во земјите од Западен Балкан во периодот од 2000-2011година.

Прашањето под број 6 гласи "Според вашето мислење, кои се најчести причини за извршување на кривични дела, илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги".

На испитаниците им се понудени 5 можни одговори и тоа:

1. Брзо збогатување со голем илегален профит

2. Невработеност
3. Нефункционирање на правната држава
4. Низок стандард
5. Други причини

Од 190 испитаници кои потврдно одговориле на ова прашање, 58 испитаник или 31% се за одговорот 1, за одговорот 2 се 77 испитаници или 40%, за одговорот 3 се 23 испитаници или 12%, за одговорор 4 се 19 испитаници или 10% и за одговорот 5 се 14 испитаници или 6 посто. Од добиените резултати се гледа дека невработеноста во најголем процент 40 % е најчеста причина за извршување на кривични дела, илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги.

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 58 | 31% |
| Одговор 2 | 76 | 40% |
| Одговор 3 | 23 | 12% |
| Одговор 4 | 19 | 10% |
| Одговор 5 | 14 | 6% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 5 Најчести причини за извршување на кривични дела, илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги

На прашањето под број 7 кое гласи "Дали постои поврзаност на организаторите на нарко групите во земјите од Западен Балкан" добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 70 | 91 | 17 | 12 | 0 | 190 |
| % | 36% | 47% | 9% | 6% | 0.00% | 100.00% |

Табела 7 Поврзаност на организаторите на нарко групите во земјите од Западен Балкан

Од табелата 7се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 70 испитаници или 36%, се согласуваат 91 испитаници или 47%,немаат став 17 испитаници или 9%, не се согласуваат 12 испитаници или 6%, а воопшто не се согласуваат 0 испитаници или 0%.

Прашањето под број 8 гласи "Колку и како влијае постојната законска регулатива во спречување на илегално производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги".

На испитаниците им се понудени 3 можни одговори презентирани во табела .

| Ниво на согласност | Има делумно влијание | Влијание во голема мера | Има пресудно влијание | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 40 | 121 | 29 | 190 |
| % | 21% | 63% | 15% | 100.00% |

Табела 6 Влијание на постојната законска регулатива во спречување на илегално производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги

Од 190 испитаници кои потврдно одговориле на претходното прашање, 40 испитаници или 21% одговориле дека има делумно влијание, 121 испитаници или 63% одговориле дека влијае во голема мера, 29 испитаници или 15% одговориле дека има пресудно влијание.

На прашањето под број 9 кое гласи "Колкав е степенот на влијание на корупцијата врз зголемување на обемот на криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги" добиени се следните резултати:

| Ниво на ризик | Висок | Среден | Низок | Не можам да оценам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 104 | 31 | 22 | 33 | 190 |
| % | 56% | 16% | 11% | 17% | 100.00% |

Табела 7 Степен на влијание на корупцијата врз зголемување на обемот на криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги

Од табелата се гледа дека на ова прашање 104 испитаници или 56% одковориле дека нивото на ризик е високо, 31 испитаници или 16% сметаат дека нивото на ризик е

средно, 22 испитаници или 11% одговориле дека нивото на ризик е ниско, а не можат да оценат 33 испитаници или 17%.

Според добиените одговори може да се заклучи дека повеќе од половина испитаници одговориле дека корупцијата влијае врз зголемување на обемот на криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги.

На прашањето под број 10 кое гласи “Какво е нивото на соработка на граѓаните со полицијата на откривањето на недозволена трговија со синтетички дроги“ добиени се следните резултати:

| Ниво на соработка | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Добра соработка | 20 | 11% |
| Делумна соработка | 91 | 47% |
| Не се соработува | 34 | 18% |
| Не може да се оцени | 45 | 24% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 9 Ниво на соработка на граѓаните со полицијата на откривањето на недозволена трговија со синтетички дроги

Од табелата 9 се гледа дека на ова прашање 20 испитаници или 11% одговориле дека е добра соработката, 91 испитаник или 47% одговориле дека има делумна соработка, 34 испитаници или 18% одговориле дека не се соработува, додека 45 испитаници или 24% одговориле дека не можат да оценат каква е соработката.

На прашањето под број 11 кое гласи “Кое е нивото на соодносот помеѓу откриените и процесуираните кривични дела на недозволена трговија со синтетички дроги“ добиени се следните резултати:

Резултатите кои се однесуваат на нивото соодност презентирани се во Табела 10

| Ниво на сооднос | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Високо | 15 | 8% |
| Средно | 76 | 40% |
| Ниско | 48 | 25% |
| Не може да се оцени | 51 | 27% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 10 Ниво на сооднос

Од вкупно 190 испитаници на ова прашање, 15 испитаници или 8% одговориле дека нивото на соработка е високо, 76 испитаници или 40% одговориле дека нивото на соработка е средно, 48 испитаници или 25% одговориле дека е ниско, додека 51 испитаник или 27% одговориле дека не можат да оценат какво е нивото на соработка.

Од добиените одговори може да се заклучи дека нивото на сооднос помеѓу откриените и процесуираните кривични дела на недозволена трговија со синтетички droги, е средно со тенденција кон ниско ниво на соработка.

На прашањето под број 12 кое гласи "Дали во објектите каде илегално се продаваат синтетички дроги, сопствениците и менаџерите се запознаени дека во нивниот објект се одвива ваква нелегална активност"добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 6 | 66 | 98 | 17 | 3 | 190 |
| % | 3% | 34% | 52% | 9% | 2% | 100.00% |

Табела 11 Сопствениците и менаџерите се запознаени дека во нивниот објект се одвива ваква нелегална активност

Во табелата 11 се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 6 испитаници или 3%, се согласуваат 66 испитаници или 34%,немаат став 98 испитаници или 52%, не се согласуваат 17 испитаници или 9%, а воопшто не се согласуваат 3 испитаници или 2%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека повеќе од половина од испитаници немаат став по ова прашање, додека бројот на испитаниците кои се согласуваат дека сопствениците и менаџерите се запознаени дека во нивниот објект се одвива ваква нелегална активност е двојно поголем од бројот на испитаниците кои не се согласуваат.

Прашањето под број 13 гласи "Според вашето мислење, кои синтетички дроги се присутни во подрачјето каде што работите"

На испитаниците им се понудени 5 можни одговори и тоа:

1. Екстази
2. Амфетамин
3. Метамфетамин
4. LSD

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 72 | 38% |
| Одговор 2 | 51 | 27% |
| Одговор 3 | 30 | 16% |
| Одговор 4 | 25 | 13% |
| Одговор 5 | 12 | 6% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 12 Присуство на синтетички дроги

Од 190 испитаници кои одговориле на ова прашање, 72 испитаници или 38% се за одговорот 1, за одговорот 2 се 51 испитаници или 27%, за одговорот 3 се 30 испитаници или 16 %, за одговорот 4 се 25 испитаници или 13 % и за одговорот 5 се 12 испитаници или 6 % . Од добиените одговори најголем број испитаници или 38 % сметаат дека најприсутна е синтетичка дрога Екстази.

На прашањето под број 13 кое гласи "Какво е нивото на организираност на дилерските мрежи на подрачјето каде работите " добиени се следните резултати:

| Ниво на организираност | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Добро организирани | 64 | 34% |
| Делумно организирани | 68 | 36% |
| Ниско организирани | 10 | 5% |
| Не може да се оцени | 48 | 25% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 13 Ниво на организираност на дилерски групи

Од табелата 13 може да се забележи дека на ова прашање 64 испитаници или 34% одговориле дека се добро организирани, 68 испитаници или 36 % сметаат дека се делумно организирани, 10 испитаници или 5 % одговориле дека се ниско организирани, а не можат да оценат 48 испитаници или 25%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека најголем дел од испитаниците сметаат дека организираноста е делумна или на добро ниво.

На прашањето под број 15 кое гласи "Дали на вашето подрачје има илегални премини преку кои се криумчарат синтетички дроги " добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 63 | 102 | 16 | 9 | 0 | 190 |
| % | 33% | 54% | 8% | 5% | 0.00% | 100.00% |

Табела 14 Постоење на илегални премини преку кои се криумчарат синтетички дроги

Од табелата 14 се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 63 испитаници или 33 %, се согласуваат 102 испитаници или 54 %, немаат став 16 испитаници или 8%, не се согласуваат 9 испитаници или 5 %, а воопшто не се согласуваат 0 испитаници или 0%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека од вкупно 190 испитаници, 165 испитаници се согласни дека е постојат на нивното подрачје на работа илегални премини преку кои се криумчарат синтетички дроги.

На прашањето под број 15 кое гласи “Дали на вашето подрачје има тајни складишта на синтетички дроги “ добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 62 | 101 | 17 | 10 | 0 | 190 |
| % | 33% | 54% | 8% | 5% | 0.00% | 100.00% |

Табела 15 Постоење на тајни складишта за синтетички дроги

Од табелата 15 се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 62 испитаници или 33 %, се согласуваат 101 испитаници или 54 %, немаат став 17 испитаници или 8%, не се согласуваат 10 испитаници или 5 %, а воопшто не се согласуваат 0 испитаници или 0%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека од вкупно 190 испитаници, 163 испитаници се согласни дека е постојат на нивното подрачје тајни складишта на синтетички дроги.

На прашањето под број 17 кое гласи “Дали на вашето подрачје постоеле или постојат
тајни лаборатории за синтетички дроги “ добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 45 | 70 | 20 | 45 | 10 | 190 |
| % | 24% | 37% | 10% | 24% | 5% | 100.00% |

Табела 16 Постоење на тајни лаборатории за производство на синтетички дроги

Од табелата се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 45 испитаници или 24 %, се согласуваат 70 испитаници или 37 %, немаат став 20 испитаници или 10%, не

се согласуваат 45 испитаници или 24 %, а воопшто не се согласуваат 10 испитаници или 5%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека од вкупно 190 испитаници, 115 испитаници се согласни дека постојат на нивното подрачје тајни лаборатории за производство на синтетички дроги.

Според расположивите податоци, во периодот 2000-2010 година во земјите од З.Балкан илегални лаборатории се откриени единсвено во Р.Србија и тоа во 2003 и 2007 година. Ова укажува на потребата од подетално проучување и зголемен оперативен ангажман на планот на нивно откривање и реализација и во другите земји од З. Балкан. Дека вакви активности треба да се спроведат и во другите земји од З. Балкан укажува и последниот случај реализиран во Македонија во 2017 годин, кога во с.Речица, тетовско е откриена нова илегална лабораторија за производство на синтетички дроги и дека главниот хемичар се појавува Зарубинци еден од најпознатите хемичари во просторите на Југо Источна Европа.

Прашањето под број 18 се однесува на испитаниците и гласи “Кои превозни средства ги користат сторителите за илегален транспорт на синтетички дроги“

На испитаниците им се понудени 4 можни одговори и тоа:

1. ПМВ
2. воз
3. Камион
4. Авион

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 32 | 17% |
| Одговор 2 | 75 | 39% |
| Одговор 3 | 47 | 25% |
| Одговор 4 | 36 | 19 % |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 17

Од 190 испитаници кои одговориле на ова прашање, 32 испитаници или 17 % се за одговорот 1, за одговорот 2 се 75 испитаници или 39%, за одговорот 3 се 47 испитаници или 25%, за одговорот 4 се 36 испитаници или 25%. Од добиените одговори најголем број

испитаници или 39 % сметаат дека за илегален транспорт на синтетичка дрога се користат ПМВ.

На прашањето под број 19 кое гласи "Дали вашето подрачје е транзитен реон спрема други држави" добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 12 | 83 | 82 | 13 | 0 | 190 |
| % | 6% | 44% | 44% | 6% | 0.00% | 100.00% |

Табела 18

Од табелата 18 се гледа дека на ова прашање потполно се согласуваат 12 испитаници или 6%, се согласуваат 83 испитаници или 44%, немаат став 82 испитаници или 44%, не се согласуваат 13 испитаници или 6%, а воопшто не се согласуваат 0 испитаници или 0%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека од 190 испитаници 95 испитаници се согласни дека нивното подрачје е транзитен реон спрема други држави.

На прашањето под број 19 кое гласи "Дали граѓаните отворено ги осудуваат дилерите на синтетички дроги " добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 25 | 105 | 38 | 20 | 2 | 190 |
| % | 13% | 55% | 20% | 11% | 1% | 100.00% |

Табела 19

Во табелата 20 е прикажано дека на ова прашање потполно се согласуваат 25 испитаници или 13%, се согласуваат 105 испитаници или 55%, немаат став 38 испитаници или 20%, не се согласуваат 20 испитаници или 11%, а воопшто не се согласуваат 2 испитаници или 1%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека поголем дел од испитаниците или 130 испитаници се согласни во отворена осуда од страна на граѓаните спрема дилерите на синтетички дроги.

Прашањето под број 20 се однесува на испитаниците и гласи “Според ваше мислење, во кои објекти најмногу се продаваат синтетички дроги“

На испитаниците им се понудени 5 можни одговори и тоа:

1. Кафеани
2. Диско клубови
3. На улица
4. Спортски игралишта
5. Училишта

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 49 | 26% |
| Одговор 2 | 56 | 29% |
| Одговор 3 | 38 | 20% |
| Одговор 4 | 19 | 10% |
| Одговор 5 | 28 | 15% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 20

Од 190 испитаници кои одговориле на ова прашање, 49 испитаници или 26% се за одговорот 1, за одговорот 2 се 56 испитаник или 29%, за одговорот 3 се 38 испитаници или 20%, за одговорот 4 се 19 испитаници или 10% и за одговорот 5 се 28 испитаници или 15%. Од добиените одговори може да се забележи дека најголем број испитаници односно 56 го прифатиле вториот одговор односно диско клубови.

Прашањето под број 21 се однесува на испитаниците и гласи “Според ваше мислење конзументите на синтетички дроги се од редот на следните категории граѓани“.

На испитаниците им се понудени 4 можни одговори и тоа:

1. Посиромашниот слој на граѓани
2. Работничкиот слој на граѓани
3. Средно богатиот слој
4. Богатиот слој

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 40 | 21% |
| Одговор 2 | 91 | 48% |
| Одговор 3 | 29 | 15% |
| Одговор 4 | 31 | 16% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 21

Од 190 испитаници кои одговориле на ова прашање, 40 испитаници или 21% се за одговорот 1, за одговорот 2 се 91 испитаници или 48%, за одговорот 3 се 29 испитаници или 15%, за одговорот 4 се 31 испитаници или 16%. Од добиените одговори може да се забележи дека најголем број испитаници односно 91 или 48% наведуваат дека конзументи на синтички дроги се од работничкиот слој на граѓани.

Прашањето под број 22 се однесува на испитаниците и гласи "Според ваше мислење, која старосна структура е најприсутна меѓу конзументите на синтетички дроги". На испитаниците им се понудени 4 можни одговори и тоа:

1. До 20 години
2. Од 21 до 35 години
3. Од 36 до 50 години
4. Над 51 година

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 47 | 25% |
| Одговор 2 | 105 | 55% |
| Одговор 3 | 32 | 17% |
| Одговор 4 | 6 | 3% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 22

Од 190 испитаници кои одговориле на ова прашање, 47 испитаници или 25% се за одговорот 1, за одговорот 2 се 105 испитаници или 55%, за одговорот 3 се 32 испитаници или 17%, за одговорот 4 се 6 испитаници или 3%. Од добиените одговори може да се

забележи дека  најголем број испитаници односно 105 или 55% наведуваат дека конзументи на синтички дроги се најчесто на возраст од 21 до 35 години.

Прашањето под број 23  се однесува на испитаниците и гласи “Според ваше мислење, која старосна структура е најприсутна меѓу дилерите  на синтетички дроги“.
На испитаниците им се понудени 4 можни одговори и тоа:

1. До 20 години
2. Од 21 до 35 години
3. Од 36 до 50 години
4. Над 51 година

| Одговори | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Одговор 1 | 55 | 29% |
| Одговор 2 | 114 | 60% |
| Одговор 3 | 17 | 9% |
| Одговор 4 | 4 | 2% |
| Вкупно | 190 | 100.00% |

Табела 23

Од 190  испитаници кои одговориле на ова прашање, 55 испитаници или 29% се за одговорот 1, за одговорот 2 се 114 испитаници или 60%, за одговорот 3 се 17 испитаници или 9%, за одговорот 4 се 4 испитаници или 2%. Од добиените одговори може да се забележи дека  најголем број испитаници односно 114 или 60% наведуваат дека дилерите на синтички дроги се најчесто на возраст од 21 до 35 години.

На прашањето под број 24 кое гласи “Дали е задоволителна национална стратегија во правец на ефикасно осознавање и спречување на факторите и причините кои придонесуваат за извршување на кривичните дела поврзани со синтетички дроги и дали е доволна досегашната меѓународна соработка на планот на спречување на илегално производство, криумчарењето и НТ со синтетички дроги од Западен Балкан “ добиени се следните резултати:

| Ниво на согласност | Потполно се согласувам | Се согласувам | Немам став | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број (F) | 3 | 48 | 66 | 66 | 7 | 190 |
| % | 2% | 25% | 35% | 35% | 3% | 100.00% |

Табела 24

Во табелата 25 е прикажано дека на ова прашање потполно се согласуваат 3 испитаници или 2%, се согласуваат 48 испитаници или 25%, немаат став 66 испитаници или 35%, не се согласуваат 66 испитаници или 35%, а воопшто не се согласуваат 7 испитаници или 3%.

Од добиените одговори може да се заклучи дека поголем дел од испитаниците или 73 испитаници или 38% не се согласни дека е задоволителна националната стратегија во правец на ефикасно осознавање и спречување на факторите и причините кои придонесуваат за извршување на кривичните дела поврзани со синтетички дроги и дека е доволна досегашната меѓународна соработка на планот на спречување на илегално производство, криумчарењето и НТ со синтетички дроги од Западен Балкан.

**Со одговорите на оваа прашање се потврдува и главната хипотеза која гласи "Современите и најразлични modus operandi на извршување на илегално производство, криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги како едно од најсериозните и најтешките кривични дела, налага потрага по нови современи криминолошки и оперативно-тактички мерки и активности кои се применуваат во правец на осознавање и спречување на факторите и причините кои придонесуваат за извршување на кривичните дела поврзани со синтетичките дроги во државите од Западен Балкан".**

# 3.АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НИЗ ПРИЗМА НА ХИПОТЕЗИТЕ

**„Илегалното произвдство'', „Криумчарењето“ и „недозволената трговија“** со синтетички droги се вбројуваат во сериозни и тешки кривични дела, за што е потребна ефикасна национална стратегија, која во себе вклучува ефикасни оперативно - тактички мерки преземени со цел откривање и докажување на криумчарењето на синтетичките дроги. Во текот на истражувањето добиени се потврдени сознанија дека „Илегалното произвдство'', „криумчарењето“ и „нелегалната трговија“ со синтетички дроги се *менува, прилагодува и усовршува зависно од условите кои владеатт во одреден временски период, од превозните средства, тактика и начини на реализирање на криминалните цели од страна на криминалните структури инволвирани во овој вид на криминал.*

Следствено на тоа, се потврдува **главната хипотеза** на ова истражување дека, *современите и најразлични модус операнди на извршување на ,,илегалното производство'', „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетички дроги налагаат потреба за усовршување и потрага по современи оперативно-тактички мерки, кои се применуваат во методиката со цел ефикасно спречување и откривање на кривичното дело*.

Во тој контекст е потврдено дека *системот на мерки и активности (претресување, вештачење, следење на комуникациски и други видови на комуникациски средства и др.), преземени од истражните органи сé со цел поуспешно откривање на кривичното дело и неговите сторители, како и за обезбедување на валидни докази за успешен тек на кривичната постапка (во склоп со позитивното законодавство и меѓународните прописи).*

Резултатите од истражувањето покажуваат дека категоријата на сторители на овој вид на криминалитет се од редот на ниските општествени слоеви, со што се потврдува **првата помошна хипотеза** дека *социо - економска и политичка ситуација во нашата земја, покажува интензивирање на криминалната активност насочена против сите општествени вредности, меѓукои и ,,илегалното производство'', „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетички дроги;*

Во текот на спроведеното истражување не беше потврдена **втората помошна хипотеза** според која, *феноменот ,,илегалното производство'', „криумчарење“ и „недозволена трговија“ со синтетички дроги е сé поприсутен од лукративни мотиви*

*бидејќи претставува профитабилен бизнис за поединци и добро организирани криминални групи, донесувајќи им огромна заработувачка*, беа добиени сознанија дека поврзаноста на криминалните групации постои и е добро, односно делумно организирана, особено кога станува збор за „илегалното производство'', криумчарење и НТ со синтетички дроги.

По однос на синтетичките дроги во земјите од З. Балкан, засега не постои *соодветна современа физичка и техничка контрола на граничните премини која би резултирала со зголемен број на откриени канали на ,,илегалното производство'', „криумчарење" и „недозволена трговија" со синтетички дроги, со што* ***третата помошна хипотеза*** *не беше потврдена во текот на истражувањето.*

*Со оглед на тоа што во земјите од З. Балкан не постоојат централизирани институции кои ќе би се бавеле со проблемот на ,,илегалното производство'', криумчарење и НТ со синтетички дроги, а во тој контекст постојат посебни Сектори или одели во МВР и Царина, оценка е дека делумно се потврдува* ***четвртата помошна хипотеза*** *според која информираноста на припадниците на полициските и царинските служби за штетните последици кои произлегуваат од ,,илегалното производство'', „криумчарењето" на синтетичките дроги, како и способноста за нивно откривање, разликување и препознавање влијае на степенот на откривање на „недозволената трговија" со дрогите;*

*Резултатите од истражувањето покажуваат дека познавањето на илегалните канали и начини на ,,илегалното производство'', „криумчарењето" и „недозволената трговија" со синтетички дроги допринесува за успешно пресекување на нарко - мрежите и запленување на сé поголеми количества дрога, со што се потврдува* ***петттата помошна хипотеза.***

*Општиот впечаток кој се доби во текот на истражувањето оди во прилог на непостоењето на адекватна и континуирана соработка помеѓу надлежните институции со што е потврдена* ***шестата помошна хипотеза*** *според која постоењето на национална стратегија за успешна борба против „криумчарењето" и „недозволената трговија" со синтетичка дрога би довело до подобра координација на надлежните институции (посебните Сектори во Министерство за внатрешни работи, јавните обвинителства и судовите, како и царинските служби);*

*По однос на* ***седмата помошна хипотеза,*** *дека регионалната соработка и соработката со меѓународните институции (Интерпол, Европол, ДЕА и други институции) во заедничката борба против сторителите на ,,илегалното производство'',*

*„криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетички дроги е услов што обезбедува поефикасна активност на надлежните институции,* *во текот на истражувањето не беа добиени конкретни податоци од МВР, меѓутоа досегашните расположиви сознанија на безбедносните служби кои се бават со оваа проблематика истата ја потврдуваат, со предлог да биде интензивирана и подигната на повисоко ниво.*

*Истото се однесува и за* ***осмата помошна хипотеза*** *дека имплементација на меѓународната стратегија како генерална платформа допринесува за надминување на слабостите во националната стратегија во борбата против ,,илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетичките дроги.*

*Во прилог на* ***деветтата, десеттата, единаесеттата и тринаесеттата помошна хипотеза*** *дека превентивната заштита од ,,илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетички дроги - поточно преземање на адекватни современи мерки и технички мерки влијае на намалувањето на ,,илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со дрогите, дека ефикасната гранична контрола и примената на модерни методи и средства во откривање на ,,илегалното производство, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетичка дрога условува успешно откривање и пресекување на меѓународните организации, дека „вградувањето“ на припадник на безбедносните структури во криминалната средина овозможува речиси целосно откривање на извршителите и организаторите на,,илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со синтетичката дрога, како и навремените информации за подготовки за извршување на кривично дело,,илегалното производство’’, „криумчарење“ и „недозволена трговија“ со синтетичка дрога овозможува благовремено преземање оперативни - технички акции и мерки (блокади, собирање информации, организирање заседи, контроли, идентификација, инспекции, рации итн.) и неопходни истражни активности сé со цел пресекување на криминалната дејност на извршителите. се резултатите од истражувањето кои се поместени во делот кој се однесува на предлог мерките за ефикасно спротивставување на овој вид на криминалитет.*

***Дванаесеттата помошна хипотеза*** *дека законската регулатива и покрај тоа што се изрекуваат релативно ниски казни од предвидените, за сторителите на кривично дело, ,,илегалното производство", „криумчарење“ и „недозволена трговија“ со синтетички дроги условува да се зголемува бројот на лица кои ќе бидат инволвирани во ,,илегалното производство’’, „криумчарењето“ и „недозволената трговија“ со дрога.*

*Меѓутоа и покрај тоа резултатите укажуваат дека законските регулативи во голема мера придонесуваат во намалување на криминалитетот по однос на споменатите кривични дела.*

# 4. З А К Л У Ч О Ц И

Со истражувањето се опфатени одредени појавни форми на криминалитетот поврзан со криумчарењето и недозволената трговија со синтетички droги во Р.Македонија,и пошироко во земјите од З. Балкан (Србија, БиХ, Црна Гора, Албанија и Косово), а во врска со тоа и развојната динамика. Споменатите криминални појави тесно се поврзани со дрогата и нејзината злоупотреба, а во тој контекст и напорите насочени во правец на спречување на криумчарењето на синтетичките дроги (и воопшто и на другите дроги што одат преку граничната линија во Р.Македонија, и т.н. ,,Балканска рута'') не се доволни.

Некои земји од опкружувањето континуирано од година во година запленуваат значајни количини на синтетички дроги, посебно Србија (податоците од истражувањето го потврдуваат тоа), што според податоците, иако со помал интензитет се случува и во Р.Македонија, а посебно оние кои одат преку т.н. „Балкански пат“. Ваквата констатација укажува и дава на знаење дека на подрачјето на спречувањето на криумчарењето и НТ има место за напредок, односно, запленувањето на граничните премини во идниот период, во сите земји од З. Балкан, мора да бидат што почести, континуирани и количински поголеми. За ова треба претходно да се изгради соодветна соработка, во насока на размена на разузнавачките податоци на сите чинители на земјите од З. Балкан.

Исто така, распространувањето и променливоста на наркоцените со синтетичките дроги, како на домашен, така и на меѓународен план, треба да се гледа преку сите форми што го следат илегалното производтсво, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, особено на планот на понудата и побарувачката. Во врска со ова беше констатирано дека за разлика од другите дроги (посебно хероин и кокаин), при криумчарењето на синтетичките дроги на светско ниво се забележува тренд на зголемување, меѓутоа во З. Балкан (според изнесените податоци) ваквата констатација не е видлива, освен во Србија, за што сметаме дека во прашање е недоволното насочено внимание од страна на институциите, одговорни за реализирање и спречување на ваквите појави.

Меѓутоа современите трендови поврзани со криумчарењето, а со тоа и злоупотребата на синтетичките дроги, не е можно да се дефинираат и препознаат иако временскиот период (10 години) е адекватен. Заради тоа, криминалистичките анализи, како и оперативното поставување треба да се втемели како на криминалистичката пракса

и искуство, така и на теоретски пристап на криминалот поврзан со криумчарењето и злоупотребите на синтетичките дроги, и тоа во подолг временски период, при тоа на соодветен начин да се уважи и примени криминалистичкото учење како наука и пракса.

Ова пред се се однесува за земјите во кои откривањето и запленувањето на синтетичките дроги е на многу ниско ниво, посебно Албанија и Косово, потоа Црна Гора. Од истражувањето и добиените податоци се гледа дека во овие земји институциите се насочени кон следење на криминалните активности поврзани со криумчарење на тешките дроги, кокаин, хероин и марихуана.

Со тоа сметаме дека на овој план ќе се дадат задоволителни резултати, преку кои би се поставиле и применувале соодветни мерки насочени кон спречување на оваа негативна криминална појава во општеството.

Истражувајќи ја оваа општествена негативна појава дојдено е до следните заклучоци:

- Илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, како една од најпрофитабилните дејности, сеуште претставува една од попривлечните форми преку кои се доаѓа до брзо збогатување. Во оваа насока невработеноста, падот на стандардот се лоши социјални состојби, а со тоа и недоволната ангажираност на органите кои се овластени да ја сузбиваат ова појава и создадат простор, голем број на наши граѓани и граѓани на земјите од З. Балкан (Србија, БиХ, Црна Гора, Косово и Албанија), да се занимаваат со илегално производство криумчарење и недозволена трговија со синтетички дроги.
- Кон оваа констатација, влијае и геостратешката позиција на Р.Македонија и на другите земји од З. Балкан (низ кои поминува т.н. „Балкански пат“), што на некој начин претставува фактор на сé поголема присутност на синтетичките дроги и на хемикалиите потребен за нивното производство на илегалниот пазар и во идниот период.
- Фактот поврзан со немање на соодветни сознанија од превентивен карактер за крајниот исход на ова општествена негативна појава, придонесува криумчарењето на синтетичките дроги со голема масовност да се конзумира од помладата генерација, кои на тој начин се стремат да ја задоволат својата љубопитност, како и потребата почетно да експериментираат со непознатото. За  оваа појава влијаат и ниските цени за кои се продават и нудат на нарко пазарите во земјите од з. Балкан и пошироко во регионот на Југоисточна Европа.

Истражувајќи го овој вид на криминалитет во периодот кој е опфатен во научно истражувачкиот период (200-2010год.) со сите свои кривично-правни и криминолошки карактеристики и особености се дојде и до следниве заклучоци:

- Резултатите од истражувањето ја потврдија појдовната хипотеза, дека, општите општествено-економски, политички, социјални и други односи и услови имаат влијание врз обемот, динамиката и развојот на криминалитетот, како на неговото појавување така и на неговиот обем и интензитет.

Во ваков општествен амбиент, при отсуство на забележителни резултати во откривање и спречување на овој вид на криминалитетот, се создаваат и дејствуваат разни криминални групи со разновидни криминални активности, меѓу кои илегалното производство,_криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, чиј најчест мотив за извршување е брзиот и релативно лесен начин на збогатување од една страна, а од друга страна злоупотреба на синтетичките дроги (екстазите) од страна на помладата генерација.

Согледувајќи ги феноменолошките карактеристики на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со синтетички дроги, може да се извлече заклучок дека овој криминалитет во Република Македонија и во земјите од З. Балкан (Србија, БиХ, Црна Гора, Косово и Албанија) се реализира на следен начин:

- Неорганизирано, масовно и поединечно без одреден модус;
- Многу малку е присутен т.н. „организиран и групен пристап" без одреден модус;
- Оваа криминална појава е мошне сложена и се карактеризира со измешани елементи на професионалност, прикриеност, динамичност и распространетост.

Очигледно е дека во земјите од З. Балкан опфатени со истражувањето, повеќе се доаѓа до случајните неорганизирани извршители, претежно поединци на вакви кривични дела со нивно случајно откривање, а многу потешко се откриваат организираните и професионални сторители кои делуваат во систем и кои својата професионална активност и начинот на делување постојано го менуваат во зависност од општите општествено-економски, социјални и политичко-безбедносни услови.

Во Република Македонија подрачјето на криминалното однесување на илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија е регулирано со соодветни правни и други прописи, кои нормираат и соодветни санкции, казни за извршителите на ваквите

криминални дејствија. На сличен начин вакво криминално однесување е регулирано и во земјите од З. Балкан, опфатени со истражувањето, со соодветни правни и други прописи, кои нормираат и соодветни високи санкции, казни за извршителите на вакви криминални активности. По однос на санкциите и казните од другите земји одскокнува Албанија во која за одредени кривични дела поврзани со криумчарењето и НТ, при што предвидени се казни и до 20 години затвор.

Разгледувајќи и анализирајќи го кривично-правното подрачје, би можело да се каже дека, кога се во прашање дрогите (во ова ситуација синтетичките droги) постои соодветна кривично-правна разграниченост. Имено, тука доаѓа до посебно кривично-правно нормирање, односно илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија се предвидени како посебни кривични дела и се опфатени во главите „Кривични дела против финансискиот и платниот промет", додека дрогите (како и синтетичките) се опфатени и нормирани во посебна глава „Кривични дела против здравјето на луѓето".

Во однос на изречените санкции за сторени кривични дела во овие области може да се изведе генерален заклучок дека тие не соодејствуваат со опасноста која произлегува со нивните извршувања, а се однесува на општата општествено-економска и политичко безбедносна состојба во државата.

Сметаме дека казненото законодавство и криминалната политика треба да се прилагодуваат и кон новите облици на илегалното производство, криумчарење и недозволената трговија на разни видови на стоки, а особено во оваа група на кривични дела се инкриминираат и посериозните облици на криумчарење и недозволена трговија посебно со синтетички дроги како посебно дело, со оглед дека завземаат значајно место во организираните структури на организираниот криминал во идниот период и кои сé поизразено го попримаат атрибутот на транснационален криминал.

Темната бројка на криминалитетот на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија е многу висока, заради што според податоците постои голема разлика и расчекор помеѓу фактичкиот и откриениот криминал, кое нешто на соодветен начин се гледа преку бројките на пријавените, обвинетите и осудените лица во Р.Македонија и во земјите од З. Балкан.

# 5. П Р Е Д Л О З И:

Анализирајќи ја состојбата и трендовите на злоупотребата на дрогата во сите земји од З. Балкан, потоа проблемот на зависноста од дрогите претставува глобален и засега нерешив проблем во современиот свет, за кое нешто има потреба да се пристапи кон решавање на проблемот на глобален, регионален и со национални димензии.

Ова пред се́ со единствена цел да се спречи зголемувањето на зависност од дроги, а со тоа и злоупотреба на дрогите и на криминалот кој е поврзан со истата појава, а со тоа доколку се постигне одреден напредок да се придонесе во зачувување на основните вредности на општесвото, а пред се на семејството.

Дека се работи за глобален и доста сензитивен феномен укажуваат и следните бројки, односно според годишниот извештај на Комисијата за дрогите при ООН, во светот барем еднаш користеле дрога помеѓу 150 до 270 милиони луѓе, на возраст од 15-64 години. Нај користени дроги биле канабисот и синтетичките дроги, чија нарачка и конзумирање во многу земји е зголемено.

Покрај погоре изнесените податоци се проценува дека и смртноста од конзумирање на дрога на светско ниво е доста висока, се проценува дека секоја година, поради користење на дрога умират помеѓу 110000-260000 илјади, со старосни граници 15-64.
Само во Европа од конзумирање на дрога годишно умират помеѓу 25000-27000 илјади лица.

Имајќи ги во предвид овие фрапантни бројки неминовно се поставува потребата од преземање на соодветни активности во насока на изнаоѓање на механизми за решавање на овој глобален горчлив проблем и феномен.

Поради тоа многу земји во светот во соработка со ООН и европската унија во чии состав функционират соодветни комисии UNODC и EMCDDA, носат соодветни национални стратегии  и планирања, со крајна цел да се издејствува намалување на побарувањето на дрога и понуда на истата.

Сметаме дека во оваа насока, треба да се развиват и носат програми преку кои на превентивен начин ќе се придонесе да до одреден процент се реализира целта.Ова пред се бидејќи превентивните програми и проекти би делувале во пониските локалните заедници, каде на соодветен начин би се прифатил и подобрил третманот на нарко зависниците, со пружање на здравствена заштите и друго. Во ова насока треба да се развива и казнената политика која би придонела во сузбивање на злоупотребата на дрогата

а со тоа и криминалитетот поврзан со тоа, односно илегалното производство, криумчарење и недозволена трговија.

Како еден од побитните сегменти е намалувањето на побарувачката на дрогата, во врска со што предлагаме соодветните институции да се вклучат во превенција на намалување на зависноста кај младата популациија, лечење и соодветен социјален третман на зависникот, ресоцијализација и нивна реинтеграција во општеството.

Во овој контекст треба да се работи на намалување на понудата и достапноста на синтетичките дроги, што вклучува активности за сузбивање на истите елементи, како и сузбивање на илегалното производство и прометот.

Преку соодветни превентивни мерки насочени кон зависниците, односно со рано откривање на конзументитите на дрога, се доаѓа до намалување на побарувачката и друго. Исто така со намалување на побарувањето може да се постигне соодветно применување на законот по однос на илегалното производсво, нелегалната трговија на дрогите, посебно на прекурзорите од синтетичките дроги, намалување на финансирањето на тероризмот, перење на пари што се поврзани со нарко-криминалот.

Ваквите цели се постигнуват со усмерување на активностите кон организираните нарко-криминални групи, со употреба на постоечките инструменти во склоп на законските рамки, на регионално ниво, посебно во земјите од З. Балкан, а со тоа со интеракција и на превентивните мерки во врска со криминалитетот со наркотици.

Сметаме дека како главна поента на сето ова, а поврзано со намалување на понудата на контуиниран начин треба да се преземат сите законски мерки кои би се насочиле во насока на ефикасно сузбивање на илегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со дрога, да се подобрат постапките и методите што се усмерени кон сузбивањето на илегалното производсво, со тенденција намалување на криминалните активности на криминалните структури инволвирани во илегалниот пазар со наркотици во регионот на З. Балкан и пошироко во Европа и светот.

Главните фактори кои се на првите линии и кои треба да дадат свој максимум, се МВР и нивните внатрешни органи, Царинската управа, како и други институции кои делуваат во рамките на министерството за финансии, финансиска полиција и Агенцијата за перење пари.

Нивната задача пред се е да дават квалитетен придонес во сузбивање на злоупотребата на дрогата и да ги редуцират т.н. ,,отворени нарко сцени'' (соодветно

опсервирање на сите места, локации каде се претпоставува дека се злоупотребува дрогата),

-Да се зајакне регионалната и меѓународната соработка на сите тела и институции кои се надлежни да ги спроведат активностите во борба против илегалното производство, криумчарењето и НТ со дрога;

- Во таа насока да се разменат информации меѓу разузнавачките служби за активностите на криминалните структури и слични групации инволвирани во спроведување на погоре криминалните активности;

-Да се регистрират и унапредат сите методи кои би исфрлиле нови појавни облици на криумчарење и НТ со дрога;

-Да се пристапи кон спречување и сузбивање на криумчарењето и НТ со дрога со соодветна контрола на граничните премини и воспоставување на соодветна соработка со соседните држави за поефикасно спроведување на мерките кои ќе придонесуваат во реализирање на целта, со посебен акцент откривање и разбивање на меѓународните криминални структури, кои вршат криумчарење на дрога долж ,,Балканската рута''.

-Соодветните институции да работат во насока на сузбивање на производството и понудата на новите синтетички дроги, особено оние кои се нудат и нарачуваат преку интернет;

-МВР и Царинската управа да ги зголемат оперативните капацитети со цел поквалитетна поставеност и редовно едуцирање на оперативните капацитети кои непосредно се ангажирани во реализирање на поставените обврски, во насока на сузбивање на криминалитетот поврзан со криумчарење и НТ со наркотици;

-Би предложиле, според потребата, да се формираат заеднички истражни тимови со намера што по ефикасно спроведување на казнената политика и прогонот на лицата кои извршиле  тешки облици на кривично дело поврзано со дрога;

